

*Билјана Ванковска*

## Есеи за демократијата и мирот:

# Напад врз тишината

***Рецензенти:***
Хакан Виберг
Љубомир Цуцуловски

***Издавач:***
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

***Јазична редакција:***
Жанет Ристоска

***Дизајн на корица:***
Владимир Јаневски - Бомат Графикс
***Компјутерска и техничка обработка:***
Бомат Графикс

***Тираж:*** 300 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

321.7(497.7)"2003/07"(046)
304.4(497.7)"2003/07"(046)

Ванковска, Билјана
Есеи за демократијата и мирот: напад врз тишината / Билјана Ванковска. - Скопје : Филозофски факултет, 2007. - 218 стр. 22 cm

Наместо предговор: Јас, колумнист: стр. 10-11

ISBN 978-9989-934-84-1

а) Демократија - Македонија - 2003-2007 - Новински прилози б) Македонија - Општествено-политички прилики - 2003-2007 - Новински прилози
COBISS.MK - ID 70893834

Есеи за демократијата и мирот: напад врз тишината

*Билјана Ванковска*

Билјана Ванковска

# ЕСЕИ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА И МИРОТ: НАПАД ВРЗ ТИШИНАТА

Скопје, 2007 година

*На човекот,*
*кој ме научи што е интегритет и храброст*

## СОДРЖИНА

Наместо предговор: Јас, колумнист....................9

**ДЕЛ I: ПОГЛЕД КОН СОПСТВЕНИОТ ДВОР**

(А)Политично или анти-политично цивилно општество? ........................................13

За одговорноста од различни агли ....................15

Граѓанството меѓу идеализмот и цинизмот .....18

Жени и мажи во јавната сфера ..........................20

Каде ценем да фатам?........................................22

Во име на каузата ..............................................27

Гаталци и паталци во граѓанско содружништво ....32

Каде лежи зајакот?..............................................36

Универзитет и политика ....................................39

Поглед кон својот двор.......................................42

Лауреати и продавачи на успешни приказни...47

Чуму дипломите и науката? ..............................51

**ДЕЛ II: ЖИВОТ ВО ЛИМБО**

Пиши-бриши........................................................59

Инсомнија............................................................61

Кој ќе остане на крајот?......................................63

Ѕвездите на нашата транзиција 66
Во потрага по дежурни виновници и спасители... 69
Бегство од стварноста 73
Чист образ 76
Живот во лимбо 80
Виртуелна Македонија 85
Криза на идентитетот 90

**ДЕЛ III: ВО МАЃЕПСАН КРУГ**

Македонија во маѓепсан круг 97
Моќта е во народот - или можеби не е? 99
Правна држава македонска: Верувале или не! ... 103
Еурека!? 106
Политичка дезориентација или слепило? 108
Жолт или црвен картон - прашање е сега? 111
Бура во чаша вода 115
Некои нервозни луѓе 120
Поглед од Арка 125
Рамковниот договор како колевка на федерализмот? 129

## ДЕЛ IV: МАКЕДОНСКА ДИЛЕМА: МИР И/ИЛИ ДЕМОКРАТИЈА

Демократијата како безбедносна закана .......137
На клацкалката на мирот и демократијата ...139
Пред-референдумска Македонија: за перцепциите и стварноста.................................142
Меѓу морковот и стапот....................................144
Македонија: ‘жртва’ на сопствениот успех....147
За наодите на уште еден ‘попис’ .....................150
За една поинаква приватизација .....................154
Што тоа навистина се случи? ..........................157
Задоцнето палење: Судбина или ... .................159
Праведна или не, моја татковина!....................163
Право да се знае што се случи .........................167
Уште едно долго топло лето?...........................171
Прашања, прашања...........................................175
Продавачи на успешни приказни .....................177
Дестабилизацијата и душегрижинците...........180
Една година подоцна.........................................183
Дијалог за дијалогот..........................................187

## ДЕЛ V: ПОЛИТИКА, ЛАГИ И ЕУ

Европа сега ... или мало сутра?........................195

Ние и ЕУ: План 'Шљ' ....................................198
Претставата мора да продолжи........................200
Déjà-ву: За нас и за ЕУ ........................................202
Тешките порти на Европа ..................................206
Данте и Европа...................................................209
Еврофили и/или еврофоби ..................................211
Политика, лаги и ЕУ ..........................................214
Што е нормално во европската политика ......219

# НАМЕСТО ПРЕДГОВОР: ЈАС, КОЛУМНИСТ

Промената настанува постепено, речиси неосетно... Најнапред, доаѓаат повремени барања за коментар или колумна по актуелно прашање, подоцна тоа се претвора во премолчен договор да пишувате за медиумот, и пред да се свестите, веќе станувате редовен колумнист!! Следната фаза е чудна заемна зависност: јавноста се навикнува и ги очекува колумните, а и вие самите стекнувате навика да се 'празните' во врска со она што ве фрустрира, а имате потреба јавно да го артикулирате. Не дека нема поинтересни теми за кои може да се пишува (или викне од мака), но решив да се осврнам на феноменот колумнист, на што ме поттикнаа неколку недамнешни епизоди. Деновиве ја замолив мојата десетгодишна ќерка да ми го отстапи компјутерот затоа што „имам важна работа". Нејзиното прашање ме порази: „Мамо, а колумна ли треба да напишеш?" И таа ја забележала промената за која самата не бев свесна: сѐ помалку време посветувам на научни анализи, а најголем дел од енергијата и емоциите внесувам во новинските колумни!! Втората епизода беше поврзана со првата покана на коктел кај амбасадорот на ЕУ. Ненавикната на такви покани, прашав кој е поводот. Одговорот беше дека господинот амбасадор сака да се дружи со креаторите на јавното мислење (opinion makers-и), па така се најдов опкружена со уредници, влијателни новинари, портпароли, и секако, колеги - колумнисти. Време за дружење немаше, но сигналот беше јасен: дури и 'меѓународната' ги следи колумните и не е имуна на критиките искажани во нив! Во себе помалку горко си реков: „Браво, професорке, тукушто ве 'унапредија' во колумнист!!" И конечно, неодамна на подарок добив новообјавена збирка колумни од факултетски колега.

Сега е, чинам, време да се запрашам што се случува и со мене и со оние на кои влијаам. Туѓа ми е идејата за салонски интелектуалец, кој високоучено и мадро си седи во кабинет, предава и пишува длабокомислени книги (кои, главно, може да ги објави само на мајчиниот јазик, па дури и тука клиентелата се сопствените студенти). Но, сепак!!! Од професор да бидете промовирани во колумнист, зарем тоа не е апсурдно!? Изгледа дека не е, барем ако се суди според фактот дека најревносни колумнисти се токму политичарите, подеднакво бивши и сегашни, од позиција и од опозиција. (Премиерот и претседателот на државата, сепак, ги имаат на располагање оние 'спонтани интервјуа' кај големите медиумски куќи.) Се прашувам: па нели, улогата на политичките партии е да бидат посредни-

ци меѓу граѓаните и елитите? Нели политичката комуникација е една од нивните главни функции, нели опстојуваат преку мобилизацијата на јавноста и борбата да се стекне легитимитет? Ама, и покрај моќните канали за влијание (што не е баш бенигно, нели?), некои од нив прават излети во интелектуални сфери, надевајќи се дека јавноста ќе подзаборави дека се политичари.

Сега, изгледа и јас почнав да забегувам, ама во обратна насока: од професор почнав да станувам политички коментатор и opinion maker, па логично е да се запрашам зошто и како го правам тоа. Во пријателска препирка со жена-политичар, која се јавуваше и како колумнист, ми олесни кога сфатив колку различно ѝ пристапуваме на колумнистичката мисија. Не можам да се согласам со идејата дека треба да ја поттикнуваме надежта - бидејќи, простете, ама јас не сум ни свештеник, ни професионален оптимист (политичар)! Интелектуалецот има обврска да биде најстрог судија на стварноста и особено на нејзиниот политички дел. Научниот работник мора немилосрдно да ја употребува методологијата и упорно да 'мава' со аргументи, дури и кога се поразителни или звучат дефетистички и непатриотски.

И скромното колумнистичко искуство ми е доволно да заклучам дека и во овој поглед Македонија е интересна земја: можете да бидете докажан научен работник, да имате CV-и на кое ќе ви позавидат и странски колеги, можете да држите најинспиративни предавања, а сето тоа да нема никаков ефект врз општеството. Ќе ве поканат на експертска трибина на која главните места ги заземаат оние од власта, а вие седите во задните редови. Вашето присуство е декор - им служи како доказ за нивната наводна демократичност и, секако, ќе добиете цели две минути да ги изложите критичките аргументи. Не мислам дека пишувањето на колумни е доволно за да се смени стварноста или за да се исправат „криви Дрини". И не ми е комплимент кога некој амбасадор ќе ме покани на коктел. Сепак, продолжувам да ѝ робувам на новосоздадената зависност од јавно искажување на сопственото мислење од две причини: прво, помага да се одржи менталното здравје (а, во ваква шизофрена стварност тоа е голема работа), а наградата доаѓа кога ќе го чуете ехото на сопствената мисла кај оние кои посветиле миг за вашето писание. И второ, се сложувам со Мартин Лутер Кинг дека крајот на нашите животи започнува кога ќе останеме тивки за она што е важно.

Пишувам колумни, значи постојам!

(„*Дневник*", 30 април 2005)

# *ДЕЛ I*

# ПОГЛЕД КОН СОПСТВЕНИОТ ДВОР

# (А)ПОЛИТИЧНО ИЛИ АНТИПОЛИТИЧНО ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО?

Тезата за заемната условеност на демократијата и развиеното цивилно општество е само празна флоскула во Македонија: демократијата не само што изгледа подалеку од пред само неколку години, туку и владата се однесува како невладина влада. Оттука, за улогата на цивилното општество единствено ни преостанува да размислуваме во контекст на сé уште неизградена демократија и незавршен конфликт.

Кај невладините организации (со кои најчесто се поистоветува цивилниот сектор), доминира настојување да се одржи аполитичкиот став кон општествените проблеми. Најголемиот број на овие организации се занимава со „општото добро", со (навидум) политички неутрални вредности. Политичката конфронтација (или поточно експлицитен критички однос) со оние на власта се избегнува по секоја цена заради наводната аполитична мисија. Кај нив отсуствува сфаќањето дека цивилното општество треба и мора да има политички активна ролја, што никако не значи и дека е дел од партиски-профилираниот дел од општеството. Во суштината на демократскиот концепт на цивилното општество е, всушност, принципот на константно 'мешање' на граѓаните во работите на авторитетите и политичките институции.

Објаснувањето за ваквата преферирана аполитичка мисија лежи во ниската политичка култура, но и во бремето на југословенската традиција според која граѓаните можеа да си играат плурализам на интересите ама само до границата која значеше политичко влијание. Постјугословенската политичка трансформација беше обележана со етнификација на политиката и толкување на 'националниот интерес', на начин кој е далеку од досегот и разбирањето на обичниот граѓанин. Така, невладините организации се посветија на промовирање на основните (и често апстрактни) вредности, како човекови слободи, толеранција, ненасилство, солидарност и слично, но сосема ретко експлицитно опонирајќи на етнонационалистичкиот политички дискурс. (Така, се случи токму цивилното општество да почне да ја одразува и засилува етничката подвоеност во општеството.)

Наводно аполитичките невладини организации се претвораат во егзотични островчиња, кои независно од реалните политички текови, се под силно влијание на своите (најчесто странски) донатори. Прифаќајќи ги „правилата на игра" дека сите активности се одвиваат во демократски контекст и игнорирајќи го фактот за поразителната слика за постоење на демократура и на од конфликти тешко растроено општество, цивилниот сектор се разводнува и доброволно се откажува од мисијата и потенцијалот да го менува општеството. Така, и политичките и невладините актери ја играат играта на демократијата која се сведува само на формалната страна, на демократските институции, занемарувајќи ја нужноста од градење демократска политика и пред сѐ, партиципација на сите оние слоеви кои од социјални, полови, или етнички причини се политички маргиналци.

Македонија, како и сите постјугословенски држави, а за разлика од Централна Европа, никогаш не успеа да експериментира со парадигмата на цивилното општество како антиполитика, т.е. како облик на отпор и одговор (алтернатива) на недемократската политика. Повремено настанува 'миграција' или 'мобилност' помеѓу политичката и елитата на цивилното општество, што создава впечаток на 'политизација' на 'аполитичниот' сектор, но тоа не ја менува сликата за импотентноста на цивилното општество да внесе нов дух на активни граѓани. Политичката сфера, пак, со години останува заложник на две големи партии (во секој од двата етнички блока). И политичката власт и цивилното општество, иако на различен начин, подлегнуваат на синдромот на зависност од меѓународната поддршка. Граѓаните немаат вистинска алтернатива, како никој да не очекува од нив ништо, освен на избори да им дадат легитимитет на оние кои (наводно) работат во нивно име и за нивно добро. Заради сериозноста на моментот, Македонија не може да си го дозволи луксузот на градење граѓанска партиципација (само) на база на парадигмите кои се 'хит', но инспирирани од други (демократски) општества. Потребен е „трет пат", но не на начин како што тоа го сфаќаат политичарите - овој среден пат би требал да значи автентична демократска партиципација на оние кои остануваат неслушнати и маргинализирани подеднакво од актерите во политичката, но и во цивилната сфера.

(***„Утрински весник"***, октомври 2003)

# ЗА ОДГОВОРНОСТА ОД РАЗЛИЧНИ АГЛИ

Интелектуалците (во јавниот дискурс пежоративно нарекувани експерти) влегуваат во средиштето на дебатата, овој пат во контекст на контроверзната територијална организација и претстојниот референдум. Заради драматично опаднатиот легитимитет, политичарите во паника бараат виновник за кризата. Најнапред, тоа беа граѓаните, кои беа обележани како националисти. Но, потоа, со прст се покажа на неодговорните медиуми. И конечно, им дојде редот на експертите и интелектуалците, кои еден пратеник од владеачката партија ги нарече "безобразни експерти". Согласувајќи се дека секој треба да е одговорен за искажаните зборови, чинења и нечинења, го прифаќам предизвикот јавно да проговорам за улогата и одговорноста на интелектуалците.

Кога власта го 'ослободува' народот (граѓаните, демосот) од обврската да биде одговорен субјект спрема сопствената иднина, затоа што наводно тие "горе" се најрационални, умни и информирани (ултимативен арбитер за општото добро) - тоа не е ништо друго, туку елиминирање на фундаментот на општествената одговорност. Но, кога граѓаните одбиваат да бидат „усреќени", а згора имаат и силна аргументација зошто се против владините одлуки, и особено начинот на нивно донесување во нетранспарентни кругови, тогаш биваат етикетирани како националисти и неодговорни субјекти. При колизијата на различните погледи на оние кои владеат и оние во чие име се владее, се наметнува прашањето за медијаторската улога и одговорност на интелектуалците. Секако, тие немаат политичка одговорност, но тие се „жители на свет во кој е можно со силата на зборовите да предизвикаат потрес во структурите на власта" (Хавел). Значи ли тоа дека тие се неодговорни? Каква е таа леснотија на постоењето и дејствувањето на интелектуалците, на која им завидуваат дури и политичарите? (За жал, некои од нив и заборавиле дека примарно потекнуваат и припаѓаат на интелектуалните и универзитетски кругови, а само привремено и секундарно на политичките).

Интелектуалците од овие екс -југословенски простори го

носат белегот на „првобитниот грев" за својот придонес (заедно со оној на медиумите) во крвавиот распад на државата. Секој од нас, уште долго нема да биде амнестиран за она што сторил или пропуштил да стори за да се избегне таквиот исход. Со такво бреме, кое само најсовесните и оние кои останаа надвор од какви било партиско-етнички комбинаторики се способни да го признаат и понесат, секој стои пред задачата да ја преиспита сопствената ролја во новите (национални) констелации. Во услови на длабока криза на легитимитетот, и особено криза на водството, условите за популизам се огромни. Обдарените со моќта на кажаната или пишаната реч од искуство знаат дека јавноста перцепира парцијално и селективно. Кога давате избалансирана слика на про и контра пред некој аудиториум, секој го слуша само она што му одговара и ви честита само за делот кој се однесувал на аргументацијата против „опонентот". Затоа, интелектуалецот има обврска да биде експлицитен, јасен и прецизен за да оневозможи да го 'посвојуваат' во одбрана на една или друга кауза. Интелектуалецот го одликува слободата на мислата, а одговорноста е цената на таа слобода. Пред кого и за што е, тогаш, одговорен интелектуалецот?

Интелектуалецот не само што не располага со аргументите на моќта, туку нив и ги презира. Тој единствено се повикува на силата на аргументите. А да се биде во право тогаш кога власта не е во право е опасно, но вистинските интелектуалци се држат до девизата: кога "нашите" ќе дојдат на власт, престануваат да бидат "наши". Негова света должност на е да биде скептичен, гласен и критичен во однос власта. Избалансираноста и бескомпромисноста не значат ниту неутралност, ниту пристрасност. Нема поголем комплимент од тоа власта да ве нарече „безобразен интелектуалец". Тоа значи дека сте ја погодиле целта! Бидејќи, улогата на интелектуалната и критичка свест не е да биде апологетска и полтронска, туку безобразна и вознемирувачка. Интелектуалците се тука за да бранувaат и укажуваат, да ја зборуваат вистината (согласно научните и експертски сознанија и професионалниот кодекс), да укажуваат на постоењето на различните вистини/перцепции во општеството, обидувајќи се да ја трансцендираат стварноста во потрага по решенија. И секако, тие имаат обврска и одговорност да ја разобличуваат лагата и неспособноста на оние кои тврдат дека знаат сѐ и можат сѐ.

Денес се јавува уште една дилема: дали интелектуалците се во право кога ја критикуваат власта која добива широка меѓународна поддршка по прашањето на територијалната организација и против референдумот? Што е со должноста на интелектуалците да ја земат во заштита позицијата немалцинството, т.е. да бидат адвокати на малцинските групи? Дали можеби денешната (македонска) интелигенција - бидејќи, за жал, албанската не смогна сили да ја надрасне сопствената етничка дефиниција - зборува само во името на мнозинството? Еден пријател Албанец тоа го формулираше низ прашање: „како можам да бидам уверена дека сум во право кога цел свет го тврди спротивното?" Тој ситуацијата ја поистовети со Милошевиќева Србија. Контрааргументите за тоа дека Македонија не е Србија се во следното: прво, ова е бизарна ситуација во која власта е на страна на меѓународната заедница (или обратно), а наспроти граѓаните. Милошевиќ ја заплашуваше јавноста со нечесните намери на меѓународната заедница, додека овде власта го кодоши сопствениот народ кај меѓународните фактори. Второ, некој овде сака мислењето на моќните (во земјата и надвор од неа) да го поистовети со мислењето на мнозинството! Тоа што е некој моќен не го прави и правичен. Паскал вели: „Ако веќе моќните не можеме да ги направиме праведни, тогаш барем да го направиме правото моќно!" А овде се крши правото! Трето, се наметнува тезата дека мнозинството никогаш не може да биде во право - од што произлегува апсурден заклучок дека малцинството, по дифолт, е секогаш во право. Тоа потсетува на една драма на Ибзен, во која дружината донесува одлука (во име на правичноста) според која мнозинството никогаш не е во право - а одлуката ја донесува со мнозинство! Конечно, според мудриот Ганди: „Дури и кога сте малцинство од еден, вистината секогаш останува вистина. Грешката не станува вистина само заради мултиплицираната пропаганда, ниту пак вистината станува грешка само затоа што никој не ја гледа!"

И што се случува кај нас? Кога интелектуалците и експертите ја артикулираат критиката низ научни аргументи, власта ги дискредитира. Постапува како во изреката: Shoot the messenger! Убиј го гласникот! Како божем ако се замолчи интелектуалната опозиција преку повикување на одговорност само за тоа што експлицитно кажува дека „Кралот е гол", божем тоа ќе го реши

и проблемот кој објективно постои!? Дисциплинирањето на јавноста најлесно се реализира ако се дисциплинираат интелектуалците преку повик за тоа дека *тие* се одговорни за ситуацијата и евентуалните последици! Изгледа дека како највисока доблест се смета молчењето-злато, а на граѓаните им се кажува дека треба да се помират и доброволно го земат јаремот, да прифатат дека се поканети на свадба само како магариња - поданици. Како никогаш порано, изреката на Орвел ми изгледа толку соодветна: "Во времиња на општа измама, и кажувањето на вистината е револуционерен чин". Или барем, власта го перцепира како таков... затоа што ја загрозува...

(***„Македонско сонце"***, 29 октомври 2004)

## ГРАЃАНСТВОТО МЕЃУ ИДЕАЛИЗМОТ И ЦИНИЗМОТ

Велат дека на оној што чесно признава, половина му се простува. Можеби затоа и јавно го признавам поразот на една доблесна идеја, се соочувам со сопствената наивност, па преземам и дел од одговорноста за тоа што со формирањето на Граѓанското движење на Македонија разбудивме надеж дека нешто може да го разбранува нашиов жабурник.

Станува збор за граѓанската идеја... зошто, жално но вистинито, во Македонија може да се зборува само за ***идеја*** на граѓанство. Кога низ акција се зафатив со претворањето на идејата во практика, мнозина ме нарекуваа идеалист (ај, да бидам сосема искрена, мнозина мислеа дека или сум политички наивна или дека добро глумам). Според нив, ако професорски си се држев само до идејата, ќе си бев реалист. Вака, јас и една група на луѓе со срце и доблест одлучивме да сториме нешто, верувајќи дека „проблемите не можат да се решат од страна на скептици и циници чии хоризонти се лимитирани со очебијната реалност. Нам ни требаат луѓе кои умеат да сонуваат за нешта што никогаш не се случиле" (Кенеди). Нашата цел беше ограничена на Републиката, меѓутоа неограничена од грубата реалност, туку напротив - инспирирана од неа. Надежта требаше да се роди во

темнината, да просветли, макар како светулка, и да остави трага, макар во меморијата. Беше чесно и помалку кукавички да се тргне во нешто Донкихотско, отколку да не се направи ни обид нешто да се промени. Барем тоа беше мисла-водилка...

Никој и не очекуваше потфатот да биде лесен. Пречки на секој чекор: некој ве дочекува на нож или со потсмев, друг со малициозност, трет - со воодушевување, ама и со страв јавно да застане тогаш кога најмногу ви треба поддршка и заедничка работа. Имаше толкувања дека граѓанската иницијатива, преточена во здружение, е не само демоде, туку е и назадна идеја. Имаше и јавно распнување на крст пред ТВ камери, во интервју во кое водителот стори сѐ да докаже дека сум лицемер, искорумпирана - или будала! Сепак, требаше да се одработи зацртаното, бидејќи ништо не успева како успехот. Надежта (која, без сомнение, успеавме да ја разбудиме до невидени размери во извонредно кратко време) станува стварност само тогаш кога луѓето работат заедно.

Како што не ми беше срам да кажам дека верувам во принципи, идеали, па и во капацитетот на македонското граѓанство, денес нема да ја избегнам одговорноста кон оние кои веруваа во нас и во она што го претставуваме. Признавам дека не успеавме, или барем јас не успеав во она што го започнав... Неуспехот на првата заедничка (и многу значајна) акција, онаа во врска со реферндумот, во која ризикувавме да нѐ наречат - и сѐ уште нѐ нарекуваат - хистерични етнонационалисти, не беше пресуден. Многу поболно беше сознанието во својата средина да почувствувате дека сте сами, или сте на фронтната линија - а зад вас, како што би рекле во соседството, „сви јунаци ником поникоше"! Всушност, стана збор за пројавување на лични амбиции, противречни ориентации и толкувања на заедничката цел. На крајот, гледате дека нечиј личен интерес, протолкуван како лична слобода и право на избор (да се биде вицепремиер или не), води и кон лево, и кон десно, па малку и кон кокетирачки центар (демек, се нудам и ваму и таму, па кој ќе ме бендиса ќе му ја дадам лојалноста - политичката, секако). За на крајот да не остане ни "Г" од граѓанството...

Со длабоко жалење констатирам дека надежта, која така лекомислено ја разбудивме, била само ефтин лек за сите наталожени маки и фрустрации... А од ефтин лек, нема друго

фајде, освен самосугестијата („сваког дана у сваком погледу, све више и више напредујем..."). Кругот се затвори: наспроти изреката дека идеалистот е циник во настанување, јас се обидов обратно циникот во мене да го претворам во идеалист. Поточно, на идеалистот во мене да му дозволам да земе крила... Сега е време да признаам дека во мене ќе опстојуваат, веројатно додека сум жива, и циникот и идеалистот, но во ликот на еден индивидуалец, кој во идинина ќе биде повнимателен кога ќе станува збор за проекти кои ќе го изменат светот, оној нашиот, македонски, секако...

(***„Дневник"***, 21 мај 2005)

## ЖЕНИ И МАЖИ ВО ЈАВНАТА СФЕРА

Ова е задоцнета колумна по повод Осми март, но што да правам кога на денот не се чувствував доволно инспирирана (откако по кој знае кој пат видов како се прославува)? Но, инспирацијата дојде на сосема неочекувано место - на трибината за изборите и невладиниот сектор, организирана од страна на Претседателот на Републиката и претставниците на меѓународната заедница. Мислев ќе развземе умна дебата за изборите и нивото на демократски развој, особено откако ме потресе изјавата на амбасадорот на ЕУ (Фуере) дека овие избори се нов почеток за вашата земја" (па, останав да се прашувам што тоа сме правеле 15 години), но и изјавата на амбасадорот на ОБСЕ (Паиш), кој се обиде да ни го поткрене куражот, велејќи дека невладиниот сектор имал „спектакуларни можности" да ја помогне демократијата (а тоа никако да го видам, освен кога невладини организации мафтаат со знаменца, минираат референдуми и промовираат провладини кампањи). Но 'просветлувањето' дојде низ егзалтираниот говор на „првата жена", која со децении го претставува женскиот пол по службена должност, како вечна и незаменлива претседателка на мрежата женски организации. Така, умот ми тргна по прашањето на еманципацијата на жените и политиката.

Срцепарателните (да не речам соцреалистички) фрази

за неверојатните успеси на жените во политиката ме збунија. Или јас не сум жена или не живееме во иста земја со службената претставничка на женскиот род, која беше вистински женствена, позитивна и конструктивна дискутантка!? Па, како да не биде позитивна кога кариера направи од фактот што е жена (а тоа најмногу го манифестираше, сите овие години, во присуството на 'големите мажи' во политиката, претседателите)? Но, и покрај госпоѓава која во мајчинска прегратка згрнала дури 80 организации, имаше обиди да се провре инакво гледање на претставничките на малцинските заедници, кои со право укажуваа на тешкотиите во јавната еманципација на жените. Тие, фала му на Господа, не молчат и тоа со право.

Но, слуша човек (жена) како 'најжената' славопојки пее за еманципацијата и за успешноста на моделот (кој бил победнички, па немало потреба да се менува) - и не може да си верува! Наместо, да биде гласна и критична, таа политички коректно го занемарува фактот дека само на локалните избори гласовите на околу 100 илјади жени беа изманипулирани, злоупотребени или оневозможени. Арно ама, нашата најжена има историска перспектива (од АФЖ), работи на долги патеки, па не забележува дека прогресот е со брзина на полжав. Уште полошо, полжавов како да изгубил здив во трката со времето - денешниот степен на интимидација, семејно насилство и дискриминација на жената никогаш не биле позагрижувачки. Ако воопшто има популација која е политички маргинализирана, тоа се жените! За неа и за донаторите е доволно да се каже дека прогресот се мери со неколку проценти пораст на бројот на пратенички или министерки, или со фамозната квота на 30% жени на партиските листи на кандидати, заборавајќи дека огромен број жени го немаат елементарното право слободно да се изјаснат на денот на изборите.

Не сум активна во женските организации, па споменатата трибина беше ретка прилика да си размениме по некоја мисла со најжената. Со чудење забележав дека нејзината тирада излезе надвор од „женското прашање" и онака патриотски се сврте кон оние кои биле критични кон својата држава (да не речам, кон својата власт и својот претседател), па критикувале и плукале и кај треба и кај не треба! Особено се 'загрижив' кога забележав дека искричавите погледи беа насочени токму кон мојата

маленкост. Така, дискретно ама силно ми се забележа дека сум критикувала, а не сум се ангажирала ниту во политичка партија, ниту во невладина (верувајќи веројатно дека единствена 'правоверна' организација е онаа нејзината). Кутрата, ако досега не разбрала дека да се биде универзитетски професор, член на Бордот на Хелсиншки комитет и колумнист се форми на активност во цивилното општество par excellence - тогаш, ни уште триесет мандати нема да ѝ бидат доволни!

За волја на вистината, ако го превртиме дискурсот низ поинаква машко-женска димензија, таа е во право. Понекогаш ми се чини дека бројот на 'жени' во јавната сфера е во пораст! Ќе се свирне дека треба оро да се вие заради признавање на уставното име од страна на САД - и ќе бидне оро, а ќе пропадне референдум. Но, таа не може да смета на многу жени од мој тип - ние никако не би можеле да дозволиме половата припадност да легитимира лидерка од таков вид. Дел од нас (понекогаш нарекувани и хистерични кучки) навистина воопшто не сме позитивни, слатки и конструктивни како што се бара од нас. Замислете, сме се дрзнале да се однесуваме како 'мажи' во јавниот живот, па не мафтаме со знаменца, не пееме патриотски песни, не месиме погачи. Играме 'машки' - без комплекс, без пардон - но, со внесување на сета своја женственост како директна легитимација во јавниот живот!! Но, ако таа може да згрне дури 80 женски организации, тогаш можеби некој од нас треба да тргне во една друга еманципација и да создаде мрежа на 'машки' организации. Нема да се стигне до бројката 80, ама барем ќе има многу и жени и мажи кои половата различност ќе ја гледаат низ друга призма - на освестен и активен Граѓанин, а во која женските интереси се вклучени како легитимен дел на јавната политика, а не како милостиња и проценти.

(„*Време*", 17 март 2006)

## КАДЕ ЏЕНЕМ ДА ФАТАМ?

Пријателите и читателите на моите колумни, добронамерно ме опоменуваат да не дозволам да се инволвирам во бедата

на политиката, да не паднам на ниско ниво (односно, на нивото на тие криминалци - секако, мислејќи на спрегата на политичката и бизнис олигархијата, или на колумнистите-плукачи) и да останам она што сум. Навидум изгледа лесно да го прифатам советот, затоа што немам ниту ден стаж во партиската политика, ниту имам намера да го надокнадам тој свој „животен пропуст"... Но, за професор на политички науки, токму тој ринг, во кој борците се валкаат во кал, е центарот на научен интерес. Нема бегање од него, зошто ако не го коментираме јас и моите колеги, тогаш кој? Има една изрека, која се однесува на војувањето, ама е применлива и овде: политиката е премногу сериозна работа за да им се препушти само на политичарите! Често заборавме (а политичарите профитираат од нашата пасивност) дека политичарите и државата постојат заради нас, а не ние заради нив. Што се однесува до мојот цинизам и, сѐ почесто, сарказам кон она што нѐ опкружува, тие се должат на фрустрацијата толку карактеристична на интелектуалецот. Треба да сте автомат, па во училницата да зборувате за тоа како демократијата треба да изгледа, а кога ќе излезете да не ве мачи дилемата дека можеби на студентите не им ја кажувате целата вистина. Дали теориските и интелектуални визии се воопшто од полза за младата генерација која допрво ќе го плаќа цехот на нашите грешки и гревови? Ако пак, забегате во другата крајност и тргнете од грдата стварност и на овие млади луѓе им всадите само негативистички однос кон политичкото, повторно чините зло. Во процесот на градење на демократија и институции мора да се има некаков идеолошки и научен ориентир, кој за жал го немате во сопствената традиција и политичка култура, па морате да го „увезете".

Во име на оној облик на демократија во кој сакам да верувам, партиципативната демократија, отсекогаш сум се сметала за среќна што постојат алтернативни облици да се биде активен граѓанин. Кога не сте во партиската политика, ви останува полето на интелектуален, научен и друг јавен ангажман во она што се вика невладин сектор. Но, контаминацијата со скандали, од кои некои имаат политички и/или коруптивни димензии, го зафати и него. Почнува човек да се прашува: каде ценем да фати? Ако од политика бегате како ѓавол од крст, зарем доаѓа време во кое треба да се срамите и од ангажманот во невладиниот сектор?! Ни се забележува дека не сме се

ангажирале доволно во јавниот живот во функција на дигање на гласот, на артикулација на општиот интерес наспроти тесно-партиските и егоистични интереси кои ја доведоа оваа државичка до неславно дереџе. Колку пати само сум морала да одговарам дека тоа што не сакам да се инволвирам во политика, не значи дека гледам сеир и дека не чинам ништо? Во странство постојано објаснувам дека нивните приказни за конструктивната улога на невладиниот сектор и на интелектуалците не функционираат овде, што е делумно и нивна вина. Ако тие во исто време ги тапкаат по рамо политичарите кои се најодговорни за состојбите во државата, а потоа ми даваат мене и на таквите како мене некаков грант за проект, тоа создава сериозни проблеми - или за нивните политички пулени или за критичарите со watch-dog функција. Им кажувам дека не можат да се прават неутрални и истовремено да поддржуваат корумпирани политичари и да им прогледуваат низ прсти, само затоа што од нив наводно зависел мирот и да очекуваат од нас принципиелна критика за нивото на демократијата и човековите права.

Нашата „мека" транзиција создаде општество на мекотели. Нé остави без општествен и/или интелектуален порив кој може да поведе напред. Како што до независност дојдовме турнати од настаните, како вејка на ветрот, така и многу други работи останаа вештачки и неавтентични. Демократијата во Централна и Источна Европа дојде одоздола, токму од цивилниот сектор кој го загатна предизвикот за политика на анти-политика. Таму постоеше потиснат, но силен демократски набој, создаден во времето на нивната 'пролет' и протестите против тешката рака на СССР и марионетите инсталирани во највисоката државна и партиска власт. Нашата (не)среќа беше што пораснавме во виртуелна стварност дека сме поинакви и подобри од другите, и на Исток и на Запад. Но, гледајќи ги интелектуалните и морални џинови од бивша Југославија, понекогаш им завидувам на нивните Милошевиќи или Туѓмани. Во отпорот против нив, израсна поздраво цивилно општество од ова нашето, про-државно (партиско) и патриотско (етнизирано). Немавме 'Прашка пролет', не знаеме што е политичко (синдикално) движење од типот на „Солидарност". А, богами наскоро нема да се видиме ниту преку Ноам Чомски, па ни преку Жарко Пуховски или Војин Димитријевиќ. Не знаеме што е дисидентство, што е

граѓански отпор и најважно - што е граѓанска храброст. Лидерите на цивилниот сектор, вклучувајќи го и универзитетот, стануваа министри и државни (пот)секретарчиња на првото намигнување од страна на власта. Потоа кога ќе ги шутнеа во партија шах или реконструкција, ќе ја натнеа мантијата на независни интелектуалци или лидери на невладини организации - и обратно. Мобилноста на елитите од невладиниот и партискиот сектор беше и остана голема. Ако не ти оди во политиката, си фаќаш невладина тезга; или откако ќе се афирмираш како независен критичар на (претходната) власт, веќе си 'печен' за (иден) министер. Затоа не чуди и што некои политичари и министри имаат проблем со идентитетот. Го слушам министерот Славески и не можам да верувам. Се истрча што се истрча со писмото до централата на „Транспарентност" во Берлин, а потоа се 'вади' велејќи дека, ете, и самиот потекнувал од невладниниот сектор. Тоа не е ништо друго туку седење на две столчиња: кога ви чини вие сте потпретседател на владејачка партија и актуелен министер, а кога ви чини велите дека сте, всушност, изданок на невладиниот сектор.

По правило, секоја демократската држава се потпира на потенцијалот (вклучувајќи го и оној на сопствените критичари) на цивилното општество, а цивилното општество единствено може да цвета во услови на демократија. Кај нас - жална слика. Кога се во агонија на криза на легитимитетот, власта и оние околу неа почнуваат да бараат непријатели во критичката елита. Стана срамно да се биде експерт, бидејќи критериумите за уважување на нечија експертиза се растегливи категории, зависно од тоа дали се во функција на поддржување на владин предлог или не; и обратно, оние кои не се во власта, го користат „негативот" на истиот критериум. Професури од највисок ранг се девалвираат бескрупулозно (како поука за останатите смртници), а експертскиот совет се дефинира како "солење памет". Во својата ароганција власта го потценува не само знаењето, туку и сопствениот граѓанин. Затоа и нема отворени дебати и конструктивен дијалог во врска со горливите општествени проблеми.

По принцип на елиминација, откако излегува дека и политичката сфера и цивилниот сектор се во некаков мафијашки филм, изгледа логично да се фатам за единственото што ми преостанува - професорската работа. Почетокот на новата

академска година наведе неколкумина колеги-професори низ колумни да си ја кажат маката и фрустрацијата. Со право, би рекле! Додуша едниот отиде во пензија од скопскиот универзитет, а беше не само професор, туку и проректор, но сега го критикува "шкартот на државните универзитети" од позиција на тезгарош од еден (сомнително) богат приватен универзитет. На денот кога брзав на отворањето на академска година, неговите „првачиња" го окупираа главниот булевар и парадираа во униформи на студенти доволно богати да слават заедно со премиерот во хотелот "Александар палас". Од такви парадери, не очекувајте протести - тие си го изодеа монденскиот дел, а од такви студентско движење не бидува. Туку, маката не е во тоа, многу посериозна е.

Мака мачиме да спроведеме европски стандарди во (туку-речи) афричка реалност, низ т.н. Болоњски процес и воведување на ЕКТС режим на студирање. Бидејќи ја имав среќата да учествувам во процесот на европеизирање од стартот (држејќи предмет во прва година, ја имам честа да бидам еден од 'пионерите'), залудно очекував некој да дигне глас и да каже дека е ова чиста импровизација. Дека без соодветен студентски, професорски и сѐвкупен универзитетски стандард, нема ни болоњски успеси. Дека се лажеме и себе и студентите. Наместо поранешните сериозни испити, тие полагаат на тестови и си купуваат семинарски „на кило". Плагијаторството и кршењето на авторското право се хималајски проблеми, за тезгарење на професорите на приватни универзитети и конфликт на интереси и да не зборуваме. Наместо со групи од по 20-30 студенти (како што претпоставува Болоња), ние работиме со преку стотина студенти, за кои ниту имаме компјутери, лаборатории, ниту соодветни библиотеки, а понекогаш ни доволно столчиња. Тивко негодуваат колегите, а студентите трпат и се плашат да го побараат она што им следува. Сепак, доживеав да слушнам и вистинска жестока ТВ дебата. Отворениот судир се одвиваше меѓу деканот на Правниот факултет, ректорот, министерот за образование и двајца студенти. Да, убаво, само што тоа се случуваше на ХТВ . Состојбите се слични, проблемите идентични. Единствената разлика е во тоа што таму отворено се кажува дека без инвестиции во образованието, нема ни европски стандарди. Не можам да замислам таков судир кај нас. Овде се смета за пригодно премиер или министер да ви ја укаже честа да ја отвори

академската година. Кај нас се дебатира (и тоа во парламент) дали ректорот на еден универзитет е под вооружена опсада или не, и кој од рекорите - претходниот или сегашниот ве-де ректор - е поставен на понелегален начин. Во демократиите, па и во недемократиите, студентите протестираат и на улици ако треба, за највисоките вредности во општеството, а професорите стојат рамо до рамо со своите студенти. Сте го виделе ли тоа чудо кај нас?

Кој ценем да фатам? Во политика никако, невладиниот сектор стана резервна клупа за (поренешен или иден) политички ангажман, а академијата - театар и импровизација. Што е најлошо, дури и хајките и скандалите не се спонтани. Состојбите не се од вчера, сѐ што се случува е јавна тајна и никој не сака да бранува, полесно е да се отвори уста во хор. Сопартијците знаат дека лидерите им се корумпирани, ама си молчат надевајќи се на трошки; банкарите и бизнисмените одамна знаат за постоењето на некаква (градежна или друга) пирамида, ама тоа им го кажуваат само на пријателите кои евентуално планираат да купат стан. На универзитетот сме најфини и најдобро воспитани - ние знаеме дека „Кралот е гол", дека ја препишал книга, ама си премолчуваме - од култура (?!). Избегнуваме пишување на прикази на најнови книги, за да не се замериме еден со друг. И така, тивко умираме - духовно и идејно...

(„*Фокус*", 13 октомври 2006)

## ВО ИМЕ НА КАУЗАТА

Каузата е моќна работа. Историјата безброј пати го потврдила тоа. Во име на возвишени, благородни и праведни каузи се воделе крстоносни војни, револуции и ослободителни борби, пацифистички и антинуклеарни движења, борба за работнички права, па дури и хуманитарни интервенции. Секое време откривало сопствена кауза, ја ставало во обланда на возвишен идеал за кој е можно да се гине, но и да се убива. Внимателно осмислена и артикулирана, каузата има огромна моќ да покрене, да поведе (навидум) напред, да обедини и да даде

чувство на правичност. Во секој од нас, малите луѓе, чучи мал и исплашен Икар. Лежи желбата да се вивне во височините, да се избега од правта и да се биде подобар одошто што судбината ни доделила. Но малкумина се оние кои умеат својата смисла на постоење и идентитет да ги откријат во самите себе, без да се затскриваат или остваруваат во рамки на некаква поголема кауза. Каузата заведува, дава илузија дека малите скриени Икари во нас ќе се вивнат и заедно ќе стасаат онаму каде што поединечно не би можеле ни да сонуваме. Од нас прави следбеници, некритични и слепи, затоа што во умот ни се имплантира чипот на справедливоста и хероизмот да се застане на вистинската страна - затоа што каузата е, по дефиниција, вистинската страна.

Кога сте опкружени со истомисленици кои се борат за истиот идеал, без оглед дали се нарекува „наша држава", „наша вера", или дури „човеково достоинство", гасне оној внатрешен глас на здрав сомнеж и преиспитување. Гласниот хор го замолчува она гласче кое инаку би ве навело да прашате: а дали е баш така? Припадноста на „вистинската страна" го прави и најмалиот и најбезначајниот од нас да се чувствува благородно и справедливо. Скептиците се етикетираат како плашливци. Заводливоста на каузата не ги поштедува и лидерите: тие набргу стануваат нејзини пленици и почнуваат искрено да веруваат дека не само што каузата е важна, туку дека тие се нејзино најавтентично олицетворение. Критиката на лидерот, режимот или институцијата е, ни помалку ни повеќе, туку напад на каузата. Така, лидерите и моќниците си ја наметнуваат наметката на каузата која ги прави недопирливи и непогрешливи. Тие се единствените толкувачи и гласноговорници на каузата; таа зборува преку нив, се шири и освојува срца и души. Секој обид каузата да се редефинира, преиспита или - не дај Боже - критикува, се казнува драконски. Како што во нашето детство го слушавме рефренот: „ко друкчије каже, тај клевеќе и лаже и нашу ќе осјетит бес".

Се смета дека ваквата манипулација и колективна хипноза е својствена за недемократиите, бидејќи ако ви понудат вистинска (колективна) кауза тогаш онаа вашата поединечна веднаш станува безначајна, па и себична, ако ја издвоите. Кој сега ќе се грижи за вашиот мал живот кога пред нацијата стојат големи историски цели - кои некогаш беа нарекувани комунизам, а денес се препознаваат во ЕУ или НАТО? Ако сте за каузата и за

нашата стратегиска цел, тогаш има патриотски да стиснете заби и да се стрпите до постигнување на крајната цел. Во право е еден колега од регионов кога вели дека војните во бивша Југославија не се водеа од омраза (кон другиот), колку што се водеа од љубов (кон сопствената нација). И кога се војува и убива, благородноста на целта е многу важна, како и истовременото дехуманизирање на Другиот - кој, нели, треба да го добие она што го заслужил и кој сигурно не е доблесен како нас. Меѓународните моќници од 'љубов' кон жителите на Авганистан или Ирак тргнаа во нивно ослободување од тиранија, и благородната цел се дефинира како извоз на демократија и борба за човекови права.

Заслужува внимание анализата на каузата во функционирањето на невладиниот сектор. За жал, Пандорината кутија е отворена, а разни вируси и болештини испливаа на површина. Мнозина се искрено разочарани - и со право. Ако политиката петнаесетина години упорно тоне, тогаш светла точка требаше да биде токму невладиниот сектор. Пуста надеж, дека можеби таа сфера е неинфицирана и искрена во протежирање на каузата која најчесто ги опфаќа различните димензии на човековите права...

Деновиве ми пријде непознат човек, кој сакаше да ми искаже почитување за храброста со која настапувам во јавноста. Ми кажа дека е од едно тетовско село и дека неговата стара мајка често се прашувала: „Ја чува ли некој оваа жена што така отворено зборува? Зарем не се плаши?“ Со насмевка го уверив дека таквите како мене (будалите и/или храбрите) ги чува Горниот. Сериозно, безброј пати сум ги охрабрувала другите, укажувајќи дека сме премногу тивка држава, дека стравот наметнува авто-цензура, но дека, ете, јас сум жив пример дека не е толку опасно како што се мисли. Никој не ми се заканил, не се обидел да ме замолчи. Можеби затоа што ме сметаат за осамен глас, за Дон Кихот или за куче кое си лае додека карванот минува? Сеедно...

Но, нападот дојде од каде што најмалку очекував. Една моја колумна („Каде џенем да фатам?") е повод за обид за линч и дисциплинирање, и тоа во име на одбрана на благородната кауза на невладиниот сектор и на човековите права. Волтер стана небитен, бидејќи Комитетот (не Централниот, туку Хелсиншкиот) сакаше да покаже дека каузата има поголемо значење од

индивидуалната слобода на мисла и изразување. Дури и некои новинари од Бордот повеќе се туфкаа за бруката што ќе пукнела, отколку од фактот што раководството се дрзна да замолчи нивен соборец. Можеби заради тие што заборавиле, или никогаш не научиле, да ја споменеме изјавата на Волтер: „Не се сложувам со твоето мислење, но ќе сторам сé што е во мојата моќ да го одбранам правото да го кажеш слободно тоа што го мислиш".

Не сакам да се навраќам на таа грда епизода, но нужно е да се расветли она што невладиниот сектор го прави различен од политичкиот. Или можеби сета приказна се сведува на допирните точки во кои политиката и цивилниот сектор, кои паѓаат на шармот на каузата што ја проповедаат, секој на свој начин? Сте се прашале ли кој им дава право на невладините организации да се себе промовираат во службени бранители на човекови права, борци против корупција или против семејно насилство, на пример? Дури и кога постојат избрани структури, претседатели, бордови, и сл. - тие сепак остануваат, по дефиниција, недемократски организации. Тие немаат легитимитет добиен од оние што наводно ги претставуваат. Кој ги прашал граѓаните кого тие го сакаат да ја застапува каузата на заштита на нивното достоинство? Членството во овие организации е доброволно, и најчесто е доволна желбата да се биде активен, без притоа нужно некој да е експерт за човекови права, за малцински права, за правата на животните или заштитата на човековата средина. Тие собираат поединци кои се препознале во некоја идеја, кауза и визија, па решиле да се здружат околу некои вредности. Овој сектор е по дефиниција непрофитен, т.е. активното членство не подразбира заработка, освен добивање на грантови кои го овозможуваат функционирањето на организацијата и остварувањето на нејзините цели. Меѓу основачите на организацијата не е исклучено да се јават и роднини, брачни другари, родители и деца - но, тоа е дозволиво само во моментот на основање на организацијата. Секое подоцнежно кооптирање на некој свој не е ништо друго, туку непотизам. Модерно е да се зборува за конфликт на интереси, кој никако да почнеме да го препознаваме, туку напротив се правиме на Тошо кога некој вработен во државна служба (и е претпоставено лојален службеник) истовремено претендира да биде и нејзин watch-dog и критичар (во Хелсиншкиот комитет, на пример). Се поставува прашањето за искреноста и доследнос-

та во неговото дејствување, и тоа со право ова прашање треба и мора да го постават и државата како работодавач и невладината организација.

Бидејќи се недемократски организации (без оглед на внатрешната структура, која понекогаш е навидум демократска, но однатре е приватна дружба на кумови, сватови, бизнис-партнери и сл.) невладините организации се ранливи, бидејќи единственото нешто што го имаат и на кое можат да се потпрат е моралниот кредибилитет. Ако тој еродира, го губат правото да претставуваат некаква вредносна кауза; напротив од неа прават фарса. Каузата е една и иста и не смее да се промовира само за „надвор", додека за „дома" да владее недопирливост, нетранспарентност и неотчетност на оној кој е единствено овластен да ја толкува каузата. Лесно е да бидете доблесен и благороден кога се претставувате дека браните човекови права на маргинализирани и немоќни луѓе, кои ниту ви се конкуренција, ниту ви го загрозуваат престижот и кариерата. Тоа потсетува на драмската сцена во која богатиот му купува на сиромашниот килограм џигер, па го покажува наоколу за да покаже колку е благороден. Сцената кулминира кога сиромавиот го враќа подарокот, зошто достоинството му е поважно од полниот стомак. Уште ако и парите со кој е купен џигерот доаѓаат од странски донатор, тогаш хипокризијата е уште посериозна.

Почитувањето на човековите права се практикува во најнепосредното опкружување, инаку останува лицемерно. Каузата на несреќно загинато момче (случајот Беќиров) нема да ја мафтате во јавноста за да ја докажете својата супериорност и уште со крајно неприостоен вокабулар, туку ќе настојувате да го разобличите дискриминаторскиот однос во општеството, тортурата врз децата и сл. Вие не сте важен/важна, важен е еден човечки живот. Во име на каузата нема да ги замолчувате критичките гласови на соработниците, ниту од нив ќе барате верност до гроба т.е. заклетва на молчење да не се нарушел угледот на организацијата. Кон соработниците нема да се однесувате со ароганција, ниту ,пак, за остатокот од светот ќе говорите дека, на пример, новинарите се стока, мрзлива и лажлива, а дека вие (во бучковистички стил) со сила ќе ги цивилизирате, дека адвокатите се никакви, дека Правниот факултет треба да се затвори, дека нема брилијантни млади луѓе... Со еден збор, вие длабоко сте

забегале во височините на сопствената ароганција, во моментот кога почнувате да верувате дека никој не чини, освен вие самите. И тука сте ја изгубиле својата морална вертикала...

Улогата на невладиниот сектор е онаа на онаа на Сирано де Бержерак. Тој е скромен, а својата интелигенција и елоквенција ги става во функција преку суфлирање и потпомагање да се формулира јавната агенда. Преку вас глас добиваат оние малите, обесправените и згазените. Вие не смеете да ја заземете сцената и да доминирате со својата надменост. Не смеете да станете организација-личност, и личност-кауза. Личноста ја олицетворува организацијата, а организацијата и сите нејзини членови треба да ја пригушат својата личност во име на организацијата. Звучи Борговски? Како онаа цивилизација од Ѕвездените патеки во која поединците се ништо, а сите тие заедно се едно, делат ист идентитет.

(*„Фокус“*, 17 ноември 2006)

## ГАТАЛЦИ И ПАТАЛЦИ ВО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Пишувајќи за тоа што сѐ може да се стори за една кауза, го заборавив аспектот на научната кауза, која понекогаш ја браниме затоа што се идентификуваме со неа или сметаме дека сме заслужни за етаблирањето на некој концепт. Ова го потврди и колумната на еден мој колега, во која сметајќи се повикан да биде адвокат на каузата, застана „во лична одбрана на граѓанскиот сектор”. Останавме без одговор на тоа дали скокна во заштита на научната кауза (темата на која докторираше) или можеби имал што да ни каже од позиција на негов општествен ангажман во овој сектор? Сѐ уште погодуваме од кого тоа го брани граѓанскиот сектор: од луѓе со лош карактер, незнајковците, кои без теориски сознанија атакуваат на 'светата крава' (на она што тој концепциски милува да го нарече граѓанско содружништво), или од оние кои барем пробале да сторат нешто наместо да мудруваат од професорските кабинети? Ова е важно прашање, а темата што јас (не)случајно ја наметнав низ колумните и за кои

бев казнета со излегување од Хелсиншкиот комитет, заслужува продлабочување, па и полемика. За жал, во невладиниот сектор не сме соработувале со колегата, бидејќи стоиме на различни позиции. Според него емпирија е она што се случува во стварноста, а кое научните работници го истражуваат со употреба на социолошки методи. Според мене, науката не е цел за себе. Во вакви времиња и во земја како нашата, луксуз е да се бавите со наука само заради наука и кариера. Науката е стерилна, па и арогантна, ако не се испроба во животот и ако она што го предавате не е и ваш сопствен морален и вредносен ориентир. Смислата на професорската работа е да едуцираме и за она "како треба да биде" и за она "како е", т.е. за јазот помеѓу нормативното и стварното. Но, ако капитулираме пред стварното и не се потрудиме да го постигнеме нормативното (идеалното или запишаното), тогаш стануваме робови на состојбите, па и соучесници .

Што се однесува до колумнистичката дејност единствен арбитер се читателите. Според мене таа претставува мал, но скапоцен простор, во кој комуницирате со најшироката јавност. Крајно несоодветно е да отворате научен дијалог низ колумни. За сé постои вистински мегдан, вистинско време и адекватен вокабулар. На што ќе личи ако низ двобој на колумни почнеме да теоретизираме и да покажуваме кој повеќе знае за граѓанскиот сектор - тој од социолошка, а јас од политиколошка призма? Читателите се умни луѓе, или ако ништо друго - луѓе кои нашите теориски концепти ги живеат, а не ги мудруваат. Колумните се место каде се искажува личниот став по актуелни прашања, а не поле за научна афирмација.

По обидот да ме замолчат токму оние кои колегата ги брани, Волтер ми е многу важен. Не ми паѓа на ум да му го спорам правото на критика или одбрана, дијагностицирање, па и оценување на моите компетенции или искуствата во невладиниот сектор, а кои самиот ги нема. Но, тоа е позиција на гаталец, а не паталец. Обвинувањето за наводна генерализација и оцрнување на граѓанскиот сектор е упатено на погрешна адреса, на адреса на некој кој проговорил на база на сопствено искуство. Па, кој тука генерализира? Оној кој барем го намокрил малиот прст во студената вода на невладиниот сектор или кој се изгорел верувајќи во идеалот на граѓанското содружништво - или оној кој единствена заслуга ја стекнал со докторирањето на таа тема и со учество на

неколку Соросови трибини?

Сепак, колегата ги следи настаните: потсети на мојот ангажман во Граѓанското движење и референдумот од 2004-та. Додека мнозина мудруваа што значи правото на референдум и што е граѓанска храброст наспроти заканите, некои не се двоумеа. Цената ја плативме токму во контекст на невладиниот и експертски ангажман, бидејќи ден потоа бевме на црните листи на странските донатори. Не се работеше за национализам или за политикантство, туку за момент на одлука - дали она што го проповедате низ науката за демократијата имате храброст да го застапувате во пракса. Дел од невладиниот сектор ја свитка опашката, се посрамоти на самитите кај претседателот, а дел мавташе со американски знаменца на плоштадот Македонија. Професорот најде „соломонско решение": во своја колумна од тоа време кажа дека ќе излезе на референдумот, ама меѓу редови испрати порака дека ќе гласа против. Ем чин на интелектуалец кој не дозволил да го застрашат, ем политички коректен. При појавата на Граѓанското движење, тој објави „пророчка" колумна во која веднаш му напиша „пресуда". Не му се вклопувавме во теоријата. Бевме наречени ретроградни сили, кои водат наспроти модерните тенденции, заборавајќи ги Мартин Лутер Кинг и мировните движења. Неуспехот на Движењето не беше поврзан со визионерската моќ на колегата, туку со продирањето на политичкиот вирус и обидот за инструментализација во лични цели кај дел од раководството на здружението. Согласно „мудрата" политика дека попаметниот попушта, дадов оставка.

Не е храброст да давате оставка секогаш кога нешто не оди, но не треба храброст ни да гледате сеир, да имате концепт и да го анализирате од височините на научниот пиедестал. Имаме куп доктори на науки за демократија, човекови права, евроинтеграции, и што ли уште не - а состојбата катастрофална! Политичарите не одат на квиз и не слушаат експертски совети, ниту ги фермаат watch-dog организациите, а на дел од интелектуалците тоа совршено им одговара. Колегата обвинува за генерализирање, а истовремено со ист метод застанува во одбрана на граѓанското содружништво и промоција на постигнатиот прогрес. И како позитивни примери ги реди мастодонтите, оние кои се најнеавтентични претставници на тој сектор затоа што никогаш не виделе мака, немање средства, кадри и поддршка од

надвор. Одбраната наликува на апологетски однос и затворање на очите пред штетата нанесена на демократскиот потенцијал од фондации, кои имаа повеќе слух за партиските шефови во чии централни одбори седеа нивните директори или за странските моќници.

Моето искуство од невладиниот сектор е поврзано и со неколку годишната активност. Таму научив колку голем напор кој е потребен да изготвите проектна апликација. Само оној кој не ги видел може да зборува напамет за леснотијата со која се добивале грантови. Три месеци пишувате апликација во која го вложувате целото научно/стручно знаење, извонредното познавање на англискиот и пенетрирање во бирократскиот ум на донаторите. И сето тоа за да добиете т.н. микрогрант. Имате мака, кога донаторот решил, на пример, да промовира права на хомосексуалци, а вие знаете дека постојат многу други горливи приоритети! Ако не сте подготвени да ламентирате над загрозените права на наводна популација од 200 илјади лица (?!) и 'лапнете' грант, тогаш мора да сте итри. Се обидувате да ја наведете водата на вашата воденица, и наместо парите да отидат залудно, да го употребите за нешто попаметно. Муабетите за коруптивни скандали и лепливи прсти не држат вода (освен ако некој не е наменски ангажиран за мафтање со знаменца или за оддавање на почит за Државникот кој се поканува на тортијади и слични „важни" настани). Странците за секој вложен проектен долар, пет долари враќаат назад. За еден локален експерт ви наложуваат да поканите десет нивни, кои поим немаат за Македонија, ама на кои ќе им платите авионски-карти, скапи хотели и уште повисоки дневници. Кога го поднесувате финансискиот извештај, ќе ве распаметат со ситничарење за секој цент (зошто сте послужиле минерална вода, наместо „комуналка", на пример). Домашните експерти се понижени и добиваат трошки за целодневен ангажман, а до нив седат странски експерти на кои среде презентација треба да им шепнете дека не се на Балтикот, туку на Балканот. Најдобри експерти ме откачувале, велејќи дека дури ни во име на градењето на мирот не сакаат да си го губат времето без соодветен надомест. Понатаму, се соочуваме и со феноменот на „скопјеизација". Најголемите херои на невладиниот сектор се оние анонимни луѓе кои работат во периферијата и во руралните средини, и никој не ги именува во врска со никакви постигања

или скандали. Имаме невладини организации, кои се агенции за вработување, а богами и семејни фирми, а не непрофитен сектор. Сум среќавала млади луѓе „желни за самореализација", кои прво прашуваат за висината на платата. Објаснувате дека немате буџет, дека е потребно да се конкурира за проект, па дури потоа да стане збор за ангажман, но добивате договор дека тој/таа има дипломирано и нема намера да биде експлоатиран/а. Во такви ситуации сум се чувствувала бедно, гледајќи дека некој повеќе ја цени својата диплома, отколку јас докторатот, а во слободно време пишувам проекти за да им влезат во ушите на бирократите во Брисел или Вашингтон.

Во критиката на граѓанскиот сектор не смееме заедно со водата да го исфрлиме и бебето. Критиката на некои организации кои го изгубиле, или се на добар пат да го изгубат, моралниот кредибилитет, не го доведува во прашање неговото значење за демократијата. Но, нема да го одбраните ако сте сведок на неговата компромитација, а си молчите. Приказната за граѓанскиот сектор е мит и оспорен концепт. Според теоријата, тој претставува контејнер кој се исполнува со најразлични содржини, актери и идеи. Тој е секогаш одраз на моралните и други вредности во општеството. Иако важен услов за општата демократизација, и самиот има потреба од проветрување и демократизирање. Но, тоа не е задача на салонските професори, туку на оние кои без оглед на своето образование, возраст или социјална положба, се зафатиле со волонтерска општествена дејност. Авангардата на граѓанскиот сектор во општество како нашето не може да биде непостоечката средна класа. Овде Граѓанин е и невработениот и сиромавиот и неписмениот и хендикепираниот. Ако сите заедно не засукаме ракави, тогаш ни научни концепти, ни странски грантови нема да помогнат да изградиме подобро општество.

(*„Фокус"*, 24 ноември 2006)

## КАДЕ ЛЕЖИ ЗАЈАКОТ?

Крајно време е колумнист-професор да каже нешто и за образованието, за проблемите со кои тој/таа се соочува

во секојдневната работа! Признавам, поттикот дојде од друга колумнистка, која иако и заборавила како е да се работи на универзитет (макар и како помлад асистент), сега од позиција на вицепремиерка нè подучува и попува за тоа што ни фалело во образованието... Веројатно, била доволно умна да сфати колку е саатот и збришала во политиката, а не како некои од нас што тврдоглаво одбиваат да се бават со политика и си остануваат 'само' професори и тоа на државни универзитети?! Никогаш не е доцна и понекој од нас да премине во тој табор - видете ги партискине лидери, растат како квасец кога во непосредна околина имаат и понекој професор (најчесто како декор)! Ќе речете: па и премиерот (Бучковски) е универзитетески професор! Точно! Значи, за леб и за со леб има во политиката и за нас, професорите! Темата за улогата на универзитетските професори во транзицијата е толку долга и широка, што заслужува посебен третман. Овој пат, сепак, се задржувам на квалитетот на образованието, или како што вели бившата асистентка во колумната: каде е зајакот?

„Зајакот" (нека ми простат студентите, кои се исклучок - редок, ама вреден) седи во училишните клупи! Зајакот е и пред училишната табла! Ја читам бившава колешка асистентка и не можам да си поверувам... Според неа, нашево образование ги заборавало, дури и ги замолчувало вистинските прашања!? Заборави ли вицепремиерката дека за време на референдумот еден цел народ беше дисциплиниран и му беше кажано дека некои прашања не заслужуваат одговори!? Како после една таква национална лекција да ги убедам студентите по политички систем дека штосот е во вистинските прашања, во критичкиот ум, во слободоумноста и љубопитството! Попусто се жалевме дека таа лекција (по демократија) не е во 'скриптата'; напротив, нашето сфаќање на демократијата го вклучува и референдумот и правото на избор или апстиненција од избори. Но, во практиката се случуваше она што ниту една книга, скрипта или устав не го кажува за демократијата - но, така го толкуваа оние на власт.

За волја на вистината мора да се признае дека граѓанинот е подложен на процес на 'континуирано образование': од најмали нозе го учат дека молчењето е злато, а учителката е Закон. Го учат да седи трпеливо во студена училница и вредно да ја сработува училишната задача, дури и ако клупата е скршена, а

таванот само што не се урнал врз него. Лекцијата е така добро научена, што и кога ќе станат студенти, продолжуваат трпеливо да седат во студените училници. Во училницата имате само табла и креда, а ако сте срекни ќе ви инсталираат и телевизор или дури и ЛЦД проектор. Арно ама, не можете да ги користите затоа што немате компјутер (за проекторот) - или затоа што само една училница е опремена како што треба, а за беља таа е веќе зафатена. Се фалите пред дека сте го вовеле фамозниот ЕКТС систем според Болоњската декларација, а на студентите не можете да им понудите богата библиотека, немате компјутерска лабораторија, или имате 2-3 компјутера за украс, ама немаат интернет врска, ниту печатар да си ги подготват трудовите. И тогаш, по стариот добар обичај на снаоѓање - студентите си бараат чаре во посебни дуќани во кои можат да си купат 200 грама превод на странско дело, 300 грама есеј или пола кило семинарска работа. Се 'штанцаат' трудови за сите предмети, насоки. Тоа е јавна тајна, ама никој не го попречува бизнисот, затоа што алтернативата е на студентите да им се даде тоа што го заслужуваат!

При средбата со студентите од прва година започнувам со мало истражување. Резултатите се очајни: повеќе од 80% од студентите се од источна Македонија, од неразвиените краишта, никогаш немале допир со компјутер (освен ако не биле од оние 'срекници' во чии училници наставниците маскирале картонски кутии како компјутери - претстава децава да добиеле!!?). Кутрите мои зајчиња, загубени, збунети и несигурни, а јас почнувам со турбо-приказни за Болоња, за ЕКТС, за критички ум и поставување вистински прашања! Набргу, ме фаќа жал и се приземјувам. Почнувам од абецедата, од основното правило во училницата: сите прашања заслужуваат одговор! Нема глупави прашања! Не е срамота да не знаат што е фонт, што е формат или Google - срамота е за оние кои дозволиле да стасаат до индекс без она што за нормални земји се учи уште од најрани години. Чувствувам срам и од она што им го ветуваме, а знам дека нема да можеме да им го дадеме.

Зошто да се срамат овие млади луѓе што некој ги хендикепирал и без основа ги испратил на универзитет (најчесто, логиката е: поарно детето да е на факултет, отколку по лош пат да фати во деновите на безделничење)? Дури и нивните професори се хендикепирани: или не знаат јазици, или немаат најнова

литература (освен ако не добијат фотокопија од странски колега или сами си купат), немаат шанси да отпатуваат на студиски престој во странство (затоа што факултетот нема пари за тоа), а да не зборуваме за учество на научни конференции во странство - освен ако не аплицираат за грант кај организаторите (и како причини наведат дека доаѓаат од неразвиена или постконфликтна земја). Колегите од Словенија уште пред десетина години ги водеа студентите на работна посета во Брисел, одеа на светски конференции затоа што универзитетот им дозволуваше да одат со достоинство и квалитетен реферат, а не да просјачат грантови. Мене ми останува да применувам разни форми на 'креативност' во замачкување на фактот дека треба да спроведам „европски стандарди во афричка реалност", и уште да слушам совети од една млада жена која навреме сфатила каде лежи зајакот?!

(„*Време*", 24 февруари 2006)

## УНИВЕРЗИТЕТ И ПОЛИТИКА

Имав сериозна намера да покажам резистентност кон политичкиот циркус поврзан со изборите, ветувањата и паролите што како „летки" ги исфрлаат партите. Одлучив вниманието да го свртам кон значајни нешта, кои остануваат важни и пред и по избори. Работи кои се, всушност, фундаментот на секое здраво општество... А за што би пишувал професор, ако не за студентите, универзитетот, уписите? Ако веќе политичарите не го вадат образованието од уста (некој го ставил во слоганот, друг ветува нови универзитети), крајно време е и ние да проговориме. А времињата се менуваат... Логиката на пазарните законитости, на конкуренцијата и маркетингот навлегоа на најдиректен начин. Почнуваме, кобајаги, да заличуваме на универзитетските средини во развиениот свет. Се организираат саеми на кои државните и приватните универзитети се рекламираат, нудат програми, ловат студенти, ветуваат европски стандарди. Да, да! Има и билборди, и слогани, и - платени програми. Ќе помисли човек дека и во универзитетскиот свет работите не се многу поразлични од оние што владеат во светот на политиката. На пример, секоја

партија си обезбеди некоја позната 'фаца' од шоу-бизнисот да пее (тешко да ќе е од патриотизам или партиски жар) на митинзите или спотовите. И гледај чудо: пеачиве си нашле 'тезга' и на универзитетите! Се лицитира, се прават трансфери и се нудат големи суми за купување „брендови" и згодни ликови, кои би биле заштитен знак на некој кобајаги колеџ! Точно е дека и светските универзитети се рекламираат, ама не со идните студенти (познати фаци), туку со бившите студенти, кои се сега докажани авторитети во своите области. Таму бренд се славните и светски потврдени професори, но и рејтингот кој универзитетите се борат да го заслужат според високи критериуми, но и преку фактот дека уписот на Харвард или на Оксфорд значи автоматски блескава професионална кариера и понуда за вработување уште пред комплетирањето на студиите. На познатиот МІТ, примените студенти не плаќаат школарина, туку добиваат надоместок за своето учење. Ќе речете, исто како кај нас за некакви Елени и Адријани, нели? Единствената 'мала' разлика е во тоа што во САД на тој начин ги запишуваат вундеркиндите (дури и ако се од Кина или од Непал), а не 'певаљки' кои се платени да привлекуваат муштерии - пардон, нови студенти. Да ви кажам право, за приватните т.н. колеџи што се намножија и не се потресов, ама кога видов слична реклама и за мојот (скопски) универзитет - ми дојде да заплачам. Колку до вчера ме болеше што професорите ги ставија на тапет како најкорумпирани, а студентите беа замолени да ги цинкарат кај властите. Сега, како тргнало, нема да се знае кој е покорумпиран и кој има повисока цена, особено затоа што децава што пеат заработуваат повеќе од доктор на науки.

А, можеби, и не сум во право што се чувствувам посрамено од начинот на кој се рекламира универзитетот, храмот на науката и слободната мисла?! Како да рекламираш универзитет чиј професор по право е попознат како политичар (и тоа неуспешен) отколку како научен кадар? Како да ги привлечеш студентите на универзитет на кој асистентите се вице-премиерки или советници на претседателот на Републиката - освен ако не им кажеш дека постои реална можност од студентски клупи да скокнат право во висока политика? Како да ги навлечеш студентите да учат кога Владата врие од типови со средно образование? Посигурно е со певаљки и голи мешиња! Ионака, студирањето е повеќе за забава отколку за сериозна кариера. Родителите знаат дека децата кога

ќе дипломираат нема да имаат работа, па сепак, сметаат дека е подобро да се занимаваат со кобајаги учење отколку да им шетаат по улици. Но, имам колеги професори со поголеми маки од моите: кај нив студираат бивши (?) герилци, а таму богами нема шега. Тие сериозно го сфаќаат студирањето и освојувањето - на знаења, де!

Откако го прокоментирав она што ме испровоцира, можам да признаам дека, едноставно, немам инспирација! Среде ноќ седам пред компјутерот, ама ништо да ми ја разбуди мислата и запали крвта. Можам да извадам од „нафталин" стара колумна, а никој и да не го забележи тоа. Работите се движат во маѓепсан круг, се рециклираат, се препакуваат, ама во основа се исти. Изморена сум од сопствениот песимизам и од точноста на анализите, кои не вредат ни пет пари, ако не можат да предизвикаат барем најмала промена. И донкихотизмот има граници - а јас моментално не гледам во што е смислата на пишување колумни, ако се сведуваме на кучиња кои лајат додека караванот минува. Денешниов караван не е ништо друго, туку патувачки циркус на бедни и излитени акробати, кои играат на сигурно - за својата добивка. Жонглираат со зборови и концепти, кои требаше да бидат светилници-водилки на демократската трансформација, но веќе наликуваат на избледени фрази. Ако споменувањето на владеењето на правото, заштита на човековите права, социјална правда - ако сето тоа не буди ништо освен недоверба и цинизам, тоа е дефинитивен знак на сериозната дијагноза која ја заслужува општеството. Како стасавме до ова дереџе: уште пред да ја вкусиме демократијата, веќе да ја девалвираме? Политички циркус е толку банален и предвидлив што не заслужува ни лаење, ни анализа. Како да лаеш, кога лаежот не се слуша од калашњикови? Како да анализираш навреди? Овде одамна е надмината тезата на Клаузевиц за војната како продолжение на политиката со други средства. Во нашево Хобсијанско општество ја поставивме тумбе: политиката е продолжение на војната со други средства. Македонците се тепаат подмолно и ниско, а Албанците - машки и отворено, пред очите на полицијата! Веќе не се знае кој е јагне, а кој волк, бидејќи си ги трампаат крзната како им чини. Си имаат штабови и ликови и за ролјата на жртвите (претепаните) и за хероите.

Крај толкав број апатични граѓани, како контраст се

јавуваат оние запалени политички ликови. Што ли ги тера во изборната битка да влегуваат со таков жар? Граѓаните како зомби и полуживи вегетираат, а овие киптат од енергија. Велат, тоа е разбирливо затоа што власта е сласт; но, и кога си на власт можеш да ги задоволиш сите (останати) страсти. Во обидот да се анализира феноменологијата на власта една од најпознатите изреки е онаа дека власта корпумпира. Но, заслужува да споменеме една друга дефиниција, што заради нејзината мудрост, што заради нејзината авторка, Нобеловката Аунг Сан Суи Кји. Тоа е жената која веќе 17 години е во домашен притвор под надзор на воената хунта во Бурма. Според неа, не е власта таа која корумпира, туку стравот од губење на позициите на власта кај оние кои ја држат, како и стравот, кој ги корумпира оние кои ѝ се подредени. Каков убав опис на состојбата во Македонија! Ќе речете, па овде нема хунта! Да, нема, ама има политичари, кои ако не бидат политичари ќе треба да признаат дека се лузери и дека немаат ни вистинска професија, ни каде да се вратат. Имаме политичари, кои ако ја загубат власта, ќе загубат не само привилегии и пари, туку и имунитет. Имате 30-40 годишњаци кои се фалат дека се во политиката петнаесетина години! Луѓе, кои ако не е политиката и етнополитичката мобилизација, никогаш не би биле елита ни во селска задруга.

(*„Фокус“*, 23 јуни 2006)

## ПОГЛЕД КОН СВОЈОТ ДВОР

Сите гледаат кон морската шир и погодуваат каде плови бродот на ЕУ, но сепак ќе ја продолжам приказната за универзитетското образование, кое има голема врска со европеизацијата. Еден „глобален селјак" (во рубриката на „Неделно време") се стави на страна на модерните текови на приватизацијата на универзитетите, а рафално го нападна УКИМ (а зошто им прости на другите државни универзитети, не знам), вклучувајќи ги и оние малкумина кои ги критикуваат состојбите, дури и по цена да бидат анатемисани од своите колеги и факултетски управи. Секогаш сум мислела дека пред да се покаже со прст на другиот, треба да се има доблест и храброст да се погледне во сопствени-

от двор. Еве, да ја загатнам темата од позиција на редовен професор, кој по целото свое образование е "made in Macedonia".

Кога пред повеќе од десетина години за прв пат отидов на светска конференција во далечниот Сеул, најнапред ја благословував професорката од гимназија, која - како што сфатив - ми дала солидно знаење од јазикот кој е lingua franca во глобалната заедница. Потоа, премрена од страв и импресионирана од фактот што претставувам земја со големина на популација од една петина од Сеул, и слушајќи ги колегите од цел свет - станав свесна дека образованието стекнато на мал универзитет во сиромашна земја, сепак, направило од мене мислечки човек. Беше големо охрабрување што се уверив дека не сум интелектуално инфериорна, иако бев несигурна во себе. Пред патот кон другата страна на планетата, донесов цврста одлука дека морам да видам каде ми е местото, затоа што не се согласував со она дека е „подобро да си прв во село, отколку последен во градот". И, за мое чудо, не само што преживеав, туку оттогаш не престана комуникацијата со светот. Не беше лесно да се ослободам од хендикепот на сопственото потекло и да стекнам самодоверба, да не ми затрепери гласот кога на панел дискусија ќе се најдев до колега од Харвард или Сорбона. Но, никогаш никој не ме потценил затоа што сум од мала држава, која едвај ја наоѓаа на светската мапа, или затоа што не беа чуле за мојот (државен) универзитет. Никогаш, за ниту една меѓународна активност, проект, конференција или студиски престој, не бев добила ни денар од мојата држава или Универзитет, па на моменти се чувствував како "универзитетски апатрид" кој се легитимира само со сопственото име, труд и интелект, а не со државна или институционална поддршка.

Кога веќе имам успешна меѓународната кариера, зошто сум толку критична кон универзитетското образование? Незадоволна сум затоа што не гледам дека работите одат на подобро, па дури се плашам дека моите студенти ги немаат предностите на еден релативно добро поставен систем од времето кога јас студирав. Ќе речете дека тоа било идеологизирано време, но контрапрашањето е: зарем денес тишината и самоцензурата не се заглушувачки? Зарем денес нема едноумие и политизација? Тогаш барем на студии доаѓавме со силно образование од основното и средно училиште, а УНИЦЕФ не нè прозиваше за неписменост. Како да промовирате слобода на мисла, критичко и

креативно творење, ако во општеството е наметната атмосфера дека „некои прашања не заслужуваат одговори"? Пристрасна сум во поглед на социјалното раслојување и осиромашување, бидејќи некогаш и како дете на работник можев без сопки да стасам до овде каде што сум. А, кога денес ги гледам моите осиромашени студенти, кои дури и кога се брилијантни, нема кој да ги стимулира да напредуваат, се чувствувам и тажно и луто. Непотизмот е веројатно пометастазиран, отколку корупцијата. На одделни факултети има династии, а не е мал бројот и на помлади кадри кои на универзитетот се вдомуваат затоа што се од министерски семејства.

Што се однесува до корупцијата на универзитетот, во својот 25-годишен стаж, одговорно тврдам дека таа го нема оној обем и форма кои во јавноста ѝ се припишуваат. Не затоа што ја нема, туку затоа што е софистицирана и перфидна. Нема 'апла' истакнување на ценовник за положување, но има нешто друго. На пример, задолжување студентите да купуваат книги, дури и кога можат да ги најдат во библиотека или да ги купат на старо; барање на спонзорства (ти мене спонзор, грант или моќен промотор, а јас тебе добра оценка или предвремено полагање во кабинет); студентот се задолжува да направи превод на странски труд (најчесто од Интернет), а бидејќи нема такво ниво на познавање на јазикот, од џеб ја плаќа услугата кај преведувач. Така, професорот добива готов, солидно преведен текст од јазик кој самиот не го знае и кој сега бесрамно ќе го стави во корицитe на најновата книга, со што ќе направи уште едно криминално дејание, плагијаторство. Лично, многу ме погодува кога ми доаѓа родител или пријател, кој започнува со славопојки колку ме почитува заради принципиелноста и храброста, за да веќе во втората реченица ме замоли да видам како да му помогнам на „нашево дете". Корупцијата е двостран однос, а понекогаш се правиме на Тошо дека не сме свесни дека и самите ја поттикнуваме. За материјалниот стандард ако почнам, ќе треба фељтон да напишам: од несоодветни санитарни чворови, студени училници, немање компјутерски лаборатории ниту опремени библиотеки, средства за публикување на учебници и монографии (зарем спонзори да барам?), немање денар за учество на конференција во странство освен ако се измолите за грант кај странците или имате „име", па ве канат на нивни трошок.

Можеби е чудно, но и покрај ваквата остра критика, никогаш не би се откажала од универзитетот. И тој минува низ транзиција, и во него се прекршуваат општествените девијации, па дури има и јадра на конзервативно мислење. Но, вистински херои се сите оние кои во вака тешки услови чинат сé на студентите да им го пренесат здивот од најновите научни сознанија, кои воведуваат нови методи и нов дух на часовите, кои по цена на макотрпна работа ќе преведат странски учебник или напишат свој, иако знаат дека маката почнува во моментот кога треба да го објавите, а немате ни денар. Горда сум и на оние студенти, кои иако се претивки во барањето на своите права, учат вредно, размислуваат со своја глава, наоѓаат начини да преживеат со средства кои родителите ги одвојуваат од уста.

По скенирањето на мојот двор, да кажам зошто не сметам дека начинот на кој се поставени приватните универзитети е оној вистинскиот, кој ќе доведе до укинување на монополи, ќе разбуди квалитетна конкуренција и ќе создаде силен научен кадар. Во трката да се вестернизираме заборавама важни нешта. Не е доволно да ставите приватна фирма и направите убави згради, а уште и на студентите им облечете фини униформи. Немам апсолутно ништо против некој да ја наплатува и тоа скапо услугата што ја дава, само ако е таа врвна и непристрасна (т.е. не постои чувство дека некој има право да добие диплома само затоа што платил висока школарина). Ова ме потсетува на ситуација кога во хотел ви удираат висока цена само затоа што имате поглед на море, а квалитетот на услугата е никаков. Јавна тајна е дека некои приватни универзитети даваат гаранции дека по четири години студентот сигурно ќе ги заврши студиите. Ќе си платите, околу вас 'играат' и суфлираат асистенти и професори, а да паднете може само случајно, од столче, но не и на испит. Секоја чест на исклучоците, но листата на наставен кадар е исполнета со анонимуси или колеги од државните универзитети, кои држат тезга (и се во класичен конфликт на интереси). Приватните газди кон професорите се однесуваат како да се закрепостени селани: на патувања на конференции или гостувања во странство, или дури и учество на јавни трибини во Скопје можете да заборавите, бидејќи ве плаќаат да си седите во кабинет и да правите кадри, а не да се усовршувате.

Конкуренцијата и квалитетот на студиите треба да се

цени колку на пазарот на трудот вреди дипломата/знаењето. На славните приватни универзитети во САД талентите се ловат уште во трета година кога компаниите однапред им нудат работа; на некои универзитети талентираните студенти добиваат надоместоци и други стимулации само да не преминат на конкурентскиот универзитет. Далеку сме светлосни години од ваква ситуација и ќе бидеме сé додека парчето хартија (дипломата) е поважно од знаењето и талентот. А многу често од дипломата многу поважна е партиската припадност или познанството со работодавачот. Квалитетот на универзитетот се мери по бројот на цитирани дела од научната продукција на професорите, по нивната препознатливост и комуникација со светот и со битка во „градот", а не во „селото". Прочитав дека УКИМ бил затворен, што во споредба со другите приватни универзитети не држи вода. Ако македонската наука е позната и надвор од нашево "село", тоа е сигурно заради професорите од Скопје или Битола. Но, се сложувам дека затвореноста е општа состојба. Универзитетите се однесуваат како микрокосмоси, нема комуникација ниту меѓу студентите, ниту меѓу професорите. Сте виделе ли или чуле научна дебата на која ќе седнат 'на мегдан' универзитетите од државниот и приватниот сектор? Отворањето значи изложување и на јаките и на слабите страни, низ дијалог и дебата единствено може да се дојде до одмерување на научниот капацитет. А ако си молчите и траете во вашиот вилает, го користите трикот на политичарите: колку сте понедостапни, потајновити и поарогантни, толку повеќе одавате лажна претстава за наводна супериорност - иако не за долго.

Во оваа земја се приватизирани многу нешта, затоа среќаваме елементи на приватизација и на државните универзитети, особено кога некој се однесува како позицијата да му е од татко дадена, а другите си молчат, и со тоа одобруваат и стануваат соучесници. Забога, па овде се приватизираат и државните функции, кога некој ги користи како извор на богатење и уште настојува да нé убеди дека ако тие се симнат од функција светот ќе пропадне. Пред некој ден дознав дека бројот на невладини организации во кои седат брачни парови и нивни пријатели не бил занемарлив, па се прашувам дали и невладиниот сектор се приватизира? Но, да се вратам на универзитетите, не сум „стара гарда" отпорна на промените, но ми пречат Потемкинови села.

Токму затоа што сум предавала на низа универзитети на Запад, знам дека и таму не се урива стариот мост пред да се изгради новиот. Во Канада, на пример, државните универзитети се на пиедесталот, а на нив студира сѐ поголем број американски студенти, кои можат да избираат: или да останат неписмени во својата земја затоа што немаат пари да платат школарина на приватен универзитет или не сакаат да излезат како осакатени кадри од сиромашен државен универзитет. Прашањето е дали сакаме да бидеме либерална (држава во која владее капиталот) или социјална држава (која ќе се грижи за еднаков пристап до квалитетно образование и ќе ги помага оние кои се над просекот)? Уставот дал одговор, ама кој го шиша во време на трка по брз профит и животна филозофија од денес до утре.

(„***Фокус***", 27 октомври 2006)

## ЛАУРЕАТИ И ПРОДАВАЧИ НА УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

Не можам да сфатам зошто некои добри души од Универзитетот се вознемирија заради доделувањето на титулата почесен доктор на науки на г-нот Солана!? Додуша, бројот на загрижените беше загрижувачки мал, можеби затоа што нас, професорите не нѐ информираат за важни државни (пардон, универзитетски) работи за кои се одлучува во врвот на скопскиот универзитет. Така и се случи оваа информација да стаса до мене преку колеги од Природно-математичкиот факултет, кои ми се обратија, не како на колега, туку како на - колумнист!? Имено, познавајќи го менталитетот на оние кои нѐ претставуваат, уште пред почетокот на седницата на универзитетските комисии беше јасно дека работата ќе си мине мазно. Уште поинтересно е тоа што колегиве од природните науки се загрижиле без сериозна причина: почесниот докторат на Солана не е од областа на физиката (каде што, инаку, навистина е носител на докторски степен). Ако некој и требал да се вознемири, тоа требало да бидат колегите на Правниот факултет, но токму од нивните редови потекнал предлогот. Тие го проголтале образложението од

перото на професорот-колумнист Фрчкоски, затоа што можеби им паднал камен од срце што избегнале врвен апсурд. Имено, Солана треба да биде носител на почесен докторат од областа на политичките (да не речам, макијавелистичките) науки, а не од областа на правото. Иако, за волја на вистината, ако воопшто нешто 'революционерно' е сторено, а го носи белегот на Солана, тоа е 'хуманитарната' интервенција во 1999 година, кога целото меѓународно право беше ставено тумбе, а во зградата на ООН владееше уверување дека доаѓа крајот на меѓународниот поредок и авторизацијата на употреба на сила во меѓународните односи од страна на единствениот за тоа надлежен орган, Советот за безбедност. Тоа беше преседан кој вознемири мнозина, а професорите по право (од Канада и САД) покренаа обвинение за воени злосторства во врска со НАТО-интервенцијата. Како професор, сѐ уште се срамам секогаш кога на студентите им зборувам за значењето на меѓународното право и потребата од негово почитување. Се срамам затоа што на секој теориски или нормативен концепт се наметнува соочувањето со реалноста во која сето тоа е ветер и магла.

Елегантната пируета на Правниот факултет го избегна теренот на правната наука и го донесе Солана таму каде што му е место. Политичкиот терен е оној на кој заблеска неговата ѕвезда. Верувам, човекот веќе и не се сеќава на своите младешки заблуди дека кариерата му е во полето на физиката. Впрочем и физиката го достигна својот опасен климакс низ нуклеарната физика, а Солана навреме сфати дека е поинтелигентно и полукративно да бидеш оној кој може да има влијание врз воениот арсенал заснован на многу (нуклеарна) физика. Освен тоа, Солана многу рано покажа поголем талент за политика, па од шпански синдикалист и анти НАТО лидер, стана она што е денес. Солана е 'генијален' дури и кога станува збор за пристапот до науката. Тој е носител на неколку титули почесен доктор на науки од разни области: Белгијанците му дадоа за одбранбени науки, Полјаците за општествени науки, итн. Значи, нашиве можат да здивнат и дури и да возвратат на критиките: зошто ние да бидеме покусо и да не му доделиме титула, а со тоа и да си го зголемиме рејтингот во светот?

И сега се прашува човек, кој е тука виновен: лауреатот или оние кои му се додворуваат? Всушност, не станува збор за

вина: доделувањето на почесни титули е прашање на маркетинг. Доволен доказ за тоа е историјатот на доделување на почесни доктoрати на Познанскиот универзитет (кој сега го носи името на Адам Мицкијевич). Каква асоцијација ви паѓа на ум кога ќе видите дека првиот лауреат била Марија Кири во 1922 година, а 66 години подоцна на листата ѝ се придружил и еден Солана?! Нејсе, веќе станува практика, универзитетите да им доделуваат вакви титули на познати личности (дури и од шоу бизнисот) заради сопствена афирмација, заради добивање парични грантови и слично. Меѓу куриозитетите спаѓа и информацијата дека носител на почесен докторат е и мапетовскиот жабец Кермит (во 1996 од страна на Саутемптон колеџот на Лонг Ајланд Универзитетот). Познати се и случаи во кои титула им била доделувана на политички контроверзни личности, па дури и на такви за кои човек со право би се запрашал за нивното интелектуално ниво и ментално здравје. Кога во 2001-та оваа титула му била доделена на Џорџ Буш помладиот, Јејл универзитетот бил на нозе, а церемонијата била бојкотирана од страна на студентите и професорите. Колку за контраст, веројатно најелитниот универзитет МИТ и некои други, воопшто немаат таква практика, затоа што се храмови на науката, онаа вистинската, а ефтин публицитет и политичко додворување не им е потребно.

Туку, да се вратиме дома и да си го погледнеме нашиот случај... Идејата за почесниот докторат на Солана можете да се обложите дека не е случајна, како и некои други интересни моменти. За правната страна, не сакам ни да ве заморувам - па кој денес се грижи за тоа што вели Статутот на Универзитетот во врска со критериумите за доделување на почесен докторат!? Додуша, си пишува убаво таму дека со титулата можат да се стекнат истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на Универзитетот, на научната мисла, културата или на друг начин придонеле за развојот на високото образование и науката. Е, сега оставам на вас да процените каде тука се вклопува Солана... Уште поинтересно е образложението на предлогот, а во однос на неговата импресивна улога во интегрирањето на Балканот", во изградбата на српско-црногорската федерација и нејзиниот устав (хммм, не за долго нели?), неговото воздигнување на ниво на политичар-институција, а за неговата улога во врска

со Рамковниот договор и пријателството за покојниот Трајковски и да не говориме... Ај, да не навлегуваме сега во детали, бидејќи поднесувачите во образложението се држеле до тезата за успешната приказна, во која - нели - и еден од нив и самиот стави прст во погачата. Тенко - не тенко, предлогот мина, а мене помалку ме загрижува фактот што токму Факултетот на кој и јас го стекнав докторатот ќе ме стави рамо-до-рамо со еден Солана, што воопшто не го сметам за комплимент.

Но, да се разбереме ова нема никаква врска со науката, туку со политиката - онаа приземната, а во таков контекст дури и жал ќе ме фати за инструментализираниот Солана (ова за жалните чувства е само стилска фигура). Како аналитичар не можам, а да не погледнам низ цинична призма на оваа одбор дружина, на тајмингот и консеквенците. Ај, за Фрчкоски и да не се чудам - ќе профитира малку лично, малку ќе се умилкува кај меѓународната. Сосема случајно, претседател на универзитетската комисија за соработка со странство е професорката Бучковска. Додека да се завртиш, а постапката на Универзитетот ќе заврши, а до крајот на јуни титулата ќе треба да се додели. Сосема природно, професорот Бучковски ќе се најде во првиот ред, и како професор (ако досега и не заборавил дека е професор по право), но и како некој кој претендира, како и Солана, дека е заслужен за пост-Охридските успеси на земјава. Церемонијата ќе им дојде како кец на десетка, предизборно, а што да каже лауреатот Солана, ако не сé најдобро за успешната македонска приказна, за кандидатскиот статус, за светлата европска иднина - и сé во тој стил, можеби и несвесен дека ќе ја пее песната на СДСМ. Бучковски има најмалку уште една причина да седне до лауреатот: не можам да замислам покомпатибилен пар од премиерот, носител на измислена награда за светски мир, и Солана - докажан творец на балканскиот мир. Ако Бучко може да се фали со тибетанска награда за мир, тогаш зошто Солана да не биде носител на титула за политички науки - човекот менува ставови, идеологии, дресови, позиции - и секогаш докажува дека целта ги оправдува средствата.

Како професор ме загрижува тишината и тивкиот шепот на протест меѓу колегите, наместо преку постојните институционални канали да го изразат своето несогласување, или се 'вадат' дека не биле присутни, не биле запознаени, немале критична

маса и сл. Мислите ли дека на скопскиот универзитет е можен бојкот како оној со кој се соочил Буш на Јејл? Не, овде ќе биде трка по седишта, позиции за сликање и ракување. Во таква ситуација секогаш помислувам колку е добро да се има алтернација - улога на колумнист! Како познат расипувач на забави јас ќе си го кажам своето. На колегите им порачувам дека ова е под достоинството на Универзитетот и неговата прокламирана автономија да се дејствува низ алтернативни дисидентски методи, во ситуација кога некој очигледно го злоупотребува Универзитетот и ја урива неговата автономија заради стекнување на ефтини политички (предизборни) поени.

(***„Фокус“***, 19 мај 2006)

## ЧУМУ ДИПЛОМИТЕ И НАУКАТА?

Со години исправам „криви Дрини", донкихотски обидувајќи се да ги објаснам апсурдите околу нас - колку да си го сочувам менталното здравје и да не дозволам да ме убедат дека „тази дупка не е дупка". Наместо да се искачам на академските височини и да си мудрувам, јас се симнувам на земја - соочена со бесмисленоста и бескорисноста на сето научно знаење стекнувано со години. Со денови пред очите ми се редат слики на сето она како не треба и не смее да биде, како да се уротила стварноста само за да ми ги урне и знаењата, но и последните надежи дека светот може да биде подобар. Но, со какво право се јадосувам и жалам јас, кога колапсот на сето она што значи цивилизација, принципи и вредности им паѓа врз главите на стотици илјади (други) луѓе? Мојата фрустрација нема никаква врска со нивната. Во Либан денес, мојата научна дисциплина, која се вика меѓународно хуманитарно право, не вреди ни пет пари. Што вреди констатацијата дека се кршат неговите норми, кога тоа истото преведено на обичен јазик значи смрт на деца, на невини, на археолошки богатства, на инфраструктура што значи опстанок?

Признавам, мојата фрустрација е поинаква - и патетична! Мојата најголема грижа е: како и со кој образ да се појавам пред студентите? Како да им објаснам дека правото на самоодбрана на

една држава не значи оправдување на нејзина против-акција во вид на агресија? Како да постапам и правично и професионално ако мојот студент не знае што пропишуваат Женевските конвенции за заштита на цивили во воен судир, а уште помалку за третманот на воените затвореници? Дали треба да го турнам на испит ако не знае каква е улогата на Советот за безбедност на ООН? Уште полошо, дилемата воопшто не е нова. Од 'хуманитарната интервенција' од 1999-та, па сé до 11 септември и одмазничката акција во Авганистан 2001-та, па нападот на Ирак со лажен претекст за наводно постоење на средства за масовно уништување, па Гвантанамо, Абу Граиб, и сега Либан - таа само расте. Од семестар до семестар, сé повеќе си наликувам на будалетинка, а не на професор, секој пат кога треба во училницата да зборувам за меѓународното право, демократијата и човековите права. Се колебам околу пристапот. Тоа се умни млади луѓе, некои од нив редовно и пасионирано следат вести, читаат информации на интернет, а најсреќните меѓу нив и патуваат и среќаваат други умни млади луѓе... Не заслужуваат да им се предава високоучено, без допир со стварноста. Но, ако само ѝ се препуштите на стварноста и на она што ве убедуваат дека е единственото што 'пали' - филозофијата на реал-политик - тогаш каква е смислата на научното сознание? Треба ли да им кажам дека мојата наука е утопија, а ако не сакаат да ги сметаат за будалетинки, да почнат да размислуваат како стратези а ла Конди или Хантингтон?

Помислувам на колегата чие научно подрачје е тероризмот и глобалните закани. Дали му е попријатно во неговата професорска кожа? На рака му одат сите аргументи и најнови вести. На колекцијата докази, сега може да се додаде и терористичкиот заговор од лондонските аеродроми. Но, дали е баш така? Не очекувајте кај нас да најдете критичка анализа за случајот. Нели, ѝ припаѓаме на светската антитерористичка коалиција?! Нели и во стратегиските документи запишавме дека тероризмот го сметаме за една од најголемите опасности за нас и за светот? Но, за беља, некои од нас не можат без оние „левичарски" извори на информации и дисидентски кругови. Каков „ужас", па таму има новинари и интелектуалци, кои се сомневаат во веродостојноста на терористичкиот заговор во Лондон, особено во неговиот тајминг. Се сомневаат во наводите на Ме-

трополитенската полиција, а богами не заборавaат да ги потсетат загрижените Британци на оние несреќници кои по грешка беа елиминирани од полицијата само затоа што имаат малку поинаков тен или начин на облекување. Големината на западната демократија не е во воинствените влади, туку во слободата на мислата, во правото да се сомневате и во најзастрашувачката верзија што ви ја кажува полицијата, да ги критикувате и владата и полицијата, и кога зборувате за човекови права да не мислите само на оние што зборуваат, се облекуваат и имаат иста боја на кожа како вас - туку на оние "другите". Ако воопшто некој ми го поткрева духот, тоа се оние морални џинови во британските медиуми кои велат дека на Орвеловски начин Министерството за внатрешни работи е претворено во Министерство на стравот, а Министерството за одбрана е Министерство на војната. Се дигна паника, но се дигна и рејтингот на Блер и Буш - а војната против страшниот тероризам може да продолжи непречено.

Туку, да си се вратам на мојата професорска мака... Ништо полесно не ми е ни кога треба студентите да ги научам што е демократија, легитимитет на власта, владеење на правото, човекови права. Често се соочувам со празното ехо на овие флоскули. Уште не заживеани, а веќе безживотни и патетични. Неодамна една добронамерна колешка од Германија, слушајќи ме како говорам за лицемерието во кое живее постохридска Македонија, особено по добивањето на кандидатскиот статус, извика: „Немојте да губите надеж, бидете храбра и покажете повеќе ентузијазам!" Ја погледнав со сожалување: „Ех, драга моја, па вие поим немате колкава храброст му е потребна на секој македонски граѓанин да живурка секој Божји ден! Колкав ентузијазам е потребен цели десет години да предавате политички систем и да ги учите студентите што е демократија, а потоа да ви се случи колапс, да видите луѓе со воени успеси како стануваат миротворци и уште ве убедуваат дека да не била 2001-та ни кандидатски статус не би добиле!" Каква иронија, нели? Да немаше конфликт/криза/војна (што ли беше?) со што ќе бевме „успешна приказна"? Со економијата ли? Со животниот стандард? Со туризмот и научните дострели? Бидна што бидна, се смени Уставот, и сега наместо за либерална демократија им зборувате на студентите за консензуална демократија, модерно кажано - споделување на власта (power-sharing) меѓу заедниците, како врв на

стејтбилдингот во регионот. Слушате како приучени новинари/публицисти/интелектуалци (што ли се веќе не знам, толку улоги сменија) зборуваат за албанскиот демос во Македонија и уште ламентираат дека граѓанските права му се згазени при конституирањето на новата влада. Не знаете дали да плачете или да се смеете!? За имате народ сфатен како демос, најнапред треба да имате ПОЛИТИЧКА заедница на ЦЕЛАТА територија на државата. Албанскиот демос е во Албанија, и е сочинет од граѓани со албанско (Геги и Тоски, подеднакво), влашко, ромско, македонско, црногорско население. Каква глупост и демагогија да се зборува за два демоса во Македонија? За жал, тука нема ни еден демос, а јазот меѓу етносите расте. Да имавме демос, не ќе се делевме на македонски и албански интелектуалци, а богами заедно ќе им кажевме сиктер на мнозина што изигруваат политичка елита.

Но, маката не запира тука... Нема ни Д, а камо ли демократија во услови на закани со насилство. Либералната демократија умре на олтарот на консензуалната, и уште сите аплаудираат на демократскиот прогрес. Пет години подоцна имате право на демократски протести со флагрантно кршење на законите. И уште претставниците на меѓународната аплаудираат што не се кршел законот; за нив кршење на закон е само ако припукаат, а додека не пукаат, можат да си го кршат законот кога и како ќе им текне. Се слави јубилеј (воена победа) со вооружени црнокошулјаши, но и тоа е прифатливо, нели? Само да е 'мир' во куќата... Сфаќаме ли ние дека прагот на успешност, прагот на прифатливо насилство и прагот на демократичност ни го определуваат „продавачите на успешни приказни"? Бидна петгодишнина од Охридскиот, а не слушнавме ниту една самокритика за "ризичниот експеримент" од 2001-та. Ај, за оние меѓународнине не се чудам, тие не смеат да си дозволат луксуз да признаат дека работите одат небрежно, ама додека си го кркаат македонските граѓани, а на површина владее идила - може да се протурка. Не можам да ги сфатам нашиве експерти, кои затоа што во залог си ги ставиле имињата, нѐ караат што не сме ги цененле придобивките на рамковната демократија. Не знам како им е на тие колеги професори, но јас си имам мака со официјалната хипокризија. Имате документ напишан на англиски, ама плус и кога е преведен го читаат различно: едните

се фатиле како слеп за стап за оние фрази за унитарна држава и цивилно општество, а другите за правата на заедниците (т.е. само својата заедница). Ме убедуваат дека тоа била тајната на успехот - win-win situation, ситуација кога и двете страни имаат причина да веруваат дека се победници, т.е. дека нивната верзија е онаа вистинската и дека ја зафркнале другата страна. Мене тоа ме потсетува на климавите темели на една друга држава и нејзиниот распад. Во теоријата речиси и да нема автор кој не вели дека Прва Југославија била создадена врз темелите на суштинско конституционално недоразбирање меѓу Србите и Хрватите. Мене ова денес ми наликува (дај Боже да не сум во право) на едно намерно живеење во илузија во која секоја заедница живее со само дел од вистината, оној кој го смета за прифатлив за себе. Читаат и она што не пишува, а она што пишува го интерпретираат зависно од констелацијата на силите во парламентот и поддршката на меѓународната заедница. Еден чуден политички документ нé надвиснал и фрла тешка сенка врз конституцијата (Уставот) и законите. Не се работи за тоа дека ДУИ биле разгаленици и плачковци (со калашњикови) - се работи за тоа дека фрлаат перде од чад од кое не ја гледаме суштината. Ризичниот експеримент, дури и ако е заснован на недоразбирање, може да успее само со целосно владеење на правото. Не смее изјави од типот „Да, знаеме дека го кршиме законот, ама така му треба на Груевски!" да минуваат како дел на секојдневниот политички циркус.

Велат, само уште два закона, па ќе сме ја затвореле приказната. Зар не е апсурдно да зборувате за законски проекти, во услови се кршат законите на демократското однесување? Имате протести кои ги кршат законските норми, а сите се прават луди. Инциденти на блокадите, а полицијата флексибилно го толкувала нормите и уште ги карала граѓаните што не гледале дека си ја бараат белјата со тоа што сакаат да минат кај што не им е место. Гледате флагрантна злоупотреба на локалната власт и мајоризација, но евроамбасадорот Фуере е задоволен од редовните консултации со градоначалниците и прогресот на општините - и покрај кршењето на Бадинтеровиот принцип. И конечно, законот за полиција едноставно не смее да се стави во контекст на Рамковниот - инаку, ништо од демократските реформи.

Драги мои студенти, не грижете се! Толку многу одговорни луѓе паѓаат на испитот на совеста и знаењето. Дури и ако паднете на испит, вие се уште можете да одите со дигната глава. Во ваков грд свет нема зошто да се срамите од незнаење. Нека му мислат оние кои со знаење и отворени очи чинат зло - тоа не се простува и се помни.

(*„Фокус“*, 18 август 2006)

## *ДЕЛ II*

# ЖИВОТ ВО ЛИМБО

## ПИШИ-БРИШИ

Во одреден дел од животот, сите сме имале допир со училишната табла на која може да се пишува и брише колку што ти душа сака. Ако ја згрешиш буквата или задачката, сунѓерот волшебно ќе стори грешката да исчезне како и да не постоела. Уште поарно ако учителката не ја забележала грешката, а некое другарче, во меѓувреме, ви го дошепнало вистинскиот одговор. Ех, така беше кога бевме деца, но имам чувство дека и денес нѐ третираат како деца, иако таблата ја испишуваат некои други. Сега пишат и бришат, како што ќе им текне, иако не се ниту неуки ученици, ниту пак (не дај Боже!) учители. Стварноста ни ја престорија во училишна табла на која кобајаги нѐ учат демократија и ги нотираат своите постигнувања. Од нас се очекува порано испишаните содржини да ги заборавиме - сето она што го ветувале ама го згрешиле и избришале, треба да го прифатиме на орвеловски начин како никогаш и да не се случило... Но, не сме само обични ученици - ова биле интерактивни методи на експериментална настава, па од нас се бара да ги oцениме (евалуираме, кажано модерно) со „петка" и да ги оставиме да си ја играат пиши-бриши играријата  најмалку уште еден мандат. Ако ова се чинеше премногу апстрактно, еве, да почнам со конкретни примери...

Со наближување на изборите, ете го и императивот да се сумираат „историските" успеси, па се ангажираат „учителки", кои треба да ги избришат непријатните бројки. Некои од нив и навистина се, по професија педагози на привремена работа како директори во Заводот за вработување. Во духот на пролетното и предизборното чистење засукале ракави, па бришат лица пријавени како невработени. Успехот е загарантиран: немојте да паднете во транс кога триумфално ќе ви кажат дека стапката на невработеност паднала на европски 15 насто. Освен тоа, директорката одлучила да „тренира строгоќу", па ангажирала полицајци во цивил да надгледуваат кој тоа протежира мито и корупција во рајот на бедата и невработеноста. А и со право: ем мора да се почитуваат законите, ем што ќе им се сини картони на оние јадници (кои лажно се пријавуваат како невработени, затоа

што работодавците не им гарантираат минимум права од работен однос). Зарем не знаат дека денес и сини картони да имате, не е гаранција дека ќе добиете здравствена услуга, а за лекови и да не зборуваме?!

„Генералкава" е систематска, нема што! И министерот за социјала го брише грдиот податок дека во пресрет на петгодишнината од Охридскиот договор сé уште некои таму аздисани се декларираат како внатрешно раселени лица. Каков безобразлук! Додуша, и меѓу нив има и пристојни, па заборавени и од луѓето и од Бога си заминуваат на оној свет, без глас, без крик, без вознемирување на јавноста, која си ја купи мирната совест и верува во светла европска иднина. Но, проблем прават новородените дечиња во колективните центри... Таман да се пофалат со намален број на внатрешно раселени лица (со помош на законот на прирдона селекција), а животот победува и ново бебе се раѓа! Официјалната верзија вели дека власта само ќе „дерегистрира" 36 семејства, во чија бројка влегуваат дури 50 деца! Колку елегантен начин да се ослободат од проблемите. А зад бројката стојат ЛУЃЕ. Речиси ништо не знаеме или не сакаме да знаеме за нивните поединечни судбини. Случајно знам за една конкретна, па вие просудете дали станува збор за обична бројка... Пред пет-шест години живееја како среќно семејство, во сопствената со мака изградена куќа во Арачиново. Потоа станаа бегалци во сопствената држава. Во колективниот центар најнапред почина таткото, а пред неколку дена и мајката. Девојчето во меѓувреме стана полнолетна девојка. Во христијански дух покажано е 'милосрдие', па до одбележувањето на шестмесечниот помен таа може да остане во центарот, а потоа ќе мора да им се придружи на несреќниците од заводот за вработување...

Како што одлучи да ја европеизира опозицијата (милом или силом), се плашам дека Владата со сила сака да демонстрира и етничка идила. А тоа најлесно ќе го стори ако ги присили внатрешно раселените да се вратат во местата од кои беа протерани и каде што сé уште не се добредојдени (или барем така се чувствуваат). Ќе им изградат куќарки, можеби и полициска заштита ќе обезбедат, ама топлината на загубениот дом нема да можат да им ја вратат. Уште полошо, на овие стари и неуки луѓе не им се надоместува штетата во однос на она што за нив бил извор на егзистенција - средствата за земјоделие. Со

вакви методи на отстранување на последиците на конфликтот, очекувајте еден убав ден да ви кажат дека 2001-та никогаш не се случила - или уште полошо, дека да не се случела ќе моравме да ја измислиме - само за да се покажат сјајни резултати во Брисел.

Ова пиши-бриши, богами, не се однесува само на луѓето. Во Македонија сѐ е можно, па и да настрадаат овци за кои и не знаете дека воопшто постоеле. Арно ама, некој ги попишал, и уште ги наплатил без оглед што загинале од неизведен воен напад во војна што не постои (а е наречена криза). Бришењето не завршува тука. За да покаже политичка кооперативност, власта реши да избрише дел од оние фантомски 150 000 избирачи. Како што тргнале со брзина на полжав, за едно сто години, можеби и ќе дојдеме до реалната слика за големината на гласачкото тело. А дотогаш...

На оваа македонска табла се пишат и бришат човечки судбини, животи - без некому воопшто раката да му затрепери! Сѐ е релативно, чиста статистика. Ги гледам намачените лица на старци што срдечно го поздравуваат лидерот на владејачката партија, па се прашувам дали можеби, освен пиши-бриши, ни се случил brainwashing (перење на мозоци)? Или можеби навистина имаме власт каква што заслужуваме?

(***„Време“***, 21 април 2006)

## ИНСОМНИЈА

Во капитализмот (тражили сте, гледајте) сѐ има цена, па и повредената чест, дури и загубениот сон. А кој го знае тоа најдобро, ако не еден успешен банкар?! Добивме јавна лекција од една запоставена област, која се вика самопочитување, а неа од прва рака ни ја испорача првиот банкар и бивш премиер, Хари Костов. Ни повеќе ни помалку, но навредата и болката што му ја нанесе еден медиум чини цели 100 илјади евра. Не е во духот на лекцијата од самопочитување, ама на мнозина би ни паднал мрак пред очи, па би прифатиле и да бидеме медиумски исплукани, само оштетата да биде така слатка. Штета што дури сега сфативме колку чувствителен и деликатен човек сме имале за премиер.

Додуша насетивме нешто кога онака достоинствено си замина од функцијата поради неподносливата корупција во сопствената влада. Да беше некое мажиште и да не губеше сон така лесно, немаше да поднесе оставка без, притоа, да приреди огномет и натера и некои други да си ги соберат парталите. Лекцијата покажа уште еден интересен аспект: никогаш не би помислила дека медицината во Македонија отишла толку напред! Вештациве не само што можат да се заколнат кога пациентите им спијат, а кога не, туку дури и на писмено потврдуваат дека биле длабоко морални личности. Се прашувам што не го патентираат изумот? Замислете бизнис: даваме тапија за чесност и моралност! Баш би требало да 'упали' сега пред избори... Туку, да престанам јас со чуствителниве типови да не ми стегнат некоја тужба за навреда...

Конечно, кој ни е крив нам, на обичните смртници, кога не знаеме да се почитуваме себе си, и особено да си го вреднуваме загубениот сон (да неречам, живот)?! Никој! Сами дозволивме да не́ третираат како чергичиња, како бројки, како овци, ама не како личности. Репертоарот на строги погледи и навредливи зборови на некои министри не е за потценување - имаше безброј можности некој сериозно да се навреди. Тоа можат да го посведочат сите земјоделци, синдикалци, внатрешно-раселени или стечајци што беа на преговори во Владата. А да не сме мазохисти? Ене, Дураку ем предизвика хуманитарна катастрофа во Куманово во 2001-та, ем сега со наши пари си патува по светот како министер. Го испративме во Мексико - навистина, странски јазик не знае, ама е стручњак за темата (водното богатство и неговата заштита). Оди после објасни му некому надвор дека имаме проблем со постконфликтно помирување. Немаме! Бидејќи, ние не само што простуваме, туку и ги испраќаме на релаксација заедно со секретарките. Ах, пак јас и мојот долг јазик... И овој може тужба да ми 'стегне'! А и секретарката му...

Видете го само последниот циркус со стечајците... Си поиграа со нивната мака, кобајаги донесоа закон, а потоа "пу-пу не важи, нема пари"! А од каде ли ќе најдеа пари во буџетот ако случајно Уставниот суд останеше заспан (како во изминативе години) и не го поништеше законот за пратенички привилегии? Нејсе, сепак, останува нејасно дали народниве пратеници ги фаќа сон по мајтапењето со овие луѓе, кои дури почнаа и да умира-

ат пред ТВ камери... А не е дека се тотално нечувствителни! Кога ќе им стапнеш на плускавец (т.е. привилегија) стануваат бунтовни и емотивни, па и на штрајк повикуваат! Но, ретки се оние што страдаат од инсомнија. Да беше така, досега ќе им видевме подочници, бледи лица, отсутни погледи. Ама, нема шанси! Кога зборуваат за европската иднина, сјаат во лицата. Не смеат да дозволат да ги мачи несоница во време кога треба да се сонува и бива визионер!

Затоа сме ние тука сон да не нé фаќа... Бдееме и дење и ноќе, бдееме над мирниот сон на нашите лидери. Ете, ако треба, ние нема да спиеме, ама тие да се во форма. Па и зошто да спиеме кога ионака не сме се премориле... Зарем работа сме фатиле? Додека ние се излежуваме во тешка ладовина и безделничење, тие работат за нас. Кој не работи, нема право ни да јаде ни да спие!

Нашава општа инсомнија потсетува на сцените од Маркесовите сто години самотија. Се сеќавате: жителите на Макондо се жртва на чудна заразна болест, која не само што носи несоница, туку и постепен тотален заборав за сé околу себе, вклучувајќи ги и најблиските и најобичните предмети. Македонија како Макондо?! Чудна е оваа општа несоница: ем сон не нé фаќа, ем никако да се разбудиме!?

(„*Време*“, 28 април 2006)

## КОЈ ЌЕ ОСТАНЕ НА КРАЈОТ?

Колумнава му ја посветувам на татко ми, не затоа што деновиве се навршија 24 години од неговата смрт (на денот на моето дипломирање), туку заради Први мај. Тоа е ден што му го должам повеќе од кој било друг: неговите пролетерски дамари сé уште отчукуваат во мене! А слушајќи за можното обновување на брендот на "Нова Македонија", можам ли а да не се сетам дека станав човек благодарение на линотиперските непроспиени ноќи, кога меѓу два реда излеани во олово (и еден дел во градите) умееше да напише најубав стих поезија?! Станав зрела жена, а не научив да бидам госпоѓа, дури ни госпоѓа-професор! Само оној што не го доживеал до-

пирот на смртта не знае дека таа е дел на животот. Луѓето нѐ напуштаат во физичка смисла, но остануваат со нас. Во мене остана „семката" на татко ми. Јас не пишувам на линотипка, туку типкам на компјутер, а меѓу два научни текста напишувам и колумна, наместо стих. Но, на татко ми му должам многу повеќе од ова, бидејќи тој ме научи да бидам своја, да не почитувам (наметнати) авторитети, да размислувам со своја глава, дури и по цена главата в торба да ја ставам - и да се борам за она во што верувам. Дури и кога изгледа безнадежно...

Би требала да се чувствувам победнички заради квантниот скок од работничко дете до универзитетски професор. Но, залудно... Сѐ уште се чувствувам како дома меѓу обичните луѓе, а најголем комплимент ми е пружената рака и честитката од неуките, кои во моите зборови ги препознале своите мисли, па дури и тага. Високоучената заедница, честопати, ми е туѓа, а особено кога е тивка и зачмаена во наука заради наука, без трошка амбиција да ја промени стварноста. Звучи 'комуњарски', ама од она што ми остана во сеќавањата од марксизмот, најчесто како рефрен ми одѕвонува една од тезите за Фоербах: „Досега филозофите само го толкуваа светот, но работата е во тоа тој да се промени!" Малкумина г-да и г-ѓи професори се покажаа достојни на предизвикот, па затоа претпочитаат да бидат умни, а не активни.

Има и исклучоци: колку поретки, толку повредни! Секој поединечен случај ја докажува Волтеровата мисла дека е опасно да се биде во право кога власта греши. Власта што греши, а уште е и пред избори се однесува како диво животно: нервозна, раздразлива, бара жртвени јагниња или вештерки! А власт што уште одамна изјави дека не оди на квиз, туку во освојување на власта (моќта), својот природен непријател го наоѓа токму во оние кои умеат да ја проѕрат нејзината феноменологија и технологија на владеење. Уште полошо ако тие истите го презираат она што таа, евентуално, може да им го понуди, па се некорупливни. Тогаш на оние горе не им останува ништо освен да почнат со ниски удари и да се препелкаат во калта, верувајќи дека така ќе ги извалкаат и оние што се далеку над нив, не по моќ, туку со достоинство и интегритет. Така, кога власта напаѓа дел од критичките интелектуалци, а мнозинството останува немо, забележувам длабоко всаден модел на однесување.

Во право е Мартин Лутер Кинг кога вели: на крајот, нема да се сеќаваме на зборовите на нашите непријатели, туку на тишината

на нашите пријатели! А тишината кај нас е застрашувачка! Власта „тренира строгоќу", па одеднаш сите се нешто зафатени, немаат време за изјава, имаат здравствени проблеми... некои од нив се јуначат (обично со чашка в рака): „Ех, само ако отворам јас уста...". Други, пак, ситни души шепотат: „Така им треба, што 'бранувааt' каде што не треба!". Ја заборавааt ли онаа вистина од едно (друго) тоталитарно време:

„Кога Нацистите дојдоа по Комунистите
Не го дигнав гласот.
На крајот на краиштата, јас не бев Комунист.
Кога ги затворија Евреите,
Не го дигнав гласот.
На крајот на краиштата, јас не бев Евреин.
Кога дојдоа по мене,
Немаше никој да го дигне гласот за мене."

За време на празникот се прашував: би се гордеел ли татко ми со мене да беше жив? Кога ме воспитуваше и не помислуваше дека интелектуалците можат толку да молчат, ниту дека работниците можат толку да трпат. А добро се сеќавам дека и тогаш тој не забораваше да ги опцуе и комунизмот, и делегатско-собранискиот систем за кој пророчки уште во 1975-та ми кажа дека нема да го биде, но и Тито, кој повеќе се грижи за имиџот во светот наместо да си го гледа гајлето дома.

Тажен беше овој Први мај, потажен од порано! Овде не се роди либерална демократија, ама како комунизмот да покажа повеќе резултати (иако задоцнети). Овде одумира државата во најбуквална смисла на зборот! Но, одумре и работничката класа: толку е малубројна што треба да ја категоризираме како малцинска група, а наместо работнички треба да бара малцински права. Тоа повеќе 'пали'. Поврзувајќи ги сопствените корени со сегашната интелектуална позиција, ме мачи една мисла на Џон Стјуарт Мил: „Човек кој нема нешто за што е подготвен да се бори, нешто што е поважно од неговата лична сигурност, е мизерна креатура и нема да биде вистински слободен, освен ако биде ослободен и слободата му биде сочувана преку енергијата и акцијата на оние што се подобри од него". Мизеријата е очигледна, но колкумина останаа да го подигнат гласот?

(„***Време***", 5 мај 2006)

## ЅВЕЗДИТЕ НА НАШАТА ТРАНЗИЦИЈА

Разбирливо е и сосема човечки што на вицепремиерката ѕвезди ѝ се привидуваат. Па, нејзина задача е да докаже дека и (македонското) сонце е ѕвезда! Толку многу го милува и синото знаме со ѕвездички и сè што асоцира на ЕУ што, ете, ѕвезди почна и дома да бара. И ги откри! Во колумна ги опиша како „способните и храбри граѓани на оваа држава кои гледаат напред" и ги нарече ѕвезди на нашата транзиција. Во 'филмот' во кој таа живее, и од кој се буди со непријатно чувство секогаш кога случајно ќе налета на пивски разговори во локалната продавничка (кои, замислете, ги навредуваат нејзините дамски сетила), владее правилото на happy end. И така, во стилот на невладиниот сектор (од кој и самата произлезе), извика: ДОСТА ВЕЌЕ! Да сме престанеле со себедепримирање, да престанеме и пиво да пиеме зошто предизвикувало вирус. Не, не е оној на птичјиот грип, туку уште поопасен - 'вирусот' на губење верба во лидерите, секако!

Зборува таа за некакви парталави тези и квазианализи, плачковци над националното здравје, и за бистрење политика како национален спорт! Како божем политиката е резервирана за таквите како неа, а заборава дека политичката власт извира од нас. Но, читајќи ја вицепремиерката, одеднаш ви светнува дека, овој пат, таа не е сама во серијалот на „Ѕвездените патеки". Само пред некое време, еден ептен умен и државнички интелектуалец (кој беше и сива еминенција петнаесет години, па ни ги пишуваше и уставите и Рамковниот договор), а кој до неодамна извикуваше дека ова била партал држава, сега е полн со слични 'комплименти' на сметка на сафарито на селјаците, плачи-п.... и непотентните, кои ете, мазохистички уживаат во несреќата. Одеднаш, препознавам невидлив фронт на професионални оптимисти и препознавачи на националниот интерес, кои до вчера меѓусебно комуницираа преку колумни и низ садо-мазо асоцијации? Повикот упатен до ѕвездите на транзицијата е да се гледа само напред и да не им се обрнува внимание на селјаците и пивопијците. Ајде тогаш да видиме, какви сме тоа ние конспиратори, селјаци и пивопијци (авторката, секако, не бега од припадноста на овие 'опасни групи' и пренесувачи на страшни вируси, особено

затоа што сака да пие пиво и што луѓето не ги дели на сељаци и елити)!

Во времиња на општа измама и лага, и кажувањето на голата вистина станува револуционерен чин (можеби сељачки, нели, зошто има и селански буни?). Така не е ни чудо дека оние што живеат со ѕвездите или самите се ѕвезди не гледаат дека парталавите тези се тези за парталавата држава. Македонија нема да се распадне - таа веќе се распаѓа. Таа нема да се подели - затоа што е веќе одамна поделено општество, и по вертикала и по хоризонтала. Прво, тие, на кои денес им се додворуваат, нарекувајќи ги ѕвезди на транзицијата, не заслужуваа(т) одговори на глупави прашања, односно нивниот глас не стасува до власта, ниту, пак, таа се тревожи за нивните маки, кои од височините на ѕвезденото небо не може да ги види. А хоризонтално, нè втераа во етнички, партиски и трла на добрите и послушните наспроти сељаците и штетниците. Делби колку сакаш, а власт и авторитарност на сите нивоа. На г-ѓицата која гордо покажува кон светлата иднина (скоро како во комунизмот, кога се ветуваа славни петолетки, десетолетки и херои на трудот), некој економист треба да ѝ објасни дека концептот на транзиција застаре, умре, стана обсолетен - бидејќи денес, две децении по падот на комунизмот, државите и нациите веќе се на чистина и се делат на лузери и победници (токму на и над таа транзиција).

Го споменува Рада, а и уште по некој, смртниот грев на т.н. експерти кои во ноември 2004-та одбија да мафтаат со знаменца на плоштадот и не пееја „Danke USA". Споменува таа милион варијанти за причините зошто САД ни го признале уставното име, и сосема случајно, ја заборава најважната - влијанието врз референдумското изјаснување! Чиста случајност! Па, таа не може да памети глупави прашања кога има толку поважни работи кон кои далекувидо е посветена...

Признавам јавно дека сум или дунстер, или сељак, или пивопиец - ама за петнаесет години уште не видов каков тоа голем пријател ни биле САД!? Со тоа што прво ги вооружија борците на УЧК, па потоа (кобајаги) ги разоружаа? Со тоа што нè натераа да ги згазнеме сите принципи на демократијата за да добиеме каков-таков мир? Со тоа што нè почестија со место во патетичната алијанса на вазалски банана-републики во војната во Ирак? Затоа нема ни да се извинувам што сè уште

мислам дека Тројанскиот коњ од 4 ноември 2004 година не беше чин на правдина и чесен однос кон Република Македонија. Нема да се извинам и затоа што тоа го чув, во присуство на сведоци, од човекот кој беше инспираторот на одлуката за признавање (сега пензиониран висок претставник на американската администрација). Тоа беше акт со кој се амортизираше референдумскиот набој, кој имаше потенцијал да докаже дека во Македонија живеат граѓани, кои не сакаат кога ги делат по етнички стада, дури и кога тоа модерно го пакуваат како територијална организација. Но, не мрдна со мал прст да помогне во дефинитивната битка во врска со името на меѓународен план... немаше commitment, освен дека ќе нé условуваат со Република Македонија кога ќе бараат војници за злосторничката мисија во Ирак.

Некој избрза да каже дека битката е добиена, ама мене тоа ме потсетува на Пирова победа. Добивме име за билатерална употреба, а ја загубивме битката за демократскиот и унитарен карактер на државата. Нели е тоа трампа? Сега, пак, ни се нуди божем најдобриот предлог, ама ние глупави какви што сме, нели, се сомневаме во друга трампа - име за идентитет, и име за возврат за кооперативноста во однос на косовската држава. There is no such thing as free lunch, особено не во меѓународните односи - а тоа, познавачите на меѓународните прилики би требале добро да го знаат... И го гледате нашиот државнички намуртен премиер, кој иако за глава повисок од Буш, изгледа помал од зрнце афион, кога вели колку е горд што имаме војници во Ирак. Заборави дека неодамна стана лауреат на награда за мир (која, иако е измислена, сепак, е некаква награда), и дека како таков тоа не би смеел ни да го помисли, а камо ли да го каже. И сето тоа се случуваше на денот кога пола Америка протестираше по повод 2000-та американска жртва во бесконечниот ужас во Ирак (како што го нарекува британскиот новинар Роберт Фиск, известувајќи од улиците на Багдад, Наџаф и Фалуџа).

Но, сепак, да се вратиме дома, кај нашите ѕвезди... Ќе се сложам дека имаме ѕвезди: тоа се луѓето од секојдневието, кои и покрај мизеријата со која се соочуваат умеат да ја задржат насмевката (иако е тажна), да ве поздрават топло и да ве замолат малку погласно да кивате (како во приказната на Чехов) и да ги нервирате оние што живеат меѓу ѕвездите. Овие луѓе не се ѕвезди, туку чудотворци, кога успеваат да преживеат во ова бе-

да, со социјална помош или плата која само ја сонуваат, и кога кришум ги бришат солзите за децата да не ги забележат, додека по цел ден седат дома со свиткани рамења. Ѕвезди се и заслужуваат и одговори на прашања, а богами и пиво - бидејќи фини европски вина и не можат да сонуваат. А како социјалдемократ (и изданок на бившите комунисти), некој постар партиски колега би можел на г-ѓицата да ѝ каже дека уште Маркс забележал дека работниците не само што не пијат вино (оти го немаат), туку пијат пиво и тоа со најлош квалитет. Притоа, додава Маркс, не се виновни работниците, туку оние кои оневозможиле работниците да пијат нешто подобро. Инаку, и тие знаат за вино. Само го немаат... како и лебот насушен. А тоа ни одговорот од Европската комисија за кандидатски статус, ни насмеаното лице на Рада нема да можат да го променат уште долго, долго време...

*(„Македонско сонце“,* октомври 2005)

## ВО ПОТРАГА ПО ДЕЖУРНИ ВИНОВНИЦИ И СПАСИТЕЛИ

Во празникување можат да ни позавидат, како за вештината на спојување и измислување поводи, така и за неверојатната способност да се развеселиме, дури и кога ни се плаче. Велат тоа било остаток од социјализмот или блиско на словенскиот дух, склон болката и меланхолијата да ги изрази низ музика и хумор. Сепак, овој јануарски циркус наликува повеќе на стариот Рим. Ако нема слобода и леб, дајте му на плебсот игри и музика; тој брзо заборава, се опива и весели, а социјалната тензија попушта. Така и македонскиот плебс, во стилот на Скарлет О'Хара, цел месец си велеше: на маките ќе мислиме од утре!

Владата - докажана про-Европска, нели? - со 'родителска нежност' го гледаше народецот како го троши последниот денар во тврдоглавото опстојување на традицијата, која бара без цицијашење да се покажеме како домаќини, па таман потоа 'достоинствено' гладувале со недели. Власта беше толку

внимателна, што дури не сакаше празничната идила да ја расипе со споменување на некакво си цунами и погибија на стотици илјадници луѓе. Додека обичните смртници и поданици славеа, власта вредно работеше трагајќи по економски Месија, кој ќе не избави од колапсот. Како да не се радувате кога на празничната трпеза слушате вест дека економски чудотворец ќе направи секој ден да ни биде Велигден (т.е. Божиќ или Бајрам)? Да не ви се верува дека ваков пресврт (барем медиумски) приредува истата старо-нова влада! Како по секоја пијанка, така и во нашата јануарска, отрезнувањето носи мачнина и главоболка.

По почетниот ентузијазам, крајот на социјализмот беше проследен со бранови разочарувања. Дел се однесува на демократијата, која се сведе на имитација на западните институции и на формална (и само политичка) демократија. Другиот бран се јави при првите сигнали дека преминот кон пазарна економија има огромна социјална цена. Многу од уживаните привилегии и старите идеали, како социјална правда и сигурност, беа жртвувани, не само во име на либерализмот, туку и заради практична примена на она за протегање на нозете колку што е чергичето. Така, кога владата зборува за реформи чија цена ќе мораме да бидеме подготвени да ја платиме (затоа што наградата ќе биде ефикасен политички и економски систем и членство во ЕУ), таа не кажува ништо ново - само тоа го кажува задоцнето. Всушност, кажува полувистини затоа што во изминатата деценија и половина имавме фингирани реформи (со цел подеднакво да им се замачкаат очите и на граѓаните и на оние однадвор кои нè следат). Она што навистина се случуваше беше грабеж на веќе создаденото национално богатство, борбата за власт беше само начин да се редистрибуира сето она што беше вредно. Корупцијата во власта беше, изгледа, единствената константа во 'демократското' владеењето што македонскиот граѓанин го искуси по 1991 година.

Заведени од митот за либералната демократија, која наводно по дефиниција значи и благосостојба и социјална правда, останавме несвесни за некои докажани вистини. Огромна литература зборува за не така праволинискиот однос меѓу демократијата и економскиот раст, и за демократијата и социјалната правда. Низ историјата, демократијата покажала дека умее подобро да создава услови за економски раст за разлика

од другите политички режими. Но, според врвните критичари на демократијата, таа се покажала далеку помалку успешна во редукцијата на сиромаштијата. Објективно, главниот успех се состои во елиминацијата на апсолутната сиромаштија - на најекстремните облици на социјална нееднаквост, неправда и хумана депривација. Особено младите демократии тешко се справуваат со неизбежната тензија помеѓу ефикасноста и респонсивноста. Тоа е дилемата за избор меѓу создавање на национално богатство (според принципите на капиталистичката економија) и степенот на респонсивност (чувствителност) спрема социјалните барањата на групите кои не се дел на елитите. Ефикасното управување е од суштинско значење за издигање над партикуларните интереси и постигнување на стратегиските развојни императиви. Тоа е поврзано со капацитетот на државата да го спроведе принципот на владеење на правото и да ја сузбие корупцијата. Респонсивното управување, пак, претпоставува реална одговорност на власта спрема широкиот спектар општествени групи. Ова претпоставува институционален дизајн и политичка култура, која ќе овозможи политичко учество на сиромашните, преку зголемување на нивниот капацитет политички да ги промовираат своите интереси. Тоа бара воведување на мерки против нивното исклучување, пасивизирање, изолација и пауперизација. Тоа значи дека власта мора да одговори на сите прашања поставени од граѓаните, и од неуките, сиромашните, итн. Опасноста лежи во тоа што мултипликацијата на барањата може да ја загрози економската политика. Компаративните истражувања укажуваат на уште еден парадокс: барањата на ММФ и Светската банка, кои инсистираат на ефикасноста за сметка на социјалната респонсивност, креираат т.н. демократии без избор (choiceless democracies). Таму спектарот политички опции (policy options) е сведен на минумум, а власта подложна на политички дестабилизации.

Децентрализацијата е добар начин на создавање поодговорна и почувствителна власт на социоекономскиот и културните различитости на локално ниво. Во теоријата, децентрализираната управа им овозможува на локалните заедници подиректен пристап до јавните сервиси, а децентрализираната политика ја јакне врската меѓу гласачите и нивните политички претставници. Но, ако не е проследена со други мерки, таа може да доведе и до спротивни ефекти: далеку од контролата на централната власт,

локалните политички, економски, етнички или патријархални тирании стануваат екстремни. Во многу случаи, сиромашните имаат исто толку мало влијание во локалните заедници, како и на национално ниво. Ефикасноста и респонзивноста на централните власти ја искусивме, а сега се поставува прашањето: од каде ќе се создаде толку потребната одговорна, компетентна и респонзивна локална елита? Децентрализацијата не е ни започната, а веќе никој не се сомнева дека таа ќе нема никаква врска со потребите на граѓаните (а камо ли на најсиромашните), туку со голиот интерес за приграбување на локалниот капитал.

Како докажано трпеливи граѓани, ќе имавме разбирање за елитите доколку беа неискорумпирани. Најновиот извештај на Хелсиншкиот комитет, кој укажува дека сме чекор до тиранија, а дека нивото на социјална неправда и непочитување на човековите права се такви што можат да имаат сериозни безбедносни реперкусии, би биле дочекани со ужас во многу земји. Испливува на површина ненашминканото и грдо лице на нашата либерална демократија предводена од наводните социјал-демократи. Но, има некаква логика во тоа што власта го прави во политичката и во социо-економската сфера! Не така одамна, граѓаните се третираа како малоумни или барем малолетни, па им се кажа дека нивните политички прашања не заслужуваат одговор. Наместо тоа, им се препорача да си гледаат шпански ТВ серии и да слават празници. Сега пак, во социо-економската сфера, на работниците им се кажа уште поексплицитно дека биле третирани како "мечки во планина" (со зборовите на министерот за труд и социјала), па аздисуваат околу работничките права. Жените, пак, каков безобразлук - сакале ем да работат, ем деца да одгледуваат, и тоа морале да го плаќаат државата и работодавците! Логично, ако во политичката сфера некој се залага за демократија без народ (т.е. преферира поданици наместо активни граѓани), така во економијата не се потребни работници кои ги уживаат правата од работен однос, туку наемничари среќни ако работат макар и без надомест. Со 400 илјади невработени работодавците можат да си дозволат и сафари-лов.

Владата ги откри виновниците за економскиот неуспех: разгалените работници и жените/мајки, кои толку ја чинат економијата! Пронајдени се (т.е. скапо платени) странски економски експерти, кои ем ќе нé подучат како се работи, ем ќе служат

како алиби за тешката социјална цена на реформите. Имајќи во вид дека спасителите доаѓаат од земји во кои и економијата и политиката се сфаќаат и практикуваат сосема поинаку, нема да мине многу пред да сфатат со кого се фатиле да садат тикви. За странците не треба да се грижиме; тоа се умни луѓе кои ќе знаат што треба да сторат да не си го загубат угледот и покрај неуспехот на мисијата. Она што повеќе боли е што овој народ безброј пати досега покажа дека наликува на карактерите од класичниот виц за работниците на кои им е наредено да се обесат, а кои имаат само прашање: дали јажето ќе им го дадат работодавците или самите треба да си го набават. Затоа, оптимизмот на Хелсиншкиот комитет за социјални немири е неоснован. Избори се ближат. Уште еден бран на пикантерии, афери, јавни баханалии и бордели, кои ќе направат да заборавиме на нискиот цензус за избор на градски татковци и за безмилосната рестрикција на работничките и женските права. Централните елити веќе ги селектираат своите клонови во ликот на локалните босови. Можеби идејата за набавување јаже, дури и на сопствена сметка, и не е така лоша...

(*„Македонско сонце“*, јануари 2005)

## БЕГСТВО ОД СТВАРНОСТА

Инспирацијата ми дојде од една умна жена, Изабела Аљенде, која вели: „Пишувај за она што не смее да се заборави!" Се плашам дека во сегашниот микс на еуфорија заради избори и фудбал забораваме некои поважни работи. Една од нив се однесува на вечниот однос меѓу моќните и оние другите. Тука го немам во вид фактот дека елитите ротираат и создаваат привид на демократија, додека ние сме и аутсајдери и посматрачи. Мислам на нешто многу поважно од изборите. Мислам на нас, како човечки суштества, кои се по дефиниција послаби од власта и државата. Тоа што и во фудбалот навивам за послабиот е само одраз на мојата животна и интелектуална филозофија дека држењето по страна во судирот меѓу моќниот и немоќниот не е неутралност, туку заземање на страната на моќниот. Кај нашиве

властодршци е смешно да барате нешто Џеферсоновско, како што се грижата за човечкиот живот и среќа, т.е. првата и единствената цел на секоја добра власт. Фактот што власта заборави на две несреќни суштества, служи повеќе како парадигма за општата ситуација, отколку како пример по себе. Станува збор за 'случаите' на Ел Масри и на она кутро дете, Трајан Беќиров.

За првиот случај можеби ќе рече некој дека не нè засега, бидејќи станува збор за странец. Според таквото сфаќање, нашава држава треба да ги штити само правата на сопствените граѓани. Но, дали е така? Човековите права се универзални, а како држава-кандидатка би требале да покажеме повеќе сенс за правата на граѓаните од ЕУ, дури и кога се тие со арапско или друго потекло. Не знам дали повеќе ме запрепасти заверата на молчење на власта (не гледам зло, не слушам зло, не зборувам за злото) или 'патриотскиот' став на опозицијата. Сите со еднодушност и индигнација ги отфрлаат сомневањата од Советот на Европа, па дури и веруваат во теорија на заговор против угледот на земјата. Новинар на француската телевизија зачудено ме праша како е можно нашиве со таква самоувереност да повторуваат лаги. Ми беше помалку смешно: па, оваа самобендисана власт е научена на лаги, а уште полошо за сто пати повторената лага почнува да верува дека е вистина. Во својата ароганција, таа верува дека како што ја лаже сопствената јавност, така ќе ги излаже и надворешните фактори (надевајќи се на поддршката на САД). Ако учествуваме во масовно кршење на човекови права во Ирак, зошто тогаш би ни бил важен еден Ел Масри? Нашиов проевропски премиер во самоодбрана дури и скина зелена кога рече дека нашите погранични служби на Нова Година не си ја вршат работата зошто гледаат ТВ и се забавуваат!! Уште полошо, дома успејаа да ја извртат целата приказна, па дури и обичниот граѓанин наместо да е згрозен и засрамен, почнува да го напаѓа Ел Масри. Како можел, глупав еден, да доаѓа во Македонија? Што мајка барал овде!? А кога веќе дошол - тогаш и го добил тоа што го заслужил!! Шеќеринска е пресреќна што не сме биле сами на столбот на срамот во извештајот на Советот на Европа; а богами и засилена што американската администрација го сметала извештајот за неубедлив и површен! Ако е ова проевропска влада, тогаш јас сум Дорис Пак! А ако дојде ден државата да плати оштета за страдањата на Ел Масри ( по мерката што ја вос-

постави Хари Костов за навреда на чест), дури тогаш граѓаните ќе го колнат туристов. Но, она што ме згрози беше друга изјава на човек од власта. Се надевал дека случајов брзо ќе се заборави, а Македонија немала да има реперкусии од видот на терористичките напади во Мадрид и Лондон!! Сфати ли човеков што кажа!? Покажа колку е расист и дека без оглед што е германски државјанин, само затоа што има арапско потекло, Ел Масри е, по дефиниција, терорист!?

Поболен случај е оној на починатото дете! Не можам да верувам дека суети се поважни од загубен детски живот. Гледам и не сфаќам како полицијата може да си ги мие рацете од фактот што по нејзина акција едно преплашено дете побегнало загрозувајќи си го животот, а не потрчале да го спасат? Не е важно дали детето било осомничено за нешто (тука е презумпцијата на невиност), важно е дека никој не се потресе да го побара, да го смири, да го испита случајот. Детето беше криво затоа што беше Циганче (нека ми простат Ромите што го користам ова име), а никој не се најде ни да ги утеши родителите - можеби затоа што се смета дека тие ионака имаат премногу деца! Во право се оние кои изразуваат отворено сомневање во однос на независноста на полицијата, истражните органи и судската медицина. Ја вртиме главата пред дискриминацијата која се одвива пред наши очи. Дали некој воопшто и се сеќава дека ова се случува во т.н. Декада на Ромите? Владата си ја смири совеста со влегување во акцијата поддржана од Светската банка и Џорџ Сорос. Донесоа некаква стратегија, се сликаа, одржаа по некој говор, ставија заменик-министер Ром од кој Ромите со право се срамат - и толку! Ах, да! Тука е и програмата за стипендирање на млади Роми на Универзитетот. Жално е само, што, Трајан и мнозина како него никогаш нема ни да слушнат и да имаат полза од тоа што умреле или заталкале во животот токму во декадата на Ромите. Стразбур ни одржа лекција и за вакви случаи со пресудата за полициска тортура врз Јашар Перушан. Не се работи само за фактот што државата ќе мора да ја плати оштетата од 40 000 евра, туку што за 'грешките' на државата ќе плаќаат сиромашните граѓани.

Точно е дека државата не е морален агент, но луѓето се - ако се луѓе. Затоа ние сме тие кои мораат да ги наметнат моралните стандарди врз институциите на власта, покрај правните. А моралните стандарди се императив и за нас во секојдневието.

Живееме во илузијата дека ние, Македонците, не сме расисти. Се сеќавате ли на онаа фотографија на детенце наведнато над скршената училишна клупа, а тоа кутрото со напор ја држи тетратката да не му побегне? Знаете ли дека е од штипско училиште кое е целосно реновирано - освен во паралелките каде седат ромските дечиња. Се правиме дека не знаеме дека на ромските деца не им се дозволува пристап во кафулињата, или кога на фудбалски натпревари во желбата да се навреди противникот извикуваме: Цигани, Цигани!

(*„Фокус"*, 16 јуни 2006)

## ЧИСТ ОБРАЗ

Чудно за некој кој се смета за голем љубител на врвниот спорт, и особено на фудбалот, но неодамна, за прв пат, бев на фудбалски натпревар. Но, татко ми и брат ми ме штитеа од турканиците, грдиот вокабулар на (машката) публика. А кој знае можеби им беше непријатно да водат девојче со себе? Времињата се изменија, за среќа. Полна со импресии од светското првенство, отидов да видам меч меѓу нашиот првак и францускиот "Лил". Погледот од трибината ме воодушеви заради боите и перспективата, трештеше навивачка музика, така што не си дозволив да ме разочараат скршените и валкани столчиња (сега знам дека на стадион се оди со весник в рака). Некаква лавовска битка не можеше да се очекува, бидејќи во реванш-натпреварот беше јасно дека ќе се бориме само за образот, за чесен пораз. За толку, и јас сум информирана... Но, со започнување на натпреварот, дојде вистинското разочарување - не од она што се случуваше на теренот, туку од атмосферата на трибините. Наивно верував дека со свирежот за почеток ќе почне скандирање, некаква гласна поддршка - но, видов публика (и тоа не така малубројна) на сеирџии, на луѓе кои дошле да се ситат на предвидливиот пораз и да се издуваат низ пцости и навреди за сите неправди што ним им се нанесени, таму надвор од стадионот. Повеќе се слушаа гласовите на продавачите ("Повелете, студени сокови, студена вода!"), отколку и најмал обид за заедничко навивање. Уште

повеќе ме заболе кога од еден далечен крај на главната трибина, кој наликуваше на островче, се слушна познатиот звук на скандирање, што секогаш ме асоцирал на големи натпревари. Група на француски навивачи скандираше како божем пласманот на нивниот тим беше во прашање или образот на француската нација. Некој рече дека сигурно се платени за таа работа, но тоа не ме убеди дека нашиот тим не заслужи атмосфера која одговара на домашна екипа.

Веројатно заради професионалната деформација, низ главата ми се моташе друга споредба: како и во животот, така и на стадионот, мнозинството се однесува како да тоа што се случува на теренот, каде што нашите се борат за „нас", не нѐ засега. Дека не сме голема спортска нација, тоа ми е одамна јасно. Ама, сепак, зарем толку немаме ни спортски ни патриотски дух? До мене седеше ќерка ми. Се засрамив од нејзините 12 години. И таа имаше желба да навива, плескаше, јас заедно со неа. Се надевав дека нашиот елан ќе биде 'заразен' и дека барем ќе ги натераме сеирџиите околу нас да заплескаат во тактот на нашиот ритам. На крајот, ќерка ми мудро, одлучи дека нема да навива и дека ќе се определи не за лузерите, туку за победниците (мислејќи, секако, не на односот на силите на теренот, туку на трибините).

Така некако, почнува одливот на мозоци. Младите имаат потреба од победи, од натпреварувачки дух, и немаат време да чекаат „да ни тргне". Со сеирџиски дух, со одење по линија на помал отпор, со оставање на нештата какви што се, само затоа што „сѐ е безнадежно", си ги отуѓуваме децата и остануваме посматрачи на сопствената судбина. Се сетив на чудесниот феномен низ кој мина германската нација за време на Мундијалот. Без оглед на финансиските ефекти од првенството и од спортскиот резултат на националниот тим, Германија беше големиот победник. За прв пат по кој знае колку време се создаде дух на единство, на национална гордост и идентификација со знамето, со химната, со националните бои и (спортски) херои. За прв пат дечиња со германско, турско, албанско или (југо)словенско потекло се чувствуваа како Германци и беа горди на тоа. Ех, таква би сакала да ја видам Македонија! Спортот е бизнис и евентуално на индивидуални напори, а ние сѐ уште си имаме свои (башка) тимови, додека се свири националната химна некои стојат, некои седат, а има и такви кои стојат ама си грицкаат семки и си

прават муабет.

Чувме дека главната амбиција на градоначалникот да успее да го направи Скопје домаќин на европското првенство во ракомет е во ризик да пропадне. Тој, како чувствителен човек што држи до својот углед и до зборот што го дал пред Европската асоцијација, вети дека ќе даде оставка. Демек, како влог го дал својот углед и ако доживее пораз (Владата не му го поддржи проектот) ќе се повлече од функцијата. Да се разбереме, не верувам дека има човек кој не сака конечно и ние еднаш да бидеме домаќини на врвен спортски турнир. Па, видете ја само Србија - ем под санкции, изолација и бомби, ене ги, се опоравија, направија прекрасни објекти и се вратија на спортските сцени, и тоа како добри домаќини. За волја на вистината, ние немаме баш такви искуства (освен ако не се лажам во шах и во кајак на диви води, и тоа многу многу одамна).

Имам разбирање за амбициите на човекот, кој е ионака познат како спортски мецена. Но, не можам да го разберам необичниот начин на којчеста и образот ги сфаќа Трифун Костовски. Не се засрами што Антикорупциската комисија дури седум пати го прозива за случајот "Кермес", туку се налути. Се смета за лично навреден и наклеветен за нешто што и од Марс се гледа: дека постои конфликт на интереси, а богами и огромна морална колизија кога како градоначалник, под вашиот прозорец го надгледувате градењето на објектот кој е сомнителен заради икс правни причини, кој ја надминува својата првична намена и кој ќе значи убави мигови само за елитата (и за вашиот џеб), а не за градот.

Додека градоначалникот уживаше на некој познат морски брег, ќе му раскажам што се случуваше на главниот плоштад. Сцената е вечерна, близу полноќ. На терасата на познатата градска кафеана седат луѓе и уживаат во свежината по неподносливите дневни горештини. На плоштадот штама, скоро и да нема минувачи, ама затоа тишината ја ремети лавежот на чопор кучиња. На една од кружните клупи покрај шеталиштето си легнале три Ромчиња - секое наместо јастуче ги користи нозињата на претходното. Се свиле како гевречиња и слатко спијат. Дури ни кучињата не им пречат. Над нив преку улицата распослана се вее реклама за големиот концерт на Цеца! Да, така изгледа скопската 'метропола'. Можеме да распишеме конкурс за најапсурд-

ни сцени од нашето живеење, за нерешените инфраструктурни проблеми, за сметот и смрдеата.

Најжалната епизода, сепак, е онаа за училиштата. Дадено е ветување дека проблемот со греењето во училиштата ќе има приоритет. Ама ако за нешто треба да се заложи угледот, ако за нешто се постави ултиматум и понуди оставка, тогаш тоа не смее да биде откажан меѓународен турнир во омилениот спорт. Довербата на граѓаните ги добивте не за сопствена промоција како љубител на ракометот и црквите, туку за решавање на животните проблеми. А кога слушам жалопојки од типот „нема пари да го остварам она што го ветив", на памет ми паѓа народната „Кога се мажеше што ти се чинеше!" Да бевте професор, музичар или лекар - и да сфатев, ама како бизнисмен тоа моравте да го знаете уште пред да се зафатите со битката од Скопје да направите метропола (или барем пристоен мал град како од австриската провинција).

Состојбата со училиштата е најсрамното поглавје, а за тоа не можам да го обвинам само овој градоначалник, ниту ,пак, неговите колеги низ земјата. Таа е резултат на систематско игнорирање на темелите на сопствената државност. Според Аристотел, сите оние кои размислувале за уметноста на владеење со човештвото биле убедени дека судбината на империите зависела од воспитувањето на младите. Кажано со модерен речник, сите соучествуваме во колективно злосторство спрема децата, кога дозволуваме да одат на училиште во згради кои според стандардот што го нудат се споредливи само со затворите. Секогаш ме фаќа тага кога ги гледам првачињата на 1-ви септември, а особено трогателни се веселите цртежи на цветови, птички и сонце насликани на трулите ѕидови. Трогателни се и сликите на наставничките, кои со толку грижа се потрудиле да изгледаат ведро и дотерано, иако според платата што ја добиваат, тоа е чист луксуз. Не ретко наставниците апелираат на родителската грижа и совест, па иницираат акции за разубавување на грдотијата во која нашите деца учат за доблести, за вредности, за хуманост - и за нашето одење во ЕУ. Сме купувале саксии со цвеќе, сме донирале средства за скршените прозорци и за по некоја слика. Ми се враќаат спомените кога нас нé учеа, на солидарност со несреќните деца во Палестина или Еритреја. Собиравме по динар-два за деца кои беа понесреќни од нас - среќниците. Кој знае дали

тие средства стасуваа каде што требаше? Не знам, се сеќавам само на благородното чувство кога ќе се дадеше динарче и плус ќе се напишеше песничка за братството на сите деца на светот. Но, сите наши добротворни акции не можат да ги стоплат децата среде зима! Од давачи на солидарна помош станавме примачи, и тоа од шупливо во празно!

Ги почитувам напорите на сите воспитувачи и наставници, на кои секој од нас некогаш во животот им го доверил своето дете. Не можам да ги почитувам само оние наставници кои за себе ги резервирале и заклучале уредените тоалети, а децата се оставени да се снаоѓаат. Не можам да ги почитувам министрите кои се возат со мерцедеси, додека ги посетуваат училиштата, убедени дека со своето присуство им укажуваат голема чест. Не можам да ја сфатам буџетската политика која повеќе пари обезбедува за државни згради, мебел и климатизери отколку за здрави, светли и топли училници, богати библиотеки и нормални санитарии за децата.

Додека трагаме по виновници и се навредуваме, децата растат. Од дете кое пишува на скршена клупа, јаде геврече од нехигиенска тезга пред училиштето, седи со јакничка во студена училница и слуша како му раскажуваат за нешто што се вика информатика, додека на училиштето му е исклучена струјата, немојте да очекувате граѓанин на Европа! Кога прогласивме независна држава, не се надевавме дека таа систематски ќе ги крши правата на децата. Излегува дека државата е поважна од децата!

(*„Фокус“*, 8 септември 2006)

## ЖИВОТ ВО ЛИМБО

Првата асоцијација која ми се јавува во однос на годината која изминува - празнина. Ако треба со еден збор да ја опишам состојбата во која се наоѓаме, тоа би бил зборот - лимбо! Во секој подобар речник ќе најдете неколку објаснувања за неговото значење. Во католичката теологија тоа е име за место во кое се заробени душите на децата кои починале без да бидат крстени,

или пак душите на праведниците кои починале пред Христовото време. Значи, невини души на кои, сепак, не им се отвораат рајските порти!

Помислувам како и нашите души и животи се заробени помеѓу два света - ни на небо, ни на земја! Велат, сме излегле од комунизмот (иако тој е само утопија, но под влијание на странската терминологија повеќе сме склони да кажуваме дека сме посткомунистичка отколку постсоцијалистичка земја). Велат, не сме се „декомунизирале", демек очистиле од гревовите на комунизмот за да со чисти души нé примат во рајот на либералните демократии. Во новата година се очекува да започне и тој процес на прочистување. Ќе ги бркаме духовите од комунистичкото минато, а пак ќе заборавиме дека транзицијата си создаде сопствени автентични гревови од типот на мафијаши, клептократи, рекетари (кои, за жал, ги има и меѓу новинарите и колумнистите), но и воени херои. Кога на таквите ќе им забраниме пристап до политички и јавни фунции? Мнозинството е во лимбо, во меѓупростор и во аномија, додека чудни елити се сменуваат на власта. Едните ги лустрираат другите, и обратно!

Да се биде во лимбо значи и да се биде во состојба на неизвесност и исчекување. Но, нашево очекување нема никаква врска со Новата 2007-ма. Тоа е трајна состојба. Со години очекуваме да ни „тргне", да процвета економијата, да видиме аир од демократијата, да нé примат во Ветената земја на НАТО и ЕУ. Изминатата година протече само во исчекување на тоа кога ќе биле изборите, дали ќе биле најевропски (110,3 %), дали ќе добиеме датум за почеток на преговори со ЕУ. И додека да се свестиме, годината измина, а ние уште во лимбо. Без ниту еден реформски зафат довршен како што треба. Власта е сé уште во филмот на некаква кампања и освојување на срцата, па се фокусира на јавното мислење. Едните се фалат дека уживале најголеми симпатии кај јавноста, заборавајќи дека колку и да е голем процентот, тој сепак изнесува само една третина од електоратот. Другине уживаат во улогата на опозиционери со трајно оштетување на меморијата; како божем сите несреќи започнаа со оваа влада! Ако Бучковски нé замајуваше со е-Влада, која се шеташе со мерцедеси и лап-топови, Груевски не мора да мрдне од место - тој ни покажува ЕПП-Влада. Со години божем градиме држава, по принципот „дење гради - ноќе уривај. Ќе сме

оделе во Европа, а уште немаме институции. Или поединци ги присвојуваат институциите и настанува персонализација на власта, или обратно - некој милува институциите да ги сведува, не на личности (бидејќи навистина е тешко да најдете личност меѓу носителите на власта), туку на иницијали.

Во оваа држава владее Rex (персонализирана и субјективна власт), а не Lex - законот. Сепак, најголем проблем е што тешко се препознава кој е Владетелот и каде лежи власта. Дали се тоа формалните институции или некои приватизирани форми и парадржавни институции? Кој е кој во оваа земја која ја заборави не само Марксовата дефиниција на државата, туку и Веберовата? Ако суштинска одлика на секоја држава, па и на најдемократската, е легитимниот монопол на употреба на сила, тогаш размислете кој тоа нас нѐ чува кога сме во шопинг, на работа, на забава или дури и на училиште. Приватизацијата на безбедноста е она што како рак-рана ја нагризува државата, која уште не сме ја ни изградиле саглам. Кога слушам колку ќе ни се намалел бројниот состав на АРМ во контекст на реформите, не знам дали да плачам или да се смеам. Додека војниците шират мир во светот, нивните претпоставени се вплеткани во шверц со оружје. Овде парадираат пара-полиции, а под најсовремено оружје се десетина илјади лица во бизнис наречен агенции за обезбедување (што регистрирани, што нерегистрирани - како онаа од Кондово). Разузнавачките служби и да не ги споменуваме...

Што се однесува до Lex-от (Законот), работата е уште потрагикомична. Највисокиот акт на државата е направен партал, на кого како ќе му текне смислува уставни реформи! Кога студирав право, се сеќавам каков хорор беше проучувањето на уставното право на тогашната држава. Малку-малку, уставна реформа, малку-малку нов „историски" устав, а освен тоа уставниот текст најдолг на светот. И сѐ во име на некаков "фантастичен напредок и премин во повисока фаза". Додека не стана доцна и не видовме дека фазата е навистина друга, ама не угоре, туку удоле. Низ уставни реформи на независна Македонија можеше да се види сѐ и сѐшто, но најмногу или дека немаме кичма или не знаеме што сакаме. Кој како притисна, ние уставот го менувавме. Затоа сега со наш камен по наша глава удираат соседите при секое споменување на заштитата на малцинските права во нивните држави, па ни ги цитираат нашите уставни

одредби. Потоа, припукаа малку, а ние веднаш: Уставот е крив! Сегашната ситуација на недовршен или несовршен устав е малку поинаква: се ујдисале секој од различна причина и со различни очекувања да протуркаат различна агенда. Некој се фатил за "ептен важното прашање" на задолжително средно образование како повод, друг гледа дека му минуваат годините, па дека ако не го изберат за Претседател на државата во парламентот, народот тешко дека ќе го излаже да гласа. Третине сега се сетија дека нешто заборавиле да внесат во Рамковниот ни договор, па ќе ја дотеруваат фалинката со воведување норма дека победниците на двете заедници ќе си прават Бадинтерова влада, додека другите можат да си останат во лимбоот. Во време на кршење на принципот на владеење на правото, сосема интересно - гледаме најголем степен на правен илузионизам (да ја цитирам колешката Силјановска). Демек, со моделирање на правните норми ќе се измени стварноста. Ако не можете по магарето, тогаш по самарот.

И така се клацкаме и думаме кој е овде Rex, а кој Lex, и Аристотеловски (чувме од историчарите дека и тој бил Македонец) се прашуваме дали е подобро да владеат најдобрите луѓе или најдобрите закони. Очекувано и без сенс за политичка филозофија, онака прагматично како што тоа го знаат западњаците, капата ни ја крои т.н. меѓународен фактор. Тој е олицетворение и на Владетел и на Закон, а сé поголем број граѓани почнува да верува дека ако сме веќе некадарни, тогаш е подобро работава да им ја препуштиме на странците. Затоа, меѓународната тесно ни го скори во 2001-та, па како одговорен тутор, штом некаде зачкрипи, почнува да си го менаџира експериментот. Повеќе од пет години од конфликтот, а нашиве уживаат да си ги шетаат своите "кежуал гардероби" по Маврово и Охрид на политички дијалози, во релаксирана атмосфера, плус на туѓа сметка. Да се дружеле, да се запознаеле, да доаѓале полесно до политички консензус?! А нас, кој нé шиша - ние сме ионака во лимбо.

Зарем не се платени да водат политика, да се договараат и комуницираат? Ако и во Мавровскиот дијалог запне, тогаш ќе се заземе пофлексибилен став кон законот, па ќе се донесе политички опортуна иако незаконска одлука во име на мирот во куќата (како онаа за споменикот на Скендербег). Па каде е тука

разликата од она време кога Тито им порачуваше на судиите и правниците да не се држат за правото како слеп за стап? Кога Фуере и компанија се мешаат во разни пикник-сесии, немам многу против. Но, кога „олеснуваат" да се создаде владина коалиција, учествуваат во преговори под покривот на законодавниот дом, посредуваат при конституирање на судска власт, мониторираат закони и прават црни листи на судски случаи - тогаш имам чувство дека сум во лимбо! Односно, дека никој во оваа држава не ме есапи за граѓанин. Ако ионака законодавната, извршната и судската власт ми ги менаџира некој друг, после цели 16 години на демократизација и плус добиен кандидатски статус за ЕУ, тогаш зошто би гласала на следните избори? Во теоријата, не случајно, сѐ повеќе се пишува за протекторатна демократија, за терапевтско владеење и градење држава (state-building).

Под лимбо се подразбира и состојба во која некој или нешто е запоставено или дури препуштено на заборав. Но, токму оваа призма кај нас е амбивалентна. Чекорејќи кон светлата цел на НАТО/ЕУ, нешто како да нѐ влече назад. Ми ја ветуваат модерна Европа, а дома ќе го враќале сјајот на минатото - на Армискиот дом, Народниот театар, Музеј на ВМРО со восочни фигури... Никнуваат споменици и спомени на ликови запретани во прашината на заборавот. Општ натпревар кој ќе изгради поголем споменик на јунаци од времиња за кои едвај ме врзуваат некакви емоции. Треба да сум горда на револуционерното минато на мојот народ, а не ми се дозволува да побарам Револуција сега! Отпор против сегашноста, револуционерен раскин со ова сивило и безидејност. Треба да се гордеам на империјалните победи на Александар Македонски, а земјичкава ставена во шише - не можеме ни носот да го мрднеме без виза да ни побараат. Откако го урнавме и згазивме и она малку гордост, самодоверба и културно богатство, сега ќе градиме „стариjи и лепши Дубровник" (што би рекол еден Ју-генерал), т.е. „постаро и поубаво", ама вештачко Скопје. Сѐ е лажно, faked! Ме притискаат уште малку да се стрпам, да вложувам во странски воени мисии, во старо-ново компонирани објекти, и да заборавам дека животот се живее сега и тука. Највознемирувачки е, сепак, односот кон децата. Од најрана возраст изгледа ќе ги воспитуваме во шизофрен дух. Што ќе им се компјутери и информатичко општество, кога ќе учат веронаука? Што ќе им е верска поука кога живеат во религиски

поделено општество во кое дури и не владеат десетте Божји заповеди? Што ќе им се компјутери и веронаука, кога немаат греење и тоалети?

Бараат премногу - не само да верувам во Дедо Мраз, туку и во ЕУ. Сакаат туку-така да се откажам од сегашниот миг, затоа што вистинскиот живот ќе почнел за „само" десетина години, кога ќе сме зачекореле во ЕУ. А дотогаш - што? Со кое право некој вели дека 10 години од мојот живот се неважни? Бараат премногу: да живеам во лимбо уште една деценија! Среќна уште една нова година!!

(„***Фокус***", 29 декември 2006)

## ВИРТУЕЛНА МАКЕДОНИЈА

Како само наседнуваме! Ќе не допрат во болната точка и паѓаме во жарот на само-докажување дека сме нација со корени и дека сме стари колку и амебите (додуша, оваа последнава споредба повеќе се среќаваше кај Хрватите додека ја пишуваа повторно својата „тисућљетната повијест"). Помалку ми е забавно, уште повеќе жално; цела нација се забревтала да си докажува колку е македонска. Си докажуваме себе си, на соседите, на (не)пријателите, пишуваме колумни, коментари и книги...

Во жарот на таквите дебати ми се случува да се почувствувам како посматрач, кого не го допира ниту еден аргумент. Како да го доживувам феноменот опишан од лица кои биле во клиничка смрт, па имаат спомени дека духот им се одделил, па можел да го посматра безживотното тело и оние кои интервенирале околу него. Дебатата за нашите корени ја доживувам како туѓа, наметната и свесно поттикната. Дали не сум доволно „патриотски издигната" кога не чувствувам ама баш никаква потреба да се впуштам во бесполезни расправи за тоа кој бил Мисирков, Бунева, Михајлов, Коневски? Зарем не е апсурдно на почетокот на 21 век уште да си докажуваме кои сме и зошто сме? Со самиот факт што со часови и денови се препукуваме за историски теми некој (кој??) ја постигнал целта. Не само што наметнал јавен дискурс, го свртел фокусот, туку успеал да ни влезе и во приватниот живот. Јас немам проблем со мојот

идентитет, ниту ми е потребно повисоко ниво на адреналин за да се чувствувам како голема Македонка. Одамна знам дека мојов народ секогаш малку доцнел во историските битки, дека секогаш меѓу двајцата од дружината имало и предавник, дека го мафтале разно-разни идеолози од соседството, а тој бивал мобилизиран (воено, политички или интелектуално) и се борел под туѓи барјаци со наивна верба дека еден ден ќе му дозволат да има своја држава. Знам дека владеела логиката дека свиткана глава сабја не ја сече, молчењето е злато, а не е ни случајно што имаме лични имиња како Трпе или Трајче. Знам дека сме доцнеле секогаш и насекаде, било да се работело за будење на националната свест во 19 век, за Париската конференција, дури и во Јајце не стигнале, последни се одделивме од СФРЈ, последни добивме какво-такво меѓународно признавање. Последни и во пост-југословенски конфликт се втурнавме... Но, немам проблем да живеам со овие факти, дури и ако се вистинити. Колку сме, толку сме - токму сме, рече Поетот. Јас само ќе додадам: какви сме, такви сме - тие сме!

Се сеќавам со колкава лутина и емоции ја доживеав првата посета на Софија, на 14-годишна возраст. Гласно и самоуверено (да не речам арогантно) протестирав за имињата на Универзитетот „Климент Охридски" и библиотеката „Кирил и Методиј", на музејските експонати на кои бесрамно пишуваше дека наоѓалиштето им е во Охрид, НР Блгариа... Како лесно запалива материја се впуштав во кавги со децата на моите домаќини. Поседував карактеристична доза на младешка дрскост и самодоверба на дете кое доаѓа од богата и самобендисана прозападна Југославија. Со презир гледав на сиромашните соседи. Велат, нé дресирале да ги мразиме Бугарите (иако татко ми ме учеше дека цел народ не смее да се обвинува и дека децата така ги учат на училиште). Можеби било така, но според научната теорија формацијата на идентитетите секогаш оди по принципот на негација, А ≠ Б. Во формирањето на нациите и идентитетите - особено на Балканот - го имаме и феноменот на нарцисоидноста на малите разлики. Колку е поголема блискоста меѓу нациите, со толку поголем жар се инсистира на малите јазички, симболички или други разлики, кои ете благодарение на Божјото провидение ни се дадени само за да се разликуваме од соседите. Не е во право оние кои тврдат дека без Албанците ние не би биле она што

сме. Склона сум да верувам дека во етногенезата и формацијата на македонскиот идентитет поголема услуга ни имаат направено народите со кои сме слични, а кои отсекогаш докажувале дека сме исто като с'што.

Но, што се случува со нашиот идентитет, токму кога за прв пат во историјата имаме меѓународно призната држава? Сé почесто влегуваме во круг на непотребно арчење и излитување на идентитетот низ празни муабети и погрешни политички чекори. Докажувајќи непотребно дека сме Македонци, паѓаме во замката на манифестирање на сопствената несигурност. Тоа наликува како кога човек прежестоко се брани од озборувања: колку повеќе се внесува во одбраната, толку повеќе им дава материјал на другите да го мислат обратното. По осамостојувањето се соочивме со не баш пријателско опкружување и со задача да изградиме независна држава. Но, влеговме во замка која во теоријата се нарекува "етничка безбедносна дилема". Имено, притиснати однадвор и со желба да докажеме дека имаме корени, на конкурс избравме државен симбол, а дома до бесвест да го јакневме етничкиот македонски супстрат. Немам ништо против сонцето од Вергина, но факт е дека за мнозинството тој симбол не предизвикуваше емоции и патриотизам. Всушност, до емоционализација дојде под влијание на грчката хистерична реакција. Јакнењето на македонштината дома, наиде на контрареакција кај Албанците кои тоа го почувствуваа како атак на сопствениот идентитет и припадност кон новата татковина, независна Македонија. И така спиралата се откочи и сега тешко некој да ја прибере. Доцна е да се навраќаме на она што можеше да биде сторено поинаку, а со што можеше да се превенира конфликтот, односно поддршката за еден дојденец како Ахмети и неговите 40 разбојници во 2001-та. Да видиме каде сме сега и каде понатаму...

Не сум секогаш горда што сум од Македонија, ама барем немам дилема дека сум Македонка. Срамот што често се јавува е поврзан со неспособноста на елитите, а не со битието на етносот. Но, мнозина ги мешаат лончињата, па затоа и кога кукаме дека не нé бива и дека не сме способни држава саглам да направиме, излегува дека тоа е генетско. А некому му одговара така да размислуваме за себе. За само петнаесет години неодговорни елити го потрошија сето наше само-почитување. За домашна употреба ќе нé почестеа со некакви симболични приказни дека

потекнуваме од Освојувачот Александар или барем од Самоил. Залулкани од митовите и особено од жестоката надворешна реакција, им простувавме на оние на власт за грабежот на националното благо, за прокоцканата иднина во име на минатото. Но, со тек на времето народот почна да сфаќа дека од приказни за Александар, Даме и Гоце, не се живее и дека во модерната заедница на европските народи не се влегува како просјак. За жал, другата крајност беше во тоа што почнавме на себе да гледаме онака како што нé гледаат другите. Се лутиме, ама сепак на државата гледаме онака како што нé опишуваат во странските медиуми - како на аморфна маса и некадарна држава. Но, кога ќе видите кој нé претставува и каков впечаток остава на странците, не треба да им се лутиме. Ако е тоа нашата елита, т.е. најдоброто што може да го понуди оваа нација, тогаш можете да замислите каква им е претставата за нас, обичните граѓани (демек, неелитата)?! И не е само имиџот во прашање; станува збор за нашата општа запуштеност, зачмаеност, толеранција на валкани улици и плоштади, опеаниот Вардар по кој пловат отпадоци. Важно политичарите да ни се облечени по последна мода...

Пет-шестнаесет години живееме во виртуелна држава. Новата влада не губи чекор, форсира уште повеќе, правејќи спој на минатото и иднината. Само сегашноста ја нема, како да сме во амбис: зад нас славни висови, пред нас уште поголеми, ама ние денес на дното. Србите и Хрватите ставаа имиња на кралеви, усташи или четници, ама тоа го завршија одамна. Ние повторно каскаме, или се вртиме во круг, па сме на почетната позиција. Слушам, секој валкан и неосветлен сокак ќе носи име на јунак, крал, маченик или светица. Александар е веќе поставен над аеродромската зграда која по стандардите е далеку зад онаа во турското гратче Бодрум. Народните пратеници си го вадат лепчето дебатирајќи за минатото, за празниците и за лустрацијата. Наскоро и Скопје нема да можеме да го препознаеме, само да се изградат старо/новиот театар, Офицерскиот дом, Кермес... Велат, старите Скопјани треперел од радост, но се прашувам зарем не сум доволно стара, кога за овие објекти знам само од стари фотографии? Зарем младите мораат да живеат со спомените на некои покојници? Најжално од сé, во еден ден премиерот тураше малтер во темелите на театарот кој ќе чини пет милиони евра, за да следниот ден каже дека за ист таков износ ќе се вработуваат

150-тина социјално најзагрозени лица. Барем знаеме колку животни судбини се ставени во темелите на објектот...

И во светлиот поглед кон иднината има елементи на виртуелност. Всушност, имаме многу модерна влада. Го сфатила штосот, па тера теле-демократија, која како концепт е потврдена во најновите политиколошки теории. Политиката сѐ повеќе станува производ што се продава, а ние избирачите сме муштериите. Според овој концепт, јакне лидерскиот принцип во водењето политика, но при тоа не е важно каков е политичарот туку како ќе се прикаже и продаде. Важен е изгледот, гестикулацијата, интонацијата, кој профил му/ѝ е поубав. Ние сме ионака пасивни, стокмени пред ТВ екраните, па до бесвест се „налеваме" со содржините на разни ток-шоуа, па со доза на мазохизам не пропуштаме емисија. А токму на тоа сметаат политичарите. Додека ни продаваат ветер и магла со помош на ПР-и (советници односи со јавност, за мода и пишувачи на говори), ние сме изложени на „гама-зраците" на дел од ЕПП пораките за нашиот рај (другиот дел се рекламира по странските медиуми, како божем некој сериозен бизнисмен чека на весниците за да најде партнери). А колку поубава рекламата, толку поскапа - а платена од нашата сиромаштија! Владава ни е хиперактивна и хипермодерна: се рекламира како да е уште во кампања. Некој треба да им каже дека ги избравме за да работат, а не да ни ги освојуваат срцата!

Во екот на медиумската кампања во врска со успесите на младата влада (и по години и по стаж), на малите екрани се провлекува и една друга многу пореалистична рекламна порака. Зачекоруваме, нели, во ерата на безготовинско плаќање, па и кредитните картички ги освојуваат паричниците. Една од рекламите која ми побудува длабока мачнина е онаа кога семејството е седнато на заеднички ручек. Мајката ја сервира супата, а сопругот плашливо прашува дали може да добие малку повеќе од голата вода. Молчешкум настанува сцена и тоа пред исплашените очиња на децата, супата е излеана, жената налутена, а мажот веќе и не изгледа како вистински маж. Но, спасоносното решение е тука: земете кредитна картичка, и „Имате и кога немате"!? Не е важна тука несмасната и грда реклама на банката. Не е важно што семејството се прикажува во старински амбиент, каде што по логиката е „тато носи, мама меси/готви", па се лути кога тато нема да донесе за мама да може да меси. Пораката која јас ја до-

бивам е дека живееме на вересија, веруваме дека имаме и кога немаме - во секој миг, и во секој поглед...

(„***Фокус***“, 2 февруари 2007)

## КРИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ

Кризата на идентитетот е вообичаена состојба во време на големи и брзи промени, било да се работи за човек, нација или мултинационален ентитет. Кај човекот таа се мери со години, а во најлош случај е трајна појава (синдромот на Петар Пан). Но, кај политичките (колективните) ентитети тоа е продукт на подолг и сложен процес. Но, и во двата случаја, освен сериозноста, феноменот може да содржи елементи на хумор, па и патетика. Доволно е да се сетиме на пубертетот. Од безбедна дистанца, често се чудиме како сме можеле да бидеме толку несмасни, да ‘кинеме зелени’, правејќи се попаметни од она што сме можеле да бидеме на тие години; да носиме облеки кои не ни прилегале, ама кои правеле да се чувствуваме повозрасни од она што сме биле... Сепак, се осврнувам на проблемите на колективниот идентитет, кој може да детерминира судбини на цели генерации. Веројатно стапнувам на минско поле, па мнозина ќе се почувствуваат навредени. Но, кризата на идентитетот е она што навистина заслужува внимание, па и смеа (на сопствена сметка).

Концептот на идентитетот наликува на концептот на безбедноста. Колку повеќе акцент се става на безбедноста, на пример, таквата појава толку повеќе сигнализира дека постои ситуација на небезбедност. Човек кој нема причина да се чувствува загрозен, ретко кога си вели себе си: леле колку сум безбеден! Тоа се подразбира, но не и чувството кога има (реална или измислена) закана, ама некој (државата, групата) тврди дека нашол соодветен начин да ве заштити. Тогаш, под притисокот на заканата, луѓето почнуваат да ги ценат безбедноста и заштитникот. Слично е и со идентитетот: колку повеќе инсистирате да докажете дека вашиот (етнички) идентитет е неприкосновен, цврст и јасен - толку повеќе влегувате во замка во која наместо да ја докажување на својата теза, ја манифестирате сопствената несигурност. Не случајно, во

најновите теории за безбедноста се зборува за т.н. социетална безбедност, која не е ништо друго, туку безбедност на идентитетите во општеството.

Идентитетот означува согласност на битието со самото себе (од idem, ист). Формулата на идентитетот би требала да биде А = А, што ја манифестира неможноста на двете страни на равенката да постојат суштински различни, уште помалку конфликтни елементи. Но, индивидуата не живее сама, ниту, пак, е носител само на еден идентитет, па затоа авто-идентификацијата е недоволна. Оттука зборуваме за тоа дека идентитетот е резултат не само на процесот на внатрешно себеспознание, туку има и важна димензија на интерсубјективност, на дефинирање во односите со другите субјекти. Во таква констелација, станува важна и равенката дека А ≠ Б (А не е еднакво на Б), а која се стекнува низ подеднакво сложен и организиран процес на социјализација, во која поединецот се идентификува со заедницата. Парадигматски тип на современа заедница, која станува носител на колективниот идентитет, е националната заедница. Историски, заедниците отсекогаш биле принудени сличностите со другите да ги потиснуваат, за сметка на истакнувањето на својата различност, на она што нас нé издвојува од другите. Но, проблемот е во тоа што сите заедници го користат истиот механизам, најчесто напорот завршува на бизарен начин: нашиот идентитет го покажуваме на сличен начин како и оние од кои настојуваме да се разликуваме. Во моменти на нагласена потреба од национално докажување, првата жртва е индивидуалниот идентитет. Во такви критични времиња, историјата се третира како самопослуга од која селективно се земаат моменти и личности, кои треба да го зацврстат чувството на припадност и национална гордост, особено ако истите биле долго замрзнати во претходниот режим. Митските претстави за нас се декларираат низ разни облици, а се сведуваат на пораката: нашата земја е најубава, нашето море/езеро е единствено по својата убавина, нашите јунаци/просветители оставиле неизбришлива трага во светската историја, и сл. Според Џорџ Бернард Шо, патриотизмот е уверување дека вашата земја е супериорна во однос на другите, затоа што вие сте родени во неа.

Кога почнав да го откривам светот, секое патување ми носеше возбуда и восхит, ама и мало разочарување. Ви се

отвораат дотогаш невидени хоризонти, на прекрасни градови, величенствени паркови, чисти улици, богати музеи, дворци и споменици - и секое враќање дома претставува и културен шок (од некултурата) и отрезнување од опиеноста од она што ве учеле ("нашата земја е најубава на светот"). Како за утеха, секогаш си велев дека ако немаме богата и средена земја, тогаш барем природата не штедела кога нѐ обдарила со невидени природни убавини, на сосема мал простор. Но, и од таа опиеност се отрезнив набргу... Се сеќавам на првата посета на руралниот дел на Баварија. Пристигнав доцна навечер, па не можев да видам ништо. Утрото, штом се разбудив ги тргнав завесите од хотелската соба - и останав без здив. Пред мене се извишуваше прекрасен врв, толку висок и моќен што морав главата сосема да ја искривам за да го видам во сета вишина. Кога излегов надвор добив втор удар во плексус: езерце сместено под планината. Сфатив дека кога Господ давал, давал и природа, и ум, и култура - сѐ на едно место. Подоцна, кога видов и други предели во други (слични и различни) земји, почнав со помалку ентузијазам да го повторувам она дека сме сиромашни, ама многу убави. Слична лекција научив и по едно егзалтирано фалење на убавите вина од нашава сончева земјичка, но откако добив стручна анализа од еден бонвиван, кој ми ги кажа сите добри, ама уште повеќе лоши страни на нашите вина, сфатив дека и тоа била и работа на висока умешност, долги традиции и култура на негување на лозите и вината. Постепено научив дека во секој соговорник треба да очекувам човек кој доаѓа од подеднакво убава земја, или често и од земја која е далеку поубава и побогата од мојата. Од најдобрите учители (искуството и средбите со големи луѓе) научив дека и ние имаме нешта со кои можеме да се гордееме, но не во смисла на натпревар и конкуренција, туку само да додадеме во она што по дефиниција му припаѓа на светот или на цивилизацијата.

За некој кој чекорел на Римскиот колосеум или Партенон, скулптурите пред Владата се слаба утеха (да не употребам потежок збор). Кога чекорите низ Партенон, сфаќате дека таму дишела цивилизација, а за Вечниот град и да не зборувам. Секако, националистичкиот механизам го употребуваат и владите на овие држави, кога денес тврдат дека се директни наследници и продолжувачи на традициите на старите цивилизации. Но, зад таквата митологизација и глорификација на сопствениот на-

ционален идентитет, постои долга и напорна работа на градење на конзистентен систем на образование и социјализација. И најважно од сé, на тоа се темелат и современи придобивки. Се плашам дека со вештачкото посадување на древните скулптури пред Владата само ја манифестираме кризата на идентитетот, за која веќе дадовме доволно материјал и со преименувањето на аеродромот, а и со навестувањето за споменик на Александар во центарот на Скопје. Не сакам политизирани дебати за тоа дали сме потомци на Александар - мојата теза е дека без оглед чии потомци сме, ако останеме вакви, нашите предци само можат да се срамат од она на што сме ја свеле сопствената матрица на идентитетот. А таа е: мешавина на соцреалистичката архитектура зачинета со антички споменици, поставени со политичка, а не културна и цивилизациска намена! Иако сум лаик, логично ми се наметнува прашањето: зарем ваквото вредно наследство не треба да се заштити за да трае и во наредните векови? Зарем не е ризично да се изложуваат оние скулптури и на временски, ама и на човечки неприлики? Зарем не е жално што сé уште немаме Национален музеј, а сликите од светските мајстори, меѓу кои и еден Пикасо, се наоѓаат во не само несоодветни услови, туку и жални?!

Во UNESCO се натпреваруваме во две дисциплини - со нешта кои заслужуваат да бидат вклучени во светското културно и природно наследство, и со црни рекорди на обезглавени и вулгаризирани споменици на културата. Најлошо од сé е што немаме стратегија за заштита и на она што од Бога или од надарените луѓе ни останало во завет. Пастрмката ја потаманивме (не знам само колку странски гости сме нараниле само за да докажеме дека и ние „коњ за тркање"имаме, т.е. нешто што досега никогаш и никаде не го вкусиле). Езерото го загадивме, обезличивме и комерцијализираме до бесвест! Се натпреваруваме во категории во кои, всушност, немаме коњ за натпревар - другите се подобри од нас, а немаме свест, ниту почит кон она што е наша автентична компаративна предност. Кога станува збор, пак, за обезглавените споменици, гледајќи ги постаментите на историските личности и културни дејци на памет ми паѓа една мисла: а, што ако самите побегнале од оној недостоен декор и графити на кои биле поставени, како по казна? Што ако се побуниле и решиле да ни кажат дека одбиваат да служат за потсмев или за

празнење на нечии фрустрации?! Да е така, не би им замерила...

Кризата на идентитетот не е типична само за нас, но овде таа се претвора во хронична болест. Жално е што она што другите го одболедуваа како детска болест, кај нас како да зема замав. Разбирлива е грижата на Владата за меѓународната афирмација и консолидација (најнапред ослободување од трагикомичната референца наместо име), но не на ваков начин. Некои лек за кризата на идентитетот наоѓаат во НАТО и ЕУ, во два ентитета, кои се и самите во длабока криза. Тоа би го оставила за друга прилика. Овде ми се чини поважно укажувањето колку таквата колективистичка свест за насушната потреба од зачленување е спротивна на духот на демократијата. Секоја слаба држава се обидува да се заштити, т.е. добие каква-таква легитимација за она што го чини. И најимпотентниот концепт станува можен ако зад него застанат масите (мнозинството), кое по автоматизам дава чувство на потентност на предложениот концепт. Во масовните општества либералната демократија е невозможна затоа што стампедо тактика се употребува спрема сите кои не мислат како осведоченото мнозинство. За некои аналитичари, малцинските гласови се предавнички. Неверојатно високите проценти на поддршка не нé квалификуваат за членство во НАТО, туку меѓу колективистичките општества. А, слободно општество е она во кое сте безбедни да бидете и непопуларни или на страна на концепти поинакви од оние кои ги поддржува мнозинството.

(„***Фокус***", 30 март 2007)

*ДЕЛ III*

# ВО МАЃЕПСАН КРУГ

# МАКЕДОНИЈА ВО МАЃЕПСАН КРУГ

Чудна работа е кругот: колку и на прв поглед да изгледа едноставен, тој содржи низа противречности. За мнозина тој е една од формите на совршенството, приказ на целината. Кружницата е фасцинантна затоа што од каде и да тргнете, непогрешливо пак ќе стасате на почетната точка, а при тоа воопшто и да не му се приближите на центарот. Кругот асоцира на полнотија, конзистентност, хармонија и обединетост. Но, што ако на кругот погледнете поинаку, како на простор во кој сте заробени, стеснети и принудени да ги повторувате нештата (и добрите и лошите)? Што ако кругот е простор во кој ви се оневозможува поглед на други хоризонти, па дури и можноста да се побуните против совршеноста, т.е. од монотонијата на кругот?

Ова може да биде една од призмите низ кои можеме да го објасниме битствувањето во Македонија. Овој круг е маѓепсан (ѓаволов) круг (circulus vitiosus), затоа што не успеавме да го направиме внатрешно хармоничен и полн со содржина, таман и по цена да ни е досадно во него. Уште полошо, тој инкорпорира низа на концентрични кругови. Ве стеснуваат, ве ограничуваат на повеќе нивоа: од личното и семејното, до локалното или 'националното'. Круговите во кругот не само што гушат, туку и оневозможуваат да се прошири видокругот. Петнаесетина години се вртиме во круговите на истите проблеми, а проблемите од едниот круг се прелеваат во соседниот. Нé тераат да ја чекориме зацртаната траекторија, убедувајќи нé дека тоа се викало движење, прогрес дури!? Тие истите што ги детерминираат круговите низ кои се движат нашите мали животи користат реторика во стил „округло, па на ќоше". Трикот е во тоа што за да не ја забележите бесмислата на безнадежното талкање, повремено ви уфрлаат попатна станица, на која ќе ви кажат дека возот за светлата иднина (во следниот круг на НАТО/ЕУ) само што не стасал.

Не ни е прв, а за жал, ни последен пат да се најдеме на почетната точка на нашиот круг. Единствената разлика е што во меѓувреме проблемите се кондензирале. А од законите на науката не се бега: можете да продавате ветер и магла долго, но

доаѓа момент кога атомите се здружуваат, составуваат и тогаш е крај на состојбата „пред дождот"! Секогаш сум се прашувала дали дождот (од Манчевски) да го земам како порака за надеж (по омorината, дождот е олеснување и празнење на тензијата), или како предупредување за катастрофата која надоаѓа...

Во летото Господово 2005 Македонија е заложник на кругот кој дарежливо ѝ го скроија неспособните лидери. Нека проба некој го оспори ова со докази! Што е сторено со безизлезот на бедата, духовната и физичката сиромаштија? Што е сторено во градењето на државата, во која (како што пееше Балашевиќ) секое племе црта своја (општинска) граница, а при тоа сега и вее сопствено знаме? Што е сторено во однос на името, границата, Црквата? Дури и попатната станица која требаше да нè однесе во ЕУ веќе губи смисла: зошто да чекаме воз кој можеби нема ни да дојде, или ако стаса нема да прима патници загубени во своите мали сиромашни светови? По кружницата е можно да се движите и наназад, а сепак по првото изненадување, на тоа да почнете да ја менувате перцепцијата, мислејќи дека токму тоа е добра насока и дека, ете, конечно се движите кон вистинската цел. Токму тој феномен го користат партиите, подеднакво импотентни и неспособни да признаат дека без наметнатите кругови во кои ни ги заробиле животите, тие никогаш и не би биле вождови.

Тешко е да се заборави минатогодишното долго топло лето. Лето полно со пресврти, па со навестување дека можеби ќе се јави сила да го скрши маѓепсаниот круг. Летото мина (за жал, пролет никогаш и не искусивме, а демократијата овена и пред да процвета), надежта се загуби во новосоздадените кругови на нашите аномични и анемични животи. Ако сте немоќни да излезете од кругот на невработените, сиромашните, етнички определените, па дури и национално омаловажените - тогаш првата работа која ви останува е да се затворите во еден свој личен круг, во кој ќе се обидете да го сочувате (ако не физичкото, тогаш) менталното здравје.

Македонија станува држава која се движи по инерција на својата верба дека сè уште е (унитарна) држава. Веројатно уште нема јунак да ѝ каже дека е федерална de facto, а de jure е само прашање на време. Оваа држава сама ги уби своите граѓани; таа сака да нè движи, мафта и врти во етнички атари, кои нели, по

сила на закон ги скрои минатата година. Кога под лицемерната парола „Европа сега" ве турка да го истрчате последниот круг на Рамковниот договор, и тоа со разнобојни знаменца в рака - тогаш, навистина, зошто да се возбудуваме што веќе никој не нé есапи за граѓани и човечки суштества?

Кругот е фасцинантен затоа што постои можност да се скрши. Во англиската реторика има една убава фраза: who is going to break the vitious circle? Или, кој ќе го скрши маѓепсаниот круг? Изборот, навистина сé помал и послаб, е сé уште тука, а вистинското прашање е има ли таков јунак (секако, ова е метафора, затоа што јунакот мора да постои во множина, како дружина)? Ќе има ли некој доблест и храброст да ѝ каже „не" на утапканата кружна патека? Имаме ли сила да размислиме за хоризонтите на сето она што ни останува недостапно заради замката во која живееме премногу долго? Круговите во кои ги држат заробени нашите умови се нивната единствена шанса за опстанок, за нас животот почнува тогаш кога ќе зачекориме напред, по патека, на која можеби нема мед и млако, има многу неизвесности, ама барем има и алтернативи.

(„***Фокус***", 18 јуни 2005)

## МОЌТА Е ВО НАРОДОТ - ИЛИ МОЖЕБИ НЕ Е?

Истите стари фрази и флоскули ни ги сервираат (односно подгреваат како јадење од завчера), секогаш кога им се чини згодно. Земете ја онаа „моќта е во народот"... Колку пати досега ја користеа за да ни ги загреат срцата и оладените надежи, за да нé натераат да ја заборавиме нотoрната *вистина* дека **тие** владеат и ја имаат моќта, а ние им користиме како легитимација само кога невидливиот диригент ќе ја подигне палката и ќе го означи почетокот на концертот во кој сите треба да звучиме како еден? Демек, „заедно кон едно". Ваквата манипулација е сосема можна во ситуација кога ќе се потиснат принципите на индивидуализмот и либерализмот, а ќе се сервира демократија без либерализам, или што би рекле модерните теоретичари - нелиберална демократија! Да видиме што тоа практично значи

во наши услови...

Нема потреба да одиме многу назад во политичката историја. Во почетокот, дури, ваквите форми на манипулација и не беа толку експлицитно навредливи (за здравиот ум) како во последните неколку години. Со време дојде до извежбување на техниките за политички маркетинг, пропаганда, па ако сакате и на „перење мозоци". Кога тоа го прават елитите, ај и да не ви е криво. Ама, кога играјќи на тенката жица на љубовта кон татковината, како протагонист се јавува и невладиниот сектор, тогаш ситуацијата е далеку поперфидна! Излегува дека таквите акции се од народот, со народот и за народот - "from the people, by the people, for the people".

Досегашниот репертоар се движеше од повиците „Моќ та е во народот" и „Доста е" (во предизборието на 2002 година), преку „Не врти ѝ го грбот на својата држава", како и СМС пораките на (не)зависниот (не)владин парламент (во времето на претседателските избори во 2004 година), за да ја допре долната амплитуда и доживее антиклимакс во паролата „Некои прашања не заслужуваат одговор", во предвечерието на референдумот за законот за територијална организација. Патем, го симнаа изборниот цензус за локалните избори, а со измената на законот референдумот стана историска категорија без шанса да биде повторно ефектуиран! Изгледаше дека, барем, ќе нѐ остават на мира и сами ќе си ја водат политиката и државата. Како да и тие и ние се помиривме со неграѓанственоста и апатијата, а капитулиравме пред идејата за "демократија без народ".

Но, ете го деновиве најновиот 'бисер' на старата пропагандистичка машинерија, токму на годишнината од референдумот! Велат: „Спомнете ја Македонија по добро! Верувајте во сопствената моќ да ги придвижите работите!" Опа, бато! Изгледа дека пак сме му некому потребни! Од нас зависело, сме имале моќ и треба да ги придвижиме работите! Дури и мене срцето ми затрепери за момент. Кој од нас не е уморен од сиромаштијата, безнадежноста, дефетизмот!? Кој не почувствувал потреба да го победи песимистот во себе (иако, често песимистот е само добро информиран оптимист)? Кој не сака да каже убав збор за најмилото? Од искуство знам како е кога во странство или во дијалог со странци заземате „одбранашки гард" кон нивните критики, без оглед што знаете дека се во право. Тоа

е како кога мајката може да го искара своето дете, ама нема да дозволи истата критика да дојде однадвор - тогаш го брани како лавица!

Би сакала да верувам дека творците и протагонистите на акцијата „Спомнете ја Македонија по добро" имале најдобри намери - да нé мобилизираат да создадеме убава претстава за сопствената земја пред очите на Европа, па дури и да нé потсетат дека не е сé така црно, дека во оваа транзициска магла заборавивме на самореспектот и дека поседуваме вредности кои сме ги имале и сé уште ги имаме, ама сме ги запустиле, не сме ги изгланцале одамна, па и сме ги подзаборавиле. Но, кога ќе мине моментот на сентименталност, кога ќе погледнете околу себе и ќе се задлабочите во суштината на јавниот повик - работите добиваат поинаква димензија!

Да појдеме по ред по наводите во прогласот. Велат, наредните месеци биле клучни за добивањето на кандидатски статус во ЕУ. Дај Боже да го добиеме, но треба ли да го заборавиме случајот на Турција која си проживеа богами четврт век со тој фамозен кандидатски статус, а дури и сега кога започнаа преговорите за полноправно членство, ЕУ ѝ порачува дека нема гаранција ниту за должината на процесот, ниту за крајниот исход. Бидејќи, ЕУ го задржува правото во секој момент од преговорите да ги суспендира! Во контекст на нашиве инспиратори, значи ли дека ќе мораме да ја споменуваме Македонија по добро само до добивањето на кандидатскиот статус - или до конечниот исход?

Втората поента на прогласот е во тоа што, наводно, дневно остваруваме 100 илјади телефонски разговори со ЕУ, а да не зборуваме за СМС и електронски пораки, па тоа била неискористена можност да лобираме и ја фалиме државичката ни. Мислат ли дека тактиката на НВО Парламентот на утрото од претседателските избори треба да ни стане национална платформа, па да почнеме да им праќаме пропагандистички пораки на нашите партнери и пријатели? Знам како би реагирале луѓето кои јас ги познавам кога би добиле такви пораки. Но, замислете го профитот на мобилните оператори!! Да не говориме за политичкиот ефект и легитимитетот што, како колатерален ефект, би го укнижиле оние на власт во предизборна година! А кога ќе се сетите колку граѓани можат да остварат нормална комуникација

со светот заради високите цени на телефонските импулси, да не зборувам за фактот што сме на дното по бројот на корисници на Интернет (и следствено на електронска пошта), тогаш ви станува јасно кои се оние 'привилеговани' кои ја имаат можноста и да се среќаваат и да комуницираат со Европа. За жал, ако некој досега и стекнал не баш убав впечаток за нас, за тоа се одговорни токму оние кои нѐ претставуваат, како народни избраници, дипломати, лобисти и сл. Па минатата година, нели, токму тие нѐ кодошеа во Брисел и велеа дека тие биле добри лидери, ама народов им бил националистички и лош??

Третиот момент е лагата. Зарем да се залажуваме дека оние што нѐ скенираат не знаат добро какви сме и што имаме, а што немаме? Кого треба да лажеме - нив или себе? Еве, земете наводот од прогласот за "функционалноста на мултиетничкиот политички модел"!? Невиден нонсенс, кога сите параметри укажуваат на катастрофалните резултати во таа сфера. Впрочем, некои од луѓето кои стојат зад прогласот се појавуваат како експерти за политички систем во Извештаите за рано предупредување на УНДП. Демек, тогаш ја предупредувавме јавноста (домашна и странска), а сега ќе ја лажеме со нудење на поинаква слика! Сакате ли да говориме за "стабилноста во регионот за која што придонесуваме" (веројатно со тоа што кризите како Кондово ги решаваме на 'елегантен' неправен начин, а во земјата циркулираат околу 200 000 парчиња нелегално оружје)? Или, земете ја „целосната посветеност на остварување на меѓународно признаените цели"!? Веројатно некој мисли дека луѓево во ЕУ се малоумни, па заборавиле дека си го потпишавме билатералниот договор со САД во врска со Меѓународниот кривичен суд, или дека учествуваме во операцијата *Слобода за Ирак* која се коси со сите меѓународни норми, но и со експлицитните препораки на ЕУ упатени до Владата да не го чини тоа?

На крајот, една порака до власта и оние кои нѐ тераат да мислиме (сосема погрешно и недемократски) дека државата и режимот се едно исто: кога власта ќе обезбеди пристоен живот за граѓаните, кога тие ќе можат без страв да ја подигнат телефонската слушалка да се чујат со своите роднини (или деца, кои ги однел бранот на одлевање на мозоци), кога децата ќе знаат што е тоа Интернет, и кога сѐ поголем број на граѓани ќе можат и лично да појдат до ЕУ - дури тогаш ќе можеме да бидеме

вистински лобисти за својата земја. Тогаш нема да не гледаат под око само затоа што ексклузивното право да ја претставуваат земјата ја имаат оние малкумина кои ги реализираат оние фамозни 100 илјади повици дневно (во голема мерка злоупотребувајќи ги службените телефонски линии, кои ги плаќаат даночните обврзници). Дотогаш, ваквите акции ќе ги сметаме за фрлање прашина во очите, затскриена акција за поддршка на власта, облик на замолчување на фрустрациите од постојната состојба и поттик за колективно фалсификување на стварноста. И секако, убав и профитабилен начин да се биде инволвиран во невладини проекти... Реално, во ваква акција можат да се инволвираат само привилегираните, и можете да се кладите дека тие зборуваат само за убавите страни на животот во Македонија. За останатите, потонати во беда и сиромаштија, фразата да се спомене некој/нешто по добро има помалку морбидно значење „за покојните сé најдобро". Овие кои нé поттикнуваат на оптимизам и Монтипајтонски ни пеат за looking from the bright side of life (Македонија) се подготвени да замижат пред општата несреќа од чисто 'патриотски побуди'. Дали би биле професионални оптимисти, ако не им е платено за тоа или ако ја немаат среќата да бидат дел на малиот процент кој живее како бубрег во лој? За останатите останува да веруваме дека љубовта кон татковината нема врска со лојалноста кон власта и кон розевата претстава ни ја наметнуваат како патриотизам. За да станеме сограѓани со Европејците, мораме прво да станеме граѓани во сопствената држава, да оствариме телефонска или блиска средба со оние на власт кои се недостижни, глуви и слепи за несреќата на својот народ.

(„*Македонско сонце*", 14 октомври 2005)

## ПРАВНА ДРЖАВА МАКЕДОНСКА: ВЕРУВАЛЕ ИЛИ НЕ!

Кој вели дека Македонија не е правна држава? Еве го 'случајот Вранишковски' да нé увери дека владеат законите и дека никој не е над нив. Нема да коментираме сега дали

државата (и нејзината правда) е навистина одделена од црквата и меѓуцрковните спорови. Се обложувам дека малкумина воопшто знаат како тоа Вранишковски ширел „расна, национална и верска омраза", но она што сигурно го знаеме дека е на врвот на листата на најомразени јавни личности. Човеков ти бил навистина перфиден. Ете, рашири невидена омраза - кон себе самиот и кон неговата марионетска 'црква'!! Штом е во затвор сигурно е опасен по мирот и стабилноста, повеќе од оној „валијата" од Кондово.

Чувството на припадност кон МПЦ никогаш не било доведено во прашање од страна на верниците. Вранишковски е маргиналец, особено ако се има предвид 'ентузијазмот' со кој беше 'поддржан' неговиот црковно-политички мутант, но и во секој друг поглед. Денес, богами, и дури и неверниците немаат дилеми дека од патриотски побуди треба да застанат зад 'својата' Црква, а за политичарите (особено бившите комунисти) и да не говориме! (Да не може човек да поверува кога толку бргу научија да се крстат! Колку и да е тоа хипокритично кон вистинската вера ... или можеби се чувствуваат поблиски до Бога откако практикуваат власт како да им е дадена од Бога, а не од граѓаните.)

Но, збунуваат неколку моменти во поглед на најновата манифестација на 'мускулите' на правната држава. Целата јавност, а особено медиумите никогаш со поголема будност (дури и невкусно воајерство) не проследиле чин на спроведување правда. Да се грижевме (вршевме јавен притисок) вака за сите оние искорумпирани - обвинети или дури и сé уште недопрени 'фараони' - политичари и бизнисмени, кај ќе ни беше крајот!? Нека се лутат погодените, ама прашањето е кое дело е со поголем степен на општествена опасност? Во оваа земја можете да крадете, киднапирате и убивате, ама не смеете да ги доведувате во прашање идентитетот на државата и нацијата, освен ако нивната негација не е со благослов на коалицијата.

Ако нешто не ѝ недостасува на оваа земја, тогаш тоа се примери на ширење на нетрпеливост или говор на омразата. Колку пати сме слушнале изјави на партиски војничиња кои, буквално, се заканувале преку медиумите, кои повикувале на национална и верска дискриминација или ветувале дека ќе ја сторат штом ќе бидат во позиција на власт (а како дел на пред-изборните

ветувања)? Дали некој навистина верува дека амнестијата од 2001 година значеше и амнезија? Апсурдно, ама овде да не смеете на бивш генерал или командант да му кажете дека зел оружје против државата, т.е. против нејзините „славомакедонски окупатори", зошто истиот момент ќе бидете прогласени за националист, противник на мирот, па дури и на евроатлантските перспективи. Дали некој мисли дека ex constitutio (за Охридскиот и да не говорам) омразата и траумите секнале во моментот кога политичарите се договорија да ја делат власта? Зарем пораките на Красниќи се пораки на братство и единство? Навистина не мислам дека еден свештеник (колку и да е патетичен, а претворен во маченик од страна на недоквакани медиуми и центри на моќ) треба да биде над земските закони или дека за него да важи само Божјиот суд. Впрочем, овде имате куп политичари, министри и градоначалници кои во титовски манир велат: „го признавам само судот на мојата Партија". И ништо не им фали - заради мир во куќата! Сепак, најтешко се проголтуваат двојните стандарди на лицемерната правна држава!

Патем, ако оваа земја е мултиконфесионална, зарем некој мисли дека проблеми на ширење на омраза по верска основа има само кога станува збор за православието? Па, зарем правната држава, толку загрижена за царството на љубовта на земјата, а ужасната од ширењето на омразата, заборави дека од неа сѐ уште се чека одговор на прашањето за идентитетот на оние кои омразата ја изразија на многу физички начин врз скопските муфтии? Најмалку што може да сторат органите на прогонот и правосудството е да се позабават со загрозувањето на физичкиот интегритет и безбедност на верниците, кои, ете, не ѝ припаѓаат на МПЦ.

Кога веќе говориме за општествено опасни дејанија, кои правната држава мора да ги санкционира, зошто не направиме чекор повеќе од празното констатирање дека „младиот Верушевски сторил уште некоја палавост и загрозил животи"? Жално е да видите дека таквите типови ги прават главните вести. И што од тоа? Ништо! Ама баш ништо! Некој е осуден за ширење омраза, а друг (таткото) мува не го лази што не си го сака своето дете кога го поштедува од она што му се досуди на свештеник (а 'детето' одамна забегало и од дете станало криминалец). Свештеникот седи в затвор со криминалци, а криминал-

ци шетаат на слобода. Каде се 'мажите' да повикаат правдата да биде задоволена и во овој случај, бидејќи крајот му е извесен. Веројатно импотентниве спроведувачи на (селективна) правда ќе почекаат некој друг да им го реши проблемот со 'палавкото', па да осамне новински наслов дека некој друг ја зел правдата во свои раце. Не е ни етички (и кон младиот Верушевски, впрочем), ни општествено оправдано, ни правнички, да оставите на слобода „опасност што се движи" само затоа што тато го задолжил Државникот и кого-ли-уште-не, па му се возвраќа со тоа што на веќе замижаната Јустиција и рацете ѝ се врзуваат.

Само да ги донесеме уставните амандмани, па ќе биде подобро...

(„***Дневник***", 4 август 2005)

## ЕУРЕКА!?

Во општествените науки ретко можете во Архимедов стил да извикате: Еурека! Тешко е да дојдете до епохално откритие, иако многу колеги веруваат дека нивните рециклирани книги се апсолутно уникатни. Корисно е да излезете од својот научен свет и да поразговарате со колега од природните науки. Така и дојдов до мојава Еурека! Се чини, го најдов одговорот на прашања што често си ги поставувам: зошто сме вакви какви што сме? Зошто она што е нормално за другите земји кај нас е реткост, и обратно? Просудете сами, но мене како за миг да ми се разјасни овој театар на апсурди, за кој често го обвинуваме менталитетот, генотипот и сè во тој стил. Однапред се извинувам на стручната јавност за евентуалното погрешно толкување на феноменот или неговото елаборирање, но, сепак, да се потрудам да го аплицирам на општествените проблеми.

Колкумина чуле за болеста таласемија? Кај нас и онака ретко кој 'таласа' (бранува), нели!? Ех, ќе бидете фрапирани кога ќе чуете дека станува збор за ендемска болест специфична само за нашиот регион. Болеста се очитува во различната структура на хемоглобинот во крвта. Не одам понатаму во разглобување на проблемот за кој сум дунстер, но она што го знам е дека токму

хемоглобинот е одговорен за врзување на железото во организмот. Сега ми стана јасно зошто сме вакви слабаци и бескичмењаци. Па не сме биле ние криви, генетиката е во прашање и ендемските проблеми! Се шегувам - и покрај добрата можност да поентирам со 'генијално откритие', сепак, да се држам до она што го знам, а тоа нема врска со таласемијата.

Постојано дебатираме дека владее општествена анемија (особено во смисла на недостаток на критички настроени интелектуалци), но и аномија. Може да се развие дебата за тоа дали анемијата предизвикува аномија или обратно, но резултатот е ист: граѓани потонати во бесперспективност, страв и сиромаштија, кои никако да сфатат дека не се сами и дека единствен излез е да се здружат. Тие се слободни атоми, кои лутаат, се судираат, мислат дека нивната несреќа е само нивна, а соочени со безизлезот се повлекуваат во својот микрокосмос. Евентуално веруваат во чудо што може да ги спаси. Но, во таквата 'религија' отсуствува емпатија за несреќата на другиот. Затоа не треба да не чуди кога дури и за оние несреќници, раселените лица, малициозно се коментира дека биле безобразници, кои сакале да 'лапнат' нешто и да заработат - на што? На сопствената несреќа!? Седиме како посматрачи во арена и ја гледаме борбата на гладијаторите, кои иако се патетични и слаби се преправаме дека се џинови. Пред наши очи, божем се борат, а си намигнуваат и даваат ишарети. Се 'палиме' на нивните пцости и препукувања, не забележуваме дека нема една единствена програмска идеја, и не сакаме да видиме дека изборите ќе завршат со папазјанија од влада, во која со месеци ќе се занимаваат сами со себе и со делењето фотелји.

А, ние се срамиме дури и од сопствената сиромаштијата и се однесуваме како што нé учеле нашите мајки дека е непристојно да признаеш дека си сиромашен и тоа го прикриваме со дополнителна доза лажна гордост. Нив горе топ не ги бие што се расфрлаат со пари за бачила и дилови, па со неверојатна ароганција се шетаат со мерцедеси и лап-топови во најсиромашните краеви. А се срамиме ние, иако од нашиот труд живеат. Такви разбиени и без свест за колективната судбина која ја делиме без оглед на верата, етносот и јазикот, сме лесен плен на разните Месии. Сè додека е така, оние горе се неприкосновени. Вакви бедни (што би рекле Хрватите, бедасти) елити можат да уживаат во својата малограѓанска елитност

и кичерај сѐ додека не се изнедри нешто вистински ново. Но, тие не се глупави: умно профитираат од нашата ендемска состојба и ја претвораат во компаративна предност. Како што велат, кога имаш ендеми полесно доаѓаш до странски грантови. Па така, и нашиве политичари одат во Брисел и велат дека сме биле 'ендемски' (да не речам чудо од држава, која ако не постоела требало да се измисли - како што рече Бучковски и остана жив). Толку сме специфични што дури и 110% чисти избори ќе сме имале - како кај Енвер Хоџа! А професор по право би требал да знае дека 110% е прв индикатор за нелегалност. 'Ендемичноста' е повеќе одлика на елитите, отколку на граѓаните. Тие имаат исти интереси како и оние во Европа, но дозволуваат да бидат водени од типови кои како да излегле од страниците на Радоје Домановиќ. Тие ќе бидат кормилари на бродот, макар и да тоне, без да признаат дека немаат врска од управување на отворено море, па дури ни во жабурник како нашиот. Велат дека и на следните избори ќе оделе со проверени кадри! Да, сите анкети покажуваат дека тие проверено го држат неславниот процент на непопуларност, а најпопуларниот политичар одвај освојува десетина посто од симпатиите!! Толку не нѐ есапат што и не се ни трудат да излезат со нова понуда. Но, тоа е веќе наша вина. Можат и пингвини да стават на листите, а ние пак ќе мислиме дека едните пингвини се помалку лоши од другите.

(„***Време***", 7 април 2006)

## ПОЛИТИЧКА ДЕЗОРИЕНТАЦИЈА ИЛИ СЛЕПИЛО?

Таа книга беше дел од училишната лектира, но за жал, денес припаѓа на некои други народи и не верувам дека се изучува. Кој знае? Можеби е и забранета, бидејќи некој би ја препознал во неа нашата стварност. Станува збор за прекрасната сатирична повест на Радоје Домановиќ, „Водачот". За потсетување: жителите на една запустена околија, туку-речи Недојдија, не можејќи да ја поднесат бедата, решаваат да тргнат на пат кон подобра иднина. Но, за потфатот им треба Водач, некој кој го пропатувал светот. Бидејќи во својата бедотија не можеле да го запознаат светот, се одлучуваат лидерството (кажано со модерна

терминологија) да му ја доверат на патникот намерник. Убедени дека неговиот натмурен лик и молчалива природа значи животна мудрост, беспоговорно го следат. Додуша, водачот чудно го употребува стапот кога чекори напред, по патот се случува да треба да се гази преку тешки препреки и по цена на големи загуби, но целта е важна, а довербата во водачот бескрајна. При здрави очи, луѓево никако да видат дека ги води слепец, дури и кога пред нив се појавува амбис. Тој храбро зачекорува напред - а тие, убедени дека лидерот не би се стрмоглавил ако за тоа нема добра причина, го следат до крајот. Е, вака некако го доживеав слоганот на владеачката партија за чекорење „напред, а не назад!" Прашањето е само дали пред нас стои амбис или нешто друго? Секоја сличност со нашава сегашна состојба е - намерна. Го имаме премиерот и лидер на владејачката партија, сериозен и натмурен! А дека е нашетан, нашетан е! Велат набил километража како сите премиери заедно. Тој ја има видено и Ветената земја, дестинацијата каде што сака да нé одведе. Дури и се закани, ако не сакаме милом, тој силом ќе нé европеизира. А и храбар е нашиов Водач, несомнено. Самиот призна дека неговата влада донела храбри одлуки: влезе во антитерористичка коалиција, ја поддржа војната во Ирак, па дури и го прекрши Статутот на Меѓународниот кривичен суд со потпишувањето на договорот за изземање на Американците! Богами, ептен 'храброст' треба да се прекрши меѓународното право и да се свитка кичма пред Моќните. Јунаков е докажан и во битката за мир - што дома, што во странство. Си кажа гласно и јасно дека министер за одбрана во 2001-та бил за да го изгради мирот, а не да ја брани земјата - затоа го назначиле. Виделе колку питома природа е.... Или виделе дека има свитлива кичма? Сéедно, дозволи да му загинат (живи изгорат) десетина војници на Карпалак, но го освои мирот. Во пеколот во Ирак секојдневно се нижат страотни сведочења за воените злосторства сторени од нашите сојузници, но премиерот не гледа - храбро нé води напред, кон светлата цел.

На патот кон целта, Водачот не избира средства, особено кога станува збор за меѓусоседската соработка. Речиси и да нема отстапка што не ја направи, само за да покаже дека е конструктивен и прозападно ориентиран политичар. За излетите во врска со Косово или подготвеноста да се разговара за името на државата на непринципиелен начин (на кој би го задржале

името на државата, ама би го загубиле идентитетот), не би зборувала во овој момент. Но, најновиот 'излет' кон Исток е збунувачки. Изгледа, кутриот, навистина се исплаши дека не му останале многу партиски војници и дека отпадникот Тито (или предавникот беше?) презел голем дел од симпатизерите, па забега во друга крајност. Сакајќи да биде поголем католик од Папата (т.е. поголем ВМРО-вец од ВМРО-вците) реши да развива топла братска врска со Бугарите. Така, подголтна кнедла и остана нем кога бугарскиот премиер дрско спомена некакви си пет илјади злобници (Македонци во Бугарија), кои сакале да ги нарушат одличните меѓусоседски односи. Последниве години, Македонците во соседните држави извојуваа големи битки за слободата на изразување на националниот идентитет и здружување таму каде што премиерот би требал да се чувствува како дома - на правен план. Но, тој и заборавил дека е правник, а и така храбро го крши меѓународното право, па логично е што не води грижа за она што се случува во Судот за човекови права во Стразбур. Таа иста Бугарија, како и Грција, е осудена токму за кршењето на правата на своите национални малцинства. Но, нашата влада кај не им помага, туку и им одмага на овие луѓе, кои не само што не земаат оружје в рака, туку европски се борат таму каде што е и вистинското место. И наместо да им се даде барем вербална поддршка, нашиве молкум проголтуваат изјави среде Скопје.

Иако е непродуктивно да се дискутира до каде и до кое дереџе нé доведе оваа власт, бидејќи веројатно ги брои последните недели од мандатот, не може а да не се нотира уште нешто. Не е доволно да се прогласи 24 Мај - Денот на светите Кирил и Методиј за државен празник, сé додека се урива достоинството на Универзитетот и професорите. Ефтиното купување гласови кај студентите, и нивното повикување да се вклучат во битката против своите (наводно корумпирани) професори, мириса на сталинизам. Истиов премиер, кој додека беше министер направи криминал педантно запишан во ревизорскиот извештај, за случајот Бачило и да не говориме, сега ги повикува студентите храбро да ги денунцираат своите професори како криминалци. Па, драги премиере, да беа тие деца навистина храбри немаше да чекаат да ги посетите во онаа руина од студентски дом, туку ќе зачукаа на вашите порти! Во огромен број, како нивните

колеги од Франција. Жал ми падна кога токму на годишнината на масакрот на Тјенанмен на ТВ вестите ги видов оние млади лица загледани во Водачот. Професорите не се ангели; точно е дека постојат разни суптилни начини на корупција (во која студентите и нивните родители, пријатели и роднини активно учествуваат; тоа го чувствуваме секоја божја испитна сесија), точно е дека таа корупција треба посебно ригорозно да се елиминира затоа што се случува во Храмот на науката. Има професори плагијатори, но не се студентите тие кои треба да се справат со таквите појави. Но, дисциплинирањето на професорите, покрај она на новинарите и другите интелектуалци, не е ништо друго туку единствената 'лекција' која од Бучковски може да ја добијат младите генерации. Не остана многу гласност во оваа наша тивка Македонија, а богами и нема институција со национално значење, а да не е девалвирана.

Жалам што во 1968-та бев премлада за да го почувствувам дамарот на студентските протести. Од она што го слушам од постарите колеги, тогаш на фронтот биле заедно професорите и студентите наспроти власта и полицијата. Жалам што од моите студентски денови не можам да се сетам на ниту еден дисидент, некој на кој би му се восхитувала - како да е Сартр, Арент или Че. И уште повеќе ќе жалам ако на нашите деца, сегашните студенти, не им оставиме примери на кои тие ќе се сеќаваат кога ќе бидат на наши години. Само да не дозволат да бидат изманипулирани со предизборни ветувања, да ја прифатат тезата дека професорите се лоши и искорумпирани (освен ако не се во власта, тогаш се по дефиниција чисти како солза). Како ли тогаш ќе си ја почитуваат дипломата и знаењето, ако така гледаат на оние кои им се Учители?

(„***Фокус***", 9 јуни 2006)

## ЖОЛТ ИЛИ ЦРВЕН КАРТОН - ПРАШАЊЕ Е СЕГА?

Државата и уставниот поредок се девалвирани, фрлени на буниште, бидејќи во оваа балканска крчма партиите се тие

кои се важни и „државотворни". Тие одлучуваат кога ни треба држава, а кога нејзините органи треба да си седат мадро и да си гледаат сеир, додека хаосот го освојува политичкиот простор. Во овој момент речиси никој и не помислува за уставниот вакуум кој зинал и се заканува да нé проголта. Не дека бившиот претседател на Собранието (Јордановски) беше некаква значајна фигура; тој беше лика и прилика на оваа пиратска држава, така и го заврши мандатот пред да замине на амбасадорската позиција. Но, тој го претставуваше Собранието, највисоката законодавна власт, и затоа е жално што замина во диско-стил со делење пиратски ЦД-а, а законотворците уште му заблагодарија на гестот. Не е дека од владеачката партија очекуваме подобро кадровско решение - но, дури и најлошиот кадар на СДСМ (а конкуренцијата е голема) ќе беше подобро решение од беневолентното поигрување со Уставот и игнорирањето на фактот дека во овој момент недостасува (потенцијално) значен функционер, кој во случај на потреба би го заменил Претседателот на Републиката. Оваа држава престана да функционира уште на 15 декември минатата година. "Морковот" во вид на кандидатски статус за ЕУ им се виде како допинг за трката по власта, и од сите оние 180 страници на коментарите на ЕУ за „македонцките работи" - тие се фатија само за она што им беше важно. Ни фрлаат прав в очи дека изборите се она што од Македонија ќе направи европска држава. Колку бев само депримирана кога на оние фамозни средби кај претседателот, седнат во сендвич меѓу амбасадорите Фуере, Миловановиќ и Паиш, се зборуваше за нешто толку нормално како што се демократски избори. Изгледа бев преемотивна кога на пораката на Фуере дека изборите се „нов почеток за вашата земја", па гласно запрашав - каков почеток, побогу, кога нели 15 години градиме демократија? Но, имал право човекот кога предупредувал за она што токму сега се случува. Ќе бидам и цинична па ќе кажам дека новиот почеток со овие избори е евидентен - ова предизборие е дефинитивно ноќен кошмар. Изборите завршија и пред навистина да започнат. Почетокот на крајот беше означен со евидентно кршење на законот: изборите ги распиша човек за кој не знаевме дали е амбасадор или претседател на Собрание; изборната кампања тече со месеци, наспроти законот; огромни суми беа потрошени и сé уште се трошат без каков било јавен отчет; а скандалозниот избор на

Претседателот на ДИК допрво ќе кулминира. За ова не треба човек да е баба Ванѓа: гледате дека при првиот куцшлус во ДИК, неговиот Претседател - оној најреномираниот правник во државата - отиде да плаче кај партиските лидери, кои во меѓусебен фер-плеј се договорија за компромис. Го отфрлија законот и го заменија со политичко решение.

Ова низ што минуваме, заковани пред телевизорите е само очекување на срамниот биланс - на потрошени нечисти пари во кампањите, на бројот на вербални напади и навреди, и секако - бројот на инциденти, повредени и не-дај-Боже загинати. Го фаќа човек страв да напише колумна, зошто до петок кога ќе излезе во печат, може да се случи некоја поголема катастрофа. Во 2002-та сметав дека е дегутантно да зборуваат за најдемократски избори во земја тукушто излезена од конфликт и на кој политичарите се (делумно) преоблечени војници. Но, тогаш сиот уплав (заедно со НАТО набљудувачката мисија и подигнатата воена спремност на трупите на Косово) беше главно насочен кон „лошите момци" од македонскиот блок! Тогаш нé убедуваа дека изборите биле вид на референдум и избор меѓу војна и мир - што е нонсенс од невиден размер! Но, денес изборите навистина стануваат безбедносен ризик, особено за Албанците. Денес ви треба храброст да се прошетате на предизборен митинг, или дури и до Рамстор. Нé уназадија, понижија и прават сé не да нé демотивираат за гласање (онаа наивна фраза дека се бореле за неопределените гласачи веќе ни дете не ја купува, иако деца богами има на сите митинзи)? Тоа е дел на смислена стратегија на партиите претворени во војски, затоа што и изборите се битки на живот и смрт - за пристап до ресурсите, но и обезбедување на недопирливост и имунитет. Влоговите во политиката се толкави што се подготвени да газат и по лешеви само за да победат и станат генерали на мртвата војска на осиромашени и исплашени граѓани. Се сомневам и дека она идиотско лепење плакати со нивните сакани ликови (во димензии на кои би им позавидил и Ким Ил Сунг) не е случајно. Знаејќи си ја непопуларноста кај граѓаните, свесно ја зголемуваат. Знаат дека цензус не им е потребен, сосема е доволно нивните партиски војници да излезат на 5 јули. Нé заплашуваат и прават да ни се згади демократијата. Полицијата се прави на Тошо и вели дека во вакви времиња требала да биде неутрална и неинволвирана во политика. Дури и

ако има повредени, жртви и оружје - таа, за секој случај, интервенира со 15 минути задоцнување.

На митинзите зборуваат дека биеле битки за европска Македонија. А Македонија го загуби и она малку образ што го имаше заради неодговорни и корумпирани политичари. Партиските машинерии на големите се доволни во два потеза да ги девалвираат резултатите на малите партии. А искрено, жал ми е за маливе: ем немаат пари, ем си немаат медиуми и платени програми и новинари, ем немаат голем багаж (со исклучоци, секако)! Да не течеа вака работите гласно ќе порачав дека почесно е да се даде гласот за мала партија, отколку свесно да се типува на некаков си победник, кој уште не стасал на власт, а веќе арчи пари, фрла летки од авиони, лепи мегаломански плакати (додека зборува за домаќинско работење и економски препород). Но, работава е веќе до степен што секое прошетување до гласачкото место е не само безбедносен ризик, туку давање на легитимитет на изборите. Дури и ако излезам да гласам со намера да го прецртам гласачкото ливче како знак на граѓански отпор спрема силувањето на демократијата, тоа значи дека изборите ги сфаќ ам сериозно. А тие тоа не го заслужуваат! Некои благонадежни новинари како им посакуваат на лидерите успех и мирни избори на 5 јули - слушам и не можам да верувам! Изборната демократија, иако инфериорна од она што го викаме суштинска демократија, го опфаќа целиот изборен циклус. Затоа нека не ве залажуваат дека сé уште имало шанси да го поправиме впечатокот - пред кого? Пред меѓународната или пред нас самите!? Ќе се надеваме ли повторно дека нема да има жртви, инциденти, и дека ќе ни прогледаат низ прсти како и порано? И овде воопшто не зборувам за европската перспектива и почетокот на преговорите (што е научна фантастика најнапред заради кризата во ЕУ)! Овде станува збор за една цела нација (демосот, во кој на исто дереџе се и Македонците и Албанците и Ромите и сите други) која е заложник на неодговорни политичари. Во време кога Македонија никогаш не страдала од потешка економска криза, да имаат тронка доблест и два прста образ, не би се сликале во онолку пози, не би фрлале летки од авиони, не би закупувале стадиони и автобуси за своите војници, или ексклузивни локали од кои трешти музика како расипана плоча. Се фалат дека се утепале од патувања на средби со граѓаните - да, во луксузни автомобили

со климатизери, а во багажникот со по неколку преслеки, сите од ексклузивни бутици.

За вас не знам што ќе правите во наредните денови, но мислам дека е паметно да се размисли за бојкот на предизборните митинзи и фешти, и со тоа да им покажеме жолт картон (пред исклучување), без оглед дали "нашите" се Македонци, Албанци или некои други. Да ја потсетиме Владата дека ако случајно падне жртва или продолжат насилните инциденти, неа ќе ја сметаме одговорна. Волкот влакното го менува, ама не и табиетот вели народната мудрост. Затоа не верувам дека овие имаат тронка зрелост. Затоа спремна сум дури да им дадам и црвен картон - на сите! Со тоа што или нема да излезам на избори или - што е попаметно - ќе повикам да излеземе масовно и ќе ги пречкртаме гласачките ливчиња. Ќе им кажеме дека ни е доста од тоа да бидеме заложници на неспособни и неодговорни (големи и средни) партии, но и дека меѓународната заедница игра на погрешни карти кога апелира за фер и демократски избори со оние кои се закашкани до гуша, и во насилство и во изборни превари. Белким, ако има 30-40% неважечки ливчиња, ќе сфатат дека на Балканот нема да има услови за траен мир, развој и демократија сè додека тие ги прекоруваат и 'рибаат' оние кои одамна требаше да заминат во принудна пензија.

(*„Фокус“*, 30 јуни 2006)

## БУРА ВО ЧАША ВОДА

Текстов го пишувам на два дена пред изборите, па затоа нема да коментирам. Што сме дробеле, тоа ќе srкаме! Ќе срkaат и тие што не дробеле, но има и такви кои ни надробија, а ќе нè остават сами да сркаме. Но, сакав да проговорам за нешто друго сврзано со сега веќе завршените избори. Свесна сум за кусата меморија, но и за приоритетноста на други теми; но, нека остане забележано... Пред една седмица со свое обраќање до јавноста излегоа 40-тина личности (кои во ниту еден момент не се дефинираа себе си како интелектуалци - не затоа што тоа не се, туку заради свеста дека е дегутантно и да се наречете така). Акцијата -

скромна, со мало значење заради слабата веројатност да промени нешто во оваа балканска крчма. Но, види чудо! Предизвика бура во чаша вода - или треба да речам дури и цунами во некои партиски штабови. Но, затоа служат бурите - да се расчистат нештата, па така некои работи испливуваат на површина, а некои потонуваат на дното.

Апелот беше резултат на заедничко промислување, внимателно вагање на секој збор и проценка на ефектот од тие зборови. Не верувавме дека во сета предизборна галама, нашиот глас (на „вапијући у оперети") воопшто ќе биде слушнат или, пак, дочекан на нож. Од кога гласот на интелектуалците се слуша во оваа држава? Го сторивме она што сметавме дека е потребно, на начин кој е единствено соодветен за умни луѓе. Впрочем, и Героски евоцираше спомени за некаква прва кадифена револуција на почетокот на транзицијата која не успеала затоа што на Државникот не му требале интелектуалци („јас не одам на квиз, туку на избори"). По првите реакции од прогласот, се запрашав: дали луѓево страдаат од дислексија (болест поврзана со неспособност за читање)? Не знаат или не сакаат да читаат? Или читаат како што ќе им кажат? Каде Героски и Латас прочитаа повик на бојкот? Дали некој нé зема здраво-за-готово, па смета дека мораме да гласаме дури и за недолични луѓе? Обраќањето беше апел до политичарите да се вразумат и да се однесуваат европски, затоа што очигледно заборавиле дека тие постојат заради граѓаните, а не обратно. Тоа беше укажување дека нé посрамија, нé сведоа на протекторат, дека не ги почитуваат ни интегритетот ни животите на граѓаните - но и дека со начинот на кој се расфрлаат со пари ни даваат основа да се сомневаме во изворите на нивно финансирање. Ги повикавме да се упристојат и да излезат со јавен отчет за потрошените средства - или ќе предизвикаат **логична** реакција во вид на пречкртување на ливчињата. Новинарот кој присуствуваше на прес-конференцијата тоа убаво го сфати и пренесе, но кога уредникот се врати од странство мора да го фатил ужас. Ја наостри острилката и удри со шпицот по „несериозните" интелектуалци „желни за власт"!

За нашиве 'демократи' радикално е и самото **потсетување** на абецедата на демократијата дека моќта е во народот, не затоа што така велеше Милчин, туку затоа што е тоа стара мудрост "Potestas in populus! Auctoritas in senatu" (Моќта е во народот!

Авторитетот е во Парламентот). А каква е таа моќ, ако немате право да опомените, па дури и да ги отфрлите како недостојни оние кои велат дека ве претставуваат?! Што е понормално од тоа да ги повикате да се однесуваат онака како што е долично во секоја нормална држава? Да бев Џилиен Миловановиќ, ќе ме прогласеа за голема Македонка, вака, како обичен граѓанин, правам смртен грев кога велам дека ми се смачи од ваква политика и политичари!! Бурава во чашата вода ги преплаши, иако доаѓа од целосно маргинализирана група - од граѓани, кои ионака никој не ги ферма. Значи, не е до потписниците, колку што е до содржината - од опасноста дека некој може граѓаните да ги разбуди и да им каже дека можат да гласаат согласно законските норми „за" некоја листа, но и да го направат ливчето неважечко. Нели се бунеа (со право) дека Бучковски перфидно ги закажа изборите среде фудбалски шампионат и во пеколни жештини? Но, кога ги повикавме граѓаните да се разбудат од апатијата, да не им се плашат на насилниците и да одлучат за својата судбина, наместо партиските војски, се исплашија и малите и големите. И Претседателот почна да нè учи дека треба да бидеме задоволни од тоа што ни се нуди и да не аздисуваме барајќи нешто подобро и почесно!

Веднаш по објавувањето на прогласот до мене стаса егзалтирана порака од потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Паниката можете да му ја измерите со должината на пораката: кутриот, се утепал од типкање, целината беше долга колку 6 споени СМС пораки. Не ги знам резултатите, па можеби човеков е веќе во власта, но ќе ви кажам како ја доживеав неговата реакција: прво ми беше забавна, па патетична, а потоа ме замисли. Ако вакви ситни души дојдат на власт, во зандани ќе почнат да нè ставаат затоа што се страшно чувствителни на јавна критика. Содржински, пораката вриеше од патетика (колку сум го разочарала). Изгледа човеков аплаудирал кога го критикував Бучковски, но многу го заболе кога виде дека тоа не значело дека сум на страна на неговиот сакан лидер. Имаше и обид да ме навреди: сум била исфрустриран интелектуалец, кој дејствувал од очај. Е тука, комај, ја погоди малку, бидејќи ова беше навистина акција од очај и со многу фрустрација. Ама како да му објасниш кога сигурно не го читал Сартр, кој вели дека професионална одлика на секој вистински интелектуалец е фрустрацијата, бидејќи тој

има моќ да замисли многу повеќе отколку што реално има сила да оствари. Нашиов Трајко нема таков проблем: што замисли, тоа и оствари! Целта му е пред носот и под седалото. Забавата стана поголема кога чув дека дури и Големиот лидер истата вечер на митинг им се обратил со тирада на лошите интелектуалци, кои ништо не сториле за државата, а ваму му ги расипуваат плановите.

Бурата не ги поштеди и оние партии, кои се колнеа дека ќе промовираат нова внатрешно-партиска култура и кои велеа дека „Македонија има луѓе". Судејќи по паниката која ги зафати, изгледа имале проблем со себе: ем повикувале на излезност, ем се исплашија дека евентуалниот одек на прогласот ќе доведе до масовност, а со тоа и ќе се дигне цензусот, што е потоа важен фактор во пресметувањето на пратеничките места. Која хипокризија: излезете, ама немојте премногу, и секако гласајте за нас! Важечкиот изборен модел значи фаворизирање на поголемите партии, а при голема излезност се намалуваат шансите на малите. Овој факт, тие партии го знаеја уште кога се нафатија на орото; ако беа умни зошто не создадоа коалиција? Зошто се девалвираа и свесно се направија губитници, одејќи сами и на чело со своите лични лидерски амбиции? Наместо тоа, гледаа да фатат позиција за некој да ги 'игра" и да бидат 'фактори' - макар и како поединци. Ме збуни хистеријата од прогласот, во кој некои се препознале (sic), т.е. сметале дека се ставени во ист кош со другите (а на крајот навистина ќе завршат во кошот наречен коалиција). Да беа умни ќе го јавнеа бранот дигнат од интелектуалците, ќе излезеа со јавен отчет и ќе ги ставеа во шах-мат ситуација големите закашкани партии. Зошто не го сторија тоа? Многу јасно: прво беа свесни дека и самите се сликаа со луѓе за кои моралот е мислена именка, а второ - очекуваат милост и коалицирање токму од големите. Како да им зададеш удар на оние кои чекаш да те помилуваат и да ти дадат парче од колачот?

Веројатно немам никаков сенс за прагма и дневна политика (и покрај стравот на Героски дека интелектуалците сакале да владеат со земјата - каков ужас, нели!!?). Но, мојот исфрустриран ум ми вели дека кога би била лидер на партија која држи до себе, не би се борела по секоја цена да влезам во парламентот. Ако изборниот процес ги крши правилата на демократијата, моето учество би ги легитимирало помоќните од мене,

оние кои играат валкано. Би го напуштила рингот на политиката во која има борење во кал, и би престанала да се колнам дека сите се валкани, ама не и јас. Стапнувањето во рингот со кал ќе ве извалка дури и ако сте статист. Зошто воопшто се формира инстант-партија на само шест месеци пред избори? Во паника од прогласот тие плачеа, молеа и притискаа да се повлечат некои потписници, што успеа кај нивните хермафродитски членови-без-членска книшка (демек, ем интелектуалци ем партиски блиски, кои при првото подвикнување на шефицата излегоа во јавност со ноторна лага дека некој им го злоупотребил името; за веднаш потоа да ги видиме на ТВ спот).

Можеби, ние потписниците на прогласот сме многу скромни луѓе, несвесни дека сме можеле да замрсиме нечии конците? Тоа е доволна причина за задоволство, зар не? Ги погодивме кај што ги боли, но сите дадоа чесен збор дека ќе излезат со отчет за средствата - за што постојано ќе ги потсетуваме. Ние само опоменавме. Немавме ни моќ, ни пари, ни машинерија. Излеговме со своето име, единственото што го имаме. Ние сме лузери - по сопствен избор! Не сакавме да влеземе во ниту една партија, а понудите беа бројни. Политичарите тоа добро го знаат. Героски се загрижил дека интелектуалците сакале власт. Не му е гајле што неговите политички мастери се вакви и онакви (баш го гледам како гувее во ТВ емисијата "Шпиц", дури ни лаптоп нема пред себе кога го слуша Рамковски). Не, него уплав го фаќа од помислата дека паметни луѓе можат да се најдат на позиции. При создавањето на Граѓанското движење, створивме друга бура во чаша, но рековме дека не сакаме власт, но тогаш Героски нé прогласи за импотентни интелектуалци и тагуваше дека отишла во ветер и втората кадифена револуција. По два месеца се прашуваше: „Чуму избори", кога сме се претвориле во вртимушки кои на болесничка постела се местат час лево, час десно, во надеж дека ќе им биде поудобно. И заклучи дека не гледа лидери во Македонија. Но, во меѓувреме прогледа: интелектуалците ќе го заведеле народот, а виде и лидер на Селската буна - шпиц, по шпиц.

Изборите завршија. Операцијата е успешна, пациентите на умирање. Одбивме да видиме кој е виновен за кризата и гласавме по линија на помал отпор. Со тек на време ни СДСМ ни ВМРО не ви изгледаат толку лошо кога се во опозиција.

Остануваме заложници на сопствената глупост и плашливост, убедени сме дека нема друга демократија освен онаа во вид на партократија со елементи на клептократија. Заборавме дека моќта е во нас, но и што е отворен ум и граѓанска должност со прст да се покаже на насилниците и нечесните. Зар не сме соучесници во сопствената несреќа кога им прогледуваме низ прсти? Јас знам за кого не гласав, а вие?

(„*Фокус*", 7 јули 2006)

## НЕКОИ НЕРВОЗНИ ЛУЃЕ

Се сеќавате ли на оџата од Призрен, кој во стилот на Бин Ладен, испрати видео-порака до верниците во Македонија, велејќи им дека е нервозен и дека тоа не е добро? Да потсетам, човеков бил нервозен заради можноста Ахмети да не победи на изборите. За веродостојноста на снимката не можам да судам, но деновиве како да има сѐ повеќе нервозни луѓе, па и такви кои никако не смеат да си го дозволат тоа. Зарем не е чудно, ако не и недипломатски, признанието на европски амбасадор дека бил лут, навреден и нервозен од јавната критика во врска со неговиот ангажман во пост-изборието? Вистина е дека амбасадорот Фуере, па и Миловановиќ, во почетокот на своето амбасадорување ги освоија симпатиите, заради умерениот однос и смиреноста во настапите. Дури бевме подготвени да им простиме што ги повикуваа на 'рибање' актерите во изборната трка, кога овие забегаа во жарот на борбата. Сепак, чудна беше нивната турнеја по проблематичните села и обраќањето до жителите, како божем селаните се бељаџиите. А изостана јасна порака дека не е добро да се кандидираат личности кои се во судир со законот и недостапни за органите на правдата. Изостана опомената за оние кои не дадоа јавен отчет за својата работа во министерствата, за ревизорските извештаи или за средствата во кампањата. Но, види чудо - имајќи полно разбирање за однесувањето на политичарите-бељаџии, дипломативе немаат нерви за реакциите на невладиниот сектор и медиумите.

Не по своја волја, а веројатно заради домашното

воспитание, појдов на посета кај амбасадорот Фуере - не како професор, не како колумнист, туку како претставник на Хелсиншкиот комитет. Наспроти практиката на дејствување на организацијата, поверував дека амбасадорот ќе сфати дека ми беше потребен огромен напор да прифатам усна покана, упатена во петок навечер, во време на летен одмор - и дека ќе го почитува тоа што ја прифатив, иако ја сметав за неумесна. Ако сакаше средба, можеше да не́ посети. Но, се случи да бидам изложена на нешто, што само од постарите сум го слушала бидејќи не сум го искусила - а кое во бившото време се нарекувало „рибање" кај Це-Ка. Но, немојте да мислите дека сцената беше лоша или грда; напротив, го добив (во име на сите кои седиме во Бордот) најголемиот комплимент што може да го заслужи невладина организација. Имено, слушнав дека сме неблагодарни и не сме позитивни како невладините во Делчево (нека ми простат што ги именувам, не мислам дека не си ја работат добро задачата, но беа апострофирани), дека сме препотентни и, конечно, дека сме „абнормална невладина организација" (цитирам). Освен тоа, сме направиле „несреќни" многу луѓе од меѓународната заедница. Има ли нешто подобро од тоа да чуете дека се издвојувате од просекот во кој е западнат голем дел од невладиниот сектор, кој страда од синдромот на зависност од меѓународните донатори? Има ли подобар комплимент од тоа да ви кажат дека ги вознемирувате оние кои ги критикувате? Токму така, како куче-чувар (watch-dog) многу често унесреќуваме носители на највисоки позиции, кога ќе се јават како кршители на демократските правила на игра и на човековите права. Наместо да биде несреќен и нервозен, г-нот амбасадор можеше да покаже добра волја за релаксиран разговор и да им верува малку повеќе на претставниците на домашната интелектуална и неполитичка елита, кога му упатуваат добронамерна критика дека не е добро да кумува на процеси кои мораат да бидат автентични, како што доликува на демократијата. Во најмала рака, чудна е неговата поплака дека не сме го консултирале пред да излеземе во јавност со месечниот извештај. Замислете, прво да им се обраќате на министрите за внатрешни, на Алфите или на некој друг - за да добиете мислење за вашиот критички став? Жално е ако претставниците на меѓународната не сфаќаат дека е потребна храброст, професионалност и интегритет за да ги лутите

моќниците. Наместо да нѐ поддржуваат и да се замислат кога и самите се предмет на добронамерна критика, тие ни го нарушуваат угледот со свикување на состаноци во нивната канцеларија, во неочекуван состав, во присуство на цела тајфа соработници (во соодност 10:2) во рани утрински часови (дури и без кафе за расонување).

Можеби дипломативе се сѐ уште нови, па треба да им објасниме дека сме издржале премногу мисионери, сме се изнаслушале премногу дипломатски изјави. Едноставно, научивме да читаме меѓу редови. А кога Фуере свесно оди по (дипломатска) жица и дава двосмислени изјави за композицијата на коалиционата влада, излегува дека ние сме виновни што умееме да го прочитаме, а што тој се слизнал. Очигледно амбасадорите добро го разбрале поданичкиот менталитет на политичарите и ја сфатиле својата моќ на дисциплинирање. Но, зачудува нивното уверување дека “сите сме исти”, т.е. дека и интелектуалците, невладините организации, новинарите треба да се возбудат ако некој г-ин амбасадор е нервозен заради нивните оценки. Зарем навистина мислат дека и нас можат да нѐ дисциплинираат? Зарем не сфаќаат дека се помакедончуваат во начинот на кој ја примаат јавната китика? Ако цивилниот сектор ја има улогата на куче-чувар, тогаш не гледам зошто не би ја применил и кон однесувањето на претставниците на меѓународната заедница? А тие, како претставници на некоја висока политика треба да сфатат дека не е доволно да имате добри намери; исто толку важно е како ве перцепира јавноста и колку со своето однесување го јакнат демократскиот капацитет на земјата. На пример, ако се инсистира на некаков втор победник во изборната трка (т.е. најголем број на освоени места во албанскиот блок), пристојно е барем да се сочека крајниот збор на судските инстанци. Улогата на меѓународните претставници не е да ги супституираат институциите на македонската држава.

Не верувам во теориии на заговор, но не ја купувам ни приказната дека дипломатите се алтруисти и мисионери кои дошле да не цивилизираат. Тие работат for the best interest (во најдобар интерес) на своите влади, односно организациите кои ги претставуваат. Страшно е што толку брзо ги заборавaме фактите. Во август 2002-та, токму пред изборите, нѐ посети еден друг господин од ЕУ (Солана) за да примени изборен инжене-

ринг. Пораката му беше проста: е, сега ќе си играте демократија, ќе одите на избори, но владата ќе ви ја сочинуваат победниците од двата етнички табора. Демек, било политички опортуно. И би така! Мнозина одбиваа да поверуваат дека Бранко ќе влезе во коалиција со ДУИ, но подоцна не само што си клекнаа на брашно, туку бликаа од ентузијазам - иако не за долго. Зошто изненадување сега кога ни се случува истата работа? Единствено што на Груевски немаше потреба да му доаѓа дипломат од повисок ранг, доволен е Фуере, да го потсети дека во Македонија има консензуална демократија, чии принципи претпоставуваат коалицирање на победниците на сегментите во општеството. Легалистите порачуваат дека тоа го нема во Уставот, ама заборавaат дека нашиот постохридски мир не се темели на принципите на правната држава, туку на чуден политички дил на кој му кумуваше токму меѓународната заедница. Во тој дил се прави трампа: мир за демократија! Кога постојано ви се труби дека приоритет била имплементацијата на Охридскиот договор, а не Уставот и законите, тогаш зошто збунетост кога ви порачуваат дека некои работи се во духот на Охридскиот, иако не и во неговото слово?

Се јавува чувство како да постои таен анекс, кој ѝ останал непознат за јавноста. Анекс не постои, верувам, но постои модел кој е вграден во логиката на системот. Ние одбиваме да ја сфатиме суштината на моделот, па затоа да ги изложиме неговите основни елементи. Консенсуалната демократија, покрај големата коалиција меѓу лидерите на (етничките) заедници, има и некои други "цаки", како: 1) право на вето (затоа тука е т.н. Бадинтерово мнозинство), 2) правична застапеност на припадниците на заедниците (втората темелна вредност на уставниот поредок, плус низа уставни и законски одредби, кои го гарантираат овој принцип, дури и во сферата на судството каде приоритет е заштитата на индивидуалните, а не колективните права), 3) автономија на сегментите (новоисцртаните општински граници и децентрализацијата).

Оттука натаму, приказната станува јасна - и бесмислена. Идеологијата умира, дури нема ни вистинска политика, затоа што нема ни политичка одговорност. Нема граѓанин, ниту потреба од политички визии и програми. Најголемата фалинка на нашиот модел е што наспроти концептуалниот и препорачуваниот, тој не

се заснова на најмалку три сегмента во општеството, чии односи би обезбедиле макар и фрагилен баланс и поголемо чувство на меѓузависност. Така, западнавме во замката на бинационалност, на (по)длабоко поделено општество. Оној момент кога консенсуалната демократија ќе стане вистински демократска, т.е. лидерите и гласачите нема да се дефинираат по етничка основа - таа ќе стане непотребна.

Во право е јавноста кога се прашува: зошто воопшто избори, гласање, думање? Дури и да му ја дадеме довербата на некој лидер од „нашиот" етнички кампус, подоцна можете да го видите во некаква чудна коалиција - го гледате и не го препознавате. Одлуките на таа влада се резултат на тешки компромиси, односно уцени. Зошто се фрлаат пари на избори кога сé е фарса, а резултатот е познат? Одговорот е: заради политичката игра и насушна потреба што се нарекува легитимација! Таа им е подеднакво потребна и на политичарите како и на претставниците на меѓународната заедница. Демек, сé е по правилата на демократската игра. Од нас се очекува да замижеме пред фактите, но и да (за)молчиме зошто ќе им го урнеме митот за успешната приказна. Методологијата на функционирање на ваквото споделување на власта (power-sharing) ги исклучува во голема мерка принципите нормални за европските држави. Простор за креирање на национални решенија, па дури и на практична негација на ваквиот концепт и негова замена со граѓанско-либерален - постои. Но, треба многу работа и граѓанска храброст за непоклекнување пред принципите на реалполитик, па и наивност ако сакате. Сега знаете зошто беше важна граѓанската димензија на пропаднатиот референдум од 2004-та. Ако извлечевме барем една карта од онаа зацртана кула, ќе докажевме дека има граѓани - но тоа беше еретичка и опасна теза; затоа и нашите и меѓународната сторија сé да ја сотрат. Резултатите ги гледате и денес - и затоа не чудете се!

(„***Фокус***", 21 јули 2006)

# ПОГЛЕД ОД АРКА

Од седмица во седмица ги нотирам настаните, анализирам или се обидувам да загатнам запоставени, а суштински нешта кои се кријат зад јавниот циркус. Се надевам на некаков мал пробив на јавната агенда, на истакнување на прашање кое можеби од „шумата" не можеме или не сакаме да го видиме. Свесна сум дека има и такви кои ќе ве прозват ако пропуштите да искоментирате нешто од богатата и "„очна" јавна дебата, да се произнесете и идеолошки дефинирате (на која страна сте). Но, едноставно, невозможно е да пишувате за сé и сéшто, дури и кога прашањата заслужуваат одговор. Колумнистот, верувам, го следи сопствениот пулс, дамарот што првенствено како човек, а потоа и како интелектуалец, го вознемирува. Но, има такви кои сметаат дека колумнистот и интелектуалецот треба да спаѓа во категоријата на над-луѓе и дека е срамота како обичен смртник да лее солзи додека пишува. Ако го говорите и пишувате јазикот на обичниот човек, ризикувате да ви лепнат етикета на интелектуална мизерија, слабак, изгубен случај и што ли уште не. За среќа, повеќе ми значи мислењето на обичниот Човек, отколку на самозамислениот Над-Човек. Од таа позиција и ќе проговорам за настан што длабоко ме вознемири.

Учествувам во проект посветен на прашање кое е многу популарно во меѓународните кругови: меѓународните интервенции и прашањето на националната сопственост. (Иако не сакам пречесто да употребувам англиски изрази, понекогаш е тоа нужно, па така преводот гласи: *International Intervention and National Ownership*). Ќе се сложите, терминот сопственост (поседување, ownership) кај нас буди сосема приземни асоцијации поврзани со конкретни материјални нешта. Но, во меѓународниот дискурс, тој се поврзува со прашањето за тоа колку е едно општество способно самостојно да ги решава своите проблеми, низ соодветни институции, политики и средства т.е. дали ја „поседува" својата национална политика и самостојно одлучува за себе. Уште повеќе, фокусот е ставен на тоа колку меѓународната асистенција им помага на постконфликтните држави да застанат на нозе или ги прави зависни од странците (раѓа синдром

на зависност). Нема да ве заморувам со идеите за натамошниот тек на проектот, затоа што по два часа дебатирање, и мене главата ми беше „тупан" од разно-разни билдинзи (state-building, capacity-building, institution-building). Иако, сосема добро се носам со „новоговорот" на меѓународната заедница, сепак, во еден момент се запрашав дали овде некој знае да зборува со нормален речник, а не низ флоскули, кои звучат важно и умно, а зад кои нема ниту концепт, ниту идеја. Обидот да ја приземјам дебатата и да го поставам прашањата: кому ќе му помогне проектот, кому му е наменет, кој тоа ќе нè разбере кога ќе почнеме да дебатираме за тој ownership, пропадна во моментот кога останатите ме погледнаа како да сум паднала од Марс. Па, зарем не е важен регионалниот дијалог на експерти, кои посветуваат дел од своето време за важни прашања? Не е важно што дебатата, па и публикација напишана на англиски, нема да допре до оние за кои се зборува. Не е важно што група на случајно одбрани експерти си го зела правото да наоѓа одговори за прашања од многу поширок интерес. Затоа што целата идеја на тој ownership е да се најде начин да се зајакнете демократијата преку партиципација на што поголем број на учесници, низ креирање на свест дека демократската политика мора да е одговорна и транспарентна пред сопствените граѓани, а не пред странците, па таман биле тие и оние добронамерни амбасадори и советници. Во тој миг сфатив дека тукушто се самоелиминирав, дисквалификував од уште една меѓународна групација. А не ми е ни прв пат... Штом проговорам со разбирлив речник и прашам "а, кој ќе има фајде од ова наше мудрување", знам дека следниот пат ќе ме изоставаат заради неконструктивност. Можеби се и во право!? Никој не сака расипувачи на забави, партибрејкерси... Таман си се нашле на купче, си зборуваат со јазик што само тие го разбираат, а се длабоко убедени дека тоа го чинат за општото добро - па која сте вие тука да им ја расипувате интелектуалната инспирација?

Да биде сцената поинтересна, настанот се случуваше во оној преубав, иако чудно ситуиран, хотел во Старата чаршија - Арка! Ретко влегуваме во хотелите на сопствениот град, но ве уверувам дека по стандардот наликува на хотели од највисок ранг што сум ги посетила во странство. Но, за да дојдете до него треба да минете низ Чаршијата или Бит-пазарска улица, т.е. за да стапнете во преубавиот, спокоен и убав амбиент на скапи-

от хотел, треба да ги извалкате чевлите низ правот на нашето секојдневие. „Капак" беше кога утрото таксистот ме праша дали ќе ми биде страв ако ме остави од спротивната страна на улицата, наместо да кружи наоколу за да му пријде на хотелот. Се збунив! Зарем дотаму дошла работата? Точно дека поретко завлегувам во тој дел од градот, но никогаш не би помислила дека е тоа опасна зона!? Но, таксистот ме уверуваше дека има и такви исплашени патници. Не знам колку е издржан таквиот став, но за сигурно знам дека поделбата и недовербата меѓу луѓето тлее, расте и бива игнорирана во земјата на „успешната приказна" на менаџирање на конфликтот.

Токму со таа друга страна на приказната се соочив во вториот дел, кога регионалната работна група ја трансформиравме во јавна трибина. Како на презентер, странците ми поставија интересно прашање: како е можно официјалните извештаи да содржат многу поповолна слика за земјава, отколку што тоа го покажува мојата научна анализа? Додека го читале мојот текст, се прашувале дали станува збор за една иста земја. Им кажав дека во таа двојна претстава нема никаква контрадикција. Убаво ми дојде споредбата со нашето удобно седење на седмиот кат на луксузниот хотел, сите фини, интелектуални и дотерани, додека долу под нас тече вистинскиот живот. Не мислам дека Бит Пазар е најгрдиот контраст на успешната приказна оличена во хотелот! Зборот ми беше дека Бит-Пазар е вистинското лице на оваа земја, исто онака како што и нашминканата Арка е дел од нашата стварност. Долу е битката за преживување, дури и со шверц, заобиколување на правото, сиромаштијата, маргинализацијата на оние кои никогаш нема да станат сопственици на својата судбина, затоа што запретани во битката за егзистенција, ги оставаат оние другите во разно-разни Арки, Клубови на пратеници и Мавровски дијалози да одлучуваат за нивното добро.

Арка (колку симболика во името, нели?) е метафора за еден свет кој живее во безбедноста на своите височини, во убави бели тоалети кои никако не смеат да се извалкаат во директен допир со нехигиенскиот Бит-Пазар. И така ние, седнати горе, самобендисани и со увереност за сопствената важност зборуваме за градење капацитети, институции и демократија (без народ). Според ретките дискутанти кои не ми се нафрлија како на државен непријател бр. 1, ownership врз државата имаат партис-

ко-олигархиските кругови. Тука веќе не се знае каде почнува и завршува државата, а каде почнува и завршува партијата/партиите. Во таквата партократија нема потреба од оснажување (модерно кажано, empowerment) на капацитетите на граѓаните и другите интересни групи. Со последните прегрупирања на партиската сцена, јасно е дека и партискиот плурализам е неавтентичен, бидејќи големите риби ги јадат малите (или поточно, малите сакаат да се здомат во пазувите на големите партии, за да добијат трошка од колачот).

На трибината го видов растот на новата евробирократска и интелектуална сцена (иднина?) - и останав без зборови. По моја вина како коментатор на мојот научен текст се јави владин службеник, т.е. шефицата на кабинетот на претходната и сегашната вицепремиерка. Не вреди сега да жалам што не сум доволно суетна и не останав до крај на инсистирањето улогата да ја преземе некој со академско ниво. Така, работите излегоа наопаку - професорот реферира, а владиниот службеник го рецензира и толкува „шта је аутор хтео да каже". „Синергијата" се создава со вклучувањето во дебатата на новата интелектуална елита, која прескокнувајќи ги базични лекции на демократијата, веќе „сфатила" дека демосот (граѓаните) е застарена категорија, а за националниот суверенитет и да не зборуваме (демек, видете ги оние во Европа како доброволно се одрекле од дел од својот суверенитет!). И одеднаш сфаќате колку времето ве згазило: додека вие верувате дека некои историски лекции не можат да се прескокнат, околу вас буи семето на нова генерација, на ЕУ фундаменталисти и бранители на духот на Рамковниот договор. За нив е ерес и да проговорите дека системот, така благонаклоно гледан од странците (а како и нема кога самите му кумувале?), токму генерира партиска и етничка затвореност. За нив ЕУ е единствена алтернатива, иако поимот алтернатива претпоставува избор помеѓу најмалку две опции. За нив Рамковниот договор е најголемото постигнување во политичката историја. А богами, грешите ако мислите дека бранителиве се со албанско потекло. Никако! Тоа е новата македонска владина, интелектуална и политичка елита која сече вени само ако некој им „дирне у зеницу ока" т.е. во Рамковниот договор. И тука веќе не е важно дали ви го подариле, наметнале или е извојуван со оружје. Важно е дека проектот е засакан од дното на душата, а секој кој ќе

предложи макар корекција на ригидното споделување на власта меѓу етничките елити, со елементи на интегративниот модел, се смета за кратковид или злобен. И гледате дека Орвел е жив: најголема среќа е да си ја засакаш судбината и да го обожуваш Големиот брат. По кој знае кој пат слушнав дека моќта на нас, критичарите, била толку голема што сме ги загрижиле и партиските лидери: сме имале моќ да им ги испереме мозоците на граѓаните, кои потоа разочарани и со темни мисли не можат да ја видат светлата иднина. Ние сме биле криви и за тоа што на политичарите се гледало како на извршители на најкорумпирана и најнечесна професија.

Ми поставија прашање: што мислам дека ќе се случело со Македонија ако го немало конфликтот? Парафразирано, како Албанците ќе ги добиеја своите права, и како ќе се забрзаше демократијата ако не беше потпомогната со малку пукање? Научникот во мене вели: насилството раѓа насилство, а не демократија! Човекот во мене вели: да го немаше конфликтот ќе имавме помалку сирачиња, вдовици, родители завиени во црно, луѓе без домови, инвалиди. Парите од Телекомот немаше да се потрошат на војна, а реконструкцијата на разурнатото можеше да биде заменета со изградба на економски капацитети. Не знам дали Тетово ќе имаше два универзитети, не сум сигурна ни за споменикот на Скендербег, но девојчето од семејството Зимбери немаше да тагува по загубената сестричка. Некој ќе си останеше уживател на швајцарска пензија, а не барател на боречки пензии. Проблемот е во мене: не прифаќам дека било каков политички проект може да биде повреден од животот на едно дете.

(„*Фокус*", 23 март 2007)

## РАМКОВНИОТ ДОГОВОР КАКО ЛУЛКА НА ФЕДЕРАЛИЗМОТ?

Меѓу експертите за поранешна Југославија постои уверување дека таа била создадена врз база на едно темелно уставно недоразбирање на нејзините конституенти. Секој очекувал нешто поинакво, а и уставните принципи ги толкувал согласно своите потреби. Помалку е познато и дека постои

согласност дека СФРЈ содржеше консоцијациски елементи, толку карактеристични за решенијата која сега великодушно им се сугерираат на т.н. плурални (или поделени) општества. Освен идеолошкиот супстрат и отсуството на мултипартизам, југословенскиот модел ги содржеше останатите елементи, кои ни се препорачуваат како решение за македонското општество. Да потсетиме, постоеше: пропорционална застапеност на народи и народностите во институциите на системот, влада во вид на голема коалиција (составена од елитите на републиките и покраините), и широка автономија на сегментите (фередализам надополнет со широка децентрализација внатре во федералните единици). И знаете како заврши таа приказна...

Слушајќи ја вжештената дебата (всушност, и немаме дебата освен медиумските препукувања), се прашува човек: зошто сега? Зошто сега некои храбри Македонци велат дека другите Македонци се исплашени од Бадинтер, па онака проевропски велат дека немаат ништо против расправа за федерализација? Од друга страна, унионистите жестоко се спротивставуваат. Имам чувство дека и нашата уставна конституција, оваа изменетата од 2001-та, се заснова на недоразбирање слично на бившојугословенското. Рамковниот договор не беше случајно напишан во византиски стил, „округло на ќоше", па уште и на англиски јазик. Сето тоа им дава(ше) маневарски простор на домашните, а уште повеќе на странските играчи, да го 'менаџираат' конфликтот (кој ниту почна, ниту заврши во 2001-та). Но, работите еволуираат. Затоа, потребна е отворена, чесна, научна и интелектуална дебата за тоа каде сме и како понатаму. Ова не го велам затоа што сметам дека фамозниот политички дијалог е во застој, туку затоа што проблемите со кои во своето функционирање се соочува нашиот хибриден модел се системски, а не инцидентни. Затоа, треба да живееме со нив, да размислуваме и да наоѓаме решенија, наместо да се делиме на рамковисти, федералисти и унионисти. Општеството е доволно поделено - и тоа, не само на етнички заедници, туку уште полошо на аномични поединци.

Консоцијацијата - која треба конечно да ја признаеме бидејќи е вградена во политичкиот систем, без оглед колку тоа ни се допаѓа или не - не е ништо друго освен транзициско решение за постконфликтните општества. Немојте да се ужаснувате од фактот дека во теоријата го изучуваат и нашиот модел, заедно

со оние на Кипар, Либан, Нигерија, Ирак, Авганистан, и сл. Консоцијацијата не е исто што и демократизација; всушност, таа дури и не мора нужно да води кон стабилизација. Има и примери кога таа доведувала до јакнење на делбите и до крвави распади. Таа е само појдовна пост-конфликтна позиција, која може да заврши на три начина: да создаде услови за нејзино надминување преку воспоставување на либерална демократија на еднакви граѓани; да доведе до распад на државната заедница - или да еволуира во федерација. Но, додека сме во оваа нова транзиција (веројатно затоа што неуспешно ја завршивме првата), треба да знаеме дека во ваквите модели акцентот е на елитите, а не на граѓаните; повеќе напори се вложуваат во пропорционалната застапеност отколку во еднаквоста, и конечно - стабилноста на државата е поважна од демократичноста и респонсивноста на власта. Ова многу спори механизми, но и скапи во економска, социјална и финансиска смисла.

Проблемот кај ваквото институционално менаџирање на етничките конфликти е во тоа што доаѓаат како прескрипција од надвор; па како поинаку да бидат перцепирани, освен како наметнати?! За жал, ние работите не умееме да ги видиме - туку, или веднаш се вљубуваме во сé што доаѓа од Европа или „а приори" одбиваме и да ги сослушаме (особено она што го кажуваат меѓу редови). Сега кога се пушта пробниот балон за Бадинтерова влада и/или федерализација, повторно сме збунети. Вина е и на академската заедница и на политичарите, што уште одамна не ја кажаа вистината дека Рамковниот договор ниту бил, ниту можел да биде смислен како вечна рамка. За жал, кога некој „важен" европарламентарец ни ги пренесува искуствата на својата земја (Ерик Мајер и Холандија, во случајов) или оние другите успешни од Европа, заборава неколку „мали" детаљи: прво, успешноста на консоцијацијата во Западна Европа се должи на тоа што (како што вели и таткото на консоцијацијата, Липхарт) таа самата себе се направила излишна, непотребна, и создала услови за свртување кон либерална демократија; второ, некаде таа е навистина претворена во федерален модел, кој е проследен со силна економија, облици на директна демократија (како во Швајцарија) и после смена на неколку генерации; трето, никаде освен кај нас консоцијацијата не е конституционализирана, цементирана во Устав; четврто, успехот секогаш и секаде зависел,

меѓу другото, од зрелоста на елитите и нивната позиција дека заедништвото и националниот интерес се точката до која може да има пазарење и несогласување.

За некој кој израснал во федерација (и тоа во златните години, купени со странски кредити и позајмици од ММФ), не гледам зошто би се плашела од федерализација, освен заради силната асоцијација што ја буди нејзиниот крвав распад?! Од Бадентер, не само што нема потреба да се плашат ниту Македонците, ниту Албанците, туку човекот треба да се покани на гости, да го прашаме што тој мисли за перспективите на земјата во која секој втор збор е неговото име? Ако не се лажам, токму тој е автор на следниве зборови: „Размислување во етнички рамки не може да биде квалитетно и ефективно решение. Тоа ја парализира управата и иницира други проблеми кои одат под рака со пакетот на предности и привилегии, наместо да создаде граѓанство и заедничка нација". Консоцијацијата, според некои автори, е лулка на федерализмот, но тој не е лекот, туку последицата на претходен општествен договор меѓу конституентите. Кога некому му се брза да скокне во федерација, тоа не е резултат на промислување, туку на антиципирање на она што се перципира како суптилна порака од Брисел.

Освен федерализација, имаме право на друга опција. Да се распаднеме нема да ни дадат - бидејќи ние сме доказ за успешноста и на ЕУ, нели - па затоа треба да разговараме за опции, а не како вејки на ветерот да дозволиме (повторно) да нé вкалупат во нешто што некому таму надвор му се чини добро за нас овде. Пример на успешна консоцијација е Холандија, земјата на силен холандски патриотизам, но и респект за човековите права. Ако веќе сме „врамени", тогаш оваа позиција имаме легитимно право да ја развиваме и кон она што се вика интегративно споделување на власта, градење на мостови, дијалог (општествен, а не политички зад затворени врати), заедништво, земја во која (како што вели Игнатиев) граѓанскиот национализам ќе ги победи бројните етнички национализми. Овде е веќе ерес и да разговарате за интегративниот модел, затоа што тој ќе ги развласти и демаскира удобро заседнатите етноелити, кои не почитуваат закони, а истите ги кројат вон парламентот. Овој модел е закана за партократијата, за нивната важност и привилегии да го интерпретираат она што на граѓаните им треба.

Не треба да се возбудуваме од пораките на некои Европејци, ниту од резолуциите на Европскиот парламент. Повеќе треба да не вознемирува фактот што не знаме што со себе, што тапкаме во место, а единствениот прогрес е новите основи за меѓусебни делби. Одамна напишав дека Македонија е федерација, ама тоа нема кој да ѝ го каже. Во предвид ја имав тенденцијата на продлабочување на делбите и процепите: деца кои ниту живеат, ниту учат заедно, ниту учат исто - а уште помалку се познаваат и дружат. Тоа е нашата „инвестиција" во иднината, а дали ќе ја наречеме федерална или приказна на едно скршено огледало, тоа е помалку важно. Ако не разговареме меѓу себе за тоа што сакаме и во каква држава сакаме да живееме, тогаш ќе дојде некој мистер Важен Пријател да ни суфлира.

(„***Неделно време***", 20 мај, 2007)

# *ДЕЛ IV*

# МАКЕДОНСКАТА ДИЛЕМА: МИР И/ ИЛИ ДЕМОКРАТИЈА?

# ДЕМОКРАТИЈАТА КАКО БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА

Да се каже дека Македонија е бизарна земја не е ни оригинално, ни интересно. Отрпнавме на сопствената ни 'уникатност' : името, границата, виртуелната оаза на мирот, чудниот конфликтот кој нагалено го нарекуваме криза... Единствено зачудува клацкалката на која се одмеруваат мирот и демократијата. Никогаш не сме сигурни по кој пат треба да тргнеме, затоа што, за жал, тезата дека мирот и демократијата одат рака под рака, овде не важи ! Правилата на играта никогаш однапред не се познати, па понекогаш ни се вели дека за сметка на мирот во куќата треба да замижиме пред принципите на демократијата и правната држава, а друг пат да заборавиме на траумите од конфликтот затоа што сме биле сериозен кандидат за НАТО и ЕУ. На крајот, веќе и не знаеме што ни е *приоритет*, ниту што е вистинско *постигнување* - демократската консолидација и евроинтеграциите, или простото преживување и избегнување на најлошото.

Се одржуваат трибини на тема „Разоружувањето како услов за демократизација", а странски анализи говорат за референдумот како за безбедносна закана. Ваквата конфузија остава без зборови ! Не треба да сте експерт за да знаете дека разоружувањето е мерка на постконфликтно градење мир. Ако веќе дошло до насилство и оружје, значи демократијата веќе претрпела пораз. А, ако сме земја што сериозно претендира на членство во НАТО/ЕУ, како е можно референдумот, како облик на непосредна демократија загарантиран со Уставот, да биде безбедносна закана или повод за насилство? Еднаш нé уверија дека Уставот може да биде casus belli, а сега некој сака да нé увери дека и практикувањето на демократијата согласно Уставот (кој веќе претрпе измени) може да биде извор на насилство !?

Во моментов најважно е да видиме каде сме стасале. Дали сé уште над нас виси Дамокловиот меч на насилството или сме направиле исчекор кон вистински мир, прогрес и демократија? Главната окосница на Рамковниот договор е осудата на секој вид насилство во политички цели, а не територијалната ор-

ганизација. Ако воопшто нешто претставува точка на поврзување на постконфликтното градење на мирот со демократијата, тоа е ненасилството. Демократијата не значи дека секогаш ќе го добиеме она што го сакаме, но таа по дефиниција значи дека борбата за различните интереси се води низ институциите и со правно регулирани процедури.

Референдумот за законот за територијална организација (како и секој друг референдум) е тест за демократијата, но и за способноста да се прифати пораз во играта која се базира на демократски и ненасилни средства. До референдум немаше ни да дојде доколку власта имаше сенс за транспарентно комуницирање со сопствената јавност, ги респектираше резултатите од локалните референдуми или имаше доблест доследно да го брани концептот за територијална организација кој го понуди. По четириесетдневно тактизирање, најмоќната партија (како што СДСМ се нарече себе си) излезе со став дека морала да изгуби со 3:0 затоа што Македонија била во залог. На Милошевиќевски начин почна да нé уверува дека поразот е, всушност, победа, и со тоа јасно ни соопшти дека ни самата, како носител на власта, не е убедена во предложените решенија. Наместо храбро да застане зад нив (ако навистина мислеше дека носат добро), СДСМ се скри зад соопштение во кое признава дека политиката не е ослободена од уцени. Ако, пак, навистина била принудена (од кого??), тогаш последното средство беше достоинствено да излезе од власта. Албанскиот партнер во власта мудро си молчеше (сé до прославата во Радуша!?), а Ахмети дури и не го удостои законодавниот дом со присуство, а камо ли со аргументирана дебата.

Дискурсот што доминира е, во најмала рака, опасен и манипулативен. Прашањето е што очекуваме од децентрализацијата : доближување на власта до граѓанинот или редистрибуција на моќ та меѓу доминантните етнички елити? Во извитопереното сфаќање кое се наметнува и од внатре, ама и од надвор, локалната и директната демократија се прикажуваат како непријатели, а уште полошо - практицирањето на демократијата се прикажува како безбедносна закана. Сé додека зборуваме за закани, демократијата останува недостижен сон во земјата која повторно го живее својот виртуелен (лажен) мир.

(„*Македонско сонце*", 27 август 2004)

# НА КЛАЦКАЛКАТА НА МИРОТ И ДЕМОКРАТИЈАТА

За истражувачите на мирот и конфликтите се врзува митот за Касандра. За да ја освои Аполон ѝ дал пророчки способности, но кога таа не му ја возвратила љубовта, ја проколнал никој да не им верува на нејзините пророштвата сè додека не биде предоцна. Касандра не успеала да го спречи падот на Троја, иако навреме укажала на вистинската природа на Тројанскиот коњ - ја сметале за луда. Сосема нескромно, верувам дека за да се биде поумен и чекор понапред во анализата од онаа на странските колеги не е потребен пророчки талент. Доволен е сопствениот реализам, познавање на состојбите (т.е. нивното чувствување на сопствена кожа), па дури и цинизмот да го спротивставам на нивниот wishful thinking и неможност да излезат од шематското размислување за нас, за Балканот, па дури и за самите себе.

Многупати на меѓународни собири сум прозвучувала како Касандра: да изразам длабок песимизам и лоша прогноза, која подоцна ќе стане реалност од која и самата се ужаснувам! Во мај 2000-та, во НАТО-виот Маршал центар бев спикер на тема „Косово: две перспективи", заедно со Ветон Сурои. Додека тој се заблагодаруваше за НАТО интервенцијата, јас прогнозирав дека, заради последиците на таа иста интервенција, наскоро конфликтот ќе се прелее во мојата земја. Само неколку месеци подоцна, почнаа телефонски јавувања и признанија дека сум била далекувида. Слаба утеха, кога веќе земјата веќе беше заплисната од насилство!

Каква случајност! Наредната средба со Сурои ја имав во јули 2004-та, во ЕУ Институтот за безбедносни студии од Париз, каде темата беше финалниот статус на Косово. Доаѓајќи од Скопје со тешко чувство дека преговорите на коалицијата околу општинските граници (зад затворени врати, но не и на заедничка маса) нема да донесат ништо добро, изразив стравување за случувањата во мојата држава, кое ми ја отежнува дискусијата за Косово. На такви помалку академски, а повеќе политички дебати, кај меѓународните претставници доминира оптимизам и охрабрувањата за локалците дека треба повеќе да имаат верба

во прогресот.

Денес ги заменивме позициите: луѓето, кои пред само неколку месеци бликаа со оптизизам, сега испраќаат предупредувачки пораки во врска со тоа како тие ја сфаќаат нашата демократија (т.е. во каква доза тие би сакале да ја консумираме) и колку е неизвесен нашиот мир. Кога јас укажував на опасностите и тешкотиите во нивната македонска success story (успешна приказна), тие тврдеа дека претерувам. Но, кога денес тие предупредуваат дека мирот е загрозен од еден облик на демократско изразување на волјата на граѓаните, од референдум, се прашувам: дали се и кога нивните оценки и искрени и валидни? Кога пред два месеца велеа дека сме успешна приказна, или сега кога зборуваат за make or break (во новиот извештај на Меѓународната кризна група, чиј 'експерт' Николас Вајт, беше присутен на конференцијата)? Дали имаат методологија и способност да ја оценат состојбата, кога веќе си го земаат правото да функционираат како механизам на рано предупредување?

Чудно, но во ситуација кога земјата реално се наоѓа пред сериозен предизвик, кај мене ни трага од вообичаениот песимизам. За прв пат после многу долго време доминира чувство на верба дека граѓаните на мојата земја имаат зрелост, политичка свест, но и одговорност кон себе и своите деца да го искажат својот став, па зошто не - и оправдан протест, низ ненасилни и демократски методи. Можеби некој ќе каже дека, со успешното собирање на потписите за распишување на референдум, е добиена првата битка на демократијата, но кој знае каков ќе биде исходот?! Каков и да биде, ова е само за себе победа на Граѓанинот! Во само неколку недели, од апатичен објект тој израсна во вистински субјект, успеа да испрати сериозна порака до власта, до опозицијата, но и до меѓународната заедница - дека веќе нема да можат со него да се однесуваат како кон некој кој ќе аминува сѐ што ќе му се каже само да е мир...

Во теоријата зборуваме за негативен и позитивен мир. Негативниот, т.е. оној кој ни е всаден во генот и изразен низ онаа „што сака нека биде, само мир да е" - е интересен феномен! Тој може да значи многу - бидејќи и една минута на негативен мир (отсуство на директно физичко насилство) може да значи спасен човечки живот, вратена насмевка во очите на дете или непролеана солза на старица. Но, живот и судбина одбележани со вредноста

на негативниот мир можат да значат регрес, тивко умирање, живеење со постојан страв (реален или измислен, сѐедно). Само позитивниот мир значи живот достоен на човек и на граѓанин, живот во кој преземањето на сериозна политичка одлука никако не може да биде основа за заплашување ниту демократијата да биде безбедносна закана. Позитивниот мир значи прогрес и гледање напред без страв од она што го носи утрешниот ден. Тој значи живеење во несовршениот свет на демократијата, во која можеби нема да го добиете секогаш она што го сакате, но барем сте сигурни дека нема да ви се закануваат заради поинаквото размислување. Па, каде сме ние во оваа приказна за негативниот и позитивниот мир, за демократијата заснована на граѓаните и онаа на етно-политичките елити? Сега, во предвечерјето на референдумот се наоѓаме на добар пат да ја утврдиме сопствената дијагноза и состојба.

За прв пат доминира уверување дека во оваа држава има граѓани, дека нивната апатија не била импотенција, туку разочарување од ветувањето дека „Моќта е во народот!" Во оваа држава има граѓани кои навистина имаат што да изгубат и од што да се плашат: но тоа не е негативниот мир (како што сага ги застрашуваат), туку сопствената само-почит и граѓанско достоинство. И секако, надежта дека ќе живеат во држава во која демократското изразување на спротивно мислење нема да биде безбедносна закана, држава во која изборите нема да бидат референдуми за избор помеѓу војната и мирот, туку за опции за подобро живеење.

Секако, може да се постави и обратното прашање: колку е издржан мојот оптимизам околу сегашната политичко-безбедносна состојба? Мислам дека не е потребен ниту дарот на Касандра, ниту мудрување, за да се види дека живееме во свет на апсурди во кој ни ги дозираат и стравот и надежта, живееме на клацкалка на која (лажниот) мир ја менува положбата со демократијата. Ако е веќе клацкалка, можеби можеме да сториме нешто за себе, ама само ако заедно застанеме и превагнеме.

(„***Дневник***", 18 септември 2004)

# ПРЕДРЕФЕРЕНДУМСКА МАКЕДОНИЈА: ЗА ПЕРЦЕПЦИИТЕ И СТВАРНОСТА

На театарот на апсурдите му нема крај. Разговорот на глувите во коалицијата се пренесе во Парламентот, каде продолжи меѓу позицијата и опозицијата. Конечно, сега кога проблемот е подигнат на ниво на референдумско изјаснување, почнува и дебатата во цивилниот сектор. Првичниот впечаток е дека и тука, за жал, владее разговор на глуви. Ако оние кои се 'вооружени' со знаење и желба да партиципираат во општествените работи без амбиции за власт остануваат закопани во етничките ровови, тогаш како јазот на перцепциите да го надминат обичните граѓани? Како да се отвори каналот за комуникација *меѓу граѓаните* со различно етничко потекло? Со месеци повторувавме дека дијалогот е единствен начин да се дојде до прифатливо решение. Но, што е она што нé попречува да оствариме комуникација, кога барем декларативно, сите се сложуваме дека тоа е вистинскиот начин? Настрана политичките елити меѓу кои владеат други параметри, но што е тоа што го отежнува дијалогот, дури и кај луѓе со добра волја и отсуство на политички амбиции?

Научно, стварноста може да се анализира низ различни призми и така да се дојде до релевантни и проверливи резултати. Но, тоа е недоволно кога треба да се реализира некаква цел или да се преземе акција за подобрување на општествената стварност. Тука, како фактор мора да се земат предвид перцепциите... Тие можат да кореспондираат со стварноста, но можат да бидат и да бидат сосема поинакви од неа. Почетната точка во секоја општествена анализа е дека *перцепциите се стварност* за оној кој ги поседува. Тие **не** се базираат на информации кои доаѓаат од надворешниот свет, туку на она што мозокот очекува да се случи врз основа на некои претходни искуства. Но, дури и оваа дефиниција не е сосема точна затоа што претходните искуства многу често *не се наши сопствени*, туку колективни, наследени и всадени во колективната меморија. Затоа, тешко се диференцира она што е сопствена перцепција за стварноста од она што ни е наметнато од средината, семејството - или, во поново време од оние

кои говорат во име на каузата или групата.

Дијалогот на експертите и претставниците на цивилното општество од двата главни етнички табора, поврзан со претстојниот референдум, за жал, не е размена на објективни анализи и аргументи, туку на спротивставени перцепции. Неодамна, по петчасовно дебатирање, по безбројните укажувања дека Законот за територијална организација содржи лоши решенија за граѓаните кои треба да живеат со нив (а добри решенија само од аспект на етнополитичките елити), некои дискутанти останаа на ставот дека референдумот е насочен против нивната етничка група, против Охридскиот, против евроинтеграциите итн. Тоа беше пораз на обидот да се доведат на иста маса луѓе кои *се слушаат* едни со други, *се уважуваат* и, ако не ги прифаќаат аргументите, тогаш барем ги респектираат, т.е. ги земаат како ваши легитимни перцепции. Проблемот е што или не разговараме со ист 'јазик': или едните зборуваат со аргументи, а други се спротивставуваат со перцепции, или само сопствените перцепции се сметаат за валидни, а оние на другиот се сметаат за колективна параноја.

Заробени во перцепциите, всушност, создаваме свет во секој секого обвинува за хипокризија: една етничка група обвинува друга, опозицијата ја обвинува власта за хипокризија и обратно, а граѓаните ја обвинуваат власта, опозицијата и меѓународната заедница. Сопствената хипокризија ја сметаме за љубезност, а туѓата за зло со умисла, без да сфатиме две важни работи. Првата е дека, како што рекол Фројд, цивилизацијата ја измислил оној што прв наместо да фрли со камен по противникот, почнал да го псуе (т.е. покажал самоконтрола и хипокризија). Втората е дека онака како што сопствените перцепции и хипокризија ги прифаќ аме како легитимни и длабоко оправдани (па дури им даваме и убави имиња), така треба да ги цениме и оние на Другиот.

Дали можеме да си веруваме или барем да го уважиме фактот дека Другиот размислува и чувствува поинаку од нас? Лесно е да се каже дека се потребни мерки на градење на доверба меѓу граѓаните од различно етничко потекло, т.е. дека е потребна *граѓанска свест* за потребата да се излезе на референдум без оглед на тоа како ќе се гласа, зошто *чинот на гласање* е доволно предупредување за оние на власт сега или во иднина. Народот вели: ситиот не му верува на гладниот. Но, што кога множина

се гладни, а вината за тоа лежи во елити кои за сметка на своите дилови се подготвени да ги антагонизираат граѓаните? Додека интелектуалците, исто како и граѓаните од македонско и албанско потекло, се гледаат со недоверба - некој профитира затоа што само во такво поделено општество може да изигрува Месија, спасител на државата и "своите".

Каде е тука улогата на цивилното општество и посебно на интелектуалците? Ние не смееме да се „вадиме" на тезата за перцепциите. Како интелектуалци имаме одговорност бидејќи сме медијатори и артикулатори на она што се случува во „ничијата земја" помеѓу политичката сфера и онаа во која живеат граѓаните. Ако *ние* губиме часови и часови без да покажеме подготвеност да го уважиме аргументот на експертот, што да очекуваме од збунетите граѓани? Ако *ние* ја немаме храброста да ја пречекориме невидливата граница на етнополитичките светови, тогаш кој?

(„***Македонско сонце***", 8 октомври 2004)

## МЕЃУ МОРКОВОТ И СТАПОТ

Стаса долго очекуваниот прашалник од ЕУ, заедно со честа да биде врачен од личност од калиброт на претседателот на Европската комисија Проди, а не испратен по емаил (како што укажа амбасадорот Кјарини). Се сложувам, голем ден! На фештата имаше место за сите: и за политички коректни личности и за оние кои прават проблеми (наречени, скептици), и за оние од позицијата и оние од опозицијата, па дури и за лица од Кризниот штаб од Струга... Ова е почеток на соочувањето со себе, со сите незавршени или лошо завршени домашни задачи, а дај Боже - и со она што веројатно го имаме како потенцијал или создаден капитал за влез во европското семејство! Но, што правиме ние?! Наместо да гледаме напред, ние се подготвуваме за референдум, за кој Проди уште пред да полета кон Скопје го означи како гледање кон минатото.

Членството во ЕУ е стратегиска цел за која треба многу работа, па и одрекувања. Во ваква сиромаштија се прашуваме: а

од што уште треба да се одречеме за да ни трге? Рекоа дека покусиот пат до Европа водел преку НАТО (виа Вашингтон), па ги забрзавме реформите во одбраната. Слушаме пофалби (како за ретко која друга област) постигнатото, но и за она што допрво следува како модернизација и професионализација на АРМ. Насушните средства ги пренасочуваме од императивите на хуманата (индивидуалната) кон националната безбедност и остварување на стратегиските цели на државата (а за граѓаните, што ќе остане). Ни рекоа дека мораме да поддржиме војна (во Ирак) која ги крши сите принципи на меѓународното право, но тоа бил патот до НАТО и ЕУ (иако ставот на ЕУ дијаметрално се разликува од оној на САД, а НАТО нема воена мисија во Ирак). Прифативме да му зададеме уште еден удар на меѓународното право со потпишувањето на билатералниот договор со САД во врска со изземањето на американските војници од јурисдикцијата на Меѓународниот кривичен суд. Нејсе...

"Морковот" стаса во вид на убави пораки и еден поголем прашалник. ЕУ покажа големо срце за нас, непослушковците, кои се оглушија по важни прашања од нејзината надворешна политика. Тоа што ѝ го свртевме грбот на Венера (Европа) за сметка на моќниот Марс (САД) не беше казнето, или ни беше прогледано низ прсти како на infant terrible. Сепак, „морковот" има горчлив вкус, бидејќи сенката на стапот е надвисната над нас. А таа не е мала, зад неа сплотени стојат Марс и Венера. За Марс и не ме чуди, затоа што во име на богот на војната се измислија „хуманирани" интервенции во вид на дожд од касетни бомби и осиромашен ураниум. Тој бог извезува демократија со војни и државни преврати и „усреќува" цели нации. Бев доволно пристојна ова да не му го споменам на нашиот т.н. лобист за НАТО, Брус Џексон, кога неодамна, како член на Меѓународната комисија за Балканот, постави прашање дали ние (кои референдумот го сметаме за демократско право и начин на остварување на власта) имаме свест и совест за да видиме дека референдумот ќе донесе безбедносна дестабилизација. Како интелектуалец, можев да му дадам само еден одговор, ама и контрапрашање: дали можеби Џексон знае нешто што јас не го знам, дали има информации со кои јас не располагам? Ако ги има, тогаш како докажан пријател, би требало да им ги соопшти на надлежните. Или уште подобро, предупредувањата да ги упати на вистинската адреса,

до оние кои сакаат дестабилизација и поседуваат оружје, а не до професорите. Вака, наликува како во басната за јагнето кое наводно му ја матело водата на волкот...

Но, Венера не е помалку чудна божица: полна со убавина, култура, манири и знаење, а толку подложна на мажествената моќ на Марс. Наместо да ја користи интелектуалната супериорност над примитивниот Марс, таа се обидува да го следи. И таа заедно со „морковот" ни ја носи и сенката од стапот. Дури нема ни сенс за сопствениот политички моментум: во време кога се подготвува на најдемократски начин, низ ***референдум***, да се изјасни за прифаќање на европскиот Устав, при доставувањетона прашалникот, таа опоменува што ќе ни се случи ако успее референдумот?! Како ќе станеме граѓани на ЕУ, ако не смееме да бидеме граѓани на сопствената држава??

На ум ми паѓа еден детаљ од разговорите со членовите на Меѓународната комисија за Балканот. Слушајќи ги низата издржани аргументи за недостатоците на законот за територијална организација и за тоа дека референдумот не е изјаснување ниту за Охридскиот договор, ниту тест за желбата за влез во ЕУ, соговорниците признаа дека огромен број од наведените аргументи не им биле познати. Препораката беше да сториме сѐ целосната информација да стаса до вистинските адреси. Секако, ние како експерти и интелектуалци (а уште помалку граѓаните) немаме дипломатија и канали на комуникација со центрите на светската политика, па тогаш како да го направиме нашиот глас слушнат?

Пораката до оние од надвор, без оглед дали доаѓаат со морков или со стап, би требала да го содржи следното: оваа земја мора да научи да практикува демократија, со право и да згреши (барем нашите евентуални грешки нема да ги плаќаат недолжни граѓани од далечни земји). Пораката до оние кои се сега власт или се подготвуваат да станат власт е онаа на Бертолд Брехт: Ако не ви чини овој народ, изберете си некој друг!

(„***Дневник***", 1 октомври 2004)

# МАКЕДОНИЈА: „ЖРТВА“ НА СОПСТВЕНИОТ УСПЕХ

Парадоксално, но Македонија како да е „осудена” да носи ореол на *success story*. Цели десет години беше „оаза на мирот”. Веднаш по потпишувањето Охридскиот договор беше прогласена за најголем/најбрз успех на меѓународниот конфликтен менаџмент. Успехот (макар и привиден) им беше потребен подеднакво и на внатрешните и на меѓународните фактори заради стекнување (или задржување) на легитимитетот или кредибилитетот. Постохридска Македонија е осудена на успех, затоа што во спротивно, кредибилитетот на големите играчи (за малите и да не зборуваме) ќе се доведе во прашање. Меѓународни претставници, на крајот на краиштата, го составија и ставија потписи и на Охридскиот договор.

Мина и референдумот за законот за територијална организација со недоволно висока излезност, што донесе олеснување и за меѓународната заедница и за власта. Добар дел од граѓаните ја бојкотираше сопствената иницијатива и се одрече сопствениот субјективитет во политичкиот процес барем за еден (важен) ден. Една друга група граѓани со фантастичен процент на излезност од 0% претставува посебен феномен! Резултат од сонииштата! Граѓаните, кои до само пред некој ден изразуваа силна поддршка за референдумот и недоверба во власта, граѓаните оптоварени со стравови, недоверба во сé и секого, со сиромаштија и етнички стереотипи, покажаа сплотеност и меѓу-етничка/јавна кохезија каква што немаме видено. Македонија, неколку дена по чинот, кој беше прикажуван како закана за мирот, повторно го понесе ореолот на success story. Мнозина останаа со прстот в уста: и институциите кои се занимаваат со систематски истражувања на јавното мислење, и УНДП кој предупредуваше за длабоката криза на легитимитетот, па дури и фамозната МКГ. За жал, научните сознанија и параметри за анализа на законитостите на социјалните и политичките процеси се пречка за еуфоријата, оптимизмот и наместените политички пораки кои доминираат во моментов. Еден умен човек рекол дека моќта на точната опсервација се нарекува цинизам токму од оние кои ја немаат

таква моќ. Па, како тогаш *навистина* стојат работите во пост-референдумска Македонија гледано низ призмата на циник?

Откако апстиненцијата на три-четвртини од гласачкото тело беше пофалена како блескава победа на демократијата и европската ориентација, секој обид да се направи потрезвена анализа најверојатно ќе го навлече гневот на професионалните оптимисти. Во изминатите месеци се чинеше дека на Македонија ѝ се случи - Граѓанин! За мнозина **тоа** беше позитивната промена во петрифицираниот, партиски закоравен политички пејсаж. Но, Граѓанинот не само што беше првокласно изненадување (дури и за самиот себе), туку не беше ни добредојден. Најнапред, го нарекоа националист, а потоа го претворија во Атлас - на плеќите му ја натоварија одговорноста за сите светски, регионални и домашни безбедносни предизвици. Му беше предочен Хамлетовскиот избор: или мир или (граѓанска) демократија? Наметнатата дилема ги изврти концептите, па негативниот мир (отсуството на насилство) се прогласи за највисок облик на демократија, бидејќи практикувањето на партиципативна демократија би значело насилство. Според ваквата интерпретација, во Европа се оди со мир, ама не нужно и со демократија. Збунувачки за оние кои демократијата ја разбираат како облик на мирно решавање на општествените конфликти.

Оно што се случуваше во пред-рефрендумскиот период не беше ништо друго, туку секуритизација на политиката, т.е. представување на политичките теми и механизмите на нивно артикулирање низ институциите како безбедносен ризик. Потенцијални виновници требаше да бидат граѓаните кои им попречија на етнополитичките елити да владеат по свое, со благослов на меѓународната заедница. На дело беше процесот опишан во теоријата на секуритизација, според која безбедноста е говорен чин. Безбедност е она што носителите на власта ќе го дефинираат како безбедност (security is what power holders define as security)! Но, од каде се создаде таква еднодушност дека референдумот е увертира во нова криза? Кои беа носителите на секуритизацијата и зошто?

Најнапред, елитите немаа ни храброст ни доблест да признаат дека *тие* со *своето* однесување создадоа политичка криза. Уште полошо, власта наметна етнички дискурс и реторика на стравот, со што ѝ се придружи на опозицијата. Таа, пак, во законот

виде безбедносна закана по интегритетот на државата, верувајќи дека на тој начин ќе предизвика поголема политичка поддршка за себе. На моменти изгледаше како и власта и опозицијата да работат на заедничка цел - на неуспех на референдумот. Манипулацијата со стравовите кај граѓаните со различно етничко потекло придонесе тие да се свртат едни против други, па дури и оние доминантно албански општини, кои претходно на локални референдуми се изјаснија против предложените решенија во законот, останаа по страна. Со тоа се оневозможи општествената кохезија по основа на граѓанство и желба за квалитетна локална демократија. Вака поедноставената приказна лесно се спакува и добро се продаде во странство. Не е за чудење, затоа што јавноста преферира едноставни приказни. Најлесно беше да се каже дека етничките Македонци се побуниле против Охридскиот договор и сакале да ги оневозможат своите сограѓани Албанци слободно да управуваат со локалните заедници каде што претставуваат мнозинство.

Кога и на меѓународната заедница ѝ се случи Граѓанинот (на Македонија), тоа беше удар за убаво замислената слика за „демократија без народ", втемелена на етничките заедници (т.е. елити кои меѓусебно се договараат, а на граѓаните само им ги соопштуваат своите одлуки). Бидејќи, и на меѓународната заедница повеќе ѝ одговара да има мир (каков и да е), отколку демократија во која, по дефиниција, значи спротивставени мислења и тензии во институциите и во општеството. Случувањето на Граѓанинот беше грев и значеше преиспитување на целата теза за *меѓуетнички судир* од 2001 година и „фантастичниот" успех на менаџерите од надвор. Наместо да помогне апокалиптичните сценарија да се демонтираат, меѓународната заедница ги искористи као средство на притисок врз граѓаните. Обединувањето на домашните и странските елити против легитимно средство како што е референдумот ја наметна дилемата: или референдумот баш и не е така демократско средство (или е можеби привилегија само *некои* народи) или Македонија, сепак, не е *success story* како што се претставуваше?

Референдумскиот резултат е таков каков што е, можеби затоа што меѓу привидот на мирот и привидот на демократијата, и Граѓанинот остана *само* привид, сенка на самиот себе. Во предвечерјето на референдумот се случи пресврт. Одлуката на

САД да го користи нашето уставно име во билатералните односи изгледаше како доказ дека конечно САД се сетија наместо со стапот (кој имаше контра-продуктивен ефект) да се послужи со морковот. Владата (не)очекувано доби можност да се пофали со нешто, да профитира на бранот на „спонтаното" народно задоволство, поттикнато со сѐсрдна помош на невладините организации.

Но, што ако и неуспешниот референдум е *само привид*? Најнапред, што ако апстиненцијата не беше одраз на слободна волја и изразен политички став, туку на *стравот* да се преземе (наметнатата) одговорност? Јавна тајна е дека имаше и (ин)директни притисоци врз оние кои до работно место дошле благодарение на партиска книшка, а не беа поштедени ни корисниците на социјална помош. Јавната анатема на референдумот направи да се изгуби првиот и најважен услов на демократското изјаснување - тајноста! Самото излегување на гласачкото место стана *јавно изразен став*. Граѓаните кои го поддржуваа референдумот на испитувањата на јавното мислење (при загарантирана анонимност) како одеднаш да го изгубија и интересот и ставот.

Авторитетите имаат силни причини да стравуваат од скептиците, бидејќи тие тешко можат да преживеат кога се соочени со нечиј сомнеж. А власта и меѓународната заедница **не** создадоа атмосфера за отстранување на многу сомнежи, особено оние за вистинскиот јавен став во врска со територијалната организација, за вистинскиот капацитет да се создаде продуктивно (а не засновано на страв, квази-) заедништво на граѓаните од различните етнички групи. Енигмата ќе се разобличи скоро, но ќе остане дилемата дали Македонија е способна да ги ужива подеднакво плодовите и на мирот и на демократијата?

(„***Дневник***", 13 ноември 2004)

## ЗА НАОДИТЕ НА УШТЕ ЕДЕН „ПОПИС"

Идеалистот е циник во создавање! Оваа мисла постојано ми одѕвонува од моментот кога станав свесна дека референдумот не само што нема да успее, туку и дека излезноста

ќе биде на работ на срамот. А како поинаку да се чувствува некој кој толку многу веруваше дека во оваа земја живее и Граѓанин? Можеби не треба да се чувствувам поразено, бидејќи да не го доживеев 7 Ноември немаше да знам дека во Македонија има ***само*** 420.000 националисти. Барем, така ги/нé избројаа нашите и странските елити и медиуми... И замислете, сите овие „патолошки типови" доаѓаат од македонската заедница - повторно така рекоа оние кои знаат и можат, токму во моментот кога референдумот го прогласија за еднонационален. Македонија е чудо на Балканот! Успеавме да се „излечиме" од етнонационализмот буквално преку ноќ (или можеби тоа беше во оној "силно светнат ден" на 4 ноември кога нé начекаа на изненадување и ни кажаа дека ја заслужуваме милоста да нé нарекуваат Republic of Macedonia?!).

Без да бидеме свесни за тоа, нé пребројаа: 420 илјади македонски 'националисти' наспроти фасцинантната бројка на освестени не-националисти од сите етнички групи (всушност, оние од другите етнички заедници никој не ги ни есапеше за релеватни во наводната битка на македонскиот и албанскиот национализам). Го сакале ние тоа или не, фрапантното мнозинство изгледа монолитно и непобедиво, а во негови рамки албанската заедница предничи со својот ненационализам со кристално чист резултат од 0 % на излезност! Ова е резултат за историјата, но и за Гинисовата книга на рекордите. Не верувам дека некои други во светот, особено во западните демократии кои, нели, се светлите примери кон кои се стремиме, можат да се пофалат со ваква еднодушност. Или нешто погрешно сум сфатила кога велеа дека демократијата е негација на монолитноста и едноумието. Кај нас победи демократијата низ апстиненција, а на целиот Балкан му покажавме како се гради политичка нација и како се победува етно-национализмот со некористење на демократските средства на одлучување!

Како да ги наречеме поинаку ако не науки, оние кои велат дека демократијата е лекот за сите болести во постконфликтните општества!? На дело докажавме дека суспензијата на демократијата и откажувањето на индивидуалното право на глас е лекот за сите проблеми. Кога ги слушате лидерите со гордо кренати глави, сфаќате дека нивната позиција може да биде загрозена само кога граѓаните се граѓани и кога јасно го искажуваат незадоволството

од начинот на кој во нивно име се донесуваат одлуки. Оној момент кога замолчавме и си останавме дома покрај саканите шпански серии, сите проблеми се средија. Власта (привидно) си го поврати легитимитетот, а богами и самодовербата, меѓународната положба и углед се подобрија, го реафирмиравме Охридскиот договор - и сега можеме спокојно да си го живееме животецот.

Кога во 2001-та година се јавија некои си националисти и терористи, лордот Робертсон возбудено кажа дека тоа се луѓе кои наместо демократија повеќе сакаат куршуми (во оригинал, killers and thoughs who prefer bullets to ballots). Терористите наскоро станаа "борци за човекови права", а потоа и политичари. Нивната теза беше дека морале да преземат насилни акции за да го поттикнат процесот на демократизација и поголем респект за правата на малцинствата, па така насилството стана катализатор за демократскиот процес. Елем, тие станаа политичари и ценети членови на владата, но сепак ballots-ите (гласачките ливчиња) не им „легнаа" на срце, или барем не во сите ситуации. Тие го задржуваат правото да решат од случај до случај кога гласачките ливчиња се пожелни, а кога не. Уште поважно, елитата одлучува буквално за сите членови на заедницата. А како и да не одлучува кога во 2001-та тие се бореа додека мнозинството граѓани од албанска националност останаа дома и не отиде во шума да се бори против 'словенските опресори'.

Во 2001-та година сите минавме тешки премрежија. Што се однесува до македонската заедница, болката беше во соочувањето со неколку вистини за лагата со која живеевме: првото болно нешто беше да се соочиме со фактот дека не сме биле оаза на мирот и дека создавањето на независна држава не ги направи сите граѓани подеднакво среќни. Дури и оние кои не се сметаа за националисти, сепак, мораа да го прифатат фактот дека мултиетничката демократија беше повеќе флоскула отколку реалност. Мнозина од нас пожалија што не го избегнавме насилството и некои работи не ги поставивме на такви темели, кои ќе оневозможеа дојденци од Швајцарија или Косово да ни го интензивираат демократскиот процес со оружје. Дури и по цена да ме наречат лош патриот или неосвестена Македонка, ќе кажам дека ми беше драго што бевме конфликт со најмалку жртви, што дадовме основа да се верува дека многу од неговите појавни форми беа „намештаљки", што половина специјалци

отидоа на боледување, што сопругите си ги криеја сопрузите од мобилизација сé додека не разбраа дека следува паричен надомест (а најголемиот број од нив имаа семејства кои немаа со што да ги прехранат затоа што токму таа иста држава која требаше да им обезбеди плата, тоа не го стори; но, кога татковината ги повика, а беше спремна за тоа да даде и надомест - тогаш стана згодно да се отповикаат на мобилизацијата). Елем, бев среќна што *мојот народ* во балканскиот котел на национализам, крвопролевања и омрази - остана прилично немилитантен. Мојот народ не се степа со своите соседи Албанци, како што и најголемиот број Албанци не се фатија за оружје. Кај Македонците остана чувството на поразеност од нешто што тешко можеше да се нарече војна или меѓуетнички судир. Сепак, останаа човечноста и меѓуетничката толеранција, како база на која можевме како Феникс да израснеме и да продолжиме да живееме заедно.

Но, признавам станав циник, и ќе речам: тој мој народ се исплаши! Се исплаши од гласање! Тој мој народ се исплаши од демократија, па дури и не излезе да го поддржи законот, ако толку многу ја милуваше новата територијална организација. Така, останавме пребројани и јавно прокажани: сите ние кои бевме за референдумот нема да бидеме амнестирани како оние кои во 2001-та се фатија за оружје. Нашиот грев е поголем: ние можевме да ја загрозиме идилата на нашите етнополитички господари и да им кажеме дека овде не живеат само нивни поданици и припадници на етникуми, туку граѓани! На 7 ноември дефинитивно сфатив дека припаѓам на малцинство за кое нема никакви уставни гаранции. Фактот што нас, Јетиевци - идеалисти/циници, нé има повеќе од фамозните 20%, не ни дава гаранција дека ќе бидеме правично застапени, дека нашиот политички глас ќе биде слушнат, а нашите права респектирани. Припаѓам на една малцинска политичка нација на Македонија, која не дозволува употреба на оружје, заплашување и притисоци. Етосот и етиката на таа посебна нација е нешто за што во ова општество нема капацитет. Се прашувам, дали ако го повикам, Бадинтер ќе дојде да помогне со некоја нова уставна формула? Ако мојот глас не може и не смее да се артикулира, тогаш барем да не ме прогонуваат како да сум Јети. Се прашувам, но сега не како идеалист, туку како циник...

(„***Македонско сонце***", 19 ноември 2004)

# ЗА ЕДНА ПОИНАКВА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Однесувањето на власта во стилот „не гледам зло, не слушам зло, не говорам зло" е пропратено со друга адекватна синтагма: гледам демократија, слушам демократија, говорам демократија. Во малку посекојдневен жаргон тоа би се опишало како тактика на нојот. Кога се соочува со опасност нојот ги затвора очите и ја турка главата во песок, надевајќи се дека проблемот ќе исчезне сам по себе. Зборот демократија има тенденција да бледнее, да ја губи смислата, да се девалвира низ празна вербална употреба. Сѐ се сведува на говорење демократија. Но, нашата демократска власт има проблеми и со видот (во Кондово) и со слухот (одбива да одговори на прашањата поставени од јавноста, од Анти-корупциската комисија или дури и од Премиерот кој обвини за корупција во сопствената влада).

Демократијата како conditio sine qua non подразбира постоење на функционална држава. И тоа, не каква било држава - туку Веберијанска, која е неприкосновен носител на монополот на закана или употреба на сила. Во таквата држава безбедносните структури се под политички (демократски) надзор, но уживаат и општ легитимитет и доверба од страна на граѓаните. Најновиот извештај на „Проксима" беше поразителен: полицијата доби ниски оценки за својата професионалност, лошата координација, па дури и некадарност за справување со криминалот. Во истражувањата на јавното мислење полицијата доби „двојка" за својата ефикасност. Години по ред, а особено во постконфликтниот период, војската и полицијата уживаат поделена доверба зависно од етничката припадност на граѓаните. Кога довербата опаѓа, се бараат други security providers т.е. алтернативни начини за обезбедување на јавната, личната или имотната безбедност. Интересен е податокот (или, ајде да бидеме искрени, шокантно е) дека граѓаните се чувствуваат подеднакво загрозени и од полицијата и од криминалците. Одењето подлабоко во анализата покажува уште еден македонски парадокс (колку ли ги има во оваа чудна држава?!). Имено, досега ни беше позната изреката дека оној кој за некого е терорист, за другиот може да биде борец за слобода. Сега ја надополнуваме и со следната: оној кој некому му е поли-

цаец, за другиот е криминалец. И обратно, оној кој е криминалец, може некому да му биде (пара)полицаец.

Колку да не бидеме безмилосно критични кон сопствената стварност, фер е да кажеме дека тенденцијата на приватизација на безбедноста е глобален феномен. Безбедноста станува стока, а за неа има пазар; безбедност се добива не заради тоа што некој е државјанин, туку затоа што има средства да си купи безбедност (да им плати експертите за насилство). И војните веќе не се водат со национални вооружени сили, туку со контрактори (што е пософистициран и помодерен назив за платеници), или со приватни воени/безбедносни фирми. Овој феномен е, главно, присутен кај развиените и моќни држави. Но, и слабите држави имаат сопствени потреби и пазар за безбедносни услуги. Во нив, главно, 'оперираат' пара-војски, пара-полиции, селски стражи, рекетари, приватни компании за обезбедување на имоти и лица, итн. Македонската држава не само што во догледно време нема шанси да изгради политичка нација, туку дури и не успева да создаде безбедносни структури кои за мнозинството граѓани, или ако сакате во жаргонот на Охридскиот договор - кај заедниците и во заедниците - ќе претставува легитимна институција. Државата не успева да изгради единствен систем на јавна безбедност, можеби затоа што таа не функционира на сета државна територија. Институциите и структурите не можат да дејствуваат таму каде што нема држава, или каде што граѓаните не ја прифаќаат државата. Како и кај секоја приватизација, таму каде што нема пазар, услови (т.е. понуда и побарувачка), приватните актери немаат што да бараат. Фактот дека макар и молкум некои граѓани сметаат дека присуството на (не)познати вооружени лица е нормална појава, па дури и им влева чувство на безбедност, зборува не само за (не)постојната политичка култура, туку и за (не)постоечката држава. Општества со здрава демократска политичка култура и со вистинска безбедност се чувствува најбезбедно кога полицијата е невидлива или дискретна. Кај нас се случува обратното: дури и лица кои не се полицајци, но се 'наши' (од нашиот сој) се сметаат за добредојдени по селата. Пардон, и во главниот град (во делот на Кондово) од неодамна...

Чудно за една владина коалиција која се колне дека е хармонична и обединета околу стратегиските цели, да не може да го препознае проблемот и заедничката цел дома - безбедноста на

граѓаните! Во оваа коалиција или едниот партнер е 'нојот' или другиот, а понекогаш се подготвени дури и заедно да ги пикнат главите в песок. Кога тоа би го правеле од срам, можеби и би имале разбирање за нив; но од страв? Страв од што? Освен дека ќе ја загубат власта (и сласта), друга опасност е тешко да се открие... Бидејќи, опасноста на своите плеќи ја носат граѓаните, кои толку отрпнале и загубиле чувство за вистинска опасност, што не се ни свесни за неа... Чудно е ако Кондовчани се чувствуваат безбедни во присуство на криминалци... Чудно е што водечката партија на Албанците (ДУИ) не е вознемирена, ако не за безбедноста на државата, тогаш барем за безбедноста на луѓето од етничката заедница која им го подарила легитимитет. Чудно е што Скопјани од *сите етнички заедници* воопшто и не се вознемируваат што од нечија милост зависи дотокот на вода во нивните домови, па дури и се обвинуваат меѓу себе или медиумите за наводното манипулирање и шпекулирање. Чудно е што малкумина му се препуштаат на сеќавањето на хуманитарната катастрофа на Куманово 2001-та.

Кога укажуваме на постоење на две влади во една, два партнера во брак од нужда и под принуда, тоа е можеби и разбирливо за пост-конфликтно општество во кое функционира консоцијалната демократија. Но, неприфатливо е да не гледаат подеднакво на безбедносните закани, или дури воопшто и да не ги гледаат... Неприфатливо е за одговорна јавност со таква индиферентност да чека власта да се договори дали има опасност или не, дали има параполиции или не, дали сме загрозени или не... Тоа не е прашање на политички договор. Приватизацијата на безбедноста во делови на земјата не е дел на децентрализацијата, не - во држава која пополнува Прашалник за влез во ЕУ. Ако веќе говорат демократија, ако веќе велат дека го слушаат гласот на народот, тогаш останува само да им препорачаме да си најдат очен лекар. Или можеби кај нас е вината? Веројатно ние треба да ги отвориме очите кога следен пат некому ќе му дадеме доверба, која пред сé, претпоставува очекување дека се тие кадарни да пружат безбедност, која нема да биде поделена, ниту платена од приватен џеб.

(„***Македонско сонце***", 10 декември 2004)

## ШТО ТОА НАВИСТИНА СЕ СЛУЧИ?

Ако судиме според досегашните искуства, прашањето „Што тоа навистина се случи?" има шанси да стане траен рефрен за сите идни збиднувања и предизвици. Парадоксално, ама не е така... Овде сите (не)намерно имаме кусо помнење: со векови нé учеле да туриме пепел и продолжиме натаму, да простуваме, па и сосема заборавиме. Заборавот може да биде добра работа, особено кога човек свесно ќе му се предаде заради ослободување на негативно чувства и спомени. Заборавот е дури познат и како начин на помирување (примерот на пост-Франкова Шпанија).

Меѓутоа, она што ни се случува веќе се заканува да стане ендемска појава, која како некоја џиновска 'гумичка' ќе ги брише сите непожелни сознанија, сеќавања, па дури и самосвеста. Општественото битствување се одвива на ограничен простор, на замислена црна табла на која за да продолжите да правите записи морате да го избришете веќе запишаното. Така, барем, нé третираат оние кои во наше име ги водат општествените работи. Сметаат на нашето кратко помнење, бидејќи како инаку да се објасни нивното однесување? Од секоја кризна ситуација тие излегуваат посилни и вооружени со ентузијазам и поголеми ветувања. Во криза 'таблата' на политичкото живеење се исполнува многу побрзо, па оттука и поголемата потреба таа да се брише почесто - за да државниците добијат нов простор за своите визионерски видувања во колумни или обраќања до нацијата во вид на писмо до Дедо Мраз!

Пред крајот на уште една година, сетете се само на бројот на афери и драматични случувања и на колку од нив сме добиле одговор што навистина се случи и зошто? Бизнис-аферите и корупциските скандали престанавме да ги бележиме, бидејќи станавме имуни. Сепак, 2004-та виде и настани со потенцијал да остават печат во нашето колективно помнење. Таков настан беше погибијата на претседателот Трајковски и неговите соработници. Вреди да се спомене и несреќната судбина на нашите Кумановчани во Ирак. За вториов случај, заради објективните околности (хаосот) кои владеат во земјата која ние ја „ослободуваме" заедно со Американците, властите имаат какво-такво оправдување. За

првата, немаат...

Имаше и настани кои за момент нé потсетија на (скорешното) минато. Кондово ја имаше моќта да нé врати во 2001-та, арно ама исчезна како меур од сапуница (!?). Веројатно, навестувајќи дека нашата конфликтна приказна сé повеќе наликува на сапунска опера... А сапунските опери се одликуваат со тоа што траат до недоглед, глумците ги гледате час во позитивна, час во негативна светлина (поточно си ги менуваат позициите), и уште поинтересно - никогаш не сте сигурни дека оној што исчезнал нема пак да се врати на сцената! Причините за промените се прозаични, иако остануваат мистерија за аудиториумот кој стрепи за своите херои: или глумецот се преценил, бара поголем хонорар, па режисерот ќе реши да го елиминира од сценариото; или обратно, кога режисерот ќе заборави дека успехот им го должи на актерите, тогаш тие почнуваат да наметнуваат услови, па дури и да го кројат сценариото. Не е многу поинаку и со нас: никогаш не дознавме кој беше режисерот, а кои актерите (за статисти барем знаеме дека ги имаше многу). Може да се претпостави дека режисери имаше повеќе, а актерите им беа/се лојални на оној кој им плаќа подобро. Режисерите се свесни дека без своите актери никогаш не би станале успешни (политичари); уште повеќе, без сапунската опера би престанала да постои потребата и од режисери и од актери...

На почетокот на 2005-та, Македонија останува заложник на нечија потреба да нé држи во 'блажено' незнаење, заборав, но и сензитивност на дозираните пресврти во бескрајниот сапунски конфликт. Во екот на кондовските случувања, еден воен аналитичар го беше посетил селото и на прашањето до вооружените лица колкав е нивниот број, добил одговор: „Онолку колку што е потребно!" Токму така, епизодите на серијалот Танушевци-Кондово-итн. ќе се нижат сé додека има актери, режисери, но и публика. Нивниот број ќе се намалува-зголемува (согласно балон тактиката), ќе се појавуваат нови херои кои ќе ги предизвикуваат старите; фантомските имиња ќе добиваат најпрвин глас (со телефонско јавување), потоа лик (слика на насловна страна), сé до кулминацијата - влегување во ешалоните на власта.

Најпатетична во нашава шарада е публиката, т.е. ние, кутрите посматрачи! И не сфаќаме дека сме станале зависници

од нивните епизоди, дека едвај чекаме адреналинот да ни го подигнат ТВ вестите и ударните наслови на весниците. Дури и наивно веруваме дека сме *само* гледачи, не сфаќаме дека сцената веќе се преселила и во гледалиштето - дека *ние* сме статистите, оние за чии судбини и глави станува збор, додека оние актерите профитираат заради нас и на наша сметка.

Во 2005-та година Македонија ќе се соочи со низа предизвици. Тука не станува збор само на она што постојано ни го повторуваат: завршната фаза на имплементација на Охридскиот договор, реформите за НАТО/ЕУ, отпочнување на преговорите за финалниот статус на Косово, итн. За да сите овие предизвици ги пречекаме подготвени, ќе мораме да одбиеме да ја гледаме сапунската опера која започна 2001-та (па и пред неа), да престанеме да бидеме статисти и адикти од возбудувањата кои таа ги носи, на некои актери треба да им кажеме дека вистинската сцена им е во косовската фарса, а не тука. Тука, пак, треба да расчистиме со лажните ‘народни херои’ чиј подем им го должат на актери од други драми (косовската, хрватската, итн.) и на добро платени експерти (за војување).

Конечно, треба да престанеме да забораваме. Нашиот заборав е клучот на механизамот со кој нé манипулираат. Некој „пали и гаси” според сопствена желба, сметајќи на тоа дека како и да е, на крајот и тоа ќе го проголтаме. За 2005-та да не се престори во 2001-та, треба да се соочиме со вистината за нашиот конфликт. Вистината може да биде и тажна и патетична, но може да донесе олеснување доколку се покаже дека вистинските актери не беа граѓаните на Македонија, онака како што ниту во Кондово актери не беа неговите жители.

(„***Македонско сонце***“, 30 декември 2004)

## ЗАДОЦНЕТО ПАЛЕЊЕ: СУДБИНА ИЛИ ...

Историска судбина или нешто друго, но Македонија е секогаш чекор зад другите во регионот. Почнувајќи од она за доцнењето на (Крале) Марко на Косово, па до пристигнувањето на агендата на Хашкиот трибунал (секако, преку ‘задоцнетото’

избивање на македонскиот конфликт десет години по распадот на Југославија), сé некако 'каскаме' зад настаните - за добро или за зло! Тоа можеби и не е трагично, но што да се каже кога, додека настаните да дојдат до нас, сé се претвора во пародија?! Сé уште немаме дефиниција за 2001-та - војна, конфликт, воена криза или нешто друго? Некои педантни воени аналитичари ќе ви кажат дека директните воени дејствија (значи, не 'шенлучење', пукни овде - па пукни онде) траеле не повеќе од вкупно пет часа. Дебатите поврзани за конфликтите во поранешна Југославија редовно прават да се чувствуваме (за среќа) 'инфериорни' било кога станува збор за загинати, раселени или исчезнати: таму тие се мерат со стотици илјади. Но, без оглед како *ние* чувствуваме за нашата мала војна (во странство некои ја оквалификуваа како наместена), Хаг нé потсети дека формално-правно сме сé уште дел на југословенската приказна, барем кога станува збор за одговорност за воени злосторства.

Македонија го фати „последниот воз" и во Хаг, за жал, со обвинение за командна одговорност на Министерот за внатрешни работи. Премиерот и претседателот како да се разбудиле од сон, па се „изненаѓени и увреѓени". Одеднаш, оние кои до вчера не се воздржуваа од навредливи атрибути за „Слаткарот" и „Братот" Љубе, се сетија дека обвинението не било за каков било воен злосторник, туку за припадник на тогашната Влада на национален спас. Одеднаш Бошковски станува граѓанин на Република Македонија, а не озлогласениот политички противник на чија душа (и без судска разврска) се ставаа најтешки дејанија. Но, дали се свесни дека тој беше министер во Влада која коалицираа четирите водечки партии од двата етнички блока? Интересно, Бошковски ќе биде втор по висината на рангот на политичка или воена позиција на обвинетите, веднаш зад Милошевиќ, како шеф на држава. (Караџиќ и Младиќ се, сепак, само претставници на парадржава).

Пораките на политичарите наликуваат на ламентирање и барање на баланс и етничка правда. Секако, повторно вината се префрла на меѓународната заедница, сега оличена во Хаг. Трибуналот, пак, беше воспоставен за да ја индивидуализира вината и процесуира воените злосторства, т.е. да ја прекине практиката на етикетирање на цели нации како злосторнички или, пак, нации-жртви. Според меѓународното право ниту жртвата,

ниту напаѓачот не се амнестираат за воени злосторства. Правната категорија командна одговорност (за која се терети Бошковски) не носи национален предзнак и не е замка за водачите од редовите на кој било народ, туку е општоприфатен начин оние кои, не извршувајќи ја својата должност, овозможиле да се чинат злосторства, за тоа и да одговараат. Органите на меѓународната правда ќе треба да одлучат за тоа дали постои вина или не, и тоа врз стриктна правна процедура. Судењето на Бошковски нема да биде судење на македонскиот народ или амнестирање на албанската страна. Она што Бошковски го квалификуваше кај Карла Дел Понте е високиот политички калибар, бидејќи во своето мандатување таа стана позната по својата амбиција (опсесија!?) да финишира во голем стил со судење на „големите риби" или т.н. инженери на војната. Така, сосема патетично, Бошковски неочекувано се најде рамо до рамо со злосторници од типот на Милошевиќ или Шешељ...

Иронијата на судбината како да сакала да подигне на таков пиедестал човек кој ја исфингира големата победа на Тетовското кале, каде ја прогласи најголемата победа од времето на Александар Македонски, додека неговите соработници носеа оружје и ја местеа сцената која требаше да ја поддржи таквата реторика. За жал, сé уште никој гласно не кажува (во странство за тоа на големо се пишува) дека победата на Љубе беше купена со пари на Мендух Тачи и аранжирана со мобилни телефони со борците на Ахмети. Листата на оние кои носат политичка, правна и морална одговорност е голема, но сега да застанеме на аспектите на правдата и одговорноста за воени злосторства.

Фокусирањето на тоа *дали* и *кои* случаи од несреќната серија ќе бидат предмет на судска завршница не е ни мал дел од комплексот на прашања на кои, како и другите екс-југословенски општества, ќе мораме да си одговориме ако сакаме траен мир и демократија. Тоа што Хашкиот трибунал одлучил да процесуира само еден случај не значи амнестирање на сторителите на останатите дела. Политичка елита бара етнички баланс во правдата, и парадира пред јавноста со некакво задоцнето државничко чувство. Ако е целта да им се додвори на македонските гласачи и да покаже 'машки' став, се чини, за тоа е доцна. Правдата и неправдата ја чинат не апстрактни етничките ентитети, туку поединци. Ако е ова правна држава, националното судство ќе се

справи и со останатите дела, кои заради скорото завршување на работата на Трибуналот остануваат на наша душа. Овде не станува збор за скорови и фудбалски резултати, бидејќи мирот, правдата и помирувањето ќе завладеат само тогаш кога секој кој сторил воено злосторство понесе индивидуална одговорност за делото. Сите ние, припадници на различните етнички заедници треба да покажеме доблест да кажеме дека не ги амнестираме злосторствата сторени во име на ничија национална кауза.

Наместо да ни фрла пепел во очите, Владата (вклучувајќи го, секако, и албанскиот партнер) може многу да стори на овој план. Ако навистина сака, не мора да чека или да се „вади" на Хаг: доволно ќе биде да дозволи (не го спречи), на пример, отворањето на прашањето на одговорноста актуелниот министер за земјоделство, шумарство и -замислете! - ***водостопанство*** за случајот затворање на Липковската брана? Дали Хаг ни е крив што командантот Лека (според официјалните соопштенија) останува надвор од дофатот на правдата, додека парадира како неков конфликтен медијатор низ Кондово, а Ахмети ги користи неговите услуги!!? Останува горчливото чувство дека принципот на правна одговорност не се ни помислува да се примени врз лидерите на ОНА - Ахмети и Острени - не заради поттикнување и водење на воените дејствија во 2001-та (таа приказна заврши онака како што заврши, со Охридскиот договор) - туку заради истите причини заради кои се покренува одговорноста на Бошковски. Остени во интервју се амнестираше од вина за масакрот во Вејце бидејќи во војна, според него, било нормално (?!) да има такви случаи, грубо негирајќи ги нормите на меѓународното хуманитарно право. Ќе има ли доблест ова општество да се зафати со она што се вика соочување со конфликтното минато, а да не зборуваме за она што се вика каење и катарза? Или можеби, ако нашиот конфликт, нашата мала војна беше навистина полна со елементи на фарса, дали можеби наместо некакви приказни за постконфликтно помирување треба само да доволиме да функционира правната држава, кон сите - без исклучок и без политички калкулации за наводно чување на „мирот во куќата" со затворање на очите за воените злосторства направени од толку важните коалициони партнери?

Нека престанат да ни фрлаат пепел во очите, или уште повеќе да очекуваат самите да се посипеме со пепел и да

признаеме некакви историски или национални вини. Ако се навистина државници, и ако им сакаат добро на граѓаните, нека почнат од себе и тие околу себе. Нека размислуваат гласно за тоа што ги натерало да земат оружје в рака, нека кажат дали сметаат дека за остварување на некои каузи човечките животи не се важни? Нека не ни (си) подметнуваат кукавичји јајца во вид на лица кои се на црна листа за тероризам и нека престанат да си ги намируваат долговите од своите воени играрии и политички пазарења на наш грб.

(*„Дневник“*, 22 јануари 2005)

## ПРАВЕДНА ИЛИ НЕ, МОЈА ТАТКОВИНА!

Right or wrong, my country! Праведна или не, моја татковина! Тоe е рефренот на американскиот патриотизам, кредо на националната политика уште пред да биде за прв пат изговорено (во 1816 година). Тоа денес најдобро се потврдува во односот на САД спрема Меѓународниот кривичен суд. Тоа е само парафраза на Ничеовската теза дека татковината е над доброто и злото. Уште повеќе, САД се над меѓународната правда, бидејќи меѓународното право било (наводно) креирано за сите освен за Хегемонот. Нашата полтронска власт сесрдно ја поддржа ваквата правда скроена по мерка на САД со потпишувањето на билатералната спогодба за изземање на американските граѓани од јурисдикцијата на судот, но сега тоа не е прашање на денот. Дури е и заборавено дека погазувањето на обврските спрема Меѓународниот суд беше сторено заради (наводниот) државнички сенс за националниот интерес, за да сме стасале пред портите на НАТО со помошта на САД. Оттогаш, впрочем, замижуваме на многу поголеми работи, како што е учеството во нелегалната и неморална војна во Ирак (дали има уште некој наивен да верува дека сме во мировна пост-конфликтна мисија?!). На вакви аргументи, нашиве државници ќе ви кажат дека немате врска од реалполитик, не сте прагматичен за да го препознаете националниот интерес кој е над правото и моралот (right or wrong, my country, зар не?). И конечно, кога немаат друг аргумент ќе ви кажат

дека сте само жена, која не аргументира врз основа на знаење и принципи, туку низ емоции и морализирање, кое никому не му е потребно.

Слушајќи ги како се пренемагаат и ламентираат околу двете хашки обвиненија, можам да им возвратам со иста мерка: дека поим немаат од реал политика и дека се однесуваат како 'жени' (а, нивните солзи ги сметам за лицемерни). Зарем ги изненадува фактот дека Трибуналот (и особено, обвинителството) станаа политички циркус (во зборовите на Цинциќ, човекот кој го предаде Милошевиќ на Хаг) уште од поодамна? Она што требаше да претставува суперего, олицетворение на универзален морален и правен авторитет, превенција на „идни Југославии" повеќе наликува на лоша правда и уште полоша политика.

Можеби и можеше да се разбере пасивноста и наивната верба дека 'оазата на мирот' Хаг не ја засега, но тој аргумент падна во вода во моментот кога конфликтот зачука и на наша врата, а ние не подготвивме дури ни Закон за соработка со Трибуналот. Не ні засегаше тоа што Трибуналот беше воспоставен со одлука на Советот за безбедност на ОН, наспроти Повелбата. Не ні засегаше тоа што САД и НАТО имаа директно (финансиско и политичко) влијание - или можеби некој веруваше дека тоа е среќна околност за нас? Страшливци и полтрони какви што сме, сметавме дека ние нема да ја исправиме кривата Дрина на меѓународниот правен поредок, кој воспостави Трибунал со нарушен морален, правен и политички кредибилитет. Трибуналот тврди дека настапува во име на хуманоста, а всушност дејствува во име на апстрактен, или поточно, непостоечки ентитет. Во праксата, ентитетот е дефиниран од глобалните моќници. На пример, САД кој е најголемиот должник на ООН, дарежливо го направи Трибуналот зависен од неговата каса. Државата која не го признава Меѓународниот суд му кумуваше на создавањето на Трибуналот за воени злосторства извршени на територија на поранешна Југославија. Во првичното обраќање во случајот на Милошевиќ, обвинителката Дел Понте изјави дека меѓународното хуманирано право е грижа на сите луѓе на светот. Но, набргу се покажа дека најмалку фајде видоа вистинските жртви и нивните најблиски. Во својата опсесија да се изнесат пред лицето на правдата "инжењерите на војните" (од кои некои побрзаа да си починат навреме), почнаа најбескрупулозни пазарења со

непосредните извршители, силувачи и егзекутори; нивните злодела беа сметани за помалку важни во однос на 'големата цел' да се најдат докази и да се осуди Милошевиќ или некој од голем калибар.

Како се приближуваше крајниот рок за подигнување на нови обвиненија, пред конечното затворање на Трибуналот во 2008 година, амбициите на Дел Понте нараснуваа до ниво на желба да ја напише историјата на балканските конфликти, па дури и по цена со тоа да го посее семето на идните конфликти. Дури и најпринципиелните поддрувачи на идејата дека дури и 'нашите' херои, доколку се сторители на воени злосторства, треба да одговараат, укажуваат дека најчесто ефектите од сфаќањето на правдата а ла Дел Понте беа спротивни и опасни. Во Хрватска масите извикуваа „Сите ние сме Норац", а во Србија популарноста на Милошевиќ порасна до невидени размери. Наместо да се поттикне соочувањето со злосторствата сторени во име на сопствената нација/кауза, нациите се солидаризираа почесто со сторителите отколку со жртвите. Моралната катарза е одложена за некое друго време... Дури и ентузијазмот за членство во ЕУ, ако цената за членството е погазување на она што се смета за национална чест, големо мнозинство на Хрвати е подготвено да го отфрли. Во основа, Хаг како да стори сé да ја зајакне десната националистичка опозиција, ги разбуди теориите на светски заговор, дури и кај оние кои не веруваат во непогрешивоста на сопствената нација/држава.

Коментирајќи го судењето на Милошевиќ, една српска интелектуалка изјави дека најмногу му се лути на Трибуналот што Милошевиќ дури ќе ѝ го направи симпатичен. Не можам а да не помислам дека, како тргнале работите, наскоро и мене ќе ми стане симпатичен човекот, кој долго го сметав за некадарен, па дури и одговорен за начинот на кој се справивме со кризата од 2001 година. Патетично е да се каже дека Бошковски може да се вброи меѓу инженерите на југословенските конфликти! Како да го кажете тоа за човек кој, како дете, уживаше во некој свој филм и себе-перцепцијата за голем национален херој, и тоа во време кога на земјата ѝ требаше одлучно и високопрофесионално водство?? Веројатно како што Милошевиќ можеше лесно да биде осуден од сопствениот народ за сета несреќа што ѝ ја донесе на Србија, не за поттикнување на војните, туку за нивното губење

надополнето со корупција и криминал, и ние веројатно имавме што да кажеме за многу актери на нашата 'мала војна'. Зошто, простете, Бошковски не беше сам! Рамо до рамо со него беше коалициониот партнер и министерот за одбрана (Бучковски), за врховниот командант и да не говориме, како и за целокупната албанска елита од тоа време.

Етнонационализмот не се изразува само негативниот, понижувачки однос кон Другиот, туку и во безпоговорната љубов кон Своите. Според Орвел, националистите не само што не ги осудуваат злосторствата сторени од Своите, туку имаат неверојатна способност да не ни слушнат за постоењето на такви злосторства. Не се сложувам со американската верзија на патриотизмот за мојата татковина, праведна или не! Мојата татковина не е и не смее да биде над човечноста и правдата. Љубовта за мојот народ не е амнестија за оние кои сториле злосторства во мое име и во името на мојата татковина. Жално е ако, под изговор дека се нема доволно правничко образование (како да е тоа потребно за да препознаете грозоморен чин), се тврди дека во војната е нормално да се случуваат секакви стравотии и дека на непријателот не му се носи баклава, туку се настојува да му се свирне куршум в чело. Колку и да звучи апсурдно, сепак, постојат правила на војување, чија цел е колку е тоа можно да се хуманизираат односите меѓу завојуваните страни. Затоа, на повредениот и онеспособен непријател му се пружа медицинска помош, а не се дотепува. Цивилите се предмет на највисока заштита - ама од сите инволвирани страни во конфликтот. Дури и лаички да го погледнеме случајот Љуботен, па излегува дека при т.н. инцидент со мината, силите на ОНА ги прекршиле правилата и обичаите на војувањето со самиот факт што не дозволиле на повредените да им биде дадена прва помош и да бидат дислоцирани од местото на вооружената пресметка. Ќе оставиме Трибуналот (каков таков) да одлучи што навистина се случувало на 12 август 2001-та, но за 'јунаците' од ОНА останува јавно да им одговорат на своите зошто толку храбро се криеле во цивилни објекти и така ги загрозиле животите на невините?

Ќе оставиме ли Дел Понте да ни ја напише приказната за тоа што навистина се случи во 2001-та? Некои велат дека има две приказни за кризата, но некои се уште поексплицитни во укажувањето дека Македонците воопшто немаат приказна. Албан-

ците, за жал, се држат до максимата right or wrong, my nation - или поинаку кажано, мојот народ е над моралот и злото. Изгледа, сите сега чекаат некој друг да ни ги реши моралните, правните и политичките дилеми, таму некаде во Хаг (или Вашингтон). Само чекам да го видам моментот кога некој правнички авторитет ќе се осмели да го започне судењето на фамозните четири преостанати случаи за воени злосторства сторени од припадниците на ОНА! Веројатно и тогаш некој ќе им шепне дека нашиот голем лобист за членство во НАТО (САД) нема да биде воодушевен ако се отвори прашањето за тоа кој е right or wrong.

(„***Македонско сонце***", 8 април 2005)

## ПРАВО ДА СЕ ЗНАЕ ШТО СЕ СЛУЧИ

Македонија е жртва на сопствениот успех, или барем на успехот што во нас го гледа меѓународната заедница. А не е воопшто лесно да го носите на плеќи имиџот на парадигматски случај на постконфликтно опоравување. Во име на таквиот мир и перспектива, што други ги дефинираат, а притоа ви покажуваат морков и стап, моравме да проголтаме многу работи, кои немаат никаква врска со градење на мултиетничко општество или демократија. Да не одиме понатаму од она што ни го донесе територијалната организација, која богами сега ќе се заокружи со симболите (бидејќи, ќе се сложите, не бива територија без ознаки и гордо исправени знамиња).

За четири години некои работи се смирија, некои само си ги заменија местата и имињата, некои ги подзаборавивме, а на некои се навикнавме. Во име на перспективите за асоцирање во НАТО/ЕУ како колективно да се сложивме да не зборуваме за состојбата која е колебање помеѓу кршлив мир и недовршен конфликт. Но, за беља, постојано ќе се најде некој да нé потсети на тоа, без оглед дали станува збор за старите актери (Георгиевски, Џафери) или некои нови згодни мажи (Красниќи). Оние во власта се преправаат дека имаат тотална анмезија, и секое споменување на конфликтот за нив е дамно минато време, а дебатата за него "чиста глупост". За жал, оние кои страдаа,

директно или индиректно, се неми, немоќни и немаат начин да ја искажат својата незавршена мака и траума.

Да потсетиме на неколку интересни детаљи за нашата "мала војна". Таа беше со најмалку жртви и со најмало времетраење во споредба со сите други конфликти во поранешна Југославија. До денес никој не ја знае бројката на загинати припадници на ОНА, а паметници никнуваат како печурки по дожд. Никој не се осмелува правно да ја дефинира 2001 година. Суштинските прашања за причините на насилството, контроверзите за некои воени акции и за вистинската димензија на последиците на конфликтот - остануваат без одговор. Мировниот процес покажа позитивни резултати: елитите се помирија, имаме политички и правни реформи, иако се изведоа често пати на непринципиелен начин. На крајот излегува дека резултатите ги гледате горе, а за оние доле никому не му е грижа. Ќе ви кажат, луѓето се само колатерална штета, ама важно по 2001 година сме станале пример на мултиетнички рај (?!).

Постохридска Македонија останува заробена во нова виртуелна стварност (како онаа од времето на оазата на мирот). Општеството, оставено во вакуум, се прашува што тоа навистина се случи. Оставено без упатство или помош да ја разбере предконфликтната и постконфликтната ситуација, тоа лесно станува плен на нов бран на етнополитичка манипулација. За шестмесечниот конфликт имаме многу повеќе неразјаснети отколку веродостојни детали, и уште поважно, централното прашање *шѿо се случи* и *зошѿо* останува адут во политичките пресметки.

По 2001 година, Македонија стана земја во која насилството се легитимира. Уште полошо, јакне културното насилство проследено со нови симболи, херои и маченици. Физичкото (директното) насилство е редуцирано, но високо криминализирано. Реформите не само што не го санираа општественото ткиво, туку ја продлабочија фрагментацијата, а јазот и меѓуетничката недоверба се продлабочуваат особено во процесот на децентрализацијата. Сето тоа е убаво затскриено и спакувано во приказната за патот кон ЕУ. Секој кој ќе проговори за состојбите ризикува да биде наречен непријател на мирот.

Малкумина покажаа интерес за справување со минатото, иако ова, несомнено болно и сложено прашање, е неизбежен

дел на постконфликтното градење на мирот. Нашиве набрзина опфатија толку широка амнестија, која ја изгуби правната смисла. При тоа заборавија да кажат дека ако некому му се простува учеството во насилство, не може истовремено да се претставува како државник и херој. Од парламентарните избори во 2002 година наметнат е пристапот кој проповеда само поглед кон иднината. На прв поглед, звучи рационално и конструктивно, но го заборава општествениот реалитет. Справувањето со минатото е соочување со корените на насилството, кршењето на човековите права, социјалната неправда и хуманата небезбедност. Тоа, исто така, се однесува на соочувањето со вистината за грдиот дел на историјата, преземањето на одговорноста и отворање на патот кон демократска иднина која ќе биде заснована на научените лекции. Соочувањето со минатото значи и каење за стореното насилство, па дури и барање прошка. Кај нас, сé се сведе на онаа старата тури му пепел, а власта со својата магична моќ ги смири 'лутите непријатели'.

Не постојат рецепти или единствен метод за справување со минатото. Интеракцијата помеѓу помнењето, заборавањето и чекорењето напред во периодот по насилството е комплексен и специфичен за секоја земја. Иницијативи се покренати во регионот, но Македонија ова прашање не го ни покренува, ниту препознава неговото значење. А кој знае, можеби нам тоа навистина не ни е потребно, со оглед на сета апсурдност и патетика на 'конфликтот'. (Слушајќи ги толкувањата на оние кои се повикани да знаат што се случи, се присетувам на една изјава на војник на поранешната ЈНА во текот на "оперета војната" во Словенија. Се сеќавате ли кога голобрадото момче пред камерите на Јутел брлијантно ја опиша ситуацијата, велејќи "па, ете, тие као напаѓаат, а ние као се браниме").

Интересно, ама не и чудно, низа иницијативи на цивилниот сектор за ангажирање на политичарите во процесот на соочување со минатото остана без одек. И меѓународната заедница не преферира бранувања. Досегашните обиди се сопнуваат не на прашањата „зошто", туку „кој" беше актер во 2001-та и со каква цел. Граѓаните имаат право да знаат што се случи, во име на што беа 'колатерална штета', и во име на што сé до денес им се закануваат дека мораат да ги прифатат реформите затоа што тие ги носеле во Европа (се сеќавате на британскиот часовник од 2004-

та, нели?).

Не сфаќам како е можно да се тргне во јавен линч на само еден партнер во Охридските преговори (ВМРО), а другиот (ДПА) да не се ни зема сериозно (демек, од него ионака не сме очекувале лојалност)!? Уште помалку разбирам во што е разликата помеѓу разговори за поделба на земјата пред или во текот на конфликтот?! Имаме право да знаеме кој и зошто го промовираше оној маж со книга в раце, и чија понуда за делба тој наводно 'патриотски' одбил? Од целиот галиматијас кој ни се отплеткува пред очите, а без претензии да се дојде до „вистинската вистина", се наметнува поразувачки впечаток: никој од политичарите не ја вршел должноста да ја брани татковината! Единствено Ахмети е чесен во делот на признавање на учеството во насилството, ама пак со закачка: демек, се борел на подобра и унитарна држава! На крајот, навистина ќе излезе дека во 2001 имало куп дилови од типот на сапунските опери (секој со секого), а вината за наводен граѓански конфликт ја префрлија на граѓаните. Каква хипокризија, дури и денес ни се закануваат дека ако не прифатиме ова или она, ќе ни се повтори 2001-та. Па, драги господа, 2001-та во секој случај вие ја изрежиравте, а не гледам кој може да ве спречи во нејзиното репризирање (можеби сега во мини-серија од типот на Кондово).

Ако се размисли подобро околу можните дилови во и по 2001 година, изгледа дека позицијата и опозицијата воопшто не се разликуваат. Сите имаат/имале за цел поделба на териториите и населението, и тоа по мирен пат, за да се спречи крвопролевање(!?). Еве, малку и да шпекулираме (во отсуство на цврсти и проверливи факти): едните сакале отворена и експлицитна поделба (ако треба и со ѕидови), а другиве пред наши очи и при здрав разум нé прават будали и слепи, па нé убедуваат дека реформиве значеле јакнење на унитарната држава. Каква е таа унитарна и демократска држава во која нема граѓани, а има заедници? Каква е таа држава во која граѓаните не застануваат под исто знаме? Поголема етнизација на државата од вештачкото цртање на општинските граници - здравје! Практично укинување на можноста да се искажете како граѓанин на референдум или во парламентот, зарем тоа не е поделба - можеби не територијална, ама длабинска, суштинска!? Децата ги затвораме во образовни гета, за да комуницираме се повеќе ни треба техника (слушалки),

а сé помалку се слушаме и разговараме, затоа што одлуките некој веќе ги стокмил по вонинституционален пат. Колку едната верзија за поделбата на Македонија ќе се разликуваше од оваа што денес ја живееме? И, секако, повторно останува прашањето „кој", а не „зошто". Не, не дека одговорот на прашањето „кој" ќе промени нешто, ама барем во име на правото да знаеме треба да инсистираме на него.

(„***Македонско сонце***", 17 јуни 2005)

## УШТЕ ЕДНО ДОЛГО ТОПЛО ЛЕТО?

Времето како да застанало. Историскиот часовник отчукува за сите, освен за нас. Овде сé уште се водат дебати за идентитети, територии и знамиња... Ме фаќа срам кога треба на оние однадвор да им објаснам за што, всушност, станува збор. Помирливо прифаќам дека повторно ќе бидам обележана како националист, како 'грев' од највисок вид во една одамна поделена земја, во земја во која лицемерието и кукавичлукот не дозволуваат да ги именувате нештата со вистинските имиња. Минатата година се цртаа граници (општински наводно, а етнички во суштина), сега нацртаната територија треба да се накити со симболи. Само идеалистите сé уште сонуваат и застапуваат теза за политичка нација, за нација на граѓани со дигнитет и пристоен живот - и за тоа го плаќаат цехот и бидаат етикетирани како радикали и националисти. Оние, 'кооперативните', кои прифаќаат сé во име на европската иднина, па дури и кога цената е прифаќање на принципи од 19-от век, тие се нашата водечка сила, 'авангарда'. Колку потивки и невидливи, толку поавангардни и про-европски ориентирани...

Овде сé уште се водат разговори на глуви, 'дебати' врз основа на сé, освен врз аргументи и правни принципи. Работите си врват онака како што си наумиле оние за кои не постои нешто во врска со што не би направиле компромис, само за да останат на власт... Затоа и не очекувам претерано топло лето, ни налик на она од 2004-та. Веќе е јасно дека сме си клекнале на брашно и дека нема да има сила да се обиде да смени нешто ниту во

решенијата за употребата на знамињата, ниту во поглед на нешто друго важно за заедниците. Зарем минатогодишната јавна и експертска дебата не се водеше со потенцирање на норми на меѓународно право, компаративни искуства во децентрализацијата? Го читавме и пре-прочитувавме ‘Светото писмо’ на нашето време (Охридскиот ни договор), што на оригиналната англиска верзија, што на македонската/албанската - и пак не се разбравме, освен што Ајнштајновски заклучивме дека сé е релативно - и дека сé зависи од аргументот на силата/моќта, а не силата на аргументите.

Веќе звучи патетично да кажувате дека според меѓународните правила и обичаи се знае каде се истакнуваат знамиња на странски држави и што тоа значи. Ќе ви кажат: „Да, така е, ама тоа е т.н. меко меѓународно право"; демек, немало цврста норма, конвенција која би пропишала каде и зошто се користат државните знамиња. Можеби е така, ама заборавaат дека меѓународното право е создадено од сериозни држави кои во процесот влегле со дефинирани имиња, територии, население и знамиња. Проблемот не е во тоа што меѓународното право било меко, туку во тоа што сме ние мека (банана) држава.

Тогаш почнувате да укажувате дека постојат општоприфатени стандарди, според кои е забранета употреба на знамиња на странски држави како знамиња на етничка, јазичка или културна заедница. Зборувате за примерот на Белгија, Швајцарија, па дури и Албанија - ама одговорот на другата страна е спремен. „Да, така е, ама што е со употребата на данското знаме во пограничниот регион во Германија (Фленсбург) каде данското малцинство го вее знамето на својата матична држава?". Токму така, малцинството го вее знамето (иако, обратно, Данска го има забрането употребата на германското знаме на своја територија, иако има германско малцинство), ама не претендира да биде конститутивен народ и го чини тоа само во функција на изразување на културниот, а не политичкиот (макар и на локално ниво) идентитет. Политичарите и политички коректните интелектуалци како рефрен повторуваат „Ама, ние сме специфични, па затоа за нас не важат општоприфатените стандарди". Се сложувам, вакво ‘чудо од држава’ не би виреела никаде, а и такви политичари во нормални држави одамна би си барале други професии.

Веќе четири години нема расправа на посериозна тема, а да не се судрите со фактот дека Охридскиот договор е „алфа и омега" (дури и кога зборувате за парнична постапка). Ако минатата година се расправавме за духот на одредбата која претпоставуваше **ревизија** на општинските граници, со **учество на локалните власти**, и во согласност со **меѓународните стандарди** - денес одиме „Јово, на ново". Па, велиме, Рамковниот договор не зборува за знамиња, туку за употреба на амблемите на заедниците, а пак се повикуваме на меѓународни стандарди. Значи, не станува збор за проблематизирање на употребата на симболот на двоглавиот орел, ако некој во срце и во вени го чувствува како свој, ама сериозна држава не смее да прифати виорење на знаме на туѓа држава пред органите на државната власт на локално ниво. Освен тоа, Рамковниот договор е јасен кога вели дека амблемите на заедниците ќе се истакнуваат само пред локални јавни установи, но не и пред оние кои ги основа државата и кои, како такви се израз на суверенитетот на граѓаните, а не на заедниците.

Флексибилното толкување на Рамковниот, еве, и да им го простите (може, кутрите, толку знаат англиски, а автентично толкување не можете да барате зошто не ја знаете вистинската адреса). Ама, како да им простите што не си ги знаат ни националните прописи? Читаат ли Устав кога вели дека суверенитетот е неделлив, неотуѓив и непренослив, или, пак, дека територијата на Републиката е неделива и неотуѓива? Предлогзаконот за употреба на знамињата на заедниците директно е во колизија и со постојните норми (Законот за употреба на грбот, знамето и химната).

Би можеле вака да си аргументираме и докажуваме, без каква било  надеж дека некој сака да чуе. Напротив, политичарите се жалат на 'тежината на својата задача во помирувањето на концептите и правото со реалностите во Републиката'. Припадниците, пак, на заедниците (туку,ај да кажеме - на албанската заедница) ќе ви кажат дека сте националист кој со сила (?!) им натура поинакви симболи од оние кои тие ги чувствуваат како свои. Без око да им трепне, ќе ви речат дека сигурно подготвувате научен труд кога толку сте се размафтале со документи, компаративни анализи, правни толкувања. Ним, простете, не им треба ништо од тоа, затоа што највисокиот ар-

гумент се сентиментите, колективното чувство и право. Ви се потсмеваат што сé уште пристапувате на дебатата со правни и демократски аргументи, додека тие се на вистинската (да не речам, победничката) страна кога ви продаваат концепти за некаква мултиетничност. Само понекој ќе собере храброст да каже дека мултиетничноста овде умре 2001-та...

На крајот на експертската дебата се чувствувате бедно. Останува да виси прашањето за тоа какво и кое знаме на заедницата, а покрај или под државното, ќе се вее во општините каде Македонците се мнозинство? Сите бегаат од неизговореното прашање: дали се Македонците „заедница" во уставна смисла? Еден од творците на Уставот вели дека не се, затоа што тоа било јасно од Преамбулата, која ја содржи дефиницијата за држава на македонскиот народ (заборавајќи притоа дека нормативниот дел, а за практиката и да не зборуваме, вели нешто сосема друго). Сега веќе не знам дали да се радувам што не сме заедница, ама дали сме народ? Ни жена, ни риба - мора да сме малата сирена! И не ми е криво што Албанците во свеста носат симбол од 15-тиот век (знамето на Скендербег), ама имам проблем да се сетам кој е оној најстар симбол што моите деца ќе го носат во свеста (а кој и во мое време се црта и прецртува на конкурс)? Ми кажува пријател дека при запишувањето на синот во средно училиште требал да пополни формулар во кој стоела ставка за припадност на заедница.

Прашањето какви знамиња ќе се веат во доминантно македонските средини останува прашање за квиз. За сега е сигурно само дека тие ќе бидат помалку колоритни кога ќе ги посетуваат нашите државници... Всушност, остануваат неодговорени многу работи за кои дури е излишно и да поставите прашање, затоа што никој не сака да го чуе одговорот. Оваа година не ни треба слоганот некои прашања не заслужуваат одговор - туку обратно, некои одговори се толку очебијни што не заслужуваат ни да прашате на кои прашања се однесуваат. Лани се цртаа граници, оваа година се означуваат со знамиња и јазици, а од година - се знае...

(„***Македонско сонце***", 8 јули 2005)

## ПРАШАЊА, ПРАШАЊА...

Ги слуша човек оценките на политичарите, домашни и странски, за „Македонија - четири години подоцна" и не може да си поверува!? Демек, цела среќа што во 2001-та ОНА се фати за оружје за да нé поттурне до стандардите на ЕУ и НАТО! Како ли ќе се доближевме до Брисел ако не беше Охрид (виа Тетово и Зајас)? Мудруваат колку добро сме си ја подредиле државата да ни биде уште 'поунитарна', но сфаќаат ли дека истовремено го легитимираат насилството и создаваат култура на насилство? Не верувам дека некому му пречи дизајнот на пост-Охридска Македонија, си клекнавме на брашно. Но, тешко е да се прифати дека целта ги оправдува средствата, па макар тоа била нова Македонија, како заеднички дом - не на граѓаните, туку - на заедниците! Се изнаслушавме оценки на политичарите и експертите, ама колку и да се тие издржани или прагматични има неколку 'закачки' што ја поматуваат целата слика (ако таа воопшто некогаш била јасна). Да почнеме со ред:

Велат, со Рамковниот договор бил окончан шестмесечниот конфликт. Тоа можат да го кажат само луѓе кои не знаат или не сакаат да признаат дека конфликтот има циклична природа и дека никогаш не е поврзан само со фазата на пројавување на физичко насилство и неговата ескалација. Рамковниот ги прекина непријателствата, а конфликтот влезе во нова фаза - а крајниот исход, не се знае никогаш ако одите из циклуси, и особено ако не учите на грешките од минатото. Оттука, две суштински прашања: **што беше причината** за избивање на насилството и **какви се резултатите** од постконфликтната реконструкција на општеството?

Велат, Рамковниот бил мировен договор. Но, каков е тој договор потпишан од страна на лидери на партии, кои сочинуваа дел на Влада на национален спас, и кои нели (така говореше Солана) вредно работеа на мирот, а не војуваа едни против други? Сенката на ОНА висеше некаде во коридорите (Пердју се колне дека никогаш не го сретнал Ахмети и дека немал комуникација со ОНА за време на преговорите; Боже, Боже, каков талент за телепатија, им ги исполнија сите желби во нивно отсуство!?). Но,

денес сенката стана видлива: таа е единствената што празнува (со две знамиња дури, што дефинитивно ме убеди дека Ахмети не сака Голема Албанија).

Тврдат, со потпишувањето на Договорот дошло до помирување меѓу албанската и македонската заедница и дека Македонија станала постабилна и подемократска. Ако е така, тогаш некој треба да добие Нобелова награда за мир, бидејќи во историјата знае за создавање на држави по пат на насилство, ама не и на демократија; а реконцилијацијата **започнува, а не завршува** со стивнување на оружјето. Ако и воопшто има успешни примери на тој тежок пат, тогаш во нив напори вградиле барем неколку генерации. Останува да одлучиме дали имаме амнезија или сме светски шампиони во пост-конфликтно градење на мирот? И најважно: да простат и да се помират можат само оние кои страдале, а не нивните политички претставници. Вака, излегува дека заради помирување сме морале да влеземе во конфликт? А во пресметките, сепак, не учествуваа граѓаните.

Велат, редизајнирањето на политичкиот систем било засновано на добри и прагматични елементи. Но, сите се оглушија на аргументираните укажувања дека во Македонија недостасуваат токму оние елементи од консоцијалната демократија, кои обезбедуваат кохезија и одржливост. Треба ли да се спомене дека во таквиот модел најголемиот товар го носат елитите, кои низ компромис и преговарање, а не уценување и закани, доаѓаат до суштествените одлуки? Е, сега е доволно да се сетите како се договараат во нашата коалициона влада...

Велат, мирот значи демократија, а демократијата носи економски развој. Хипотетички - да, ама никој сѐ уште не кажува дека препорачаниот мировен и демократски пакет е еден од најскапите во репертоарот. Како да заживее во сиромашна земја, во која добар дел од причините за конфликтноста меѓу етничките групи лежи токму во слабите ресурси и сиромаштијата? Тука се поставува прашањето што е прво - кокошката или јајцето: ако, според логиката на политичката економија на конфликтот, нерамноправната распределба на ионака слабите ресурси довела до конфликт, тогаш како е можно да го разрешите конфликтот низ модел за кој немате средства? Тоа е маѓепсан круг на редистрибуција на сиромаштијата и фрустрациите по етничка основа. Како е можна соодветна етничка застапеност

и порационална и професионална државна администрација, ако истовремено курсисти со партиски книшки се вработуваат без конкурс, а професионалци остануваат без работа?

Велат, најголемиот проблем со кој се соочуваме е слабата држава и невладеењето на правото. Па, нели слабата држава доведе до конфликт? Зарем по конфликтот или како негова последица Македонија станала силна држава и сега може подобро да ги задоволи потребите на граѓаните?

Велат, имаме успешна приказна во пост-конфликтно градење на мирот. Ама не кажуваат дека квантниот скок во авантурата наречена политички, уставен, па и изборен инжињеринг мина без суштински мерки на пацификација, карактеристични за окончувањето на насилни конфликти. Имаше разоружување на жими-мајка, со собрани 3,000 парчиња оружје, кое наместо мерка на градење на доверба, само го продлабочи јазот. Немаше демобилизација, изведена низ евиденција и регистрација на борците на ОНА, со податоци за потеклото (што би кажало доста за тоа дали конфликтот бил домашен, или увезен), староста, образованието, степенот на инвалидизираност или истрауматизираност, итн. - по што би следеле мерки за нивна рехабилитација. Немаше ни список на загинати и на нивните семејства. Немаше ни реинтеграција на бившите борци, освен кремот на ОНА, кој не се интегрираше во цивилниот живот на обичните смртници, туку право во власта.

Ова се размисли, кои ќе останат игнорирани и во иднина, сé заради мир во куќата. Но, Солженицин вели: „Насилството може да се затскрие само со лага, а лагата може да се одржи само низ насилство. Оној кој еднаш го прокламирал насилството за свој метод, нужно е принуден да ја прифати лагата како свој принцип".

(„***Дневник***", 18 август 2005)

## ПРОДАВАЧИ НА УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

Што да се прави кога на меѓународен собир (во присуство на научни работници, но и политичари и преставници на меѓуна-

родната заедница) сте поканети да бидете еден од четворицата воведничари, кои треба да дадат оценка за успешноста на мировните договори на Балканот? Значи, имате извонредна прилика да бидете добар патриот и да ја „спомнете Македонија по добро" (како во слоганот на НВО кампањата). Можете да се покажете политички коректен, па на претставниците на меѓународната заедница би можеле да им заблагодарите за помошта во имплементацијата на Охридскиот договор. Во присуство на вашиот вицепремиер (и тајфа преведувачи околу него) би можеле да се покажете исто толку патриот, колку што е и тој самиот, кога на течен албански јазик ја продава Охридската приказна заедно со позадината за поразот на милитантниот етно-национализам (на кого, на Македонците?) кој довел до конфликти. Ах, да! Тука и е и вашиот ценет колега (автор и на Уставот и, наводно, на Охридскиот), па ако кажете збор на пофалба, ако ништо друго, ќе ве поштеди од колумнистичкото перо и богатиот речник...

Но, кога не ви е дадено да сте политички кроток, не знаете да продавате ветер и магла, кога сето она со што ве оспособила науката и критичката свест зборува во спротивна насока од хорот на професионалните оптимисти, што тогаш? Морате да си останете доследен самиот на себе. За да нема забуни и лоши интерпретации за тоа колку некои од нас се неспособни да ја увидат успешноста на нашата приказна и да им ја тутнат на другите, подобро е експлицитно да се образложи зошто научниот работник може да изгледа помалку патриот и уставобранител од некој кој не знае ни дали е научен работник, или е државник на кој не му е дадена шанса, или останал неразбран гениј во политичките сенки на изминатите петнаесетина години.

Едноставно, не се работи за некадарност, туку за одбивање да се биде лицемерен и грдата реалност да се разубавува кажувајќи го она што се очекува од вас на еден политички коректен собир. Она што го реков како ѓаволов адвокат беше (парафразирам): доста ми е од тоа мојата држава да биде успешна приказна, кога толку многу објективни показатели покажуваат дека тоа не е. Доста ми е од затворање на очите пред фактот дека патот до пеколот е поплочен со најдобри намери, а намерата да се воспостави каков-таков мир води кон тотална сегрегација во општеството; сите сме еднакви, ама некои се поеднакви од другите. Доста ми е од тоа мирот да се мери низ стабилноста на политичките ентитети

и соживотот на етничките лидери, а политичките аранжмани се толку скапи, колку и спори и ризични во однос на крајниот исход, што на крајот нè враќаат во ѓаволовиот круг на слабите држави (state security dilemma). Мерката на мирот не е отсуство на насилство, туку степенот на индивидуална безбедност за оние заради кои се потпишуваат мировните договори - обичните луѓе. Грев ли е да се праша колку чини насилството и колку чини мирот? Кој профитира од едното и од другото? Или пак во име на успешната приказна, треба да си молчиме за лошите тенденции и да си бидеме патриоти, па таман умреле во етничките стада, кои ни ги створија со цел тие да се етаблираат како единствени гаранти на мирот (кога ни војната не ја водевме ние, туку тие).

Цела среќа во светот на научната мисла има многу повеќе 'предавници', околку што може да се замисли... Штета што колегата што ја продаваше (млако додуша) Охридската погача во која и тој ставил прст, па веројатно му беше непријатно да се подложи на самокритика, замина пред да ги чуе сите дебати. Инаку, ќе ја слушнеше и најголемата 'предавничка', Американката Сузан Вудворд, која рече некои работи кои сигурно не би му се допаднале и би ѝ посветил колумна. Неблагодарно е да се парафразира друг, но да се обидам... Нејзината поента (која ѝ даде тон на дискусијата) беше дека сите меѓународни аранжмани за конфликтите во поранешна Југославија биле friendly (пријателски) спрема радикалните етнички лидери и довеле до цементирање на етничките решенија и делби. Таа решението за траен мир го побара во нешто што не е сторено: трансформација на конфликтите и создавање на услови за настапување на ново визионерско лидерство во овие држави (new imaginative leadership). Со други зборови, сè додека нè водат оние кои профитираа од конфликтите и новите уставни аранжмани, т.е. лидерите на етничките стада, сè дотогаш нема да може да се зборува за траен мир и развој.

Продавачите на успешни приказни се капитуланти и профитери: продаваат теза дека општеството е толку длабоко и неповратно поделено што единствен спас е политички аранжман што ќе ја потврди жалната состојба на теренот, а нив ќе ги направи неопходни за одржување на таквиот фрагилен мир. Ние, предавниците, сепак имаме уште малку верба дека кога ќе се најдеме на почвата која нè поврзува како човечки суштества

(fellow human beings) - низ барањата на социјална правда и живот достоен на Човек, тогаш етничките лидери кои војуваат и преговараат наводно во наше име ќе станат непотребни и ќе ги испратиме во музеите на жалната историја од која долго ќе се срамиме.

(„*Време*", 2 февруари 2006)

## ДЕСТАБИЛИЗАЦИЈАТА И ДУШЕГРИЖНИЦИТЕ

Да не е трагично, би било смешно! Пратеникот и бивш командант - или обратно, кој ќе го знае веќе - Рафис Алити му подвикна на пратеникот Хасипи (од турска националност) дека промените во уставниот систем не паѓаат од небо, ниту се дел на некакви политичко-концепциски расправи, туку дека за нив човек треба да се избори. Кај се чуло и видело да се дојде до поголеми 'човекови права' на заедницата со демократски средства и договор во парламентот!? Ако Турците или било кој друг се дрзне да се повика на Бадинтер или да побара дополнителни механизми во консоцијациската демократија - ДУИ има обврска тоа да го спречи. Тоа произлегува од нивната само-перцепција за единствени автентични и верни толкувачи на Оридскиот или уставот. Демек, овие "другиве" барале леб преку погача - ем војна не започнале, ем ниту едно село не окупирале, а сакаат резервирани седишта во парламентот, а да не зборуваме за расипувањето на би-националната 'идила'!

Како докажан 'уставотворец', Алити потврди дека за некои политиката е само продолжение на војната (за човекови права, разбира се) со поинакви средства. А да е само Алити или само Али во прашање, ќе сфати човек! Но, во хорот на нашиве 'конституционалисти' се вбројува и албанската интелигенција, која тврди дека Уставот од 1991 година бил легитимна причина за војна (casus belli); насилството било нужно, затоа што Македонците тврдоглаво одбивале да го сменат државниот систем. Во колумна Ким Мехмети ни објасни дека Албанците не пукале за да повредат некого, не биле против никого, освен против една апстракција наречена политички поредок. Значи, дечињата што

ги загубија татковците (и на двете - или поточно трите страни, ако тука ги вброиме и оние за кои денес се залага Хасипи) се само колатерална штета. Тие, во умовите на творците на новиот уставен систем, всушност, и не се жртви, бидејќи никој и не се борел против нив, нивните семејства, ниту против нивните татковци! Освен тоа, Ахмети бара да му веруваме на чесен збор дека воени злосторства не биле сторени (сериозен ли е човеков кога верува дека некој ќе падне на таа финта за неговата чесност и принципиелност!?). Така, излегува дека творците на поевропска Македонија се труделе да уништуваат и убиваат што помалку, што понежно и похумано - додека оние кои имале уставна обврска да ја бранат земјата и поредокот од секој кој насилно се обидува да го промени, биле злосторници и местото им е во Хаг!

Апсурдот го дополнува најновата препорака на Меѓународната кризна група (при споменување на нивното име на памет ми доаѓа она „Жити мајка, бате, не ме брани веќе!"). Тие сугерираат дека не би било добро да се вратат и процесиураат четирите случаи за воени злосторства од Хаг зошто тоа ќе ја 'дестабилизирало' експерименталната лабораторија наречена success story, пардон - пост-Охридска Македонија! Се прашувам од што ли тоа не заштитуваат, кога дури и судските системи на Србија или Босна се зафатија со судења за воени злосторства? Овие земји не само што минаа низ невидени злосторства, судските системи им се во фаза на консолидирање, а немаат потпишано ни договори за стабилизација и асоцијација со ЕУ. А ние, новопечената кандидатка за ЕУ, демек, не сме биле кадарни да спроведеме судска постапка за случаи кои се бројат на прстите на една рака!!

Ако успеавме да ја преживееме фарсата на 2001-та, потоа секојдневно да се носиме со закани за (нов) хаос, сите корупциски мегаскандали, а и почетокот на судскиот процес против Бошковски и Тарчуловски - како тоа ќе не дестабилизира поведување на судски постапки против бившите припадници на ОНА? Логично е да се праша дали тоа може да го наведе Ахмети да проговори за уште некои пред-договори и џентлменска "беса" што си ги разменил со оние со кои се договарал во 2001-та? Или, можеби, таа дестабилизација значи дека Ахмети може сериозно да се налути и да се попишмани, па да престане да се бави со политика? Може ќе реши да ѝ се врати на оригиналната теза на Клаузевиц

дека војната не е ништо друго, туку политика водена со други средства? Ако Македонија било како може да докаже дека е зрела демократија, тоа е преку соочување со одговорноста за воени злосторства без оглед на тоа кој е сторителот. Џентлменските договори на Ахмети и еди-кој-си не се над меѓународното право, според кое воените злосторства не застаруваат и осомничените за злосторства се изведуваат пред судовите. Бесата на Ахмети не вреди ни пет пари, а власта ќе го потврди статусот на држава кандидат за ЕУ во моментот кога ќе престане да флертува со коалиционите партнери и изборните резултати. Сакале или не, не можеме да побегнеме од сопственото минато - особено, најновото. Прашање е како ќе го премостиме, како траумите и болката ќе ги надминеме... Деновиве голем прав во јавноста крена еден проект на Хелсиншкиот Комитет, а во врска со разбирањето на блиската историја од 2001-та. Додека сите „се прават Тошо", кога никој од државата или од директните учесници не ја презема одговорноста да каже што навистина се случи во 2001-та, невладина организација го направи првиот чекор кон објаснување на случувањата низ историските читанки. Се крена бран на критика: научна, историографска, политичка! Демек, како на децата ќе им објаснуваме нешто за што немаме уште ни целосна фактичка вистина, нешто што е толку комплексно, за кое немаме отворени архиви и сл.? Дебатата си го направи своето, без оглед што мнозина останаа незадоволни: се создаде простор за расправа, наместо досегашната ноева тактика. Добро е и што медиумите конечно покрија еден проект од невладиниот сектор (инаку, чуму ти е проект ако остане не забележан и нема ефект на пошироката јавност). Сепак, тоа е само почетокот на она што мора да се изоди, без оглед што за тоа мисли Меѓународната кризна група ...

Мораме да си ја одработиме домашната задача, која има наслов „Никогаш повеќе". А тоа не се одработува со забошотување на вистината, со двојни аршини, со затворање на очите, со давање на ордени за храброст на сирачињата на бранителите, ниту со замрзнување на судските случаи. Хашкото обвинителство веќе си постави дефиниција за 2001-та, заради потребите на постапката, но и мега-амбициите на дел Понте да биде запомнета како жена која ја напишала историјата на распадот на бивша Југославија. Ние имаме друга насушна потреба: да ја

погледнеме вистина в очи, дури и кога е таа неповолна и грда.

Додека историчарите, политичарите и другите анализираат и отвораат архиви, децата растат со полувистини и со искривен вредносен кодекс во кој насилството се слави затоа што довело до 'поправеден' поредок. Во него сé е наопаку: кога зборувате против етнички граници, кога сте за либерална демократија и за еднаквост - ве етикетираат како националист и радикал! Кога велите дека Пост-Охридска Македонија е земја која повторно транзитира од сонот за граѓанско општество кон јавето на поделени општества - вие сте против Охридскиот договор и меѓународната заедница. А кога докажувате дека овој политички систем е нефункционален хибрид затоа што не ги исполнува ниту претпоставките за либерална, ниту пак на консоцијална демократија - ќе ви кажат дека не сте ја сфатиле суптилноста на уникатниот меѓународен уставен инжењеринг. А уште и ако сте подготвени да ја изговорите простата вистина дека војната и насилството се зло - тогаш ви нема спас...

(„***Македонско сонце***", 27 јануари 2006)

## ЕДНА ГОДИНА ПОДОЦНА

Се сеќавате ли на еуфоријата во пресрет на Самитот на ЕУ, на кандидатскиот статус и на огнометот и фештата на скопскиот плоштад? За волја на вистината, јас не бев од оние вдахновени со наплив на национална гордост. Наместо тоа, не можев да се ослободам од горчината од онаа „обична вест" дека стечаен работник почина буквално пред ТВ камерите. Контрастот беше преголем за да се занемари. Од една страна ветувања за отворање на рајските порти на ЕУ, а од друга - човечки животи кои се арчат и протекуваат нечујно, како зрнцата во песочниот часовник. Ме вклучија во емисија на Македонското радио, а на сиот напор да бидам рационална - постојано ми беше повторувано: „Ама вие сте песимист?" Кога одговорив дека неумерена еуфорија во време кога најсиромашните и заборавените ви умираат пред камери е непристојна, водителката во паника, ми заблагодари и ме исклучи од програмата. Оваа година, штама и

реализам. Би рекле: студен туш од овогодишниот Самит на ЕУ. Не само што Македонија не е ни приближно блиску до започнување на преговорите за полноправно членство, туку е ставена во редот на државите од регионот, кои немаат ни кандидатски статус (Србија, Босна, Албанија). Но, како и минатата година, така и оваа - изостанува дебата!

Сепак, суштинското прашање гласи: како го заслуживме кандидатскиот статус? Прашањето се смета за непристојно, затоа што функционираме според онаа „не слушам зло, не гледам зло, не говорам за злото". Одговорот може да се најде во извештаите на европските медиуми. Аналитичарите убаво си кажуваат дека ФИРОМ (простете на изразот) го добила кандидатскиот статус како поттик за градењето на мултиетничка држава. Преведено, тоа значи дека ниту имало прогрес во развојот на демократијата, ниту на економијата, ниту на капацитетот на прилагодување и прифаќање на европскиот поредок. Кандидатскиот статус дојде како награда (морков) за зачувување на стабилноста во Пост-Охридска Македонија. А идилата, да потсетиме, беше наводно нарушена со референдумското движење од 2004-та, кое тогашната Влада успешно го изменаџира (загуши) со помош на ЕУ. Залудно предупредувавме дека пропаднатиот референдум и „избоксуваниот" кандидатски статус нема да ги натераат Европејците да ни прогледаат низ прсти кога станува збор за членство. Минирајќи го референдумот, тие го чуваа сопствениот, а не нашиот интерес. Пост-Охридска Македонија е нивно чедо, нешто во што го вложиле својот кредибилитет, а со цел да се поштедат од турбуленции и грижи, кои би им тропнале на врата, и за да докажат дека имаат капацитет за менаџирање кризи.

Во времето на одржување на последниот Самит на Европскиот совет, во земјата-домаќин - Белгија - се случи медиумски настан, кој ја разниша јавноста. На прв поглед, ќе речете, што и да се случило, има мала врска со Македонија. Но, не ќе е баш така... Вечерта на 13 декември, државната телевизија ја прекина програмата со драматични вести, според кои фламанскиот парламент донел декларација за излегување од федерацијата, а кралското семејството (со Валонско потекло) ја напуштило земјата. Наводно, побогатиот северен регион прогласил независност, затоа што веќе не можел да толерира живеење во „поделена куќа" (како што често се нарекува

специфичниот систем на консензуална демократија), во која посиромашните (Валонците) постојано притискаат со барања за поголеми права, но и за поголем зафат во националните ресурси. После 20-тина драматични минути и извештаи од лице место на вистинските новинари, беше соопштено дека станува збор за изрежирана приказна - фикција! По неочекуваниот тектонски потрес во јавноста (но и кај амбасадите во Брисел, кои во паника почнале да бараат инструкции од своите влади), белгиската телевизија излезе со извинување, но и со објаснување дека репризата на трикот на радио-драмата „Војна на световите" (од 1938 година) имала рационална цел. Имено, уредништвото подолго време го подготвувало ваквиот чин, со намера да поттикне дебата за несигурната иднина на Белгија, во која постојните проблеми политичарите порадо ги туркаат под тепих отколку што зборуваат за нив. Иницијалната railеkapисла требаше да послужи како вовед во дијалогот на нацијата, односно на двата поделени ентитета - Фламанците и Валонците - во пресрет на парламентарните избори следната пролет. Без навлегување во дилемата за етичноста и целесообразноста на потегот, запрепастува храброста на раководството на белгиската телевизија. Кај нас е прашање на политичка коректност да се колнете дека сé е во ред со пост-Охридска Македонија, но дека имаме мали проблеми со „политичкиот дијалог".

Зошто е важен белгискиот случај? Затоа што од 2001-та година се избегнува дефинирање на политичкиот систем, затоа што секоја страна за своите гласачи го толкува поинаку. За Македонците, верзијата е дека живеат во парламентарна, а за Албанците дека добиле консоцијална демократија. А вистината е дека живеет со хибрид, кој дури и не е целосно етаблиран, затоа што му недостасуваат неколку битни елементи. Поборниците на консоцијацијата постојано под нос ни ја поттураат белгиската приказна на поделено општество кое, ете, нашло начин да избегне насилство, да го одржи единството на државата и да биде член на ЕУ. Еволуцијата на белгискиот систем не е подолга од 30-тина години, но во овој период мина од фаза на унитарна и централизирана држава (до 70-те), преку фаза на консоцијација, па се до 1993 година кога премина во федерација. Всушност, консоцијацијата и се смета за преоден аранжман, кој на земјата треба да ѝ купи време во кое ќе се одлучи дали ќе зачекори кон

либерална демократија, кон федерација - или ќе се распадне. Ова е еден од најскапите институционални аранжмани, бидејќи бара многу чувство за компромис и задоволување на барањата на сегментите во општеството. Белгија стана една од најзадолжените земји во ЕУ, токму заради скапата домашна политика на трампа и задоволување на бескрајните барања поврзани со образование и употреба на јазиците, негување на посебниот културен идентитет, не-територијална автономија и сл. Како средство за надминување на прескапата политика, белгиските партии се одлучуваат наместо задоволување на барања, да преминат кон проширување на надлежностите на територијалните ентитети (двата региона плус Брисел) - и конечно сето тоа да го институционализираат во вид на федерација. За аналитичарите, последниот трик на белгиската телевизија запрепастува во следното: секој би очекувал во една стабилна држава лиферувањето на вести од типот на фикцијата на Орсон Велс за инвазија на Марсовци, да биде примено со хумор или студено отфрлање. Меѓутоа, реакциите за веста за крајот на државата Белгија откри многу повеќе за она што се одвива под површината на наводно стабилната и просперитетна членка на ЕУ. Најфрустрирачко, според аналитичарите, е што аферата откри повеќе за излажаните, отколку за креаторите на лагата. Имено, дури 98% од гледачите поверувале во вистинитоста на веста, а 6% продолжиле да веруваат дури и по официјалниот демант на веста.

Најзагрижувачка поука од белгискиот модел е дека консоцијалната демократија е единствено можна како партократија, доминација на партиските елити и елиминација на значењето на сите други форми на учество на граѓаните во донесувањето на одлуките. Имајќи во вид во чии раце е нашата судбина, т.е. кои се партиски елити и кој се се замислува дека може да биде лидер - страв да го фати човек. Фуере и компанија продолжуваат да експериментираат со моделот, ние одбиваме да го разбереме, а ЕУ ја фаќа аутизам и страв од дојденци. Крајно време за барање одговор: Quo vadis Macedonia?

(„***Фокус***", 22 декември 2006)

## ДИЈАЛОГ ЗА ДИЈАЛОГОТ

Ако некој мислеше дека кандидатскиот статус за членство во ЕУ бил заслужен, време е да се признае дека тоа беше само „морков" кој имал цена. Тој дури и не беше наменет за стимулација на демократскиот прогрес, туку заради намалување на тензиите во регионот и заради стравот на Брисел дека евентуалното неохрабрување на Македонија ќе биде знак на радикалните сили на Балканот дека европската перспектива е недостапна. Во времето кога го добивме статусот, а и во месеците кои следуваа, секој кој само ќе се осмелеше да каже дека сме добиле незаслужена награда ризикуваше да биде наречен предавник. На претходната влада тоа беше капиталното постигнување, кое не смееше да се доведе во прашање. Таа своето го одработи и очекуваше да си ја наплати услугата. Што одработи? Најнапред, наспроти предизборните заклетви, СДСМ ја свитка опашката и го прифати Ахмети за коалиционен партнер по налог на Солана. Толерираше министри кои јавно ја искажуваа својата лојалност само кон Командантот, а не и кон премиерот и најважно од сé - кон Законот. Потоа дојде и законот за територијална поделба и етничкиот геримендеринг. Јавната реакција во вид на референдумска иницијатива, а и самиот референдум, ја минираа заедно со оние од меѓународната кои ни мафтаа со часовници пред носот. Накратко, сторија сé што беше побарано, наградата стаса, ама не беше доволна да ги задржи на власт. Сега, кога на сет глас, како опозиција бараат политички дијалог, се прашувам за каков тоа дијалог се тие подготвени? Својот демократски потенцијал и способност за дијалог ги манифестираа токму по прашањето на територијалната организација. Дали мислат дека заборавивме дека 40-тина дена зад затворени врати преговараа сами меѓу себе, две влади во една!? Помисли ли некој тогаш за потребата од транспарентност, дијалог со граѓаните и локалните заедници, со опозицијата? Дали покажаа слух за советите и предупредувањата на експертите? Нивното поимање на дијалог беше содржано во незаборавната парола за прашањата кои не заслужуваат одговор!

Европската унија во практика ја применува тезата на

Рузвелт „зборувај нежно и носи голем стап". Тоа беше особено случај на Балканот во изминатите години. Стапот на ЕУ не може да се спореди со оној на САД, но варијациите на тема морков и стап се на дело, а тоа Оли Рен го покажува елоквентно. Можеби намерите се поинакви, но ефектите на таквата политичка тактика се јасни: создавање клиентелистичка свест, синдром на зависност и неспособност за водење национална политика, освен ако патоказите не се поставени од надворешните фактори. Ако мислите дека негодувам само против стапот во оваа политичка равенка, се лажете. Имам многу против и кога морков се дава и кога не е заслужен. Тој создава илузија за сопствената кадарност, а создава и адикција кон пофалби и милување по гривата (магарешка, секако). Создава потреба да се умилкувате на господарот и бивате среќни кога за добро извршената задача ќе ви потфрли морковче. Извештајот на Европската комисија, кој ја следеше одлуката за кандидатски статус, на 180 страници требаше да внесе отрезнувачката доза на реализам. Одлуката даваше една, а придружниот материјал друга слика за степенот на подготвеност за полноправно членство. Безуспешно неколку похрабри гласови укажуваа дека кандидатскиот статус е доделен само заради послушната имплементација на мировниот договор. Тоа значеше дека сме во фаза на постконфликтна стабилизација, а далеку од вистинска демократија и/или функционална држава и економија. Второ, наградата требаше да нé омекне во пресрет на решавањето на вистинскиот предизвик: Косово! Меѓународната сама си го „закува" на Балканот (од Дејтон, па до Охридскиот), па нема друг начин да го докаже својот кредибилитет освен да ги покажува успешните експерименти. Секое признание дека работите не одат во вистинска насока (а насоката е, по дифолт, европеизација) би значело признание дека експериментите биле поставени на погрешни хипотези. Во таа смисла и една од најновите изјави на Солана мина скоро и незабележана. Тој буквално кажа: „Сакам Македонија да успее затоа што е **мој** проект! Таа мора да се движи во вистинската насока, кон ЕУ..." Е, кога и ова ќе биде проголтано без реакција, тогаш навистина нашата судбина станала нечиј приватен проект, уште една „рецка" во дипломатската кариера на човек докажан по тоа што нема ни принципи на морал.

Рен кажа нешта, кои не се нови, а кои неговиот колега од

понизок ранг, Фуере, ни ги има испорачано безброј пати. Убаво Гете кажал дека кога идеите пропаѓаат, тука се зборовите да ја спасат ситуацијата. ЕУ не може да спроведе нешто зад кое нема јасна идеја. Таа сака демократија и европеизација на земјите во регионот, ама уште повеќе сака мир и стабилност - за своите граѓани, секако. Според Орвел, политичкиот јазик е дизајниран на начин кој прави лагите да звучат вистинито, убивањето да изгледа респектабилно, а чистиот ветер да има привид на цврстина. Кога сме веќе кај Орвел, зарем не ја препознавате во стварноста и синтагмата за doublethink - нешто што тешко се преведува на македонски, иако го живееме во континуитет? Неа Орвел ја објаснува како способност во свеста да се одржуваат и прифаќаат две контрадикторни уверувања и тоа во исто време. Дали звучи пресложено? Што би рекол нашиот народ: вистината е една и не може да биде и вавка и таква. Но, кога ги слушате Европејциве се прашувате дали некој бара доброволно да станеме шизофрени личности или само очекуваат да не брануваме додека даваат противречни предлози? Кај нас, doublespeak-от би значел дека ДУИ е демократска опозиција, дури и кога се заканува со насилство. Да не зборуваме дека е до гуша инволвирана во корупциски скандал од четврт милион евра... Тоа уште би значело дека треба да имате демократски дијалог со луѓе кои немаат демократска култура. Серијалот на вакви противречности (блиски до умот) имаме за извоз: борба против корупција - да, ама лидерите треба да седат во владата без оглед што ревизорските извештаи убаво покажуваат кој и како дошол на власт. Треба да се залагате за конституционализам, а некој постојано го турка Уставот во ќоше, додека под нос ви го става Охридскиот договор. Полна уста демократија и активен граѓанин, ама етнички елити одлучуваат зад затворени врати.

Затоа, немам намера да се занимавам со пораките на Оли Рен... Не сум им верувала ни кога нé фалеле, па нема да ја купам ни приказната дека сме во тешка политичка криза. Или барем, не сме во политичка криза само заради ароганцијата и немањето слух на (само) оваа владејачка гарнитура. Како и во минатото, и сега владее испробаната балон-тактика: проблемите не исчезнуваат, туку само се димензионираат. Сакате - надувајте го балонот, сакате - издувајте го и сметајте дека исчезнал, сé до наредната прилика. Кризата е дел од секојдневното живеење и не

смее да зависи само од тоа дали на Рен или на Ахмети му притребал жежок воздух за да го надуваат балонот. Ахмети е доволно умен за да знае дека меѓународната ќе го слуша со посебно внимание сега кога им е најважно да го протуркаат Косовскиот проект, без непотребно бранување во соседството.

Сепак, да размислам за каква тоа надувана криза станува збор и какво е тоа отсуство на консензус за кое во хор пекаат Рада, Али и Оли. По однос на кои прашања е нужен консензус? Што е тоа за што ЕУ би имала легитимен интерес за случувањата на политички план? Ако станува збор за поддршката за ЕУ (а богами и на НАТО), тука сме шампиони со неверојатни 102,3 % јавна поддршка! Таква поддршка Унијата нема ни од своите граѓани, особено со оглед на растечкото незадоволство од нејзиниот демократски дефицит. Ако станува збор за успешноста во реформите, тоа тие елегантно можат да го искажат низ своите механизми за оценување и мониторинг и нема потреба да нé караат или туркаат во некакви неприродни коалиции. Понекогаш ми се чини дека бриселскиве елити заборавaат дека зачленувањето е по принцип на доброволност и дека со јавните пацки директно го урниваат ионака слабиот легитимитет и авторитет на националните институции и лидери. Изгледа дека зајакот е во нешто друго: во нивниот проект наречен Охридска Македонија, а кој не смее да биде загрозен од никого, па дури ни оние кои живеат со него.

Консензус со кого? Ако и воопшто има елементи на компететивност во политиката, и ако воопшто има смисла излегувањето на избори, тогаш какво е тоа барање за апсолутен консензус? Политиката е, по дефиниција, ривалитет во рамки на правилата на игра и правните принципи. Сé друго е едноумие и укинување на демократијата. Единствениот широк консензус кој мора да постои во секоја демократија е оној за неупотреба на сила и за почитување на правото. Широк консензус, но никако апсолутен, може да постои околу она што се вика стратегиски и национален интерес, кој е по дефиниција себичен особено во однос на надворешните актери. Опозицијата не би имала смисла доколку за сé и сéшто биде консултирана и повикувана на кафеански мезелаци. Нејзиното место е во парламентот, каде е по дефиниција малубројна, слаба и немоќна - инаку, би била власт! Логичкиот заклучок би бил дека меѓународнава бара консензус

со оние од опозицијата кои можат да пукнат - од мака, де! Идејата за политички дијалог извира од потребата од комуникација со граѓаните, и тоа повеќе во смисла на слушање на гласовите одоздола, отколку меѓусебен дијалог на елити кои претендираат дека ги претставуваат граѓаните. Во теоријата постои нешто што се вика дискурсивна (делиберативна) демократија, но таа не подразбира дијалог на елити со етнички предзнак. Елементите на консензуална демократија вградени во Уставот се заканувааат да ја загушат демократијата воопшто.

Консензус каде? Во вонуставни тела и форуми?! Тоа е уште еден директен атак на демократските принципи! Па, нели сме во процес на гра- дење на институции? Како е тогаш можно на некакви си затворени поли- тички самити да се кројат одлуки од општо општествено значење? Мириса на нова влада на национален спас и тоа во мирновремени услови. Останува да виси прашањето - спас од кого и од што? Со оглед на пропорционалниот изборен модел, по дефиниција, добиваме салата од влада. Критичарите на коалиционите влади се јасни по прашањето на замаглената линија на политичка одговорност. Ако уште на салатата ѝ се додаде мирудијата наречена опозиција, тогаш веќе не се знае ни кој јаде, ни кој пие, ни кој е одговорен за националната политика. Како утре ќе знаеме за кого да гласаме, кој си ги одржал ветувањата, а кој не?

Деновиве слушнавме неверојатен предлог од колегата Малески. Мојот некогашен професор вели дека можеби е потребно сите партии да влезат во власта, а ЕУ да ја преземе на себе улогата на конструктивна опозиција?! Нека ме прогласат за антиевропски националист, ама ако дојде ден ЕУ да биде супститут за демократска опозиција - тогаш ќе знам дека веќе немам држава, ниту право да мислам поинаку.

(„***Фокус***", 16 февруари 2007)

## *ДЕЛ V*

# ПОЛИТИКА, ЛАГИ И ЕУ

## ЕВРОПА СЕГА ... ИЛИ МАЛО СУТРА?

Часовникот пак отчукува, ама не за нас, туку за ЕУ. Секако, асоцијацијата непогрешливо се однесува на часовникот на Денис МекШејн, британскиот министер, кој ние́ опоменуваше да си седиме дома и да не гласаме на референдумот за територијалната организација. Како да се заборави тој недоличен и срамен чин на мафтање на часовникот во обид да ние́ хипнотизира или увери дека тие (Европа) нема да ние́ чекаат да си играме демократија? Опомената експлицитно гласеше: секој глас на рефрендумот е и глас против Европа. Ни се допаѓало тоа или не, се покажа успешен човекот - референдумскиот резултат беше каков што посакуваше ЕУ и власта. Ама, Европа не ја спасивме! Штета што еден така проверен кадар со докажани методи не се потруди да тргне на турнеја низ Франција, Холандија, па и низ сопствената држава, да им кажува на граѓаните дека времето неумоливо тече и дека на ЕУ и́ треба Уставот. Така им треба на Европејцдиве кога не си ги користат талентите! Сега се крчкаат во сопствениот сос, а од уставна преминуваат во финансиска криза (а сето тоа не враќа на некои стари југословенски денови, нели?). Убаво лани ни укажуваа дека практикувањето непосредна демократија е опасна работа и ковед во безбедносна криза, ама не сакаат да учат од нас, туку тврдоглаво во ризик го ставија целиот Европски проект. Не е антиевропеизам или евроскептицизам да се упати на насловите на водечките светски весници кои јунскиот самит на европските шефови на држави и влади го нарекоа „Патетично, трагично и засрамувачко, но потоа почна да станува и злобно" (*Independent*), или „Ватерло" (*Observer*). Впрочем, зарем вестите и анализите не кажуваат „колку е часот" за ЕУ?

Сепак, она што ние́ загрижува е каде сме ние во таа европска приказна. Што е со оној предреферендумски слоган на власта „Европа сега"? Сега би можеле единствено да зборуваат за „Европа мало сутра". Тогаш ја ветуваа Европа како божем да ја поседуваа, а како ние да бевме деца кои треба да бидат послушни, ако сакаат да го добијат бонбончето. Воопшто не очекувам дека сега ќе ја променат реториката, затоа што освен ефемерни ветувања, друго немаат ни што да понудат. Европските

граѓани, и особено нивните национални лидери и бриселската бирократија, ќе имаат време да 'рефлектираат' (како што софистицирано ја нарекуваат најдлабоката криза од создавањето на ЕУ), но можете да се обложите дека никому на памет нема да му падне да им го ускрати демократското право на граѓаните, да им воведе 'Бадинтерово правило' според кое француските граѓани нема да можат да гласаат на референдум, затоа што со тоа ги доведуваат во прашање интересите и идентитетот на Европа и на другите 'заедници' (речено во наш жаргон). Уставната криза во ЕУ покажа загрижувачки сигнали - првенствено за нас, не толку за нив самите. Имено, таму граѓаните не сакаат власта да им се отуѓува во наднационални ентитети кои се нетранспарентни, неподложни на влијание на граѓаните (инаку навикнати да практицираат власт во своите средини). Можеби звучи грдо и нé навредува, ама тие не сакаат да плаќаат цех за нечија неразвиеност, а тоа да го прават во недоглед. Не сакаат сиромашните роднини да им станат конкуренти на пазарот на трудот, особено во економиите кои имаат сопствени проблеми. Зошто би им се лутеле кога и ние самите не така одамна искусивме како е побогатите (во поранешна СФРЈ) да не сакаат да партиципираат во федералниот буџет кој, меѓу другото, требаше да се грижи за помалку развиените (а сето тоа без ефект, како кога турате вода во дупнато корито)? Зошто би се чуделе што фактот дека на дел од европските граѓани поблиска им е татковината и националниот интерес отколку солидарноста и Европа без граници? Впрочем, ЕУ и никогаш не престана да биде конгломерат на солидни, стабилни и самосвесни (за своите национални интереси) држави-нации.

Тезата за Европа без граници, во која сите ние (Македонци, Срби, Албанци) ќе живееме заедно, во љубов и хармонија успева, за жал, само кај очајниците. Само нам можат да ни мафтаат со часовници и да нé подлажуваат со лилихипи, затоа што мивки од држави какви што сме, дома немаме за што да се фатиме, а преживуваме само од голата надеж (велат таа последна умира, ако ние не изумреме пред неа; прашајте ги инвалидите на Саса!).

Токму така, сега треба да се свртиме кон себе, да си купиме големо огледало и да си го погледнеме очајот, социјалната беда, корупцијата и лицемерната политика која наместо во

Европа нé води во средниот век на трибализам, етнички стада и симболи. Без оглед кои беа вистинските мотиви на ангажманот на европската дипломатија во минирањето на референдумот во Македонија, можеби е Пиров резултат, но сега сме 1:1. Ако ние, поддржувачите на референдумот овде бевме националисти, сега добивме најдобар доказ дека национализмот е суштината на идентитетот и столбот и на европските држави и нивните општества. Ако ништо друго, ние не одлучувавме за иднината на континентот, не загрозивме ничија иднина освен сопствената. Зарем не е патетично да ги споредуваме општинските гранци со прашањето на Обединета Европа? Ама ние уцвикавме, а ним око не им трепна - во тоа е разликата меѓу нас и нив, и тука лежи одговорот зошто се тие таму, а ние овде аутсајдери. Не знам дали воопшто нешто сфативме досега, ама сега е моментот да научиме од поумните и побогати европски браќа да не се срамиме од сопствениот национален интерес, да не дозволуваме да не заплашуваат со одговорност за светскиот мир и демократијата и томе слично, и да ги натераме нашите лидери да го прифатат гласот на мнозинството, дури и кога не им е по волја.

Само се плашам дека овде, по инерција, а и во отсуство на вистински организиран отпор (не ми се допаѓа зборот опозиција, гледајќи ја оваа беда од политичка опозиција), сé си тече по старо. Нашиве научија една лекција: граѓаните се опасни по Охридската демократија и заедниците, па затоа треба да ги замолчиме, да не им дозволиме уште еднаш да си играат референдум! Отсега сами ќе си ги кројат законите, границите, па и знамињата - за тоа не требаат граѓани, тие се и онака против граници. Оние од надвор, овој пат ќе бидат уште понервозни и нетрпеливи кога ќе укажуваат за итноста на Охридскиот процес. Си имаат проблеми, а и Косово им виси на глава, па уво нема да ги боли дали во Македонија навистина ќе стане салата: знамиња какви сакаш, имиња какви сакаш, цркви какви сакаш!

(„***Македонско сонце***“, 19 јуни 2005)

## НИЕ И ЕУ: ПЛАН „ШЉ„

Искрено ми е жал за Европејциве: од демократски дефицит, стасаа до уставна криза, а еве ги заплеткани во расправии околу буџетот (кој кого експлоатира и кој дава, а кој зема повеќе). Звучи познато, зар не? Лесно е постфестум да се правиме паметни, ама ретко кој очекуваше европскиот Устав да мине. Сепак, зарем не зачудуваат насловите во светските медиуми од типот „Кај ЕУ, пукање од снајпери и витриол" (International Herald Tribune, 23 јуни)? Ај, што националните лидери се нафрлија еден на друг во беспоштедна пресметка во која нападот е најдобра одбрана (гледано од аспект на францускиот претседател), ама и бриселскава бирократија е интересна. Велат, Уставот бил совршен, ама граѓаните не разбрале колку многу демократија со него ќе добиеле. Па сега ламентираат што немаат подобар електорат.

Во моментов, Оли Рен е херојска фигура, единствената светла точка на надежта дека проширувањето нема да запре. Ги следиме неговите официјални говори и заложби, и како давеници за сламка се фаќаме за секој негов збор и без желба да проникнеме низ неговата вистинска порака. Признава човекот убаво (за оние кои знаат да читаат) дека дебаклот околу Уставот е помал од оној околу буџетот. Значи, ситуацијата е како онаа „рачун без крчмара" - демек, новите десет членки на ЕУ има да се изначекаат (најмалку 18 месеци) пред воопшто да им стаса ветената помош од финансиските фондови на Унијата. Кутрите, за да ја спасат ЕУ дури предложија да земат помалку од она што им следува. Арно ама, според Рен, проширувањето ќе продолжи, како и помошта за земјите аспиранти. Ќе нема друг „Биг банг", ама нема ни портите да се затворат сосема. Разбира човекот дека укинувањето на онаа вегетаријанска исхрана (заснована на моркови) може да биде фатална за овој турбулентен дел на Европа, каде (како што велат) „темните страсти и национализми можат да избијат повторно доколку нема визија" дека сите еден ден ќе живееме во големи држави - пардон, во ЕУ - обединети (духовно и поинаку, што би рекол Фазли Велиу). Или како што вели и Педи Ешдаун, европската перспектива била лепакот што го држи заедно овој разурнат регион.

Го читам внимателно фамозниот "План Ц" за излез од уставниот ќорсокак, ама ми влече накај "План Шљ". Сите признаваат дека ЕУ нема "План Б", резервна опција за ваквиот исход, ама затоа Оли има резервна варијанта како да си ја задржи работата. Како да се замисли опстојување на неговата комесарска позиција, во ситуација на криза, политичка и буџетска, а плус граѓаните на ЕУ нешто не се воодушевени од приливот на сиромашните роднини, кои треба да ги спасуваат од дезинтеграција и војна? Рен зборува елоквентно за три К: консолидација, кондиционалност и комуникација, ама Македонија ја споменува само во контекст на кондиционалноста (условеноста на приемот). Дали е педантерија да се зборува дека акцентот (дури и напишано со болд) е ставен кај Хрватска и Турција? Но, збунува начинот на кој Рен (во еден друг напис) го дели шпилот на карти на проблеми (т.е. приоритети) кај земјите од т.н. Западен Балкан. Демек, кај нас приоритет е економијата, во Албанија изборите, а во Босна реформата на полицијата и корупцијата. Хммм, ќе помисли човек дека ние немаме проблем со изборите, корупцијата и полицијата, а тие немаат проблем со економијата!? Мене тоа делење на картите ми е малку како во покер: кому иде. Вистината е покомплексна: кај секоја од овие земји, всушност, постои цел шпил на проблеми кои ќе мораат да ги решат за себе, а богами и сами. И да ви кажам право, воопшто не ми е гајле дали не сакаат оние од ЕУ, важно е да си ја сакаме земјата во која живееме. Ама, големо прашање е дали и до кога некој може да очекува од нас беспоговорна љубов (особено ако својот режим ви го продаваат запакуван како татковина), особено кога тежината на општата беда и социјална бесперспективност, етничката хипокризија и компромисерството на елитите се граничи со апсурд, а сите тие едноставно немаат ниту крај, ниту европска перспектива.

(„***Дневник***", 25 јуни 2005)

# ПРЕТСТАВАТА МОРА ДА ПРОДОЛЖИ

Просто да не ти се верува!! Од позиција на граѓанин на земја-аспирант за членство во ЕУ, ова што се случува изгледа неверојатно! Не, не мислам на одбивањето на европскиот Устав во Франција и Холандија, бидејќи тоа за внимателните аналитичари и познавачи на состојбите не е никакво изненадување. Единствената неизвесност беше дали Уставот ќе се судри на Сцилата (Франција) или на Харибдата (Велика Британија). Изненадувачки се (пак велам, од аспект на граѓанин на Република Македонија) толку многу други работи. Како е можно на тамошните граѓани раката да не им затрепери ни за миг при заокружувањето на "нее" или "нон" на референдумското ливче? Како е можно холандскиот парламент без двоумење да го прифати ставот на граѓаните изразен на **необврзувачки** референдум, за кој цензусот беше само 30% излезност на гласачите? Како е можно никој да не фрла со дрвја и камења по овие 'непрокопсаници' што, ете, така неодговорно ја ставија светлата иднина на коцка? Овде мислам на нашата иднина, не на нивната! Бидејќи, верувајте, за европските држави и за опстанокот на ЕУ воопшто немам ни трунка песимизам. Историјата на ЕУ е историја на извонреден кризен менаџмент, т.е. историја на кризи кои го обликувале и преобликувале новиот институционален и функционален профил на Унијата. Така, ќе биде и овој пат... Уставот е, велат европските експерти и политичари, како пациент кој не е жив, ама не е ни починат - тој е во кома, која колку подолго трае ќе претпоставува само чудо за да се врати во живот. Можна е и еутаназија, за што нема долго да дочекаме за да дознаеме...

Она што фасцинира е респектот кој политичарите во државите на ЕУ го покажуваат кон сопствените граѓани, дури и кога (според нивното мислење) гласале погрешно или одбрале ризична опција, која ја определува не само нивната, туку и судбината на граѓани на други држави. Зарем не е чудно да видите дека паѓаат премиери заради неуспешното презентирање на европскиот устав и незадоволителната национална политика, која гласачите ги направила недоверливи кон она што

им го ветувале лидерите? Премиерот на Луксембург јасно и гласно изјавува: Европа престана да ги инспирира луѓето! А кај нас, обратно, владите опстојуваат токму благодарение на продавање на соништа за Европа!?

Разбирливо, главната овдешна грижа е фокусирана на прашањето дали кризата, во која несомнено влегува ЕУ, ќе се одрази на нашите шанси за интегрирање. Кај нас воопшто и не е битно што таа Европа веќе не била инспиративна, воопшто не е важно што таму граѓаните сакале повеќе и подобро (замислете, безобразлук, барале ЕУ со демократски фундаменти и легитимитет на институциите). Дури не ни е важно што нас, сиромашните роднини, нѐ поддржуваат (секако, со диетата заснована на морковчиња) европските бирократи и високи политичари, додека нашите идни сограѓани ги фаќа страв од иднината во која ќе бидеме жители на иста куќа. Да е жива и здрава ЕУ, ние ја прифаќаме каква и да е, кусур не и земаме, само таа нас да нѐ земе...

Во време кога Републикава е сардисана од сите страни (како сите проблеми кои ги влечкаме како багаж деценија и половина сега да се кондензираа, натежнаа, па дури и умножија низ косовскиот елемент), ние сѐ уште веруваме во фантазмагоријата дека кога ќе влеземе во ЕУ (а пред тоа во НАТО) ќе ги решиме и проблемите на својата државност. Како што тоа убаво го кажа Џуди Бат од Институтот за безбедносни студии на ЕУ (парафразирано): „Додека Хрватска тропа на вратата на Брисел со своите постигања, Македонија притиска со аргументот дека ако не влезе во европското семејство ќе се распадне!" За нас, за жал, сѐ е чиста дијалектика (да не речам, лутрија). Централното прашање е каква Македонија ќе се асоцира, во каква ЕУ (па, зошто да не, и во какво НАТО): ние се менуваме (на полошо, почнувајќи од името, па до пазарењето околу симболите и внатрешната конституција), но се менуваат и тие. Сепак, тие имаат константа - тие се изградени држави со јасен државен и национално-политички идентитет. Холанѓаните и Французите му рекоа „не" на новиот проект на ЕУ делумно и од страв дека тој ќе значи загрозување на нивниот идентитет и државност, а ние се занесуваме дека држава ќе сме изграделе кога еднаш ќе бидеме таму. Интересно е што деновиве главните пораки (со доза на засилен оптимизам во однос на проширувањето на ЕУ) се

од типот дека кризата ќе биде надмината, но во меѓувреме за нас е најважно да ја изградиме Европа дома, т.е. да продолжиме со реформите и да се бориме за постигнување на европските стандарди.

Да не се лажеме: од Македонија нема да направиме Европа, а и не смееме да го сториме тоа! Ние сé уште не сме ја одработиле главната работа, а тоа е градење на сопствената држава со сите насушни елементи. Зарем малку пати досега видовме дека со европска реторика нé удираат по глава, кој од внатре, кој од надвор! Тоа ни го правеа и ни го прават било да се работи за суверено одлучување за територијалната организација, било да се релативизира значењето на државната граница, било да е во прашање името или симболите. За мене европскиот проект и иднина на мојата земја ќе започне оној миг кога ќе имам легитимно право да се грижам за националните интереси, па ако сакате и да бидам себична кога станува збор за мојата економска благосостојба и социјална сигурност, а без при тоа да бидам обвинета за шовинизам, ксенофобија и слично од репертоарот. Европа ќе биде тука кога ќе престанам да се прашувам кое знаме се вее над мене, кое име ми стои во пасошот, а кое во уставот. Европа ќе биде тука и кога ќе имам право низ референдум да се изјаснам, по сопствена волја, за тоа дали сакам или не еден (национален) закон или устав, па таман и да е европски.

Професионалните оптимисти се насекаде исти, особено кога им се загрозени позициите. Видете ги само лицата и изјавите на претставниците на бриселската бирократија или ентузијазмот на турската и другите влади на земјите аспиранти. Стравот и исчекувањето пред неизвесноста создаваат грчеви, ама тоа не смее да се покаже. Шоуто мора да продолжи! Само циркусот домешен еднаш да заврши...

(„*Дневник*“, 4 јуни 2005)

## DÉJÀ VU: ЗА НАС И ЗА ЕУ

Кога еден човек или нација има малку причини и поводи за кои може од сè срце да се израдува, тогаш и малите работи можат

да изгледаат големи. Видете ја нашата реакција на одговорот од Брисел! Сино-жолти балони, насмевки, диско-забави, честитки - и сето тоа, би рекле, легитимно! Ни поставија куп прашања, навремено и екстензивно беа одговорени; факт е дека го добивме тоа што го посакувавме! Прашањето е сега дали ќе имаме храброст да се нурнеме во оние 180-тина страници на детален опис на ‘македонцките работи’, кои го придружуваат авито. Брисел е умен да не си создава главоболки со некаква принципиелност, особено кога во регионот се решаваат судбински прашања, и знае дека помалку ќе го чини избалансиран одговор со доза на оптимизам, ама и ќе нé тресне по глава со потсетувањето за сите незавршени работи. А убавиот збор не чини ни пет пари, велат старите! Добивме убав збор, ама тоа е оној дел што можете со радост да го мафтате како балони. Другиот, посериозниот дел наликува на портретот на (македонскиот) Доријан Греј! Сите гревови, сите промашувања и некадарности се отсликани без пардон. И, се радувам што е така. Тоа и такво отрезнување е потребно повеќе од било кога... Но, има ли некој што знае - и сака - да чита? И да работи, секако! Под облачето на еуфоријата, загрижуваат неколку работи.

Да тргнеме прво од начинот на кој лобиравме (и лобираме) за членство во ЕУ. Како кулминација на серијата плачки, лелекања и молби дека ако не ни дадат позитивен одговор ние (од жал или од инает, ете) ќе си се распаднеме, дојде и извештајот на неодамна воспоставената мрежа БИРН (Balkan Investigative Reporting Network), потпишан од наша новинарка, а поткрепен со искази на низа ‘докажани експерти’. Заклучокот беше опомена до Брисел да пази што прави (ама во стилот, „ти кажувам ќерко, слушни ме снао"): ако не ни испратат позитивен сигнал, проевропската влада на СДСМ ќе се соочела со тешки искушенија и ќе зајакнеле радикалните националисти и ќе бил (повторно) доведен во прашање светиот Рамковен договор!? Не треба човек да е многу писмен па да ја сфати поентата: тешко нас без СДСМ и ДУИ влада, сè друго се националисти и тоа радикални! Втората работа што загрижува е вжештувањето на внатрешнополитичката сцена, токму кога нè очекуваат ‘скандинавски’ избори. Гледаме создавање на перверзни (неформални) коалиции, некои кобајаги се распаѓаат, други кобајаги се окрупнуваат... Некои зборуваат за тектонски придвижувања

на политичката сцена, која одамна е претворена во жабурник, а други се јавија со асоцијации од типот на Булоњската шума (и уште редица изрази неприлични за јавна комуникација), сакајќи да кажат дека големиве играчи ни биле судени. Но, не загрижува раздвижувањето, не загрижуваат ни спротивставените анализи; она што ужаснува е начинот на кој влегуваме во изборите. Следејќи го сексуализираниот дискурс, кој го промовираат токму оние, кои наводно го критикуваат во своите колумни, на памет ми паѓа оној афоризам: стигнавме до дното, ама и ние и понатаму копаме. За политичарите и не ме чуди - таква им е политичката (не)култура! А за тоа сме одговорни и ние, граѓаните. Та, нели, ние им бевме публика и како шутраци дозволивме со години да нè забавуваат 'фраери' кои си го спуштаа низ телевизиски дуели. Да не се смеевме на нивните досетки за тоа кој повеќе пиел и дувал, а кој бил луд, немаше денес да имаме проблеми со нашето ментално здравје.

Ме чудат (ќе простите ако сум наивна, па се чудам) оние кои се (наводно) надвор од политиката, а копаат, ли копаат кон уште подлабокото дно на својата и јавната беда... Демек, тие се 'чисти' затоа што во политиката, навистина, биле на сите можни влијателни позиции, ама не се извалкале зошто биле во позадината, во сивилото изигрувале еминенции, драфтувале, суфлирале, давале совети. Демек, се онаквале, ама се невини. Во тешки времиња, не е тешко да станеш мизантроп и циник. Не е тешко да критикуваш и псуеш "све по списку", зошто материјал има многу, а фрустрациите и немоќта нешто да се смени растат катадневно. Но, трошка пристојност е голема вредност, особено ако за состојбите и самиот сносиш одговорност, а при тоа никогаш не си бил во категоријата на немоќните. Кај нас владее атмосфера на општа амнезија и амнестија (покрај 'културата на неказнување') за сопствениот удел во состојбите, па веројатно и интелектуалците не се сметаат за изземени од таа 'привилегија'. Уште полошо, некои од нив прават и чекор повеќе - со така олеснета совест, делат пацки, отровни срели и пикантерии кај стигнат... Овој не им чини, ниту пак оној другиот; овие се вакви, другите уште поникакви; едните селјаци, другите дунстери! И сликата е поразителна: општество во кое сите редум не чинат, сите се извалкани или глупи и недоделкани... Ако е оваа оценка релевантна, му доаѓа на човек да предложи колективно

самоубиство (само што ќе прават јадниве осамени во врвовите на својата генијалност, така сами и неразбрани - ќе нема кому етикети да им делат)!

Но, да се вратиме на предизвиците во следната фаза на евроинтеграција! Предизвиците Хималајски, а кризата на довербата во институциите, партиите и лидерите никогаш подлабока... Се навестуваат тектонски придвижувања на партиската сцена, ама да не биде "тресла се гора, родио се миш"... Вулгаризацијата на политиката не помага - тоа само ги одбива оние кои имаат што да дадат во времето кое доаѓа, а кое мора да биде време на реформи! Дали тоа не е удар на ионака апатичното граѓанство, на кое одамна му се сервира тезата дека политиката е само за најербап-'мажиштата', за најитрите, и евентуално најбрилијантните? И за оние кои знаат како да се наплатат... Секој кој не се препознава меѓу 'избраниве', или не сака да се дружи со нив, е автоматски исклучен од монополот на политичка и друга манипулативна моќ! Добра финта, нели? Држте се по страна, зошто инаку не ви гине мрсен коментар и етикета!

Силата на „морковот и стапот" на ЕУ ќе станат евидентни во месеците кои доаѓаат, но сепак одговорноста ќе биде наша за сѐ што ќе се преземе или не. Политичарите - стари, нови, староснови или ново-стари - треба да стават прст на чело пред да влезат во трката. Овој пат победата на изборите нема да биде толку слатка како на изминатите, бидејќи ги чека материјал од стотина страници што ќе треба од хартија да се стори во дело, а онаа грда слика на Доријан Греј да се оправи, дури и со болни хируршки зафати. Овој пат, одговорноста за преземената владеачка позиција ќе биде мерлива, затоа што аршинот го земаа оние однадвор.

Конечно, ме загрижува и уште една работа - каде тоа ние итаме?! Откако почнаа нередите во Франција, мнозина од нас доживејаа déjà-vu чувство. Колку сме само слични!? Една од најстарите европски демократии (која, и нас нѐ олеснуваше при раѓањето на охридската демократија) не умееше да види дека ***шесш милиони*** граѓани со децении живеат како граѓани од трет ред, дискриминирани и без социјална правда. Плодовите на гневот се тука, но француската влада решително им кажа „не" на предлозите за трансформација, пропорационална застапеност (демек, квотите биле неправедни) и поголема интеграција на

припадниците на нацијата кои немаат сина француска крв. Во својата ароганција, одбиваат да видат колку сме слични - па дури и тврдат дека многу демократски ги решаваат проблемите (да употребеле балкански методи, досега ќе течела крв по улиците). Можеби, но тие за неколку илјади хулигани (како што ги нарекуваат) прогласија вонредна состојба и воведоа полициски час (а ние цела војна изодевме во мирновремени услови). Можеби нашата успешна приказна ќе можеме да ја продаваме и каде што не сме се ни сонувале...

(***„Македонско сонце“***, 16 ноември 2005)

## ТЕШКИТЕ ПОРТИ НА ЕВРОПА

Од никој друг, туку токму од нашите мајки ги добиваме првите вредносни и културни кодови на однесување уште од најраното детство. А нè учеа дека треба да бидеме пристојни, дури и со луѓе кои не заслужуваат респект; нè учеа дека убав збор и железна врата отвора. Потоа дојдоа и некои други учители, кои сè во најдобра намера нè воспитуваа да бидеме послушни во училишните клупи, рачињата да ги држиме кротко зад грб и да веруваме во секој збор што ќе го каже Авторитетот (учителката, нели). Конечно, стануваме возрасни луѓе, а дисциплинирањето продолжува сега од некои други 'Авторитети'. И матрицата се дооформува... Ве учат да бидете Граѓанинот покорен, кој треба да е благодарен за трошка леб и кров над глава (макар и да му припаѓа на богат газда). Велите: „нека е и сиромаштија, само од војна Господ да нé чува!" Потоа, не знаете како, ама и војната тропнува на врата, ама онака кротко повторно си велите - има и полошо, оваа нашата не е така страшна. Ете, бидна Охридскиот договор, па ќе заборавиме, ќе простиме и пак ќе се 'крстиме' во мирот... Притоа, ви зборуваат за некаква Ветена земја (Европска Унија се викала), во која сите маки од денешниот живот ќе бидат компензирани со благосостојба, достоинство, ведра иднина... И сè така, ви врват деновите - кроце по кроце, сè во некакво очекување да ви осамне Денот...

Но и покрај бескрајното трпение и надежта (која да

не заборавиме, потекнува од Пандорината кутија - што значи, дискутабилно е дека воопшто е доблест, можеби е едно од злата и несреќите на овој тажен свет!?) - еден ден чашата се преполнува. Можеби е поводот тривијален, можеби и не е оној најдлабокиот, ама сепак чувствувате дека секоја мерка е преминатa. Сфаќате дека сето она на што ве учеле од вас направило сѐ, ама не и граѓанин - најмалку европски! Се случува ситуација во која имате право на дрскост, на протест и заштита на сопствениот интегритет - но, сепак, оној мајчиниот „чип" во главата ве парализира. Проголтувате отворена навреда, а потоа дома почнува да ве јаде јанѕа што сте дозволиле да отрпите и - се срамите од себе си.

Не знам дали ќе биде ова утеха или поука, но подготвена сум јавно да споделам искуство од кое се срамам, затоа што ни сето образование, искуство и дигнитет не ми помогнаа да се справам со еден обичен службеник на британската амбасада во постапка за добивање виза. Ударот беше дотолку поголем што само три дена пред тоа на конференција од највисоко ниво во Италија ги 'бранев боите' на македонската наука рамо до рамо со колеги од целиот свет... Во најразновидната колекција на визи која ја поседувам, за несреќа, ја немав британската (тука не ви важи Шенген визата, бидејќи Островјаните имаат посебна перцепција за своето место во Европа). Нејсе, поканата од престижниот Универзитет од Брадфорд да учествувам како визитинг професор на нивните магистерски студиии беше доволна мотивација да се издржи уште едно патешествие на -15 степени и тоа до падините на Водно. Секој искусен апликант за сѐвозможни визи не остава ништо на случајноста. Па така, си го проучувирав веб-сајтот на британската амбасада, ги симнав и пополнив формуларите (цели 12 страници текст), ги додадов поканата, заедно со потврдата дека сум професор на овдешен универзитет. А бидејќи веќе сум била носител на британска (и американска) виза очекував да бидат применети правилата на експресната постапка наречена дроп-бокс. Но, во македонската реалност не е сѐ така како што што пишува во британските правила... Ве оставаат да чекате со сите други смртници (најчесто апликанти од северното соседство), сето тоа трае бескрајно долго, како да службениците мислат дека сте зеле слободен ден од работа само за да се дружите со нив. И кога конечно ме повикаа на интервју дојде моментот кога од мене се израсна Граѓанинот Покорен (или-ти Македончето), за

кое како жена која ја следи епитетот на храбра, не бев свесна дека постои. Па така, ѝ дозволив на една госпоѓа да ми постави прашањето со кого живеам (веројатно гледајќи во графата во која е назначено дека сум разведена), и како ги издржувам/образувам трите ќерки. На течен англиски ги дадов податоците и наместо да ја отворам тешката порта на Кралството, ширум ја отворив портата на мојата приватност и тоа пред туѓинци, за кои ништо не значи дека нивни универзитет ме бара за предавач и дека јас ним им правам услуга со тоа што среде зима ќе одам во некој си Јоркшир, каде што баш и не би одела од лично задоволство.

Ќе се сети јавноста наша дека пред истата амбасада играорци мораа да ги докажуваат своите вештини. Од мене, навистина, не побараа да ги докажувам академските способности, туку да откривам детали од приватниот живот. Перфиден начин, како измислен за на секоја категорија на апликанти да ѝ се погоди она што најмногу ќе ја понижи... Ако вака третираат универзитетски професор, тогаш бидете подготвени на сè, драги мои сонародници! За мене сега секој поглед на визата ќе биде потсетување на како сум ја 'заработила' - со дозвола за невидена ароганција и кршење на моите права од некој кој за тоа ниту има легитимитет, ниту каква било рационална причина. Но, затоа тука е и оваа јавно искажана приказна да ме потсетува дека при следната посета на некоја амбасада ќе морам да се вооружам со мојата потисната дрскост и достоинство, а на секое прашање од приватен карактер ќе одговорам: that is none of your business (тоа не е ваша работа)! Ах, да! Уште нешто... Кога уште еднаш вицепремиерката Шеќеринска ќе побара „Насмевка, молам" заради нашето наводно приближување до тешките порти на Европа, ќе подготвам поинаков одговор... Со насмевки, убав збор и голтање на навреди можеби по некој од нас ќе добие виза (на шест месеци само), но со доброволно погазено достоинство никогаш нема да ги отвориме тешките порти на Европа!

(„***Време***", 27 јануари 2006)

## ДАНТЕ И ЕВРОПА

Оние кои требаа да бидат нашиот морален и вредносен ориентир, го губат кредибилитетот. САД (ако воопшто некогаш и имале морален кредибилитет во меѓународните односи) доживејаа тотален дебакл со влегувањето во војната во Ирак. Европа, пак, која така погрешно ја поистоветуваме со ЕУ, минува низ искушенија и не секогаш наоѓа демократски и мирољубиви методи на разрешување на сопствените внатрешни проблеми. Велика Британија се соочи со најголемиот синдикален штрајк по 20-те години на минатиот век. Во Франција се отвора не една, туку две Пандорини кутии. Едната се однесува на никогаш нерешениот проблем на интеграцијата на маргиналните групи со муслиманско потекло (кои, иако маргинализирани, бројат шест милиони жители), при категоричен отпор кон каква било идеја за мултикултурализам и „сиот тој џез", за кои ние можеме семинари да им држиме, па и Договор од Ница (наместо Охрид) да им скицираме. Другата се отвори неодамна, а во која светските коментатори откриваат суштинска криза на капитализмот и особено на оној што го промовира ЕУ, а кој се оддалечува од републиканското начело на „egalite, liberte, fraternite" и од досегашниот социјален модел на ЕУ. Демократскиот потенцијал, пак, на Унијата е понизок од оној со кој располага, на пример, Централниот комитет на КП Кина. Тоа е комплот на егзекутивни елити, без реален парламентарен и јавен (граѓански) надзор - нешто што наликува толку многу на моделот на бивша Југославија.

Да, ваквиот став кон светата реликвија наречена ЕУ предизвикува ужас и наликува на бласфемија, а реакцијата на добрите Европјани е дека се однесувате како разочаран љубовник (иако не е јасно дали сте разочаран од самата љубовница или ,пак, таа ве напуштила). Добрите - или поточно старите Европјани - не воспеваат, не се занесуваат, тие ја познаваат својата љубовница и таа не може да ги разочара; тие, напротив, се подготвени да живеат со нејзините несовршености, па дури и помагаат да набави добра шминка за да ги заведе аспирантите. Но, одговорот од оваа балканска страна до Европеецот е следниот: јас не сум

разочаран љубовник, туку разочаран нељубовник. Јас дури не сум ни Данте... Беатриче не знаела за постоењето и љубовниот копнеж на Данте, таа не дала ветувања и не поставила услови, ниту пак флертувала со славниот нељубовник. Но, оваа нашава денешна ЕУ-Беатриче знае за нашето постоење, дава ветувања и поставува принципи, кои по свој избор ги крши за некои претенденти да ѝ паднат в прегратка, но не и за оние кои и се чинат недостојни, валкани и сиромашни. На пример, ЕУ-Беатриче од Хрватска бара висок стандард на заштита на малцинските права, а истовремено ги прима Балтичките земји во кои правата на 40-постотни малцинства се кршат, понекогаш дури и на ниво на индивидуални права; од Босна бара да се обедини за да воопшто добие европска перспектива, а истовремено го прима поделениот /распаднатиот Кипар, и конечно подготвена е да прими земји како Бугарија и Романија за кои знае дека по стапката на економски развој и корупција можат да се споредуваат само со онаа на соседите. Освен тоа, Данте бил во голема предност, дури и како нељубовник, тој знаел како изгледа неговата сакана. Нашава, пак, ЕУ убавица има проблеми со својата лика и големина, самата не знае каде и се границите и кои и се перформансите.

Колку само жалам што горе искажаните мисли не се мои! Колку многу сакав мене да ми дојдеше на ум оваа еретичка логика, но, сепак, ред е да му изразам благодарност на еден брилијантен и светски почитуван ум кој ми дозволи да ви ја пренесам неговата илустративна и поучна метафора за Данте и ЕУ. Додека го слушав неговото излагање на еден меѓународен собир, во себе се смешкав и помислував колку е среќна Шеќеринска што критичар од ваков калибар не постои во Македонија...

Но, еве го и мојот прилог во демистификацијата на ЕУ, додека нè мафтаат за некаква визна либерализација. Цитираниот колега е од Хрватска, но со години патува без виза, уште од времето кога неговата земја беше далеку од кандидатски статус, а беше под силен притисок заради соработката со Хаг. Од друга страна, пак, кога слушам дека ако владата успее во двобојот со експертите на ЕУ и ако им докаже дека овде се спроведува визен садизам ќе постигнела гооооолем успех, па научните работници и студентите ќе имале повластен третман - не знам дали да плачам или да се смеам. Како научен работник сама се имам изборено портите на ЕУ, САД, и другите да ми бидат отворени - ако ја чекав

владата, тешко мене. Затоа, благодарам многу за заложбите, ама заради долгогодишен тренинг и дрил пред амабасадите, а уште повеќе заради успешните настапи во странство, можам да се пофалам дека и самата можам да дојдам не само до виза, туку и до платени трошоци на патување, престој и сл. Кога јавно ќе проговорам заради некој инцидент во Британската или Унгарската амбасада, тоа го чинам повеќе заради анимирање на јавноста и власта, а не затоа што сум очајна. Моите студенти, и сто визи да добијат, нема да можат ни два дена во Виена финансиски да издржат.

Да се вратиме конечно на нашата вљубеност во ЕУ. Данте ја опеал Беатриче и ја направил бесмртна. Нашава ЕУ и да ја опеваме и да ѝ се љубуваме, исто ни се фаќа - нам Данте ни е поблизок заради Пеколот. Затоа, се чини многу е важно од Европската идеја да не дозволиме да направат идеологија. Да не дозволиме да нé замолчуваат во критиката на сопствената стварност (или пеколот, ако сакате) само затоа што Беатриче имала слаби нерви и слаб стомак за нашите вистински лица. Впрочем, ни Данте, а ни некој стар Европеец не може со сигурност да потврди дали Беатриче (ЕУ) е обдарена со моќ да љуби и да возврати на љубов со љубов...

(„*Време*", 31 март 2006)

## ЕВРОФИЛИ И/ИЛИ ЕВРОФОБИ

Јавната дебатата околу вистинското или скриеното значење на предлогот на ЕУ за воспоставување на економска и царинска унија меѓу земјите на т.н. Западен Балкан, покажува колку малку знаеме за ЕУ. И покрај напорите на нашата хиперактивна евроинтегративка да нè едуцира (education, stupid) низ колумни, корените на недовербата кон ЕУ остануваат. Можеби навистина ни недостасува образование и критичка (рационална) свест за она кон што наводно (и многу хипокритички) се стремиме? За суштината на ЕУ, граѓаните не можат да знаат многу кога се борат за егзистенција, кога едукацијата им доаѓа низ колумни и нарачани интервјуа со политичари (професионални оптимисти

и полтрони). Како да знаат што нè чека во Ветената земја, ако никогаш не виделе со свои очи, не разговарале со паметни и критични луѓе од Европа, туку се изложени на миење мозоци и митови произлезени од незнаење и манипулација?

Точно е дека за вистинска и рамноправна интеграција во ЕУ, образованието е од огромна важност. Но, вицепремиерката заборава дека вистинската теза не е "education, stupid", туку "economy stupid!". Фактот дека ЕУ израсна првенствено врз економска логика на поврзување на капиталот на западноевропските држави, кои по Втората светска војна беа во колапс и висок степен на разурнатост, не е само лекција за историските почетоци на Унијата. Логиката на капиталот кој нужно бара големи пазари, поврзување, трговија со што помалку државни и други пречки и граници е толку длабоко вкоренета во битието на ЕУ, што само слепци како нас не можат да ја видат. Во својата замаеност по некаква алтруистичка и митолошка претстава за Европа, се фаќаме како давеник за сламка за аспектите на Унијата, кои се убави и благородни, ама не и најважни! Така, ние ќе сме оделе вака голи и боси во ЕУ, која дури и критичките интелектуални центри на Европа ја сметаат за проект кој се однесува на опстојувањето на капиталот и мултинационалните компании, кои бараат сè поширок пазар и простор за инвестирање, што на крајот треба да доведе до профит. Австрискиот професор по економија и социјална историја, Хобсбауер, зборува - богами, чиста бласфемија - за ЕУ како мек облик на економски империјализам, чија движечка сила е потребата на капиталот да се оплодува. Според него, ширењето на ЕУ не е некаква хуманитарна офанзива кон соседите на Исток и на Југ, туку природен процес на задоволување на константната глад за профит и експанзија на големите западно-европски компании. Еден друг автор (Холанѓанин, а што би друго) пред само неколку месеца напиша: „Исто онака како што митската Европа беше грабната од Богот над Боговите, Зевс, поствоената Европска заедница во 80-те години на минатиот век беше киднапирана од боговите на економијата, оние мултинационални компании кои имаат мал интерес во Европа на граѓаните, а голем за Европа на профитот. Тие извршија притисок врз политичарите да ја трансформираат ЕЗ во ЕУ, во Унија во која ќе има повеќе пазарна економија, а помалку управување."

И гледајте сега што се случува кај нас... Не се грижиме што немаме економија и што сме на питачки стап, и мува не нè лази што ќе се најдеме (ако даде Господ, ЕУ да преживее до тогаш) во заедница во која владеат законите на капиталот, а не на социјалната правда (прашајте ги за тоа маргиналците во предградијата на Париз или Брадфорд). И не помислуваме дека за да бидеме во елитното друштво ни треба не било каква економија, туку таа треба да биде конкурентна! ЕУ, за наша голема жал, не е СОС центар и прибежиште за питачи, а тоа добро го почувствуваа и елитите и граѓаните на земјите на т.н. Нова Европа (новопримените членки).

На една конференција неодамна угледен британски аналитичар извика: „Имаме работа со двајца пациенти - ЕУ и Балканот. Она што не го знаеме е кој од нив е поболен." Јас би додала - и кој кому и како ќе му помогне? Стаса предлогот за потесно економско поврзување во регионот и веднаш мнозина заколнати Европејци почна јанѕа да ги јаде... Те дали ова било повампирување на бивша Југославија, те дали е во прашање перфидна конспирација, те дали ова нé оддалечува од Брисел (та, нели сме земја-кандидатка - колку тоа гордо звучи!)? Многу отворени прашања, кои душа дале за дебатирање... Ама во таквата дебата, Европа како таква станува ирелевантна, затоа што се фокусираме на имагинарни конспирации од балкански тип, покажувајќи дека сме светлосни години далеку од неа. Обединувачката моќ на ЕУ сè уште е во сознанието дека економскиот интерес нема никаква врска со тоа дали и колку се сакаат луѓето и елитите кои ги претставуваат. Меѓузависноста на економиите создаде безбедносна заедница (security community), т.е. политичко-географски простор во кој војната стана незамислива, бидејќи со економски средства можете да освоите повеќе и полесно. Граѓаните на ЕУ се далеку од некаков европски идентитет (европски демос), но барем никој ниту ги залажува ниту ги плаши со „братство и единство". Таму постои слобода на мислата и промислување (кое погрешно се етикетира како евроскептицизам), додека ние - по балкански - сè уште се делиме на еврофили и еврофоби. Еврофили сме секогаш кога докажуваме дека местото ни е во Брисел (!?), а еврофоби сме во душата кога се плашиме дека европскиот рецепт на создавање на безбедносна заедница (во смисла на споменатата security community) треба да го примениме

на сопствениот регион. Тоа брилијантно го сумираше авторот на еден афоризам: Што ќе ти е ЕУ, ако во неа пак треба да ги имаме истите соседи?

(„***Време***", 17 февруари 2006)

## ПОЛИТИКА, ЛАГИ И ЕУ

Како давеници за сламка сме се фиксирале на спасот наречен НАТО/ЕУ без воопшто и да забележиме што „таму" се случува. Во митот за Ветената земја со главен град Брисел нема место за несовршености. Единствениот страв е врзан за прашањето дали и кога ќе ни дозволат да влеземе „таму". Што рекол овој или оној за проширувањето... Никој и не размислува дека можеби и да си таму, не е крајот на приказната. Можеби кога ќе сме таму нема да потече мед и млеко, можеби сѐ уште ќе бидеме несаканите соседи, можеби дури тогаш ќе мораме да го стегнеме појасот и да се зафатиме за реформи?! Но, гледајќи ги случувањата и аферите кои ја тресат ЕУ (односно, нејзините членки), се прашувам дали можеби и не сме веќе таму?

Унгарија се соочува со улични немири и протести. Да не дојдеше до насилство, немаше ни да обрнеме внимание на проблемите кои не се својствени само на Унгарија. А се случуваат драматични настани, кои не ветуваат добро, т.е. кои зборуваат дека и кога сте веќе во ЕУ проблемите се далеку од решени. Кај нас незабележано, но кај светските аналитичари е одамна нотирано дека состојбите во земјите од бившиот Источен блок кои 2004-та станаа полноправни членки на ЕУ, се одвиваат далеку под очекуваното. Дијагнозата е реформски замор (би рекле, замор на материјалот). Полскиот политички циркус со месеци го нотираат анализите и извештаите за кршење на човековите права (хомофобија, ксенофобија, антисемитизам, и сл.). Се ујдисале крајно десни партии (кои, ете, не се комунистички, ама тоа не им помага да бидат подемократски), кои меѓу себе се натпреваруваат во популизам, национализам и шовинизам. Нашиот непотизам во политиката е мачкина кашлица за браќата близнаци Качињски заседнати на позициите премиер и претседател. Деновиве се

распаѓа владејачката коалиција, а западните аналитичари немаат оптимистички прогнози за опстанокот на Владата. Чесите се друга приказна: со месеци по изборите не можеа да конституираат Влада, заради фрагментираниот состав на Парламентот. Со судни маки избраа малцинска влада, која само го полнува вакуумот, т.е. е родена за да умре и организира нови избори. Словачка туку-што се ослободи од владата која ја внесе во Унијата, а сегашниот левичар Премиер е во коалиција со озлогласениот Мечиар и неофашистичка партија. Оценките се дека Словачка не само што едвај живурка во обидите да заживее сосема по европските правила, туку и дека Премиерот Фико звучи како вистински популист. Ако на ова се додаде и растечката меѓу-етничка нетрпеливост меѓу унгарското малцинство и Словаците (како и заострување на односите меѓу Унгарија и Словачка), сликата навистина станува премногу Балканска. Ова се состојбите во т.н. Голема четворка од Источна Европа. Но, не е сé розево ни во земјите од т.н. Стара Европа. Вистински медиумски шлаг се вестите за лагите, позајмиците и купените лордовски титули од Лабуристичката партија на Тони Блер, односно за политичка корупција и незаконски средства за финансирање на нивната изборна кампања. Звучи познато, нели?

Од сите овие случувања можеме да научиме многу за она што нé очекува, но исто така е сигурно и дека евентуалниот економски неуспех и политичката дестабилизација на новите членки на ЕУ е можби полош предзнак од изјавите на Ангела Меркел или Оли Рен во врска со забавеното проширување на ЕУ. Како константа, истражувањата на јавното мислење покажува нерасположение и замор кај граѓаните на Унијата во врска со приемот на нови членки. Неуспехот на проектот на Европскиот устав ги направи елитите почувствителни кон расположението на гласачите, а за тоа не може никој да ги обвини. Но, загрижува нешто друго: една работа е немање желба за прием на нови држави, а сосема друга работа е покажување на дискриминаторски, па и шовинистички сентимент кон новодојденците. Додека бевме преокупирани со фудбалскиот Мундијал и нашиот политички циркус среде парламентарните избори, во Велика Британија се отвори жестока дебата околу приемот на Романија и Бугарија и напливот на емиграција, односно дали на нивните граѓани треба да им се дозволат работните права што

ги имаат сите граѓани на ЕУ. На површината излезе и најгрдото и најубавото од британската демократија. Испливаа најужасните, па дури и монструозни стереотипи за опасноста од инвазијата на Балканците, но во охрабри фактот што во демаскирањето на овие лаги и стереотипи влегоа врвни интелектуалци, новинари и бизнисмени. Некој ќе нé утеши дека сме премали и дека ЕУ нема ни да го забележи нашето евентуално влегување, затоа што ја немаме демографската и друга тежина на 8-милионска Бугарија или 22-милионска Романија, но не се работи за тоа. Овде не станува збор за тоа колку нé има, туку колку е силна ксенофобијата и шовинизмот кај нашите идни богати сограѓани. Колку да бидеме подготвени на евентуални такви удари, потребно е да слушнеме со какви обвинувања се соочуваат нашите соседи. Еве, дел од репертоарот на обвинувања и стравови: емигрантите од Романија и Бугарија ќе (ни) донесат деца заболени од СИДА, наплив на Роми, криминал и дрога; емигрантите ќе се вселат во социјални станови и ќе добијат социјална помош на сметка на родените Британци; ќе се зголеми стапката на невработеност, и сл. За среќа, независните гласови ги разобличија лагите, а бизнисмените објаснија како таа ефтина и способна работна сила ја јакне британската економија. Но, мислите ли дека со тоа се отворија срцата на британските граѓани? Колку што им се отворени за нивните не-бели соседи со потекло од муслиманските земји, кои секојдневно се соочуваат со отворена дискриминација, па и насилство.

Но, да се вратиме на нашиот регион, и на земјите кои ни се поблиски по историја, култура, политички и економски состојби. Што се случи во Унгарија и зошто? Кажано со јазикот на политичката сатира, се случи чудо и се појави политичар кој ја кажа вистината. Додуша, таа требаше да остане во тесното раководство на партијата и да не излезе во јавност. Но, сепак, и во тоа има неверојатна доза на чудо. Нашиве политичари, од предолго повторување (лажење наутро, на пладне и навечер - да го цитираме унгарскиот Премиер) почнуваат да им веруваат на сопствените лаги, па дури и во приватните кругови зборуваат колку ја сакаат својата земја и како гинат за народот. Од друга страна, народецот наш никогаш не би можела да го замислам на улици да протестира затоа што бил излажан. Тие - можеби, ама само можеби - би излегле да протестираат ако политичарите

престанат да ги лажат. Ете, токму кога излезе скандалот со унгарската Влада, кај нас се соопштуваа резултатите од најновото испитување на јавното мислење на ИРИ. Освен високиот рејтинг на владеачката коалиција, граѓаните отворено кажаа и што ги навело да го дадат својот глас за нив. Тоа не биле ни личностите, ни програмите - туку, ветувањата!!

Унгарците имаат малку поинаква и пореволуционерна политичка традиција, па можеби и затоа протестираат кога ги лажат. Еве, најновиве настани се одвиваат токму во предвечерјето на еден голем јубилеј - 50 години од Унгарското востание против комунистичката власт во 1956-та. Иницијалната каписла беше во тајмингот, но и искрениот говор на Хрушчов, кој ја кажа вистината за Сталиновото владеење. Историјата како да си поигрува - таа ја сака иронијата на годишнините. Кога конечно се уриваше комунизмот во 1989 година, главното мото на движењето беше "Никогаш повторно лаги", а кога 17 години подоцна Унгарците сфатија дека биле лажени - избија нови немири. Ако пред 50 години во Будимпешта се кинеше комунистичкото знаме, денес - гледано од наша перспектива - зачудува фактот дека се кине знамето на ЕУ, а се воздигнува националното (а и националистичките симболи се тука). Премиерот Ѓурчањи и неговите спин-доктори се 'вадат' на интересен начин. Бараат доверба, а признавањето на лагата го поистоветуваат со кажување на вистината: "Верувајте ми. Јас сум лажго! Освен тоа, лажењето е злосторство на целата политичка елита!" Богами, со втората теза погодува во центарот на посткомунистичката транзиција. Во тоа е мрачната и валкана тајна на посткомунизмот, но се поставува прашањето како е тогаш можно Унгарија (заедно со куп други слични држави) да влезе и во (нашата) Ветена земја - НАТО/ЕУ? Ѓурчањи е типичен претставник на пост-комунистичката елита: поранешен лидер на комунистичката младинска организација, оженет за ќерката на висок партиски функционер од стариот режим и милионер кој се збогати со првите чекори на легалниот грабеж наречен приватезација. Но, човекот сега сфати дека нема бегање од вистинските реформи, кои чукаат на вратата на Унгарија, и покажува решителност во стилот на Бучковски, кога се закануваше (или ветуваше?) во Парламентот: "Ќе ве европезирам макар и со сила, сакале вие или не!"

Ситуацијата во Унгарија, но и во другите бивши источни

држави, покажува дека во НАТО и во ЕУ можете и да се протнете некако, ама цехот ќе го платите кога-тогаш. Никогаш и немало илузија дека бриселската оценка за исполнување на критериумите за прием секогаш, во крајна линија, е политичка. Така, за време на големиот Биг-бенг 2004-та особено карактеристичен беше примерот на Кипар, а и потоа начинот на кој се донесе одлука за почеток на преговорите со Хрватска. Што се донесува до Романија и Бугарија, претставниците на ЕУ гласно кажуваат дека тоа била нивната најголема грешка.

Новите членки на ЕУ минуваат низ отрезнување: ако на почеток пристапот до фондовите на ЕУ носеше олеснување, па дури и комоција кај Владата да ја купи довербата на граѓаните (со разни социјални бенефиции), тоа не трае до недоглед. Европските експерти укажуваат дека неоправданото одлагање на болните и скапи реформи (особено намалувањето на буџетскиот дефицит, на социјалните права и бенефиции во областа на здравството, социјалата и образованието, подготовките за влез во еврозоната), кои нужно водат до стегање на ременот кај граѓаните, не може да оди во бескрај. Досега, ниту една од новите членки не направи остар пресврт (освен Словенија), од страв дека тоа ќе значи губење на довербата кај гласачите - и консеквентно, губење на власта. Тоа е цената на влез во ЕУ и премин кон либерално општество и пазарно стопанство: за да ви стане подобро, најпрво треба да го стегнете ременот. Смената на владата во Унгарија не би значела ништо, бидејќи и евентуално новата власт ќе се соочи со истите барања на ЕУ и ММФ. Меркел, и воопшто ЕУ елитата, го поддржуваат Ѓурчањи, но предлогот е наместо кон политичка конфронтација Унгарија да се сврти кон политички консензус по однос на реформите. Решеноста на Ѓурчањи конечно да ја соопшити непријатната вистина за нацијата и да ја поведе земјата кон реформи се квалификува како добра одлука, но спроведена на погрешен начин. Тие сметаат дека ќе беше подобро, ако националниот консензус веќе беше зацементиран, а реформите ги спроведе влада со демократска легитимација - нешто што во моментов е далечна цел.

Нашата Влада се чини, за сега, цврсто стои на земја и не ветува невозможни работи. Дали ќе има капацитет за болни реформи и за стегање на ременот, на ионака истоштениот народ, не е тешко да се прогнозира. За жал, и капацитетот на сѐвкупната

политичка елита за консензус е на исклучително ниско ниво. Народецот повеќе сака да биде излажан, отколку да му се каже дека следува политика која ќе бара пот и солзи (крв веќе пуштивме, нели). Лошата вест е дека приемот во ЕУ е само почеток, а не крај на реформите. Ова не е за да се каже дека сите реформи се лоша работа по себе, но само да се биде искрен додека е време. Втората лоша вест е дека влезот во ЕУ е сега можеби подалеку, затоа што Европејците гледаат дека политиката на давање морковчиња и незаслуженото наградување со членство може да се претвори во алиби за лошо однесување.

(„***Фокус***“, 29 септември 2006)

## ШТО Е НОРМАЛНО ВО ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИКА

Како и по секој циклус на предавања на последипломските европски студии, останувам со чувство на исцрпеност од постојаните интелектуални акробации. Секој познавач на теоријата на европската интеграција, институциите и политиката добро ја знае онаа постојана тензија во избегнување на Сцилата (на евроскептицизмот) и на Харибдата (на еврооуфоријата). Императив е, меѓутоа, да се заземе објективен и научен (што ќе рече, критички) однос кон официјалната пропаганда, на која сме постојано изложени и од страна на нашите евро-интегративци и од бриселските дипломати. Врвни европски колеги зборуваат за појавата на феноменот на евројазикот и пропагандниот симболизам од Брисел, а најкритичните меѓу нив (Диез или Чендлер), нив ги споредуваат со Орвеловиот нових говор. За да ја продадете европската приказна кај нас не ви треба Орвел: овде ЕУ (и НАТО) е веќе мантра, идеологија на едноумие која не трпи критика. Сепак, ако држите повеќе до научниот кредибилитет отколку од политичката коректност, морате со должно внимание на оние млади луѓе да им ги објасните дубиозите на европската политика, погледната низ разни школи и пристапи: од неофункционалистичката, преку либералниот интерговерментализам, до конструктивизмот. Во центарот на дебатата се неколку познати (и бескрајно експлоатирани) тези: за ЕУ како зона на мир и

просперитет (т.н. безбедносна заедница), за херојската улога на Европската комисија во нејзиното туркање кон наднационална агенда за Унијата, и за улогата на неколку силни личности кои како претседатели на Комисијата успевале да создадат основа за сплотување на инаку конкурентните интереси на државите-членки. И во однос на надворешната политика, ЕУ би требала да претставува потврда на тезата на демократски мир (демократијата, по дефиниција, продуцира мир и во државите и меѓу нив).

Сето ова не е згодна тема за колумна, но е несомнено инспирација за коментар по однос на сегашниот миг на европската политичка сцена, но и за обид да се укаже (по кој знае кој пат) дека она што е (или се смета за) нормално за секоја држава-членка на ЕУ е ненормално за Македонија и земјите во регионот. Но, да започнеме по обратен редослед - од нашиот двор. Со недели, ако не и месеци, се зборува за некаква застрашувачка политичка криза, која ќе нé одведе во амбисот (уште никој не ни кажал каков е тој амбис, кога ионака се наоѓаме на дното). Според загрижените коментатори, најголемата несреќа која може да нé снајде е да не добиеме покана за членство во НАТО и да ни се оддолжи патот до почетокот на преговорите за влез во ЕУ. Крајната поента на таквите стравови, барем како што ја разбирам јас, е: без таква меѓународна легитимација, нема да нé биде. Затоа, во име на „вишата" цел, треба да стегнеме заби, да се одречеме од некои „себични" (иако, легитимни) интереси, па дури и од нормална политика. Во едно вака сплотено општество, треба да постигнеме висок степен на едногласност по однос на серија прашања, од оние техничките за деловникот на Парламентот, па сé до евроатлантското партнерство (дружба од Авганистан преку Ирак). И не заборавајте го, фамозното имплементирање на Охридскиот договор, кое сé некако треба да заврши, ама никако да дојде тој ден. Токму мислите дека сме привршиле со одредбите, а веќе имате препорака за почитување на духот на Охридскиот (што ме потсетува на духот на Аладиновата лампа - штом ја протријат, и џинот излегува со прашање која е новата желба).

Но, да ѕирнеме малку во европскиот двор и да видиме што таму се случува. Настан на неделата беше оставката на италијанскиот премиер, Романо Проди, за нас многу попознат во ликот на енергичен претседател на Европската комисија, кој

ни го донесе прашалникот есента 2004-та. *Сé уште се сеќавам* на помпезната средба на Проди со преку 500 јавни личности во салата на "Холидеј Ин". Заедно со блескавата Шеќеринска ни порача дека вратата на ЕУ ќе остане отворена, само доколку безпоговорно ги почитуваме европските совети, го пополниме прашалникот и се откажеме од правото да бидеме граѓани во својата земја (да не излеземе на озлогласениот референдум), сé со уверување дека така ќе сме станеле граѓани на ЕУ. Денес е помалку чудно да го видите истиот Проди, кој импонираше со својата самоувереност и способност да менаџира различни интереси во европското семејство, како се соочува со тешкотиите на нормалната политика во неговата земја. Тој е (сé уште) премиер на дури 62-та италијанска влада од Втората светска војна! Добар просек: една влада на година! Дури и ако ја преживее сегашната криза, прогнозите велат дека е тешко веројатно дека ќе го дочека крајот на мандатот. Се покажува дека водењето на висока политика во Унијата може да биде полесно од решавањето на проблемите на сопствената нација. Сакам да кажам, дури и кога сте во Унијата, националната политика може да остане фрагментирана, антагонизирана, неефикасна и подложна на кризи. Ако често мислиме дека нашиот проблем е што немаме политичари од европски ков, тогаш еве пример дека дури и екс-претседател на ЕК може да се соочи со внатрешна политичка криза.

Во Европа (а Италија е шампион во таа смисла) има и политички кризи, и внатрешно-коалициски пазарења и уцени, бракови од нужда, непринципиелни коалиции. Демократскиот дефицит не е исклучиво врзан за ЕУ, туку се среќава во драматична форма и во националните системи. Но, таму не може ни да се сонува за ситуација во која некој ќе дојде да го искара Проди што владеењето му е турбулентно, а што во владата-салата има од екстремни левичари, па сé до демо-христијани. Италија деновиве се соочи со неколку опции: редефинирање на внатрешно-коалициските односи, гласање на доверба на владата, или воспоставување на техничка (привремена) влада и организирање на нови избори. Но, никој не вели дека државата ќе пропадне заради кризата! Од деветте месеци на владеењето на Проди не се изродија големи резултати; напротив, политичкиот процес наликуваше на слалом, во кој за влакно беа избегнати ситуации на пад на владата. Она што партиите со разнород-

на идеолошко-политичка ориентација ги држи заедно е баукот наречен Берлускони. За разлика од нас, тие го немаат баукот на 2001-та, туку (формално) демократска влада на еден тајкун. За да ја избегнат опасноста да се вратат чекор назад, Италијанците се подготвени на компромиси. И тоа е за пофалба, бидејќи токму покажуваат способност за дијалог, во кој (како што е вообичаено во политиката) и кучето и мачето спијат заедно.

Многу поинтересно е што зад политичкиот циркус постои вистинска социоекономска криза. За ова уредникот на "Економист" вели: "Владата во оставка имаше пред себе ургентна домашна реформска агенда. Во криза како сегашнава, дури и една ремоделирана влада на Проди, го остава отворено големото прашање за способноста да ги спроведе болните реформи кои ѝ се потребни на Италија." За што станува збор? Верувале или не, најголемиот предизвик за Италија е, од една страна, исполнувањето на барањата на ЕУ во однос на намалувањето на буџетскиот дефицит и пораст на продуктивноста, а од друга - задоволувањето на барањата на граѓаните за подобри јавни услуги поврзани со парадигмата на социјална држава. Но, сепак, владата се "слизна" во поглед на надворешната политика. Тешкотиите не се должеа само на присуството на членови на владината коалиција кои мислат дека по крајот на Студената војна НАТО требаше да се распушти (според членка на Комисијата за одбрана на Сенатот), туку и на недоследната надворешно-политичка ориентација на бившиот претседател на супранационалната Европска комисија. Имено, неговата двојна политика на надворешен план се манифестираше како Атлантицизам и Европеизам, која стана практично невозможна по започнувањето на глобалната војна против тероризмот под водство на САД. Навидум, Проди се соочи со криза само по две надворешно-политички прашања (проширување на американската воена база во Виченца и натамошното учество во мисијата ИСАФ во Авганистан). Но, суштинската нишка тука е, всушност, поделената лојалност спрема двата центра - Брисел и Вашингтон. Како што укажуваат и европските медиуми, торнадото кое се струполи врз Проди е само доказ колку за една европска влада може да биде ризично следењето на Бушовата навидум глобална, а во суштина американска национална политика.

За негова среќа, Тони Блер е на заминување, па ги нема

проблемите на Проди (а да бидеме искрени, Тони никогаш немал дилема за тоа кој е Господарот на прстените). По најавата за повлекување од Ирак, британската јавност се соочи со веста за пренесување на силите на друго боиште - во Авганистан. Војната во Ирак е загубена, а Блер не сака да остане запомнет во историјата на Британија како уште еден губитник, кој си ги собрал парталите и срамно заминал од оваа земја. Но, како што укажува Роберт Фиск, ова е втурнување во уште една ненаучена историска лекција - во Авганистан, од кој Британија уште носи срамни белези заради масакрите и повлекувањето во 19 век. Хегел останува во право и во 21 век: единствено што може да се научи од историјата е дека ништо не може да се научи од неа. Империјалните сили остануваат со големи апетити, а сателитите ги следат дури и во она што значи конфронтација со сопствената граѓанска опозиција и несреќа за оние што ги ослободуваат. Во јануари оваа година, британската јавност се соочи со една афера, анализирана во реномираниот часопис (Air Forces Monthly), а која бргу се заташка. Истрагата по повод уривањето на авион (од типот "Херкулес") во Авганистан не беше насочена само кон причините за падот, туку за неговата мисија. Се дојде до запрепастувачки податоци. Во остатоците на авионот беше откриена фантастична сума на пари (милион долари, според едни кажувања, или дури милион британски фунти - според други), а меѓу патниците на авионот (сите преживејаа) беше и британскиот амбасадор во Кабул. Тој призна дека бил на пат да се сретне со локалните воени лидери, но не кажа зошто биле парите. Официјалната верзија беше дека биле наменети за развојни проекти, но претпоставка на магазинот е дека биле наменети за поткуп на племенските водачи, најголемите производувачи на наркотици во провинцијата Хелманд, во замена за поддршка на теренот и разузнавачки податоци. Што е тоа ако не купување на мирот и пазарење со локалните господари на војната, само за да се сочуваат животите на војниците и дома да се покаже каков-таков успех. Така изгледаат развојните проекти на теренот! Така изгледа во практика и тезата дека демократиите не војуваат меѓу себе, ама војуваат со сите оние кои ги сметаат за не-демократии. А кога војуваат не избираат ни средства, ни сојузници, ни принципи - со што се изедначуваат токму со оние кои претходно ги портретирале низ имиџот на непријателот.

Ако нашите политички лидери се  полни усти ветувања (кои не можат да ги исполнат), оние во развиените демократии се полни усти морализирање, до кое не сакаат да се држат затоа што им се помили геополитичките интереси. И колку повеќе морализираат, толку повеќе можете да се обложите дека се далеку од етиката и хуманоста. Во име на праведна кауза, се подготвени да водат војни, па дури и да ги жртвуваат средствата на своите даночни обврзници и животите на војниците. За локалното население и да не зборуваме... Зарем потоа зачудува револтот што го чувствуваме кога тие истите доаѓаат да ни попуваат и морализираат?! Како божем во нивните национални циркуси не си ги вадат очите, не се плукаат и по медиуми и без нив!? Како божем со своите политики не одат наспроти мнозинското уверување на своите граѓани?! Како божем кај нив нема и сепаратисти, внатрешни конфликти и полициски акции, ама и фудбалски вандализам? Како божем кај нив нема застрашувачки раст на ксенофобија, расизам и шовинизам? И ако е за утеха, прашајте се дали кај нив нема послушност спрема Хегемонот, дури и кога заради тоа може да се изгуби местото во владата? Кога ја следам внатрешната политика на овие земји кон кои се стремиме, се прашувам дали можеби не сме престроги кон самите себе? И конечно, дали е толкава трагедија ако не влеземе во НАТО, кое очигледно повеќе знае да троши и војува во бескрај, отколку да извојува победа, а да не зборуваме за траен мир за Авганистанците? Ако е тоа нашата европска иднина, богами ќе имаме уште многу теми за колумни и причини за незадоволство.

(„*Фокус*“, 2 Март 2007)

*Личниот белег и бунтот против официјалните толкувања на стварноста, изразени во есеите на Ванковска, се добра комбинација на сфаќањето на науката како инструмент за подобро разбирање на општествената стварност и, како таква како услов за нејзино подобрување. Овие пенетрирачки есеи опишуваат и анализираат еден многу драматичен и значаен период за политичката судбина на Република Македонија, па не е тешко да се претпостави дека со тек на времето тие ќе добиваат на вредност, затоа што се засноваат на знаењето на теориите на политичката наука и истражувањето на мирот и конфликтите (кое не е многу развиено во Македонија) и познавањето на Македонија (поле на кое најголемиот број западни експерти се покажуваат неуспешни).*

(Од рецензијата на проф. д-р Хакан Виберг,
поранешен директор на Copenhagen Peace Research Institute - COPRI)

*Аналитичноста, критичноста, академската акрибичност, како и широкиот спектар на зафатени актуелни проблеми чија природа, во секој случај, не е моментална - сето тоа се елементи кои говорат за вредноста на оваа книга. Сеедно што претставува збирка на текстови, низ неа провејува еден ист дух на ангажиран и широко заинтересиран интелектуалец. Во таа смисла, оваа книга претставува своевидно сведоштво на едно време и за еден дух кој критички го промислува тоа време.*

(Од рецензијата на проф. д-р Љубомир Цуцуловски,
редовен професор на Филозофскиот факултет - Скопје)